# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Четврток, 3 април 1997 Скопје
Број 15 Год. LIII

Аконтацијата за 1997 година изнесува 6.400 денари. Овој број чини 300 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

**273.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**УКАЗ**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА**

Се прогласува Законот за кривичната постапка, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 март 1997 година.

Број 08-1043/1
26 март 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

## ЗАКОН ЗА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

### ДЕЛ ПРВИ

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Глава I

### ОСНОВНИ НАЧЕЛА

Член 1

(1) Овој закон ги утврдува правилата со кои се осигурува никој невин да не биде осуден, а на виновникот да му се изрече кривична санкција под условите што ги предвидува Кривичниот законик и врз основа на законито спроведената постапка.

(2) Пред да се донесе правосилна пресуда, слободите и правата на обвинетиот и другите лица можат да бидат ограничени само во мера која е нужна и под услови што ги предвидува овој закон.

Член 2

(1) Лицето обвинето за кривично дело ќе се смета за невино сѐ додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска пресуда.

(2) Постоењето или непостоењето на фактите што го чинат обележјето на кривичното дело или од кои зависи примената на некоја одредба од Кривичниот законик, судот го утврдува на начин поволен за обвинетиот.

Член 3

(1) Лицето повикано, приведено или лишено од слобода мора веднаш да биде известено, на јазик што го разбира, за причините за повикувањето, приведувањето или лишувањето од слобода и за било какво кривично обвинение против него, како и за неговите права и од него не може да се бара изјава.

(2) Осомничениот, односно обвинетиот мора најпрвин на јасен начин да се поучи за правото да молчи; правото да се советува со адвокат и да има бранител по негов избор за време на испитувањето, како и за правото за приведувањето или лишувањето од слобода да се извести член на неговото семејство или нему блиско лице.

(3) Лицето лишено од слобода мора веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од моментот на лишување од слобода, да биде изведено пред суд, кој без одлагање ќе одлучи за законитоста на лишувањето од слобода.

Член 4

(1) Лицето обвинето за кривично дело има право на правично и јавно судење, во разумен рок , пред надлежен, независен и непристрасен суд, установен со закон.

(2) Секој обвинет ги има следните минимални права:

- да биде информиран веднаш, на јазик што го разбира и детално за делата за кои се товари и доказите против него;-
- да има доволно време и можности за подготвување на својата одбрана и да комуницира со бранител по сопствен избор;
- да биде суден во негово присуство и да се брани лично или со помош на бранител по сопствен избор, а доколку нема средства да плати бранител истиот да го добие бесплатно кога тоа го бараат интересите на правдата;
- да не биде присилен да искажува против себе или своите блиски или да признае вина;
- да биде присутен при испитувањето на сведоците и да може да им поставува прашања.

Член 5

Никој не може повторно да биде суден или казнет за дело за кое веќе бил суден и за кое е донесена правосилна судска одлука.

Член 6

Во кривичната постапка службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Член 7

(1) Припадник на националност државјанин на Република Македонија во кривичната постапка има право да се служи на јазикот на националноста на која припаѓа и на неговото писмо. Судот на тоа лице му обезбедува бесплатно преведувач.

(2) Другите странки, сведоци и учесници во постапката пред судот имаат право на бесплатна

помош на преведувач, ако не го разбираат или зборуваат јазикот на кој се води постапката.

(3) За правото на преведувач лицето ќе се поучи. Во записникот ќе се забележи дека е дадена поука и изјавата на лицето.

(4) Преведувањето го врши судски преведувач.

Член 8

(1) Тужбите (обвинителните акти, обвинителните предлози и приватните тужби), жалбите и другите поднесоци се упатуваат до судот на службениот јазик.

(2) Припадник на националност, државјанин на Република Македонија има право поднесоците до судот да ги упатува на јазикот и писмото на националноста на која ѝ припаѓа. Судот во таков случај ги преведува поднесоците и така преведени ги доставува на другите странки во постапката.

(3) Други лица кои не го зборуваат или разбираат македонскиот јазик и неговото кирилско писмо можат поднесоците до судот да ги упатат на својот јазик и писмо. Во тие случаи судот постапува како во став 2 на овој член.

(4) Странски државјанин кој е лишен од слобода има право поднесокот до судот да го упати на својот јазик, а во другите случаи - под услов на реципроцитет.

Член 9

(1) Поканите, одлуките и другите писмена судот ги упатува на службениот јазик.

(2) На припадник на националност, државјанин на Република Македонија поканата што ќе му се упати ќе биде напишана, покрај на македонски јазик и кирилско писмо и на јазикот и писмото на националноста на која ѝ припаѓа.

(3) На обвинетиот, припадник на националност, државјанин на Република Македонија писмената ќе му се доставаат на јазикот со кој се служел во постапката.

Член 10

Забрането е и казниво од обвинетиот или од друго лице што учестува во постапката да се изнудува признание, односно некаква друга изјава.

Член 11

Лицето незаконито лишено од слобода, притворено или незаконито осудено, има право на надомест на штета од буџетските средства, има право да биде рехабилитирано, како и други права утврдени со закон .

Член 12

Обвинетиот или друго лице кое учествува во постапката кое од незнаење би можело да пропушти некое дејствие во постапката, или поради тоа да не ги користи своите права, судот ќе го поучи за правата што според овој закон му припаѓаат и за последиците од пропуштањето на дејствието.

Член 13

Судот е должен да настојува постапката да се спроведе без одолжување.

Член 14

(1) Судот и државните органи што учествуваат во кривичната постапка се должни вистинито и наполно да ги утврдат фактите што се од важност за донесување на законита одлука.

(2) Судот и државните органи се должни со еднакво внимание да ги испитуваат и утврдат како фактите што го товарат обвинетиот, така и оние што му одат во корист.

Член 15

(1) Правото на судот и на државните органи што учествуваат во кривичната постапка да го оценуваат постоењето или непостоењето на фактите не е врзано ниту ограничено со посебни формални доказни правила.

(2) Доказите прибавени на незаконит начин или со кршење на слободите и правата утврдени со Уставот, законот и ратификуваните меѓународни договори, како и доказите произлезени од нив, не можат да се користат и врз нив не може да се заснова судската одлука.

Член 16

(1) Кривичната постапка се поведува по барање од овластениот тужител.

(2) За дела за кои се гони по службена должност или по предлог на оштетениот, овластен тужител е јавниот обвинител, а за дела за кои се гони по приватна тужба овластен тужител е приватниот тужител.

(3) Ако јавниот обвинител најде дека нема основ за поведување или продолжување на кривичната постапка, на неговото место може да стапи оштетениот како тужител под условите определени со овој закон.

Член 17

Јавниот обвинител е должен да преземе кривично гонење ако постојат докази дека е сторено кривично дело за кое се гони по службена должност.

Член 18

(1) Во кривичната постапка судовите судат во совет.

(2) Во основните судови за полесни кривични дела суди судија поединец.

Член 19

Кога е пропишано дека поведувањето на кривична постапка има за последици ограничување на определени права, овие последици, ако со закон поинаку не е определено, настапуваат со влегувањето во правна сила на обвинителниот акт, а за кривичните дела за кои како главна казна е пропишана парична казна или затвор до три години од денот кога е донесена осудувачката пресуда, без оглед дали станала правосилна.

Член 20

(1) Ако примената на одредбите на Кривичниот законик зависи од претходното решение на некакво правно прашање за чие решение е надлежен судот во некоја друга постапка или некој друг државен орган, судот што суди во кривичниот предмет може сам да го реши и тоа прашање според одредбите што важат за докажување во кривичната постапка. Решението на ова правно прашање од страна на кривичниот суд има дејство само за кривичниот предмет што го расправа овој суд.

(2) Ако за таквото претходно прашање веќе донел одлука судот во некоја друга постапка или друг државен орган, таквата одлука не го врзува кривичниот суд во поглед на оцената дали е сторено определено кривично дело.

Глава II

## НАДЛЕЖНОСТ НА СУДОВИТЕ

### 1. Стварна надлежност и состав на судот

Член 21

Судовите во кривичните предмети судат во границите на својата стварна надлежност определена со закон.

Член 22

(1) Во прв степен судовите судат во совети составени од двајца судии и тројца судии-поротници за кривични дела за кои со закон е пропишана казна затвор во траење од 15 години или казна доживотен затвор, а во совети составени од еден судија и двајца судии-поротници - за кривични дела за кои со закон е пропишана поблага казна. За кривични дела за кои како главна казна е пропишана парична казна или казна затвор до три години, во прв степен суди судија поединец.

(2) Во втор степен судовите судат во совети составени од петмина судии за кривични дела за кои со закон е пропишана казна затвор во траење од 15 години или казна доживотен затвор, а во совети составени од тројца судии - за кривични дела за кои е пропишана поблага казна. Кога суди во втор степен на претрес, советот е составен од двајца судии и тројца судии поротници.

(3) Во трет степен судовите судат во совети составени од петмина судии.

(4) Дејствијата во истрагата ги врши судија на првостепениот суд (истражен судија).

(5) Претседателот на судот и претседателот на советот одлучуваат во случаите предвидени во овој закон.

(6) Првостепените судови, во совет составен од тројца судии, одлучуваат за жалби против решенија на истражен судија и против други решенија кога тоа е определено со овој закон, донесуваат одлуки во прв степен надвор од главниот претрес спроведуваат постапка, донесуваат пресуда по одредбите на член 508 став 2 до 6 од овој закон и ставаат предлози во случаите предвидени во овој или во друг закон.

(7) По барање за вонредно ублажување на казната и барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда, судот одлучува во совет составен од петмина судии ако станува збор за кривично дело за кое во законот е пропишана казна доживотен затвор, а во совет составен од тројца судии - ако станува збор за кривично дело за кое е пропишана поблага казна.

(8) По барање за заштита на законитоста судот одлучува во совет составен од петмина судии, а доколку барањето е поднесено против одлука на Врховниот суд на Република Македонија, за барањето Врховниот суд на Република Македонија одлучува на општа седница.

(9) Ако со овој закон поинаку не е определено судовите од повисок степен одлучуваат во совет составен од тројца судии во случаите што не се предвидени во претходните ставови на овој член.

### 2. Месна надлежност

Член 23

(1) Месно надлежен по правило е судот на чие подрачје е извршено или обидено кривичното дело.

(2) Приватна тужба може да се поднесе и до судот на чие подрачје обвинетиот има живеалиште или престојувалиште.

(3) Ако кривичното дело е извршено или обидено на подрачја на различни судови или на границата на тие подрачја или е неизвесно на кое подрачје е извршено или обидено, надлежен е оној од тие судови што по барање од овластениот тужител прв ја започнал постапката, а ако постапката сé уште не е започната - судот до кој прво е поднесено барањето за поведување на постапката .

Член 24

Ако кривичното дело е сторено на домашен брод или на домашен воздухоплов додека се наоѓа во домашно пристаниште, надлежен е судот на чие подрачје се наоѓа тоа пристаниште. Во други случаи кога кривичното дело е сторено на домашен брод или на домашен воздухоплов, надлежен е судот на чие подрачје се наоѓа матичното пристаниште на бродот односно на воздухопловот или домашното пристаниште во кое бродот односно воздухопловот прв пат ќе се запре.

Член 25

(1) Ако кривичното дело е сторено преку печат, надлежен е судот на чие подрачје списот е печатен. Ако тоа место не е познато или списот е печатен во странство, надлежен е судот на чие подрачје се растура печатениот спис.

(2) Ако според законот одговара составувачот на списот, надлежен е и судот на местото во кое составувачот има живеалиште, или судот на местото каде што се одиграл настанот на кој се однесува списот.

(3) Одредбите на претходните ставови согласно ќе се применат и во случај ако списот или изјавата е објавена преку радиото или телевизијата.

Член 26

(1) Ако не е познато местото на извршувањето на кривичното дело или ако тоа место е надвор од територијата на Република Македонија, надлежен е судот на чие подрачје обвинетиот има живеалиште или престојувалиште.

(2) Ако судот на чие подрачје обвинетиот има живеалиште или престојувалиште веќе ја започнал постапката, останува надлежен иако се узнало за местото на извршувањето на кривичното дело.

(3) Ако не е познато местото на извршувањето на кривичното дело, ниту живеалиштето или престојувалиштето на обвинетиот или обата се надвор од територијата на Република Македонија, надлежен е судот на чие подрачје обвинетиот ќе се фати или самиот ќе се пријави

Член 27

Ако некое лице сторило кривични дела во Република Македонија и во странство, надлежен е судот што е надлежен за кривичното дело сторено во Република Македонија.

Член 28

Ако според одредбите на овој закон не може да се установи кој суд е месно надлежен Врховниот суд на Република Македонија ќе определи еден од стварно надлежните судови пред кој ќе се спроведе постапката.

3.Спојување и раздвојување на постапката

Член 29

(1) Ако исто лице е обвинето за повеќе кривични дела, надлежен е оној суд што по барање од овластениот тужител прв ја започнал постапката, а ако постапката уште не е започната - судот до кој прво е поднесено барањето за поведување на постапката.

(2) Според одредбите на став 1 од овој член се определува надлежноста и во случај ако оштетениот истовремено сторил кривично дело спрема обвинетиот.

(3) За соизвршителите по правило е надлежен судот кој како надлежен за еден од нив прв ја започнал постапката

(4) Судот што е надлежен за извршителот на кривичното дело по правило е надлежен и за соучесниците, прикривачите, лицата што му помогнале на сторителот по извршувањето на кривичното дело, како и за лицата што не го пријавиле подготвувањето на кривичното дело и извршувањето на кривичното дело или сторителот

(5) Во сите случаи од ставовите 1, 2, 3 и 4 на овој член по правило, ќе се спроведе единствена постапка и ќе се донесе една пресуда.

(6) Судот може на предлог од јавниот обвинител да одлучи да се спроведе единствена постапка и да се донесе една пресуда и во случај кога се обвинети повеќе лица за повеќе кривични дела, но само ако меѓу извршените кривични дела постои меѓусебна врска и ако постојат исти докази.

(7) Судот може да одлучи да се спроведе единствена постапка и да се донесе една пресуда ако пред ист суд се водат одвоени постапки против исто лице за повеќе кривични дела и против повеќе лица за исто кривично дело

(8) За спојување на постапката одлучува судот што е надлежен за спроведување на единствена постапка Против решението со кое е определено спојување на постапката или со кое е одбиен предлогот за спојување не е дозволена посебна жалба.

Член 30

(1) Судот што е надлежен според член 29 од овој закон може од важни причини или од причини на целесообразност до завршувањето на главниот претрес да одлучи постапката за одделни кривични дела или против одделни обвинети да се раздвои и посебно да се доврши или да му се предаде на друг надлежен суд .

(2) Решението за раздвојување на постапката го донесува надлежниот суд по сослушувањето на јавниот обвинител кога кривичната постапка се води по негово барање.

(3) Против решението со кое е определено раздвојување на постапката или со кое е одбиен предлогот за раздвојување на постапката не е дозволена посебна жалба.

4. Пренесување на месната надлежност

Член 31

(1) Ако надлежниот суд од правни или стварни причини е спречен да постапува, должен е за тоа да го извести непосредно повисокиот суд кој по сослушувањето на јавниот обвинител, кога постапката се води по барање од јавниот обвинител, ќе определи друг стварно надлежен суд на своето подрачје.

(2) Против ова решение не е дозволена посебна жалба

Член 32

(1) Заеднички непосредно повисокиот суд може за водење на постапката да определи друг стварно надлежен суд на своето подрачје ако е очигледно дека така полесно ќе се спроведе постапката или ако постојат други важни причини

(2) Решението во смисла на став 1 од овој член судот може да го донесе по предлог од истражниот судија, судијата поединец или од претседателот на советот, или по предлог од јавниот обвинител кој постапува пред судот што одлучува за пренесување на месната надлежност кога кривичната постапка се води по барање од јавниот обвинител

5. Последици од ненадлежност и судир на надлежноста

Член 33

(1) Судот е должен да внимава на својата надлежност и штом ќе забележи дека не е надлежен ќе се огласи за ненадлежен и по правосилноста на решението ќе го упати предметот до надлежниот суд.

(2) Откако обвинителниот акт ќе влезе во правна сила, судот не може да се огласи за месно ненадлежен ниту странките можат да истакнуваат приговор за месната ненадлежност.

(3) Ненадлежниот суд е должен да ги преземе оние дејствија во постапката за кои постои опасност од одлагање

Член 34

(1)Ако судот на кој му е отстапен предметот како на надлежен смета дека е надлежен судот што му го отстапил предметот или некој друг суд, ќе поведе постапка за решавање на судирот на надлежноста

(2) Кога по повод жалбата против одлуката на првостепениот суд со кој тој се огласил за ненадлежен донел одлука второстепениот суд за таа одлука е врзан по прашањето на надлежноста и судот на кој му е отстапен предметот ако второстепениот суд е надлежен за решавање на судирот на надлежноста помеѓу тие судови

Член 35

(1) Судирот на надлежноста меѓу судовите го решава заеднички непосредно повисокиот суд

(2) Пред да донесе решение по повод судирот на надлежноста, судот ќе побара мислење од јавниот обвинител кој е надлежен да постапува пред тој суд, кога кривичната постапка се води по барање од јавниот обвинител. Против ова решение не е дозволена посебна жалба.

(3) При одлучувањето за судирот на надлежноста, судот може истовремено по службена должност да донесе одлука за пренесување на месната надлежност, ако се исполнети условите од член 32 на овој закон.

(4) Додека не се реши судирот на надлежноста помеѓу судовите, секој од нив е должен да ги преземе оние дејствија во постапката за кои постои опасност од одлагање

Глава III

ИЗЗЕМАЊЕ

Член 36

Судија или судија - поротник не смее да врши судска должност ако

1) е оштетен со кривичното дело;

2) обвинетиот, неговиот бранител, тужителот, оштетениот, нивниот законски застапник или полномошник, му е брачен односно вонбрачен другар или роднина по крв во права линија до кој и да е степен, во странична линија до четвртиот степен, а по сватовство до вториот степен;

3) со обвинетиот, неговиот бранител, тужителот или со оштетениот е во однос на старател, лице под старателство, посвоител, посвоеник, хранител или храненик,

4) во истиот кривичен предмет вршел истражни дејствија или учествувал во испитувањето на обвинението пред главниот претрес, или учествувал во постапката како тужител, бранител, законски застапник или полномошник на оштетениот односно на тужителот, или е сослушан како сведок или како вештак,

5) во истиот предмет учествува во донесувањето на одлуката на понискиот суд или ако во истиот суд учествувал во донесувањето на одлуката која се побива со жалбата и

6) постојат околности што предизвикуваат сомневање во неговата непристрасност

Член 37

(1) Судијата или судија - поротник, штом ќе узнае дека постои некоја од причините за изземање од член 36 точки 1 и 5 на овој закон, должен е да ја прекине секоја работа врз тој предмет и за тоа да го извести претседателот на судот, кој ќе му определи замена Ако станува збор за изземање на претседателот на судот, тој ќе си определи себе си заменик помеѓу судиите на тој суд, а ако тоа не е можно ќе побара од претседателот на непосредно повисокиот суд да определи замена

(2) Ако судијата или судијата - поротник смета дека постојат други околности што го определуваат неговото изземање (член 36 точка 6), ќе го извести за тоа претседателот на судот

Член 38

(1) Изземање можат да бараат и странките.

(2) Странките можат да поднесат барање за изземање до почетокот на главниот претрес, а ако за причината за изземањето узнале подоцна, барањето го поднесуваат веднаш по узнавањето.

(3) Барањето за изземање на судија на повисокиот суд странката може да го стави во жалбата или во одговорот на жалбата

(4) Странката може да бара изземање само на поимено определен судија или на судија - поротник кој постапува во предметот, односно на судија на повисокиот суд.

(5) Странката е должна во барањето да ги наведе околностите поради кои смета дека постои некој од законските основи за изземање Во барањето не може повторно да се наведуваат причините што се истакнувани во поранешното барање за изземање кое е одбиено.

Член 39

(1) За барањето за изземање од член 38 на овој закон одлучува претседателот на судот.

(2) Ако се бара изземање само на претседателот на судот, или на претседателот на судот и на судија или на судија - поротник, одлуката за изземање ја донесува претседателот на непосредно повисокиот суд, а ако се бара изземање на претседателот на Врховниот суд на Република Македонија одлуката за изземање ја донесува општата седница на тој суд.

(3) Пред да се донесе решение за изземање ќе се прибави изјава од судијата, од судијата - поротник односно од претседателот на судот а по потреба ќе се спроведат и други дејствија

(4) Против решението со кое се усвојува барањето за изземање не е дозволена посебна жалба. Решението со кое се одбива барањето за изземање може да се побива со посебна жалба, а ако такво решение е донесено по подигнатото обвинение, тогаш само со жалба на пресудата

(5) Ако барањето за изземање од член 36 точка 6 на овој закон е поднесено по почетокот на главниот претрес или ако е постапено спротивно на одредбите на член 38 ставови 4 и 5 од овој закон, барањето ќе се отфрли во целост, односно делумно. Против решението со кое се отфрла барањето не е дозволена посебна жалба. Решението со кое се отфрла барањето го донесува претседателот на судот, а на главниот претрес - советот Во донесувањето на тоа решение може да учествува судијата чиешто изземање се бара.

Член 40

Кога судијата или судијата-поротник узнае дека е ставено барање за негово изземање, должен е веднаш да ја запре својата работа врз предметот, а ако станува збор за изземањето од член 36 точка 6 на овој закон, до донесувањето на решението за барањето може да ги презема само оние дејствија за кои постои опасност од одлагање.

Член 41

(1) Одредбите за изземање на судии и судии - поротници согласно ќе се применуваат и врз јавните обвинители и лицата кои врз основа на законот за јавното обвинителство се овластени да го застапуваат јавниот обвинител во постапката, записничарите, толкувачите и стручните лица, како и врз вештаците, ако за нив не е определено нешто друго (член 236).

(2) Јавниот обвинител одлучува за изземањето на лицата кои врз основа на законот за јавното обвинителство се овластени да го застапуваат во кривичната постапка. За изземањето на јавниот обвинител одлучува непосредно повисокиот јавен обвинител За изземање на јавниот обвинител на Репуб-

лика Македонија одлучува колегиум на заменици на Јавното обвинителство на Република Македонија.

(3) За изземање на записничари, толкувачи, на стручното лице и на вештаци одлучува советот, претседателот на советот или судијата.

(4) Кога овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи преземаат истражни дејствија врз основа на овој закон, за нивното изземање одлучува истражниот судија Ако при преземањето на овие дејствија учествува записничар, за неговото изземање одлучува службеното лице кое го презема дејствието.

## Глава IV

## ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

### Член 42

(1) Основно право и основна должност на јавниот обвинител е да ги гони сторителите на кривични дела.

(2) За кривични дела за кои се гони по службена должност јавниот обвинител е надлежен:

1) да презема потребни мерки во врска со откривањето на кривичните дела и со пронаоѓањето на сторителите заради насочување на преткривичната постапка;

2) да бара спроведување на истрага;

3) да го подига и застапува обвинителниот акт, односно обвинителниот предлог пред надлежниот суд;

4) да изјавува жалби против неправосилните судски одлуки и да поднесува вонредни правни лекови против правосилните судски одлуки.

(3) Јавниот обвинител врши и други дејствија определени со овој закон.

### Член 43

Месната надлежност на јавниот обвинител се определува според одредбите кои важат за надлежноста на судот на она подрачје за кое е назначен обвинителот.

### Член 44

Кога постои опасност од одлагање, дејствијата во постапката ќе ги преземе и ненадлежен јавен обвинител, но за тоа мора веднаш да го извести надлежниот јавен обвинител

### Член 45

Јавниот обвинител ги презема сите дејствија во постапката за кои е овластен според законот сам или преку лицата кои врз основа на законот за јавното обвинителство се овластени да го застапуваат во кривичната постапка.

### Член 46

Судирот на надлежноста меѓу јавните обвинители го решава заеднички непосредно повисокиот јавен обвинител.

### Член 47

Јавниот обвинител може да се откаже од барањето за гонење до завршувањето на главниот претрес пред првостепениот суд, а пред повисокиот суд - во случаите предвидени со овој закон.

## Глава V

## ОШТЕТЕН И ПРИВАТЕН ТУЖИТЕЛ

### Член 48

(1) За кривичните дела за кои се гони по предлог или по приватна тужба, предлогот или тужбата се поднесуваат во рок од три месеци од денот кога лицето овластено за поднесување на предлогот или приватна тужба узнало за кривичното дело и за сторителот .

(2) Ако е подигната приватна тужба поради кривичното дело навреда, обвинетиот до завршувањето на главниот претрес и по истекот на рокот од став 1 на овој член може да подигне тужба против тужителот кој истовремено му ја нанесувал навредата (противтужба). Во ваков случај судот донесува една пресуда.

### Член 49

(1) Предлог за гонење се поднесува до надлежниот обвинител (член 141), а приватна тужба до надлежниот суд.

(2) Ако самиот оштетен поднесе кривична пријава или стави предлог за остварување на имотно-правно барање во кривичната постапка, ќе се смета дека со тоа ставил предлог за гонење.

(3) Кога оштетениот поднел кривична пријава или предлог за гонење, а во текот на постапката ќе се утврди дека станува збор за кривично дело за кое се гони по приватна тужба, пријавата односно предлогот ќе се смета како навремена приватна тужба ако е поднесена во рокот предвиден за приватна тужба. Навремено поднесената приватна тужба ќе се смета како навремено поднесен предлог на оштетениот, ако во текот на постапката се утврди дека се работи за кривично дело за кое се гони по предлог.

### Член 50

(1) За малолетници и лица кои се наполно лишени од деловната способност, предлог за кривично гонење или приватна тужба поднесува нивниот законски застапник.

(2) Малолетник кој наполнил 16 години може и самиот да поднесе предлог или приватна тужба.

### Член 51

Ако оштетениот или приватниот тужител умре во текот на рокот за поднесување на предлог или приватна тужба или во текот на постапката неговиот брачен односно вонбрачен другар, децата, родителите, посвоениците, посвоителите, браќата и сестрите можат во рок од три месеци по неговата смрт да поднесат предлог или тужба односно да дадат изјава дека ја продолжуваат постапката.

### Член 52

Ако со кривичното дело се оштетени повеќе лица, гонењето ќе се преземе односно ќе се продолжи по предлог или приватна тужба од секој оштетен.

### Член 53

Оштетениот и приватниот тужител можат со своја изјава до судот пред кој се води постапката да се откажат од предлогот, односно приватната тужба до завршувањето на главниот претрес. Во тој случај тие го губат правото повторно да поднесат предлог односно приватна тужба.

Член 54

(1) Ако приватниот тужител не дојде на главниот претрес иако е уредно повикан, или поканата не можела да му се врачи поради непријавување до судот на промената на адресата или престојувалиштето ќе се смета дека се откажал од тужбата, ако со овој закон не е определено нешто друго (член 428).

(2) Претседателот на советот ќе му дозволи враќање во поранешната состојба на приватниот тужител кој од оправдани причини не можел да дојде на главниот претрес или навремено да го извести судот за промената на адресата или престојувалиштето, ако во рок од осум дена по престанувањето на пречката поднесе молба за враќање во поранешната состојба.

(3) По истекот на три месеци од денот на пропуштањето не може да се бара враќање во поранешната состојба.

(4) Против решението со кое се дозволува враќање во поранешната состојба не е дозволена посебна жалба.

Член 55

(1) Оштетениот и приватниот тужител имаат право во текот на истрагата да укажат на сите факти и да предложат докази што се од важност за утврдување на кривичното дело, за пронаоѓање на сторителот на кривичното дело и за утврдување на нивните имотно-правни барања.

(2) На главниот претрес тие имаат право да предлагаат докази, да им поставуваат прашања на обвинетиот, на сведоците и на вештаците, да изнесуваат забелешки и објасненија во поглед на нивните искази и да даваат други изјави и да ставаат други предлози.

(3) Оштетениот, оштетениот како тужител и приватниот тужител имаат право да ги разгледуваат списите и да ги разгледуваат предметите што служат како доказ. На оштетениот може да му се ускрати разгледување на списите додека не биде сослушан како сведок.

(4) Истражниот судија и претседателот на советот ќе ги запознаат оштетениот и приватниот тужител со правата наведени во став 1 до 3 на овој член.

Член 56

(1) Кога јавниот обвинител ќе најде дека нема основа да го преземе гонењето за кривично дело за кое се гони по службена должност, или кога ќе најде дека нема основа да го преземе гонењето против некој од пријавените соучесници, должен е во рок од осум дена за тоа да го извести оштетениот и да го упати дека може самиот да го преземе гонењето. Вака ќе постапи и судот ако донел решение за запирање на постапката поради откажување на јавниот обвинител од гонењето.

(2) Оштетениот има право да го преземе односно да го продолжи гонењето во рок од осум дена од кога го примил известувањето од став 1 на овој член.

(3) Ако јавниот обвинител се откажал од обвинителниот акт, оштетениот може преземајќи го гонењето да остане при подигнатиот обвинителен акт или да подигне нов.

(4) Оштетениот што не е известен дека јавниот обвинител не го презел гонењето може своја изјава дека ја продолжува постапката да даде пред надлежниот суд во рок од три месеци од денот кога јавниот обвинител ја отфрлил пријавата.

(5) Кога јавниот обвинител, односно судот го известува оштетениот дека може да го преземе гонењето, ќе му достави и поука кои дејствија може да ги преземе заради остварување на ова право.

(6) Ако оштетениот како тужител умре во текот на траењето на рокот за преземање на гонење или во текот на траењето на постапката, неговиот брачен односно вонбрачен другар, децата, родителите, посвоениците, посвоителите, браќата и сестрите можат во рок од три месеци од денот на неговата смрт, да го преземат гонењето односно да дадат изјава дека ја продолжуваат постапката.

Член 57

(1) Кога јавниот обвинител ќе се откаже од обвинителниот акт на главниот претрес, оштетениот е должен веднаш да се изјасни дали сака да го продоложи гонењето. Ако оштетениот не е присутен на главниот претрес, а уредно е повикан или поканата не можела да му се врачи поради непријавување до судот на промената на адресата или престојувалиштето, ќе се смета дека не сака да го продолжи гонењето.

(2) Претседателот на советот на првостепениот суд ќе му дозволи враќање во поранешната состојба на оштетениот кој не е уредно повикан или е уредно повикан, а од оправдани причини не можел да дојде на главниот претрес на кој е донесена пресудата со која се одбива обвинението поради откажување на јавниот обвинител од обвинителниот акт, ако оштетениот во рок од осум дена од приемот на пресудата поднесе молба за враќање во поранешната состојба и ако во таа молба изјави дека го продолжува гонењето. Во овој случај главен претрес ќе се закаже повторно и со пресудата донесена врз основа на новиот главен претрес ќе се укине поранешната пресуда. Ако уредно повиканиот оштетен не дојде на новиот главен претрес, поранешната пресуда останува во сила. Одредбите на член 54 ставови 3 и 4 од овој закон ќе се применат и во овој случај.

Член 58

(1) Ако оштетениот во законскиот рок не го поведе или не го продолжи гонењето, или ако оштетениот како тужител не дојде на главниот претрес иако е повикан уредно, или поканата не можела да му се врачи поради непријавување до судот на промената на адресата или престојувалиштето ќе се смета дека се откажал од гонењето.

(2) Во случај на недоаѓање на оштетениот како тужител на главниот претрес на кој бил уредно повикан, ќе се применат одредбите на член 54 став 2 до 4 од овој закон.

Член 59

(1) Оштетениот како тужител ги има истите права што ги има јавниот обвинител, освен оние што му припаѓаат на јавниот обвинител како на државен орган.

(2) Во постапката што се води по барање од оштетениот како тужител, јавниот обвинител има право до завршувањето на главниот претрес самиот да го преземе гонењето и застапувањето на обвинението.

Член 60

(1) Ако оштетениот е малолетник или лице кое е наполно лишено од деловна способност, неговиот

законски застапник е овластен да ги дава сите изјави и да ги презема сите дејствија за кои според овој закон е овластен оштетениот.

(2) Оштетениот кој наполнил 16 години е овластен самиот да дава изјави и да презема дејствија во постапката.

Член 61

(1) Приватниот тужител, оштетениот и оштетениот како тужител, како и нивните законски застапници можат своите права во постапката да ги вршат и преку полномошник.

(2) На оштетениот како тужител, кога постапката се води по негово барање за кривично дело за кое со закон е пропишана казна затвор во траење над пет години, судот може, по негово барање, да му постави полномошник ако е тоа во интерес на постапката и ако оштетениот како тужител, според својата имотна состојба, не може да ги поднесува трошоците на застапувањето. За барањето одлучува истражниот судија, односно претседателот на советот, а полномошникот го назначува претседателот на судот од редот на адвокатите.

Член 62

Приватниот тужител, оштетениот како тужител и оштетениот, како и нивните законски застапници и полномошници, се должни за секоја промена на адресата или на престојувалиштето да го известат судот.

Глава VI

БРАНИТЕЛ

Член 63

(1) Секое лице има право на бранител во предкривичната и во судската постапка.

(2) Осомничениот во предкривичната постапка односно обвинетиот пред првото испитување мора да се поучи дека има право на бранител по свој избор и дека бранителот може да присуствува на неговото испитување.

(3) Бранител на обвинетиот можат да му обезбедат и неговиот законски застапник, брачниот односно вонбрачниот другар, роднина по крв во права линија, посвоител, посвоеник, брат, сестра и хранител.

(4) Бранител може да биде само адвокат.

(5) Бранителот е должен да поднесе полномоштие до органот пред кој се води постапката. Обвинетиот може на бранителот да му даде и усно полномоштие на записник кај органот пред кој се води постапката.

Член 64

(1) Повеќе обвинети можат да имаат заеднички бранител само ако тоа не е во спротивност со интересите на нивната одбрана.

(2) Еден обвинет може да има повеќе бранители, а одбраната се смета за обезбедена кога во постапката учествува еден од бранителите.

Член 65

(1) Бранител не може да биде оштетениот, брачниот односно вонбрачниот другар на оштетениот или на тужителот, ниту нивни роднина по крв во права линија до кој и да е степен, во странична линија до четвртиот степен или по сватовство до вториот степен.

(2) Бранител не може да биде ни лице што е повикано како сведок во постапката, освен ако според овој закон е ослободено од должноста за сведочење и изјавило дека нема да сведочи или ако бранителот се сослушува како сведок во случајот од член 218 точка 2 на овој закон.

(3) Бранител не може да биде ни лице кое во истиот предмет постапувало како судија или како јавен обвинител.

Член 66

(1) Ако обвинетиот е нем, глув или неспособен самиот успешно да се брани, или ако против него се води кривична постапка за кривично дело за кое во законот е пропишана казна доживотен затвор, мора да има бранител уште при првото испитување.

(2) Обвинетиот мора да има бранител ако против него е определен притвор за време додека трае притворот.

(3) По подигнатиот обвинителен акт поради кривично дело за кое со закон е пропишана казна затвор од десет години или потешка казна затвор, обвинетиот мора да има бранител во времето на доставувањето на обвинителниот акт.

(4) Обвинетиот на кој му се суди во отсуство (член 292) мора да има бранител штом ќе се донесе решение за судење во отсуство.

(5) Ако обвинетиот во случаите на задолжителна одбрана од претходните ставови на овој член сам не земе бранител, претседателот на судот ќе му постави бранител по службена должност за натамошниот тек на кривичната постапка до правосилноста на пресудата. Кога на обвинетиот ќе му се постави бранител по службена должност по подигнатиот обвинителен акт, за тоа ќе се извести обвинетиот заедно со доставувањето на обвинителниот акт.

Член 67

(1) Кога не постојат услови за задолжителна одбрана, а постапката се води за кривично дело за кое со закон е пропишана казна затвор над три години, на обвинетиот може, по негово барање, да му се постави бранител, ако според својата имотна состојба не може да ги поднесува трошоците на одбраната.

(2) Барањето за назначување бранител според став 1 на овој член може да се стави само по подигнатиот обвинителен акт. За барањето одлучува претседателот на советот, а бранителот го назначува претседателот на судот.

Член 68

(1) Наместо поставениот бранител (членови 66 и 67) обвинетиот може самиот да земе друг бранител. Во тој случај ќе се разреши назначениот бранител.

(2) Назначениот бранител може само од оправдани причини да бара да биде разрешен.

(3) За разрешување на бранителот во случај од ставовите 1 и 2 на овој член одлучува, пред главниот претрес, истражниот судија односно претседателот на советот, на главниот претрес советот, а во жалбената постапка претседателот на првостепениот совет, односно советот надлежен за одлучување во постапка по жалба. Против ова решение не е дозволена посебна жалба.

(4) Претседателот на судот може, по барање од обвинетиот или со негова согласност да го разреши назначениот бранител кој неуредно ја врши должноста. Наместо разрешениот бранител претседателот на судот ќе назначи друг бранител. За

разрешувањето на бранителот ќе се извести Адвокатската комора.

Член 69

Кога е доставено барање од овластениот тужител за покренување на кривична постапка, како и кога истражниот судија пред донесување на решение за спроведување на истрага ќе изврши потребни истражни дејствија, бранителот има право да ги разгледа списите и другите прибавени предмети што служат како доказ.

Член 70

Ако обвинетиот се наоѓа во притвор бранителот може со него слободно и без надзор да се допишува и да разговара. По исклучок, истражниот судија во текот на истрагата, ова право може да го подложи на надзор ако притворот е одреден по основ на член 184 став 1 точка 2, а постои сомнение дека обвинетиот ќе го злоупотреби општењето со бранителот.

Член 71

(1) Бранителот е овластен да ги презема во корист на обвинетиот сите дејствија што може да ги преземе обвинетиот.

(2) Правата и должностите на бранителот престануваат кога обвинетиот ќе го отповика полномоштието.

Глава VII

ПОДНЕСОЦИ И ЗАПИСНИЦИ

Член 72

(1) Приватните тужби, обвинителните акти и обвинителните предлози на оштетениот како тужител, предлозите, правните лекови и другите изјави и соопштенија се поднесуваат писмено или се даваат усно на записник.

(2) Поднесоците од став 1 на овој член мораат да бидат разбирливи и да го содржат сé она што е потребно за да може да се постапи по нив.

(3) Ако во овој закон поинаку не е определено, судот ќе го повика подносителот на поднесокот што е неразбирлив или не содржи сé што е потребно за да може по него да се постапува да го исправи поднесокот односно да го дополни, а ако тој тоа не го стори во определениот рок, судот ќе го отфрли поднесокот.

(4) Во поканата за исправка, односно за дополнение на поднесокот подносителот ќе се предупреди за последиците од пропуштањето.

Член 73

(1) Поднесоците што според овој закон се доставуваат до противната странка му се предаваат на судот во доволен број примероци за судот и за другата странка.

(2) Ако вакви поднесоци не му се предадени на судот во доволен број примероци, судот ќе го повика подносителот во определен рок да му предаде доволен број примероци. Ако подносителот не постапи по наредбата на судот, судот ќе ги препише потребните примероци на трошок на подносителот.

Член 74

(1) Судот ќе го казни со парична казна од најмалку една половина а најмногу до двократен износ од просечната плата во Републиката исплатена во последниот месец објавен од Заводот за статистика (во натамошниот текст плати) бранителот, полномошникот, законскиот застапник, оштетениот, приватниот тужител или оштетениот како тужител кој во поднесокот или усно го навредува судот или лицето кое учествува во постапката. Решението за казнување го донесува истражниот судија односно советот пред кој е дадена изјавата, а ако е таа сторена во поднесокот - судот кој треба да одлучи за поднесокот. Против ова решение е дозволена жалба. Ако јавниот обвинител или лицето кое го застапува навредува некој друг, за тоа ќе се извести надлежниот јавен обвинител. За казнувањето на адвокатот односно на адвокатскиот приправник ќе се извести Адвокатската комора.

(2) Казнувањето според став 1 на овој член не влијае врз гонењето и изрекувањето на казната за кривичното дело извршено со навредувањето.

Член 75

(1) За секое дејствие преземено во текот на кривичната постапка ќе се состави записник истовремено кога се врши дејствието, а ако тоа не е можно, тогаш непосредно потоа.

(2) Записникот го пишува записничар. Само кога се врши претресување на дом или на лице, или дејствието се презема надвор од службените простории на органот, а записничар не може да се обезбеди, записникот може да го пишува лицето кое го презема дејствието.

(3) Записникот што го пишува записничар, се составува на тој начин што лицето кое го презема дејствието му кажува гласно на записничарот што ќе внесе во записникот.

(4) На лицето кое се испитува ќе му се дозволи само да ги кажува одговорите во записникот. Во случај на злоупотреба ова право може да му се ускрати.

Член 76

(1) Во записникот се внесува називот на државниот орган пред кој се врши дејствието, местото каде што се врши дејствието, денот и часот кога дејствието е започнато и завршено, имињата и презимињата на присутните лица и во кое својство присуствуваат, како и назначување на кривичниот предмет според кој се презема дејствието.

(2) Записникот треба да ги содржи суштествените податоци за текот и содржината на преземеното дејствие. Во записникот се забележува во форма на раскажување само суштествената содржина на дадените искази и изјави. Прашањата се внесуваат во записникот само ако е потребно да се разбере одговорот. Ако е потребно, во записникот дословно ќе се внесе прашањето што е поставено и одговорот што е даден. Ако при преземањето на дејствието се одземени предмети или списи, тоа ќе се назначи во записникот, а одземените предмети ќе се приклучат кон записникот или ќе се наведе каде се наоѓаат на чување.

(3) При преземање на дејствија како што е увид, претресување на дом или на лице, или препознавање на лица или на предмети (член 225) во записникот ќе се внесат и податоци што се важни со оглед на природата на таквото дејствие или за утврдување на идентичноста на одделни предмети (опис, мери и големина на предметите или трагите, ставање на ознака

врз предметите и друго), а ако се направени скици, цртежи, планови, фотографии, филмски снимки и слично, тоа ќе се наведе во записникот и ќе се приклучи кон записникот.

Член 77

(1) Записникот мора да се води уредно, во него не смее ништо да се избрише, да се додаде или менува. Прецртаните места мораат да останат читливи.

(2) Сите преиначувања, исправки и додатоци се внесуваат на крајот на записникот и мораат да бидат заверени од страна на лицата кои го потпишуваат записникот.

Член 78

(1) Испитаното лице, лицата кои задолжително присуствуваат на дејствијата во постапката, како и странките, бранителот и оштетениот ако се присутни, имаат право да го прочитаат записникот или да бараат да им се прочита. За тоа е должно да го предупреди лицето кое го презема дејствието, а во записникот ќе се назначи дали предупредувањето е сторено и дали е прочитан записникот. Записникот секогаш ќе се прочита ако немало записничар и тоа ќе се назначи во записникот.

(2) Записникот го потпишува испитаното лице. Ако записникот се состои од повеќе листови, испитаното лице го потпишува секој лист.

(3) На крајот од записникот ќе се потпише толкувачот ако го имало, сведоците чиешто присуство е задолжително при преземањето на истражните дејствија, а при претресувањето и лицето што се претресува или чијшто дом се претресува. Ако записникот не го пишува записничар (член 75 став 2), записникот го потпишуваат лица што присуствуваат на дејствието. Ако такви лица нема или не се во состојба да ја сфатат содржината на записникот, записникот го потпишуваат двајца сведоци, освен ако не е можно да се обезбеди нивното присуство.

(4) Неписмено лице место потпис става отпечаток од показалецот на десната рака, а записничарот под отпечатокот ќе го запише неговото име и презиме. Ако поради неможност да се стави отпечаток од десниот показалец, се става отпечаток од некој друг прст или отпечаток од прст на левата рака, во записникот ќе се назначи од кој прст и од која рака е земен отпечатокот.

(5) Ако испитаното лице ги нема обете раце - ќе се прочита записникот, а ако е неписмено - записникот ќе му се прочита и тоа ќе се забележи во записникот. Ако испитаното лице одбие да го потпише записникот или да стави отпечаток од прстот тоа ќе се забележи во записникот и ќе се наведе причината за одбивањето.

(6) Ако дејствието не можело да се врши без прекин, во записникот ќе се назначи денот и часот кога настанал прекинот, како и денот и часот кога продолжува дејствието.

(7) Ако имало приговор во поглед на содржината на записникот, во записникот ќе се наведат и тие приговори.

(8) Записникот на крајот го потпишува лицето кое го презело дејствието и записничарот.

Член 79

(1) Кога во овој закон е определено дека врз исказот на обвинетиот, на сведокот или на вештакот не може да се заснова судската одлука, истражниот судија по службена должност или на предлог од странките ќе донесе решение за издвојување на записниците за овие искази од списите веднаш, а најдоцна до завршувањето на истрагата, односно давањето согласност од истражниот судија дека обвинителен акт може да се подигне без спроведување истрага (член 153 став 1). Против ова решение е дозволена посебна жалба.

(2) По правосилноста на решението, издвоените записници се затвораат во посебна обвивка и се чуваат кај истражниот судија одвоено од другите списи и не можат да се разгледуваат ниту можат да се користат во постапката.

(3) По завршената истрага, како и по давањето согласност дека може да се подигне обвинителен акт без спроведување истрага (член 153 став 1), истражниот судија ќе постапи според одредбите на ставовите 1 и 2 од овој член и во поглед на сите известувања што во смисла на член 142 од овој закон им ги дале на Министерството за внатрешни работи обвинетиот и лицата наведени во членовите 218 и 219 и член 236 став 1 од овој закон. Кога јавниот обвинител ќе подигне обвинителен акт без спроведување истрага (член 153 став 6) ќе ги достави списите во кои се наоѓаат ваквите известувања од истражниот судија, кој ќе постапи според одредбите на овој член.

Член 80

(1) Истражниот судија може да определи изведувањето на истражно дејствие да се сними со апарат за звучно или визуелно снимање, за што претходно ќе го извести лицето кое се испитува односно сослушува.

(2) Снимката мора да ги содржи податоците од член 76 став 1 на овој закон, податоците потребни за идентификација на лицето чијашто изјава се снима и податок во кое својство тоа лице ја дава изјавата. Кога се снимаат изјави на повеќе лица, мора да се обезбеди од снимката јасно да може да се распознае кој ја дал изјавата.

(3) По барање од сослушаното лице, снимката веднаш ќе се репродуцира, а исправките или објасненијата на тоа лице ќе се снимат.

(4) Во записникот за истражното дејствие ќе се внесе дека е извршено со апарат за звучно или визуелно снимање, кој го извршил снимањето, дека лицето што се сослушува претходно е известено за снимањето, дека снимката е репродуцирана и каде се чува снимката ако не е приложена кон списите на предметот.

(5) Истражниот судија може да определи звучната снимка во целост или делумно да се препише. Истражниот судија преписот ќе го прегледа, ќе го завери и ќе го приклучи кон записникот за преземање на истражното дејствие.

(6) Звучните и другите снимки ги чува судот во времето до кое се чува и кривичниот спис.

(7) Истражниот судија може да дозволи лицата кои имаат оправдан интерес со апарат за звучно или визуелно снимање да го снимат истражното дејствие.

Член 81

За записникот за главниот претрес важат и одредбите на членовите од 300 до 303 на овој закон.

Член 82

(1) За советувањето и гласањето ќе се состави посебен записник.

(2) Записникот за советувањето и гласањето го содржи текот на гласањето и одлуката што е донесена.

(3) Овој записник го потпишуваат сите членови на советот и записничарот. Одвоените мислења ќе се приклучат кон записникот за советувањето и гласањето, ако не се внесени во записникот.

(4) Записникот за советувањето и гласањето ќе се затвори во посебна обвивка. Овој записник може да го разгледа само повисокиот суд кога решава за правниот лек и во тој случај е должен записникот одново да го затвори во посебна обвивка и на обвивката да назначи дека го разгледал записникот.

## Глава VIII

## РОКОВИ

### Член 83

(1) Роковите предвидени со овој закон не можат да се продолжат, освен кога законот изрично го дозволува тоа. Ако е во прашање рок што со овој закон е определен заради заштита на правото на одбрана и на другите процесни права на обвинетиот, тој рок може да се скрати ако тоа го бара обвинетиот писмено или усно на записник пред судот.

(2) Кога изјавата е врзана за рок се смета дека е дадена во рокот ако пред да истече рокот му е предадена на овој што е овластен да ја прими.

(3) Кога изјавата е упатена по пошта со препорачана пратка или по телеграфски пат, денот на предавањето на поштата се смета како ден на предавањето на оној до кого е упатена. Предавањето на воена пошта во места каде што не постои редовна пошта се смета како предавање на препорачана пратка на пошта.

(4) Обвинетиот кој се наоѓа во притвор може изјава што е врзана за рок да даде и на записник кај судот што ја води постапката или да ја предаде на управата на затворот, а лицето кое се наоѓа на издржување казна или се наоѓа во некоја установа заради примена на мерка на безбедност или на воспитна мерка може таквата изјава да и ја предаде на управата во која е сместено. Денот кога е составен таков записник, односно кога изјавата ѝ е предадена на управата на установата се смета како ден на предавање до органот што е надлежен да ја прими.

(5) Ако поднесокот што е врзан за рок поради незнаење или очигледна грешка на подносителот е предаден или упатен до ненадлежен суд пред истекот на рокот, па до надлежниот суд ќе стигне по истекот на рокот, ќе се земе дека е поднесен навреме.

### Член 84

(1) Роковите се сметаат на часови, денови, месеци и години.

(2) Часот или денот кога е извршено доставувањето или соопштувањето, односно во кој паѓа настанот од кога треба да се смета траењето на рокот, не се засметува во рокот, туку за почеток на рокот се зема првиот нареден час, односно ден. Во еден ден се сметаат 24 часа, а месецот се смета по календарското време.

(3) Роковите определени по месеци односно по години се завршуваат со истекот на оној ден на последниот месец, односно на годината што по својот број му одговара на денот кога почнал рокот. Ако го нема тој ден во последниот месец, рокот се завршува последниот ден на тој месец.

(4) Ако последниот ден на рокот паѓа на државен празник или во сабота или во недела или во некој друг ден кога државниот орган не работел, рокот истекнува со истекот на првиот нареден работен ден.

### Член 85

(1) На обвинетиот кој од оправдани причини ќе го пропушти рокот за изјавување жалба на пресуда или на решение за примена на мерки на безбедност или на воспитна мерка или за одземање на имотна корист, судот ќе му дозволи враќање во поранешната состојба заради изјавување жалба ако во рок од осум дена по престанувањето на причината поради која го пропуштил рокот поднесе молба за враќање во поранешната состојба и ако истовремено со молбата предаде и жалба.

(2) По истекот на три месеци од денот на пропуштањето не може да се бара враќање во поранешната состојба.

### Член 86

(1) За враќање во поранешната состојба одлучува претседателот на советот кој ја донел пресудата или решението кое се побива со жалбата.

(2) Против решението со кое се дозволува враќање во поранешната состојба не е дозволена посебна жалба.

(3) Кога обвинетиот изјавил жалба на решението со кое не се дозволува враќање во поранешната состојба, судот е должен оваа жалба заедно со жалбата на пресудата или на решението за примена на мерка на безбедност, или на воспитна мерка или за оддземање на имотна корист, како и со одговорот на жалбата и со сите списи да ја достави до повисокиот суд на решавање.

### Член 87

Молбата за враќање во поранешната состојба по правило не го задржува извршувањето на пресудата односно на решението за примена на мерка на безбедност или на воспитна мерка или за одземање на имотна корист, но судот надлежен за решавање на молбата може да одлучи извршувањето да се запре додека не се донесе одлука по молбата.

## Глава IX

## ТРОШОЦИ НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

### Член 88

(1) Трошоци на кривичната постапка се издатоците направени по повод кривичната постапка од нејзиното поведување до нејзиното завршување и издатоците за преземените истражни дејствија пред истрагата.

(2) Трошоците на кривичната постапка опфаќаат:

1) трошоци за сведоци, вештаци, толкувачи и стручни лица, како и трошоци на увидот;

2) превозни трошоци на обвинетиот;

3) издатоци за доведување на обвинетиот, односно на лицето лишено од слобода;

4) превозни и патни трошоци на службените лица;

5) трошоци за лекување на обвинетиот за време додека се наоѓа во притвор, затвор заради судење, како и трошоци за породување;

6) паушален износ;

7) награда и нужни издатоци на бранителот, нужни издатоци на приватниот тужител и на оштетениот како тужител и на нивните законски застапници, како и награда и нужни издатоци на нивните полномошници;

8) нужни издатоци на оштетениот и на неговиот законски застапник, како и награда и нужни издатоци на неговиот полномошник.

(3) Паушалниот износ се утврдува во рамките на износите определени со пропис, со оглед на траењето и сложеноста на постапка и имотната состојба на лицето кое е должно да го плати тој износ.

(4) Трошоците од точка 1 до 5 став 2 на овој член, како и нужните издатоци на назначениот бранител и назначениот полномошник на оштетениот како тужител (членови 67 и 93), во постапката поради кривичните дела за кои се гони по службена должност, се исплатуваат однапред од средствата на органот што ја води кривичната постапка, а се наплатуваат подоцна од лицата кои се должни да ги надоместат според одредбите на овој закон Органот што ја води кривичната постапка е должен сите трошоци што се однапред исплатени да ги внесе во пописот кој ќе се приложи кон списите

(5) Трошоците за преведување што ќе настанат со примена на одредбите на овој закон за правото бесплатна помош на преведувач нема да се наплатуваат од лицата кои според одредбите од овој закон се должни да ги надоместат трошоците на кривичната постапка

Член 89

(1) Во секоја пресуда и решение со кое се запира кривичната постапка или се отфрла обвинителниот акт ќе се одлучи кој ќе ги поднесува трошоците на постапката и колку изнесуваат тие.

(2) Ако недостигаат податоци за висината на трошоците посебно решение за висината на трошоците ќе донесе истражниот судија, судијата поединец или претседателот на советот кога ќе се прибават тие податоци Барањето со податоците за висината на трошоците може да се поднесе најдоцна во рок од 30 дена од денот на доставувањето на правосилната пресуда или на решението до лицето кое има право да постави такво барање.

(3) Кога за трошоците на кривичната постапка е одлучено со посебно решение, за жалбата против тоа решение одлучува советот (член 22 став 6)

Член 90

(1) Обвинетиот, оштетениот, оштетениот како тужител, приватниот тужител, бранителот, законскиот застапник, полномошникот, сведокот, вештакот, толкувачот и стручното лице (член 161), без оглед на исходот на кривичната постапка, ги поднесуваат трошоците за своето доведување, за одлагање на истражното дејствие или на главниот претрес и другите трошоци на постапката, што ги причиниле по своја вина, како и соодветниот дел на паушалниот износ.

(2) За трошоците од став 1 на овој член се донесува посебно решение, освен ако за трошоците што ги поднесуваат приватниот тужител и обвинетиот се решава во одлуката за главната работа.

Член 91

(1) Кога судот ќе го огласи обвинетиот за виновен ќе изрече во пресудата дека е должен да ги надомести трошоците на кривичната постапка.

(2) Лицето што е обвинето за повеќе кривични дела нема да се осуди на надоместување на трошоците во поглед на делата за кои е ослободено од обвинението, доколку можат да се издвојат тие трошоци од вкупните трошоци

(3) Во пресудата со која се огласени повеќе обвинети за виновни, судот ќе определи колкав дел од трошоците ќе поднесува секој од нив, а ако тоа не е можно, ќе ги осуди сите обвинети да ги поднесуваат трошоците солидарно. Плаќањето на паушалниот износ ќе се определи за секој обвинет посебно.

(4) Во одлуката со која решава за трошоците, судот може да го ослободи обвинетиот од должноста да ги надомести во целост или делумно трошоците на кривичната постапка од член 88 став 2 точки 1 и 6 на овој закон, ако со нивното плаќање би било доведено во прашање издржувањето на обвинетиот или на лицата кои тој е должен да ги издржува. Ако се утврдат овие околности по донесувањето на одлуката за трошоците, претседателот на советот може со посебно решение да го ослободи обвинетиот од должноста за надоместување на трошоците на кривичната постапка

Член 92

(1) Кога ќе се запре кривичната постапка или кога ќе се донесе пресуда со која обвинетиот се ослободува од обвинението или со која се одбива обвинението или кога се отфрла обвинителниот акт во решението, односно во пресудата ќе се изрече дека трошоците на кривичната постапка од член 88 став 2 точка 1 до 5 на овој закон, како и нужните издатоци на обвинетиот и нужните издатоци и наградата на бранителот, паѓаат врз товар на буџетските средства, освен во случаите определени во следните ставови.

(2) Лицето кое поднело свесно лажна пријава ќе ги поднесува трошоците на кривичната постапка

(3) Приватниот тужител е должен да ги надомести трошоците на кривичната постапка од член 88 став 2 точка 1 до 6 на овој закон, нужните издатоци на обвинетиот како и нужните издатоци на наградата на неговиот бранител, ако постапката е завршена со пресуда со која се ослободува обвинетиот од обвинението или со пресуда со која се одбива обвинението или со решение за запирање на постапката или се отфрла обвинителниот акт, освен ако е запрена постапката, односно ако е донесена пресуда со која се одбива обвинението поради смрт на обвинетиот или поради заболување од некоја трајна душевна болест или поради тоа што настапила застареност на кривичното гонење поради одолжување на постапката кое не може да се припише во вина на приватниот тужител Ако постапката е запрена поради откажување од тужбата, обвинетиот и приватниот тужител можат да се порамнат во поглед на нивните меѓусебни трошоци Ако има повеќе приватни тужители, трошоците ќе ги поднесуваат сите солидарно

(4) Оштетениот кој се откажал од предлогот за гонење, поради што постапката е запрена, ќе ги поднесе трошоците на казнената постапка ако обвинетиот не изјави дека тој ќе ги плати

(5) Кога судот ќе го одбие обвинението поради ненадлежност, одлука за трошоците ќе донесе надлежниот суд

Член 93

(1) Наградата и нужните издатоци на бранителот и на полномошникот на приватниот тужител или на

оштетениот е должно да ги плати застапуваното лице, без оглед на тоа кој според одлуката на судот е должен да ги поднесува трошоците на кривичната постапка, освен ако според одредбите на овој закон наградата и нужните издатоци на бранителот паѓаат врз товар на буџетските средства. Ако на обвинетиот му бил назначен бранител, а со плаќањето на наградата и на нужните издатоци би било доведено во прашање издржувањето на обвинетиот или издржувањето на лицето кое е должен тој да го издржува, наградата и нужните издатоци на бранителот ќе се исплатат од буџетските средства. Вака ќе се постапи и ако на оштетениот како тужител му бил назначен полномошник.

(2) Полномошник што не е адвокат нема право на награда, освен на надомест на нужните издатоци.

Член 94

За должноста за плаќање на трошоците што ќе настанат кај повисокиот суд одлучува конечно тој суд согласно со одредбите на членовите од 88 до 93 на овој закон.

Член 95

Поблиски прописи за надомест на трошоците во кривичната постапка пред судовите донесува министерот за правда

## Глава X

## ИМОТНО-ПРАВНИ БАРАЊА

Член 96

(1) Имотно-правно барање што настанало поради извршување на кривично дело ќе се расправи по предлог од овластените лица во кривична постапка, ако со тоа не би се одолжувала значително оваа постапка

(2) Имотно-правно барање може да се однесува на надомест на штета, на враќање предмети или на поништување на определена правна работа.

Член 97

Предлог за остварување на имотно-правно барање во кривична постапка може да поднесе лице кое е овластено да го остварува таквото барање во спор.

Член 98

(1) Предлог за остварување на имотно-правно барање во кривична постапка се поднесува до органот до кој се поднесува кривичната пријава или до судот пред кој се води постапката.

(2) Предлогот може да се поднесе најдоцна до завршувањето на главниот претрес пред првостепениот суд.

(3) Лицето овластено за поднесување предлог е должно да го означи определено своето барање и да поднесе докази

(4) Ако овластеното лице не ставило предлог за остварување на имотно-правно барање во кривична постапка до подигањето на обвинението, ќе се извести дека може тој предлог да го стави до завршувањето на главниот претрес.

Член 99

(1) Овластените лица (член 97) можат до завршувањето на главниот претрес да се откажат од предлогот за остварување на имотно-правното барање во кривична постапка и да го остваруваат преку спор. Во случај на откажување од предлогот, таков предлог не може да се стави повторно, освен ако со овој закон не е определено нешто друго.

(2) Ако имотно-правното барање по ставениот предлог, а пред завршувањето на главниот претрес преминало на друго лице според правилата на имотното право, ќе се повика тоа лице да се изјасни дали останува при предлогот. Ако уредно повиканиот не се јави, се смета дека се откажал од ставениот предлог.

Член 100

(1) Судот пред кој се води постапката ќе го испита обвинетиот за фактите наведени во предлогот и ќе ги извиди околностите што се важни за утврдување на имотно-правното барање. Но и пред да е ставен таков предлог судот е должен да собере докази и да извиди што е потребно за одлучување за барањето.

(2) Ако со изведувањето на имотно-правно барање би се одложувала кривичната постапка значително, судот ќе се ограничи на собирање на оние податоци чиешто утврдување подоцна не би било можно или би било значително отежнато.

Член 101

(1) За имотно-правните барања одлучува судот.

(2) Во пресудата со која обвинетиот го огласува за виновен судот може да му го досуди на оштетениот имотно-правното барање во целост или може имотно-правното барање да му го досуди делумно, а за вишокот да го упати на спор. Ако податоците од кривичната постапка не даваат сигурна основа ни за целосно ни за делумно пресудување, судот ќе го упати оштетениот дека имотно-правното барање може да го остварува во целост преку спор.

(3) Кога судот ќе донесе пресуда со која обвинетиот се ослободува од обвинението или со која се одбива обвинението или кога со решение ќе ја запре кривичната постапка, или се отфрла обвинителниот акт, ќе го упати оштетениот дека може имотно-правното барање да го остварува во спор. Кога судот ќе се огласи за ненадлежен за кривичната постапка, ќе го упати оштетениот дека може имотно-правното барање да го пријави во кривичната постапка што ќе ја започне или продолжи надлежниот суд.

Член 102

Ако имотно-правното барање се однесува на враќање на предмет, а судот ќе установи дека предметот му припаѓа на оштетениот и дека се наоѓа кај обвинетиот или кај некој од учесниците во кривичното дело или кај лице на кое му го дале тие на чување, ќе определи во пресудата предметот да му се предаде на оштетениот.

Член 103

Ако имотно-правното барање се однесува на поништување на определена правна работа, а судот најде дека барањето е основано, ќе изрече во пресуда целосно или делумно поништување на таа правна работа, со последиците што произлегуваат од таму, не засегајќи во правата на трети лица.

Член 104

(1) Правосилната пресуда со која е одлучено за имотно-правно барање судот може во кривичната постапка да ја измени само по повод повторување на кривичната постапка, или по повод барање за заштита

на законитоста, вонредно преиспитување на правосилна судска пресуда.

(2) Надвор од овој случај осудениот, односно неговите наследници само во спор можат да бараат правосилната пресуда на кривичниот суд со која е одлучено за имотно-правно барање да се измени, и тоа ако постојат услови за повторување според одредбите што важат за парничната постапка.

Член 105

(1) По предлог од овластените лица (член 97) можат во кривичната постапка според одредбите што важат за извршната постапка да се определат привремени мерки за обезбедување на имотно-правното барање што настанало поради извршувањето на кривичното дело.

(2) Решението од став 1 на овој член го донесува во истрагата истражниот судија. По подигнатиот обвинителен акт решението го донесува надвор од главниот претрес претседателот на советот, а на главниот претрес советот.

(3) Против решението на советот за привремени мерки за обезбедување не е дозволена посебна жалба. Во други случаи за жалбата решава советот (член 22 став 6). Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

Член 106

(1) Ако се во прашање предмети што несомнено му припаѓаат на оштетениот, а не служат како доказ во кривичната постапка, тие предмети ќе му се предадат на оштетениот и пред завршувањето на постапката.

(2) Ако повеќе оштетени се спорат за сопственоста на предметите, ќе се упатат на спор, а судот во кривичната постапка ќе определи само чување на предметите како привремена мерка за обезбедување.

(3) Предметите што служат како доказ ќе се одземат привремено и по завршувањето на постапката ќе му се вратат на сопственикот. Ако ваков предмет му е неопходно потребен на сопственикот тој може да му се врати и пред завршувањето на постапката, со обврска да го донесе по барање.

Член 107

(1) Ако оштетениот има барање спрема трето лице затоа што кај него се наоѓаат предметите прибавени со кривичното дело, или затоа што поради кривичното дело тоа дошло до имотна корист, судот во кривичната постапка може, по предлог од овластените лица (член 97), и според одредбите што важат за извршната постапка, да определи привремени мерки за обезбедување и спрема тоа трето лице Одредбите на член 105 ставови 2 и 3 на овој закон важат и во овој случај.

(2) Во пресудата со која обвинетиот се огласува за виновен судот или ќе ги укине мерките од став 1 на овој член, ако не се веќе порано укинати, или ќе го упати оштетениот на спор со тоа што ќе се укинат овие мерки, ако не се поведе спор во рокот определен од судот.

Глава XI

ДОНЕСУВАЊЕ И СООПШТУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ

Член 108

(1) Во кривичната постапка одлуките се донесуваат во форма на пресуда, решение и наредба.

(2) Пресуда донесува само судот, а решенија и наредби донесуваат и други органи што учествуваат во кривичната постапка.

Член 109

(1) Одлуките на советот се донесуваат по усното советување и гласање. Одлуката е донесена кога гласале за неа мнозинството од членовите на советот.

(2) Претседателот на советот раководи со советувањето и гласањето и гласа последен. Тој е должен да се грижи за тоа сите прашања да се разгледаат сестрано и наполно.

(3) Ако во поглед на одделни прашања за кои се гласа се поделат гласовите на повеќе различни мислења, така што ниедно од нив да нема мнозинство, ќе се раздвојат прашањата и гласањето ќе се повторува додека не се постигне мнозинство. Ако на тој начин не се постигне мнозинството, одлуката ќе се донесе така што гласовите што се најнеповолни за обвинетиот ќе се придодадат кон гласовите што се од овие помалку неповолни, сé додека не се постигне потребното мнозинство.

(4) Членовите на советот не можат да одбијат да гласаат за прашањата што ќе ги постави претседателот на советот, но член на советот кој гласал обвинетиот да се ослободи или пресудата да се укине и останал во малцинство не е должен да гласа за санкцијата. Ако не гласа, ќе се земе како да се согласил со гласот што е најповолен за обвинетиот.

Член 110

(1) При одлучувањето прво се гледа дали судот е надлежен, дали е потребно да се дополни постапката, како и други претходни прашања. Кога ќе се донесе одлука за претходните прашања, се преминува на решавање за главната работа.

(2) При одлучувањето за главната работа прво ќе се гласа дали обвинетиот сторил кривично дело и дали е кривично одговорен, а потоа ќе се гласа за казната, за другите кривични санкции, за трошоците на кривичната постапка, за имотно-правните барања и за другите прашања за кои треба да се донесе одлука.

(3) Ако исто лице е обвинето за повеќе кривични дела, ќе се гласа за кривичната одговорност и за казната за секое од тие дела, а потоа за единствената казна за сите дела.

Член 111

(1) Советувањето и гласањето се врши во тајно заседание.

(2) Во просторијата во која се врши советување и гласање можат да бидат присутни само членовите на советот и записничарот и резултатите од гласањето не се објавуваат

Член 112

(1) Ако со овој закон поинаку не е определено, одлуките им се соопштуваат на заинтересираните лица со усно објаснување ако се присутни, а со доставување заверен препис ако се отсутни.

(2) Ако одлуката усно е соопштена, тоа ќе се назначи во записникот или на список, а лицето на кое му е дадено соопштението ќе го потврди тоа со свој потпис. Ако заинтересираното лице изјави дека нема да се жали, заведениот препис на усно соопштената одлука нема да му се достави, ако со овој закон поинаку не е определено.

(3) Преписите на одлуките против кои е дозволена жалба се доставуваат со упатство за правото на жалба.

Глава XII

## ДОСТАВУВАЊЕ ПИСМЕНА И РАЗГЛЕДУВАЊЕ СПИСИ

Член 113

(1) Писмената се доставуваат по правило по пошта. Доставувањето може да се врши и преку органот на општината, преку службеното лице на органот што ја донел одлуката или непосредно кај тој орган.

(2) Поканата за главниот претрес или другите покани судот може и усно да му ги соопшти на лицето кое се наоѓа пред судот, со поука за последиците од недоаѓањето. Повикувањето извршено на овој начин ќе се забележи во записникот што повиканото лице ќе го потпише, освен ако е тоа повикување забележано во записникот за главниот претрес. Се смета дека со тоа е извршено полноважно доставување.

Член 114

Писменото за кое со овој закон е определено дека треба лично да се достави му се предава непосредно на лицето на кое му е упатено. Ако лицето на кое писменото мора лично да му се достави не се затече таму каде што треба да се изврши доставувањето, доставувачот ќе се извести кога и на кое место може тоа лице да го затече и ќе му остави кај едно од лицата наведени во член 115 од овој закон писмено известување заради примање на писменото да биде во определен ден и час во својот стан или на своето работно место. Ако и по ова доставувачот не го затече лицето на кое треба да му се изврши доставување, ќе постапи според одредбата на член 115 став 1 од овој закон и се смета дека со тоа е извршено доставувањето.

Член 115

(1) Писмената за кои во овој закон не е определено дека мораат лично да се доставaт исто така се доставуваат лично, но таквите писмена, во случај примателот да не се затече во домот или на работното место може да му се предадат на некој од неговите возрасни членови на домаќинството, кој е должен да го прими писменото. Ако тие не се затечат во домот, писменото ќе му се предаде на настојникот или на сосед, ако тие се согласат со тоа. Ако доставувањето се врши на работното место на лицето на кое треба да му се достави писменото, а тоа лице не се затече тука, доставувањето може да му се изврши на лице овластено за прием на пошта кое е должно да го прими писменото или на лице кое е вработено на истото место, ако тоа се согласи да го прими писменото.

(2) Ако се утврди дека на лицето на кое треба писменото да му се достави е отсутно и дека лицата од став 1 на овој член не можат поради тоа писменото на време да му го предадат, писменото ќе се врати со назначување каде се наоѓа отсутниот.

Член 116

(1) На обвинетиот лично ќе му се достави поканата за првото испитување во истрагата и поканата за главниот претрес.

(2) На обвинетиот кој нема бранител лично ќе му се достави обвинителниот акт, обвинителниот предлог или приватната тужба, пресудата и другите одлуки од чие доставување тече рокот за жалба како и жалбата на спротивната странка што се доставува заради одговор. По барање на обвинетиот пресудата и другите одлуки ќе му се доставaт на лице кое тој ќе го определи.

(3) Ако на обвинетиот кој нема бранител треба да му се достави пресуда со која му е изречена казна затвор, а доставувањето не може да се изврши на неговата досегашна адреса, судот ќе му назначи на обвинетиот бранител по службена должност, кој ќе ја врши оваа должност додека не ќе се дознае новата адреса на обвинетиот. На назначениот бранител ќе му се определи потребен рок за запознавање со списите, а потоа пресудата ќе му се достави на назначениот бранител и постапката ќе продолжи. Ако е во прашање друга одлука од чие доставување тече рокот за жалба или жалба на противната странка која се доставува заради одговор, одлуката односно жалбата ќе се истакне на огласната табла на судот и со истекот на осум дена од денот на истакнувањето се смета дека е извршено полноважно доставување.

(4) Ако обвинетиот има бранител, обвинителниот акт, обвинителниот предлог, приватната тужба и сите одлуки од чие доставување тече рокот за жалби, како и жалбата на противната странка која се доставува заради одговор, ќе му се доставaт и на бранителот и на обвинетиот според одредбата на член 115 од овој закон. Во тој случај рокот на изјавување на правен лек, односно одговор на жалбата тече од денот на последното врачување.

Ако на обвинетиот не може да му се достави одлуката, односно жалбата затоа што не ја пријавил промената на адресата, одлуката односно жалбата ќе се истакне на огласната табла на судот и по истекот на осум дена од денот на истакнувањето се смета дека е извршено полноважно доставување.

(5) Ако писменото треба да се достави до бранителот на обвинетиот, а тој има повеќе бранители, доволно е да се достави до еден од нив.

Член 117

(1) Поканата за поднесување на приватната тужба или на обвинителен акт, како и поканата за главниот претрес се доставува до приватниот тужител и до оштетениот како тужител, односно до нивниот законски застапник лично (член 114), а до нивните полномошници - според член 115 од овој закон. На ист начин им се доставуваат и одлуките за кои од денот на доставувањето тече рокот за жалба, како и жалбата на противната странка која се доставува заради одговор.

(2) Ако на лицата од став 1 на овој член или на оштетениот не може да им се изврши доставување на досегашната адреса, судот, ќе ја истакне поканата, односно одлуката или жалбата на огласната табла на судот и со истекот на осум дена од денот на истакнувањето се смета дека е извршено полноважно доставување.

(3) Ако оштетениот, оштетениот како тужител или приватниот тужител има законски застапник или полномошник, доставувањето ќе му се изврши на овој, а ако ги има повеќе, само на еден од нив.

Член 118

(1) Потврдата за извршеното доставување (доставницата) ја потпишуваат примателот и доста-

вувачот. Примателот ќе го назначи сам на доставницата денот на приемот.

(2) Ако примателот е неписмен или не е во состојба да се потпише доставувачот ќе го потпише, ќе го назначи денот на приемот и ќе стави забелешка зошто го потпишал примателот.

(3) Ако примателот одбие да ја потпише доставницата, доставувачот ќе го забележи тоа на доставницата и ќе го назначи денот на предавањето и со тоа доставувањето е извршено.

Член 119

Кога примателот или возрасен член на неговото домаќинство ќе одбие да го прими писменото, доставувачот ќе го забележи на доставницата денот, часот и причината за одбивање на приемот, а писменото ќе го остави во домот на примателот или во просторијата каде што е вработен тој и со тоа доставувањето е извршено.

Член 120

(1) На воените лица, на припадниците на стража во установите во кои се сместени лица лишени од слобода и на работниците од сувоземниот, водениот и воздухопловниот сообраќај доставувањето на покани им се врши преку нивната команда, односно преку непосредниот старешина, а по потреба, може на тој начин да им се врши доставување на други писмена.

(2) На лицата лишени од слобода доставувањето им се врши во судот или преку управата на установата во која се сместени.

(3) На лицата кои уживаат право на имунитет во Република Македонија ако меѓународните договори не определуваат нешто друго, доставувањето им се врши преку Министерството за надворешни работи.

(4) Доставувањето на државјаните на Република Македонија во странство, ако не се применува постапката предвидена во членовите 503 и 504 од овој закон, се врши со посредство на дипломатско или конзуларно претставништво на Република Македонија во странска држава, под услов странската држава да не му се противи на таквиот начин на доставување и лицето на кое доставувањето се врши доброволно да се согласи да го прими писменото. Овластениот работник на дипломатското или конзуларното претставништво ја потпишува доставницата како доставувач - ако писменото е врачено во самото претставништво, а ако писменото е доставено по пошта - тоа го потврдува на доставницата.

Член 121

(1) На јавниот обвинител одлуките и другите писмена му се доставуваат со предавање на писарницата на јавното обвинителство.

(2) Кога се доставуваат одлуки кај кои од денот на доставувањето тече рокот, како ден на доставувањето се смета денот на предавањето на писменото на писарницата на јавното обвинителство.

(3) Судот ќе го достави до јавниот обвинител по негово барање кривичниот спис заради разгледување. Ако е во тек рокот за изјавување на редовен правен лек или ако го бараат интересите на постапката, судот може да определи во кој рок треба јавниот обвинител да му ги врати списите.

Член 122

Во случаите што не се предвидени со овој закон, доставувањето се врши според одредбите што важат за процесната постапка.

Член 123

(1) Поканите и одлуките што се доставуваат до завршувањето на главниот претрес за лицата кои учествуваат во постапката, освен за обвинетиот, можат да му се предадат на учесник во постапката кој се согласува да му ги врачи на оној до кого се упатени, ако органот смета дека на тој начин е обезбеден нивниот прием.

(2) За поканата на главниот претрес или за друга покана, како и за одлуката за одлагање на главниот претрес или на други закажани дејствија, лицата наведени во став 1 од овој член можат да се известат со телеграма или по телефон, ако според околностите може да се претпостави дека известувањето извршено на тој начин ќе го прими лицето до кое е упатено.

(3) За повикувањето и предавањето на одлуката што се извршени на начинот предвиден во ставовите 1 и 2 од овој член, ќе се стави службена забелешка на списот.

(4) Спрема лицето кое според став 1 или став 2 од овој член е известено односно до кое е упатена одлуката, можат да настапат штетни последици предвидени за пропуштањето само ако се утврди дека тоа навремено ја примило поканата односно одлуката и дека било поучено за последиците од пропуштањето.

Член 124

(1) Обвинетиот има право да ги разгледува списите и да ги разгледува предметите што служат како доказ откако ќе биде испитан.

Глава XIII

## ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ

Член 125

(1) Пресудата станува правосилна кога не може повеќе да се побива со жалба или кога не е дозволена жалба.

(2) Правосилната пресуда се извршува кога е извршено нејзиното доставување и кога за извршувањето не постојат законски пречки. Ако не е изјавена жалба или странките се одрекле или се откажале од жалбата, пресудата е извршена со истекот на рокот на жалба, односно од денот на одрекувањето или откажувањето од изјавената жалба.

(3) Ако судот што ја донел пресудата во прв степен не е надлежен за нејзино извршување, ќе достави до органот што е надлежен за извршувањето заверен препис од пресудата со потврда за извршноста.

(4) Ако резервен помлад офицер, офицер или воен службеник е осуден на казна, судот ќе достави заверен препис од правосилната пресуда до органот надлежен за работи на одбраната.

Член 126

Ако паричната казна пропишана во овој закон не може ни присилно да се наплати, судот ќе ја изврши со примена на соодветните одредби пропишани со закон.

Член 127

(1) Извршувањето на пресудата во поглед на трошоците на кривичната постапка, на одземањето на имотната корист и на имотно-правните барања го врши надлежниот суд според одредбите што важат за извршната постапка.

(2) Присилната наплата на трошоците на кривичната постапка, во корист на буџетот се врши по службена должност. Трошоците на присилната наплата претходно се исплатуваат од буџетските средства.

(3) Ако во пресудата е изречена мерка на безбедност одземање на предмети, судот што ја изрекол пресудата во прв степен ќе одлучи дали таквите предмети ќе се продаваат според одредбите што важат за извршната постапка или ќе се предадат на државни органи, криминалистички музеј или на други институции или ќе се уништат. Парите добиени со продажбата на предметите се внесуваат во буџетот.

(4) Одредбата на став 3 од овој член согласно ќе се примени и кога ќе се донесе одлука за одземање на предметите врз основа на член 485 од овој закон.

(5) Правосилната одлука за одземање на предмети може, надвор од случајот на повторување на кривичната постапка, односно барање за заштита на законитоста или барање за вонредно преиспитување на правосилната пресуда, да се измени во спор ако се јави спор за сопственоста на одземените предмети.

Член 128

(1) Ако со овој закон поинаку не е определено, решенијата се извршуваат кога ќе станат правосилни. Наредбите се извршуваат веднаш ако органот што ја издал наредбата не нареди поинаку.

(2) Правосилноста на решението настапува кога не може тоа да се побива со жалба или кога не е дозволена посебна жалба.

(3) Решенијата и наредбите, ако поинаку не е определено, ги извршуваат органите што ги донеле тие одлуки. Ако судот со решение одлучил за трошоците на кривичната постапка, наплатата на тие трошоци се врши според одредбите на член 127 ставови 1 и 2 од овој закон.

Член 129

(1) Ако се јави сомневање за дозволеноста на извршувањето на судската одлука или засметувањето на казната, или ако во правосилната пресуда не е одлучено засметувањето на притворот, затворот заради судење или на порано издржаната казна, или засметувањето не е правилно извршено ќе одлучи за тоа со посебно решение претседателот на советот на судот што судел во прв степен, односно судијата поединец. Жалбата не го задржува извршувањето на решението, освен ако судот не определил поинаку.

(2) Ако се јави сомневање за толкувањето на судската одлука за тоа одлучува судот што ја донел правосилната одлука.

Член 130

Кога одлуката со која е одлучено за имотноправно барање станала правосилна, оштетениот може да бара од судот што одлучил во прв степен да му издаде заверен препис од одлуката со назначување дека одлуката е извршна.

Член 131

Прописи за казнената евиденција донесува министерот за правда.

Глава XIV

## ЗНАЧЕЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ ИЗРАЗИ И ДРУГИ ОДРЕДБИ

Член 132

(1) Кога гонењето за кривично дело зависи од предлогот на оштетениот јавниот обвинител не може да бара спроведување на истрага ниту да подигне непосредно обвинение односно обвинителен предлог додека оштетениот не стави предлог.

(2) Кога со закон е определено дека за гонење на одделни кривични дела е потребно претходно одобрение од надлежниот државен орган, јавниот обвинител не може да бара спроведување на истрагата, ниту да подигне непосредно обвинителен акт, односно обвинителен предлог ако не поднесе доказ дека е дадено одобрение.

Член 133

(1) Ако постапката се води поради кривично дело загрозување на безбедноста на сообраќајот, истражниот судија или советот може на обвинетиот да му ја одземе возачката дозвола за време додека трае постапката. Пред поведувањето кривична постапка поради кривично дело загрозување на безбедноста на јавниот сообраќај, надлежниот орган кој врши увид може да му ја одземе возачката дозвола на лицето за кое постои основано сомневање дека го извршило тоа кривично дело и да ја задржи најдолго три дена.

(2) Возачката дозвола може да му се врати на обвинетиот и пред завршувањето на кривичната постапка ако може оправдано да се заклучи дека престанале причините за одземање на дозволата.

(3) Против решението донесено во смисла на ставовите 1 и 2 од овој член е дозволена жалба, која не го задржува извршувањето на решението.

(4) Времето за кое возачката дозвола му е одземена на обвинетиот кој е на слобода, ќе му се засмета со изречената мерка на безбедност забрана на управување со моторно возило.

Член 134

За ставањето во притвор, за влегувањето на обвинителниот акт во правна сила, односно за осудувачката пресуда поради кривично дело за кое се гони врз основа на обвинителен предлог, судот во рок од три дена ќе го извести работодавачот кај кого е во работен однос лицето на кое се однесуваат овие одлуки.

Член 135

Кога во текот на кривичната постапка ќе се утврди дека обвинетиот умрел, ќе се запре кривичната постапка со решение.

Член 136

(1) Судот може во текот на постапката да го казни со паричната казна определена во член 74 став 1 на овој закон, бранителот, полномошникот или законскиот застапник, оштетениот, оштетениот како тужител или приватниот тужител, ако неговите

постапки се очигледно насочени кон одолжување на кривичната постапка.

(2) За казнувањето на адвокат ќе се извести Адвокатската комора.

(3) Ако јавниот обвинител не поднесува навремено предлози до судот или ако другите дејствија во постапката ги презема со големо задоцнување и со тоа причинува одолжување на постапката, ќе се извести за тоа повисокиот јавен обвинител.

Член 137

(1) Во поглед на исклучување на кривичното гонење за лица што уживаат право на имунитет во Република Македонија важат правилата на меѓународното право.

(2) Во случај на сомневање дали станува збор за тие лица, судот ќе се обрати за објаснение до Министерството за надворешни работи преку Министерството за правда.

Член 138

Сите државни органи се должни да им дадат на судовите и на другите органи што учествуваат во кривичната постапка потребна помош, а особено ако е во прашање откривање на кривични дела или пронаоѓање на сторители.

Член 139

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат ова значење:

Осомничен е лице против кое се води преткривична постапка.

Обвинетиот е лице против кое се води истрага или против кое е подигнат обвинителен акт, обвинителен предлог или приватна тужба.

Осудениот е лице за кое со правосилна пресуда е утврдено дека е кривично одговорно за определено кривично дело

Оштетениот е лице чиешто некакво лично или имотно право е повредено или загрозено со кривичното дело.

Тужител е јавниот обвинител, приватниот тужител и оштетениот како тужител

Странки се тужителот и обвинетиот

ДЕЛ ВТОРИ

ТЕК НА ПОСТАПКАТА

А. Преткривична постапка

Глава XV

КРИВИЧНА ПРИЈАВА

Член 140

(1) Државните органи и институциите што вршат јавни овластувања се должни да пријават кривични дела за кои се гони по службена должност, за кои се известени или за кои ќе узнаат на некој друг начин

(2) Поднесувајќи пријави, пријавителите од став 1 на овој член ќе ги наведат доказите што им се познати и ќе преземат мерки за да се сочуваат трагите од кривичното дело, предметите врз кои или со помош на кои е сторено кривичното дело и другите докази.

Член 141

(1) Секој може да пријави кривично дело за кое се гони по службена должност.

(2) Пријавата му се поднесува на надлежниот јавен обвинител писмено или усно.

(3) Ако пријавата се поднесува усно, пријавителот ќе се предупреди за последиците од лажно пријавување За усната пријава ќе се состави записник, а ако пријавата е соопштена по телефон, ќе се состави службена белешка.

(4) Ако пријавата е поднесена до суд, до Министерството за внатрешни работи, или до ненадлежен јавен обвинител, тие ќе ја примат пријавата и веднаш ќе ја достават до надлежниот јавен обвинител.

Член 142

(1) Ако постојат основи за сомневање дека е извршено кривично дело за кое се гони по службена должност, Министерството за внатрешни работи е должно да ги преземе потребните мерки да се пронајде сторителот на кривичното дело, сторителот или соучесникот да не се скрие или не побегне, да се откријат и обезбедат трагите на кривичното дело и предметите што можат да послужат како доказ, како и да ги соберат сите известувања што би можеле да бидат од корист за успешното водење на кривичната постапка.

(2) Заради извршување на задачите од став 1 на овој член, Министерството за внатрешни работи може да бара потребни известувања од граѓани, да извршат потребен преглед на превозни средства, на патниците и багажот; за неопходно потребно време да го ограничат движењето на определен простор; да преземат потребни мерки во врска со утврдувањето на идентичноста на лицата и на предметите; да распишат потрага по лицето и по предметите по кои се трага; во присуство на одговорното лице да извршат преглед на определени објекти и простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и да остварат увид во определена нивна документација, како и да преземат други потребни мерки и дејствија За фактите и околностите што се утврдени при преземањето на одделни дејствија а можат да бидат од интерес за кривичната постапка, како и за предметите што се пронајдени или се одземени, ќе се состави записник или службена забелешка

(3) Лицето може присилно да се доведе само со судска одлука и само тогаш кога очигледно одбегнува да се јави на уредно доставена покана во која било предупредено на можноста од присилно доведување и тогаш кога своето недоаѓање нема да го оправда

(4) За преземените дејствија од став 2 на овој член, граѓаните можат да бараат од судот да ја испита законитоста, а судот е должен со решение ова да го утврди

(5) Министерството за внатрешни работи, со дозвола на истражниот судија односно на претседателот на советот, може да собира известувања и од лица кои се наоѓаат во притвор, ако тоа е потребно заради откривање на други кривични дела на исто лице, на негови соучесници или кривични дела на други сторители. Овие известувања ќе се собираат во времето што ќе го определи истражниот судија и во негово присуство, или во присуство на лице кое ќе го определи истражниот судија односно претседателот на советот

(6) Врз основа на собраните сознанија, Министерството за внатрешни работи составува кривична пријава во која ги наведува доказите за кои узнал. Во

кривичната пријава не се внесува содржината на изјавите што одделни граѓани ги дале при собирањето на известувањата. Кон кривичната пријава се доставуваат и предмети, скици, фотографии, прибавени извештаи, списи за преземените мерки и дејствија, службени забелешки, изјави и други материјали кои можат да бидат корисни за успешното водење на постапката. Ако органите за внатрешни работи по поднесувањето на кривичната пријва узнаат за нови факти, докази или траги на кривичното дело должни се да ги соберат потребните известувања и извештајот за тоа, како дополнение на кривичната пријава, да го достават до јавниот обвинител.

(7) Министерството за внатрешни работи го известува јавниот обвинител и кога врз основа на собраните сознанија нема основ за поднесување на кривична пријава.

Член 143

(1) Овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи имаат право лицата затечени на местото на извршувањето на кривично дело да ги упатат до истражниот судија или да ги задржат до неговото доаѓање, ако тие лица би можеле да дадат податоци важни за кривичната постапка и ако е веројатно дека подоцна не би можело да се изврши нивно сослушување или тоа би било врзано со значително одолжување или со други тешкотии. Задржувањето на овие лица на местото на извршувањето на кривичното дело не може да трае подолго од шест часа.

(2) Министерството за внатрешни работи може да го фотографира лицето за кое постојат основи за сомневање дека извршило кривично дело, а можат да земат и отпечатоци од неговите прсти. Кога тоа е неопходно заради утврдување на идентитетот, или во други случаи од интерес за успешното водење на постапката, со одобрение на судот, Министерството за внатрешни работи може јавно да ја објави фотографијата на тоа лице.

(3) Ако е потребно да се утврди од кого потекнуваат отпечатоците од прстите врз одделни предмети, Министерството за внатрешни работи можат даземаат отпечатоци од прстите од лица за кои постои веројатност дека можеле да дојдат во допир со тие предмети.

Член 144

(1) Јавниот обвинител со решение ќе ја отфрли пријавата ако од самата пријава произлегува дека пријавеното дело не е кривично дело за кое се гони по службена должност, ако настапила застареност или е делото опфатено со амнестија или помилување, ако постојат други околности што го исклучуваат гонењето или ако не постојат основи на сомнение дека пријавениот го сторил кривичното дело. За отфрлање на пријавата, како и за причините за тоа, јавниот обвинител ќе го извести оштетениот во рок од осум дена (член 56), а ако пријавата е поднесена од Министерството за внатрешни работи, ќе го извести и тој орган.

(2) Ако јавниот обвинител не може да оцени од самата пријава дали се веројатни наводите на пријавата или ако податоците од пријавата не даваат доволно основа да може да одлучи дали ќе бара спроведување истрага или ако до јавниот обвинител само допрел глас дека е извршено кривично дело, а особено ако извршителот е непознат, јавниот обвинител, ако не е во можност тоа да го преземе сам или преку други органи, ќе бара од Министерството за внатрешни работи да соберат потребни известувања и да преземат други мерки заради откривање на кривичното дело и на сторителот (членови 142 и 143). Јавниот обвинител може секогаш да бара од Министерството за внатрешни работи да го известат за мерките што ги презеле.

(3) Јавниот обвинител може да бара потребни податоци од државните органи, од институции што вршат јавни овластувања и од други правни лица, а може за таа цел да го повика и подносителот на кривичната пријава, како и осомничениот и други лица за чии изјави смета дека можат да придонесат за оцена за веродостојноста на наводите во пријавата.

(4) Ако и по преземените дејствија од ставовите 2 и 3 на овој член произлезат некои од околностите од став 1 на овој член, јавниот обвинител ќе ја отфрли пријавата.

(5) Јавниот обвинител и други државни органи, институциите што вршат јавни овластувања и другите правни лица се должни при собирање известувања, односно при давање податоци да постапуваат претпазливо, водејќи сметка да не им се наштети на честа и угледот на лицата на кои се однесуваат овие податоци.

Член 145

(1) Јавниот обвинител со согласност на оштетениот може да го одложи кривичното гонење за кривично дело за кое е пропишана парична казна или казна затвор до три години ако осомничениот е подготвен да се однесува според упатствата на јавниот обвинител и да ги исполни определените обврски со кои се намалуваат или отстрануваат штетните последици на кривичното дело. Такви обврски можат да бидат:

1) отстранување или надоместување на штетата;

2) плаќање на определен придонес во полза на буџетот или друга институција што врши јавни овластувања или во хуманитарни цели;

3) исполнување на обврските во однос на издржувањето.

(2) Ако сторителот во рок кој не може да биде подолг од шест месеци ја исполни обврската, јавниот обвинител ќе ја отфрли кривичната пријава против сторителот на кривичното дело од став 1 на овој член.

Член 146

Јавниот обвинител не е должен да превземе кривично гонење, односно може да се откаже од гонењето ако:

1. Во Кривичниот законик е утврдено дека судот може сторителот на кривично дело да го ослободи од казна и јавниот обвинител со оглед на конкретните околности на случајот оцени дека самата пресуда без кривична санкција не е потребна;

2. Во Кривичниот законик за кривичното дело е пропишана парична казна или казна затвор до три години, а осомничениот поради вистинско каење го спречил настанувањето на штетните последици или ја надоместил сета штета, и јавниот обвинител со оглед на конкретните околности на случајот оцени дека кривичната санкција не би била основана.

Член 147

(1) Кога постои опасност од одлагање, Министерството за внатрешни работи може и пред поведу-

вањето истрага да изврши привремено одземање на предмети според одредбите на член 203 од овој закон и да изврши претресување на дом и на лице под условите предвидени во членовите 198 до 202 на овој закон.

(2)Ако истражниот судија не е во можност веднаш да излезе на самото место, Министерството за внатрешни работи може само да изврши увид и да определи потребни вештачења, освен обдукција и ексхумација на леш. Ако истражниот судија стигне на самото место во текот на вршењето на увидот, тој може да го преземе вршењето на овие дејствија. За се што е преземено ќе биде известен јавниот обвинител.

Член 148

(1) Кога сторителот на кривичното дело е непознат, јавниот обвинител може да побара Министерството за внатрешни работи да преземе одделни истражни дејствија, ако со оглед на околностите на случајот, би било целесообразно и пред поведувањето на истрагата да се преземаат такви дејствија. Ако јавниот обвинител смета дека одделни истражни дејствија треба да ги преземе истражниот судија или ако треба да изврши обдукција или ексхумација на леш, ќе му предложи на истражниот судија да ги преземе тие дејствија. Ако истражниот судија не се согласи со овој предлог, ќе побара за тоа да одлучи советот (член 22 став 6).

(2) Записниците за преземените истражни дејствија се доставуваат до јавниот обвинител.

Член 149

(1) Истражниот судија на надлежниот суд, како и истражниот судија на суд на чие подрачје е извршено кривичното дело, може пред донесувањето на решението за спроведување на истрагата да преземе одделни истражни дејствија за кои постои опасност од одлагање, но за се што е преземено мора да го извести надлежниот јавен обвинител.

(2) Во поглед на повикувањето и испитувањето на лицето за кое постојат основи за сомневање дека извршило кривично дело се применуваат одредбите за повикување и испитување на обвинет.

Глава XVI

## ИСТРАГА

Член 150

(1) Истрага се поведува против определено лице кога постои основано сомневање дека сторило кривично дело.

(2) Во истрагата ќе се соберат докази и податоци што се потребни за да може да се одлучи дали ќе се подигне обвинителен акт или ќе се запре постапката, докази за кои постои опасност дека не ќе можат да се повторат на главниот претрес или дека нивното изведување би било сврзано со тешкотии, како и други докази што можат да бидат од полза за постапката за чие изведување, со оглед на околностите на случајот, се покажува како целесообразно

Член 151

(1) Истрагата се спроведува по барање од јавниот обвинител.

(2) Барањето за спроведување на истрагата се поднесува до истражниот судија на надлежниот суд.

(3) Во барањето мораат да се назначат: лицето против кое се бара спроведување истрага, опис на делото од кое произлегуваат законските обележја на кривичното дело, законскиот назив на кривичното дело, околностите од кои произлегува основаноста на сомневањето и постојните докази.

(4) Во барањето за спроведување истрага може да се предложи да се извидат определени околности, да се преземат одделни дејствија и по извесни прашања да се сослушаат определени лица, а може да се предложи и да се стави во притвор лицето против кое се бара истрага.

(5) Јавниот обвинител ќе ја достави до истражниот судија кривичната пријава и сите списи и записници за дејствијата што се преземени Истовремено јавниот обвинител ќе ги достави до истражниот судија предметите што можат да послужат како доказ или ќе назначи каде се наоѓаат тие.

Член 152

(1) Кога истражниот судија ќе прими барање за спроведување истрага, ќе ги разгледа списите и ако се согласи со барањето, ќе донесе решение за спроведување истрага, кое треба да ги содржи податоците наведени во член 151 став 3 од овој закон. Решението ќе се достави до јавниот обвинител и до обвинетиот.

(2) Пред да го донесе решението истражниот судија ќе го испита лицето против кое се бара спроведување на истрага, освен ако постои опасност од одлагање.

(3) Истражниот судија може, пред да одлучи за барањето на јавниот обвинител да ги повика јавниот обвинител и лицето против кое е барано спроведување на истрагата да дојдат во определен ден во судот, ако е потребно да се изјаснат за околностите што можат да бидат од важност за одлучување за барањето или ако истражниот судија смета дека од други причини би било целесообразно нивното усно изјаснување. При ова странките можат да ставаат усно свои предлози, а јавниот обвинител може да го измени или дополни своето барање за спроведување истрага, а може и да предложи постапката да се спроведе непосредно врз основа на обвинителниот акт (член 153).

(4) Во поглед на повикувањето и испитувањето на лицето против кое се бара спроведување истрага ќе се применуваат одредбите на овој закон за повикување и испитување на обвинетиот. Лицето кое е повикано според став 3 на овој член ќе го поучи истражниот судија во смисла на член 3 и член 210 став 2 на овој закон.

(5) Против решението на истражниот судија за спроведување истрага обвинетиот може да поднесе жалба. Ако решението е соопштено усно, жалбата може да се изјави на записник.

(6) Истражниот судија е должен жалбата веднаш да ја достави до советот (член 22 став 6) Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

(7) Ако истражниот судија не се согласи со барањето на јавниот обвинител за спроведување на истрага, ќе побара за тоа да одлучи советот (член 22 став 6). Против решението на советот обвинетиот и јавниот обвинител имаат право на жалба која не го задржува извршувањето на решението

(8) Во случаите од ставовите 6 и 7 на овој член советот е должен да донесе одлука во рок од 48 часа.

(9) При одлучувањето за барањето за спроведување истрага, советот не е врзан за правната оцена на делото што ја навел јавниот обвинител.

Член 153

(1) Истражниот судија може да се согласи со предлогот на јавниот обвинител да не се спроведува истрага, ако собраните податоци што се однесуваат на кривичното дело и на сторителот даваат доволно основа за подигање на обвинителен акт.

(2) Согласноста од став 1 на овој член истражниот судија може да ја даде само ако претходно го испитал лицето против кое треба да се подигне обвинителниот акт. Во поглед на повикувањето и испитувањето на тоа лице се применуваат одредбите за повикување и испитување на обвинетиот. Известувањето за согласноста истражниот судија ќе го достави до јавниот обвинител и до лицето против кое треба да се подигне обвинителен акт

(3) Рокот за подигање обвинителен акт изнесува осум дена, но советот (член 22 став 6) може по барање од јавниот обвинител да го продолжи тој рок.

(4) Предлогот од став 1 на овој член јавниот обвинител може да го стави и по поднесувањето на барањето за спроведување истрага додека не биде донесено решение за барањето.

(5) Ако истражниот судија смета дека не се исполнети условите за подигање на обвинителен акт без спроведување истрага ќе постапи како да е ставено барање за спроведување истрага

(6) Ако за кривичното дело е предвидена казна затвор до пет години, јавниот обвинител, може надвор од условите предвидени со став 1 до 5 на овој член, да подигне обвинителен акт и без спроведување истрага ако собраните податоци што се однесуват на кривичното дело и на сторителот даваат доволно основа за обвинување.

(7) Одредбите на став 1 до 6 од овој член се применуваат и кога кривичното гонење се презема по барање од оштетениот како тужител, но во тој случај рокот од став 3 на овој член не може да се продолжи

(8) Кон предлогот од став 1 на овој член, како и кон обвинителниот акт подигнат според став 6 на овој член, јавниот обвинител ќе ги достави кривичната пријава и сите списи и записници за дејствијата што се преземени, како и предметите што можат да послужат како доказ, или ќе назначи каде се наоѓаат тие.

Член 154

(1) Истрагата ја спроведува истражниот судија на надлежниот суд.

(2) Со закон може да се определи еден суд во кој за подрачје на повеќе судови ќе се спроведува истрага (истражен центар)

(3) Истражниот судија врши истражни дејствија по правило само на подрачјето на својот суд Ако интересот на истрагата бара, тој може одделни истражни дејствија да изврши и надвор од подрачјето на својот суд, но е должен за тоа да го извести судот на чие подрачје ги врши истражните дејствија

Член 155

(1) Во текот на истрагата истражниот судија може да му довери извршување на одделни истражни дејствија на истражниот судија на судот на чие подрачје треба да се преземат тие дејствија, а ако за подрачја на повеќе судови е определен еден суд за укажување правна помош - на тој суд.

(2) Јавниот обвинител кој постапува пред судот на кој му е доверено извршувањето на истражно дејствие може да присуствува на тоа дејствие ако надлежниот јавен обвинител не изјави дека тој ќе присуствува.

(3) Истражниот судија може да му го довери на Министерството за внатрешни работи извршувањето на наредба за претресување на домот или на лица или за привремено одземање на предмети на начинот предвиден со овој закон.

(4) На барање или по одобрение на истражниот судија, Министерството за внатрешни работи може да го фотографираат обвинетиот или да земат отпечатоци од неговите прсти, ако тоа е потребно за целите на кривичната постапка.

Член 156

При преземањето на истражни дејствија, Министерството за внатрешни работи постапува според соодветните одредби на овој закон за истражните дејствија.

Член 157

(1) Истражниот судија ќе изврши по потреба и други истражни дејствија што се во врска со овие или произлегуваат од нив.

(2) Ако истражниот судија на кој му е доверено извршувањето на одделни истражни дејствија не е надлежен за тоа, ќе го испрати предметот до надлежниот суд и за тоа ќе го извести истражниот судија што му го доставил предметот.

Член 158

(1) Истрагата се води само во поглед на она кривично дело и против оној обвинет на кој се однесува решението за спроведување истрага.

(2) Ако во текот на истрагата се покаже дека постапката треба да се прошири на некое друго кривично дело или против друго лице, истражниот судија ќе го извести за тоа јавниот обвинител. Во таков случај можат да се преземат истражни дејствија што не трпат одлагање, но за се што е преземено мора да се извести јавниот обвинител.

(3) Во поглед на проширувањето на истрагата важат одредбите на членовите 151 и 152 од овој закон.

Член 159

По донесувањето на решение за спроведување истрага, истражниот судија и без предлог од странките ги презема дејствијата за кои смета дека се потребни за успешно водење на постапката

Член 160

(1) Странките и оштетениот можат во текот на истрагата да му ставаат предлози на истражниот судија, да се извршат одделни истражни дејствија. Ако истражниот судија не се согласи со предлог на странките да се изврши одделно истражно дејствие, ќе побара за тоа да одлучи советот (член 22 став 6).

(2) Странките и оштетениот можат предлозите од став 1 на овој член да му ги ставаат и на истражниот судија на кого му е доверено извршувањето на одделни истражни дејствија Ако истражниот судија не се согласи со предлогот, ќе го извести за тоа предлагачот, кој може предлогот повторно да му го стави на истражниот судија на надлежниот суд

Член 161

(1) Тужителот и бранителот имаат право да присуствуваат при испитувањето на обвинетиот.

(2) Тужителот, оштетениот, обвинетиот и бранителот имаат право да присуствуваат при увидот и сослушувањето на вештаци.

(3)Тужителот и бранителот имаат право да присуствуваат при претресувањето на дом.

(4) При сослушувањето на сведок имаат право да присуствуваат тужителот, обвинетиот и бранителот кога е веројатно дека сведокот нема да дојде на главниот претрес, кога истражниот судија ќе најде дека е тоа целесообразно или кога една од странките барала да присуствува на сослушувањето. Оштетениот може да присуствува на сослушувањето на сведок само кога е веројатно дека сведокот нема да дојде на главниот претрес.

(5) Истражниот судија е должен на погоден начин да го извести тужителот, бранителот, оштетениот и обвинетиот за времето, местото на извршувањето на истражните дејствија на кои тие можат да присуствуваат, освен кога постои опасност од одлагање. Ако обвинетиот има бранител, истражниот судија по правило, ќе го известува само бранителот.

(6) Ако лице до кое е упатено известување за истражно дејствие не е присутно, дејствието може да се изврши и во негово отсуство.

(7) Лицата што присуствуваат на истражните дејствија можат да му предложат на истражниот судија да му постави заради разјаснување на работите определени прашања на обвинетиот, на сведокот или на вештакот, а по дозвола од истражниот судија, можат да поставуваат прашања и непосредно. Овие лица имаат право да бараат да се внесат во записникот и нивните забелешки во поглед на извршувањето на одделни дејствија, а можат и да предлагаат изведување на определени докази.

(8) Заради разјаснување на одделни технички или други стручни прашања што се поставуваат во врска со прибавените докази или при испитувањето на обвинетиот или преземањето на други истражни дејствија, истражниот судија може да побара од лице со соодветна струка да даде потребни објасненија за тие прашања. Ако при давањето на објасненија странките се присутни, тие можат да бараат тоа лице да даде поблиски објасненија. Во случај на потреба истражниот судија може да бара објасненија и од соодветна стручна установа.

(9) Одредбите на став 1 до 8 на овој член се применуваат и кога истражното дејствие се презема пред да се донесе решение за спроведување на истрага.

Член 162

(1) Истражниот судија со решение ќе ја прекине истрагата ако кај обвинетиот настапи привремена душевна растроеност или се разболи од друга тешка болест поради која подолго време не може да учествува во постапката.

(2) Ако не се знае престојувалиштето на обвинетиот, истрагата може да се прекине, но ако обвинетиот е во бегство или инаку не им е достапен на државните органи, истрагата ќе се прекине само на предлог од јавниот обвинител, ако постапката се води по негово барање.

(3) Пред да се прекине истрагата, ќе се соберат сите докази за кривичното дело и за кривичната одговорност на обвинетиот до кои може да се дојде.

(4) Кога ќе престанат пречките што го причиниле прекинот, истражниот судија ќе ја продолжи истрагата.

Член 163

Истражниот судија ја запира со решение истрагата кога јавниот обвинител во текот на истрагата или по завршената истрага ќе изјави дека се откажува од гонењето. За запирањето на истрагата истражниот судија во рок од осум дена ќе го извести оштетениот.

Член 164

(1) Истрагата ќе ја запре со решение советот (член 22 став 6) кога одлучува за кое и да било прашање во текот на истрагата во следните случаи:

1) ако делото што му се става на товар на обвинетиот не е кривично дело за кое се гони по службена должност;

2) ако постојат околности што ја исклучуваат кривичната одговорност на обвинетиот, а нема услови за примена на мерките на безбедност;

3) ако настапила застареност на кривичното гонење или делото е опфатено со амнестија или помилување, или ако постојат други околности што го исклучуваат гонењето и

4) ако нема докази дека обвинетиот сторил кривично дело.

(2) Ако истражниот судија најде дека постојат причини за запирање на истрагата од став 1 на овој член, ќе го извести за тоа јавниот обвинител. Ако јавниот обвинител во рок од осум дена не го извести истражниот судија дека се откажува од гонењето, истражниот судија ќе побара советот да одлучи за запирање на истрагата.

(3) Решението за запирање на истрагата се доставува до јавниот обвинител, до оштетениот и до обвинетиот кој веднаш ќе се пушти на слобода ако е во притвор. Против ова решение јавниот обвинител и оштетениот имаат право на жалба.

(4) Ако против решението за запирање на истрагата изјавил жалба само оштетениот, а жалбата се уважи, ќе се смета дека оштетениот со изјавувањето на жалба го презел гонењето.

Член 165

(1) Истражниот судија пред завршената истрага ќе ги прибави податоците за обвинетиот наведени во член 206 став 1 од овој закон, ако недостигаат или тие треба да се проверат, како и податоците за поранешните осуди на обвинетиот, а ако обвинетиот се уште ја издржува казната или друга санкција која е врзана за лишување од слобода - податоците за неговото однесување за време на издржувањето на казната или друга санкција. По потреба, истражниот судија ќе прибави податоци за поранешниот живот на обвинетиот и за приликите во кои живее, како и за други околности што се однесуваат на неговата личност. Истражниот судија може да определи медицински прегледи или психолошки испитувања на обвинетиот кога тоа е потребно да се дополнат податоците за личноста на обвинетиот.

(2) Ако дојде предвид изрекување на единствена казна со која ќе се опфатат и казните од поранешните пресуди, истражниот судија ќе ги побара односните списи.

Член 166

(1) Ако истражниот судија пред завршената истрага најде дека е во интерес на одбраната об-

винетиот и неговиот бранител да се запознаат со важните докази собрани во истрагата, ќе ги извести дека во определен рок можат да ги разгледаат предметите и списите што се однесуваат на тие докази и дека можат да ставаат свои предлози за изведување нови докази.

(2) Кога ќе истече определениот рок или ако не го усвои предлогот за изведување докази истражниот судија ќе постапи според член 167 од овој закон.

Член 167

(1) Истражниот судија ја завршува истрагата кога ќе најде дека состојбата на работите во истрагата е доволно разјаснета.

(2) По завршената истрага истражниот судија ги доставува списите до јавниот обвинител кој е должен во рок од петнаесет дена да стави предлог да се дополни истрагата или да подигне обвинителен акт или да даде изјава дека се откажува од гонењето. Овој рок може советот (член 22 став 6) да го продолжи на предлог од јавниот обвинител

(3) Ако истражниот судија не го прифати предлогот на јавниот обвинител за дополнение на истрагата, ќе побара за тоа да одлучи советот (член 22 став 6). Ако советот го одбие предлогот на јавниот обвинител, рокот од став 2 на овој член започнува да тече од денот кога на јавниот обвинител му е соопштена одлука на советот

(4) Ако јавниот обвинител не постапи во рокот предвиден со ставовите 2 и 3 на овој член, должен е за причините да го извести повисокиот јавен обвинител.

Член 168

(1) Ако истрагата не се заврши во рок од 90 дена, истражниот судија е должен да го извести претседателот на судот за причините поради кои истрагата не е завршена.

(2) Претседателот на судот по потреба ќе преземе мерки за завршување на истрагата.

Член 169

(1) Оштетениот како тужител и приватниот тужител можат до истражниот судија на надлежниот суд да поднесат барање да спроведе истрага, односно предлог да ја дополни истрагата Во текот на истрагата тие можат да му ставаат на истражниот судија и други предлози.

(2) Во поглед на поведувањето, спроведувањето, прекинувањето и запирањето на истрагата согласно се применуваат одредбите на овој закон што се однесуваат на поведувањето и водењето истрага по барање од јавниот обвинител.

(3) Кога истражниот судија ќе најде дека истрагата е завршена, ќе го извести за тоа оштетениот како тужител или приватниот тужител и ќе ги предупреди дека во рок од осум дена треба да поднесат обвинителен акт, односно приватна тужба, а ако тоа не го сторат ќе се смета дека се откажале од гонењето, па постапката со решение ќе се запре. Вакво предупредување истражниот судија е должен да даде и кога советот (член 22 став 6) ќе го одбие предлогот на оштетениот како тужител или на приватниот тужител за дополнение на истрагата затоа што смета дека состојбата на работите е доволно разјаснета

Член 170

Ако на истражниот судија му е потребна помош од органите за внатрешни работи (криминалистичко-техничка и друга) или од други државни органи во врска со спроведувањето на истрагата тие се должни на негово барање да му ја дадат таа помош. Истражниот судија може да побара помош и од правни лица, ако е тоа неопходно за извршување на истражно дејствие кое не трпи одлагање.

Член 171

Ако тоа го бараат интересите на кривичната постапка, интересите на чување на тајна, интересите на јавниот ред или причините на моралот, службеното лице што презема истражно дејствие ќе им нареди на лицата што ги сослушува или што присуствуваат на истражните дејствија или ги разгледуваат списите на истрагата да ги чуваат како тајна определените факти или податоци што при тој случај ги узнале и ќе им укаже дека оддавањето на тајна претставува кривично дело. Оваа наредба ќе се внесе во записникот за истражното дејствие, односно ќе се забележи на списите што се разгледуваат со потпис на лицето што е предупредено.

Член 172

Кога советот одлучува во текот на истрагата, може да побара потребни објаснениja од истражниот судија и од странките и може да ги повика обете странки усно да ги изложат своите ставови на седницата на советот.

Член 173

(1) Истражниот судија може да го казни со парична казна од член 74 став 1 на овој закон секое лице што за време на вршењето на истражното дејствие и по опомената го нарушува редот. Ако учеството на такво лице не е неопходно, тоа може да биде отстрането од местото каде што се врши тоа дејствие.

(2) Обвинетиот не може да биде казнет со парична казна.

(3) Ако јавниот обвинител го нарушува редот, истражниот судија ќе постапи согласно со одредбата на член 287 став 5 од овој закон.

Член 174

(1) Странките и оштетениот секогаш можат да се обратат со поплака до претседателот на судот пред кој се води постапка поради одолжување на постапката и поради други неправилности во текот на истрагата.

(2) Претседателот на судот ќе ги испита наводите во поплаката и ќе го извести подносителот за тоа што е преземено.

Глава XVII

## МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСУСТВО НА ОБВИНЕТИОТ И ЗА УСПЕШНО ВОДЕЊЕ НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

1. Заедничка одредба

Член 175

(1) Мерките што можат да се преземат спрема обвинетиот за обезбедување на неговото присуство и за успешно водење на кривичната постапка се: покана, доведување, ветување на обвинетиот дека нема да го напушти престојувалиштето, гаранција и притвор.

(2) При одлучувањето која од наведените мерки ќе ја примени надлежниот орган ќе се придржува кон

условите определени за примена на одделни мерки, водејќи сметка да не се применува потешка мерка ако може истата цел да се постигне со поблага мерка.

(3) Овие мерки ќе се укинат и по службена должност кога ќе престанат причините што ги предизвикале односно ќе се заменат со друга поблага мерка кога ќе настапат услови за тоа.

2. Покана

Член 176

(1) Присуството на обвинетиот при извршувањето на дејствијата во кривичната постапка се обезбедува со негово повикување. Покана до обвинетиот упатува судот. •

(2) Повикувањето се врши со доставување на затворена писмена покана која содржи: назив на судот што повикува, име и презиме на обвинетиот, назив на кривичното дело што му се става на товар, место каде што обвинетиот треба да дојде, ден и час кога треба да дојде, назначување дека се повикува во својство на обвинет и предупредување дека во случај на недоаѓање ќе биде присилно доведен, службен печат и потпис од судијата кој повикува.

(3) Кога обвинетиот прв пат се повикува ќе се поучи во поканата за правото да земе бранител и дека бранителот може да присуствува на неговото испитување.

(4) Обвинетиот е должен веднаш да го извести судот за промената на адресата, како и за намерата да го промени престојувалиштето. За тоа обвинетиот ќе се поучи при првото испитување, односно при доставувањето на обвинителниот акт без спроведување истрага (член 153 став 6), обвинителниот предлог или приватната тужба, со тоа што ќе се предупреди за последиците определени со овој закон.

(5) Ако обвинетиот не е во состојба да се јави на поканата поради болест или друга неотстранлива пречка, ќе се испита во местото каде што се наоѓа или ќе се обезбеди негов превоз до судската зграда или до друго место каде што се презема дејствието.

3. Доведување (приведување)

Член 177

(1) Наредба да се доведе обвинетиот може да издаде суд ако е донесено решение за притвор, или ако уредно повикан обвинет не ќе дојде, а својот изостанок не го оправда, или ако не можело да се изврши уредно доставување на поканата, а од околностите очигледно произлегува дека обвинетиот го одбегнува приемот на поканата.

(2) Наредбата за доведување ја извршува Министерството за внатрешни работи.

(3) Наредбата за доведување се издава писмено. Наредбата треба да содржи: име и презиме на обвинетиот што треба да се доведе, назив на кривичното дело што му се става на товар со наведување на одредбата од Кривичниот законик, причина поради која се наредува доведувањето, службен печат и потпис од судијата што го наредува доведувањето.

(4) Лицето на кое му е доверено извршувањето на наредбата му ја предава наредбата на обвинетиот и го повикува да појде со него. Ако обвинетиот го одбие тоа, ќе го доведе присилно.

(5) Против воените лица, припадниците на полицијата или на припадници на службата за обезбедување на установата во која се сместени лица лишени од слобода нема да се издава наредба за доведување туку ќе се побара од нивната команда односно установа да ги спроведе.

4. Ветување на обвинетиот дека нема да го напушти престојувалиштето

Член 178

(1) Ако постои стравување дека обвинетиот во текот на постапката би можел да се скрие или да отиде во непознато место или во странство, судот може да бара од обвинетиот ветување што се состои во обврска дека нема да се крие односно дека без одобрение на судот нема да го напушти своето престојувалиште. Даденото ветување се внесува во записник.

(2) Од обвинетиот може привремено да се одземе патната исправа или да се забрани нејзино издавање. Жалбата против решението за одземање на патна исправа или на забраната за нејзино издавање не го задржува извршувањето на решението.

(3) Обвинетиот при давање на ветувањето ќе се предупреди дека против него може да се определи притвор ако ја прекрши оваа обврска.

5. Гаранција

Член 179

Обвинетиот кој треба да се стави или е веќе ставен во притвор само поради страв дека ќе побегне може да се остави на слобода односно може да се пушти на слобода, ако тој лично или некој друг даде за него гаранција дека до крајот на кривичната постапка нема да побегне, а самиот обвинет вети дека нема да се крие и дека без одобрение нема да го напушти своето престојувалиште.

Член 180

(1) Гаранцијата секогаш гласи на паричен износ што се определува со оглед на тежината на кривичното дело, на личните и семејните прилики на обвинетиот и имотната состојба на лицето кое дава гаранција.

(2) Гаранцијата се состои во полагање готови пари, хартии од вредност, скапоцености или други подвижни предмети од поголема вредност што лесно можат да се претворат во пари и да се чуваат, или во ставање хипотека за износот на гаранцијата на недвижните добра на лицето што дава гаранција, или по лична обврска на еден или повеќе граѓани дека во случај на бегство на обвинетиот ќе го платат утврдениот износ на гаранцијата.

(3) Ако обвинетиот побегне, со решение ќе се определи вредноста дадена како гаранција како приход да се внесе во буџетот.

Член 181

(1) Обвинетиот ќе се стави во притвор и покрај дадената гаранција ако не дојде на уредна покана а не го оправда изостанокот, ако се подготвува за бегство или ако против него откога е оставен на слобода, се појави некоја друга законска основа за притвор

(2) Во случајот од став 1 на овој член гаранцијата се укинува. Положениот паричен износ, скапоцености, хартии од вредност или други подвижни предмети се враќаат, а хипотеката се симнува. На ист начин ќе се постапи и кога кривичната постапка пра-

восилно ќе се доврши со решение за запирање на постапката или со пресуда.

(3) Ако со пресудата е изречена казна затвор, гаранцијата се укинува дури кога осудениот ќе почне да ја издржува казната.

Член 182

(1) Решение за гаранција донесува во текот на истрагата истражниот судија. По подигнатиот обвинителен акт решение за гаранцијата донесува советот.

(2) Решението со кое се определува гаранција и решението со кое се укинува гаранцијата се донесува по сослушувањето на јавниот обвинител, ако постапката се води на неговото барање.

6. Притвор

Член 183

(1) Притвор може да се определи само под условите предвидени во овој закон.

(2) Траењето на притворот мора да биде сведено на најкратко нужно време. Должност е на сите органи што учествуваат во кривичната постапка и на органите што им укажуваат правна помош да постапуваат со особена итност ако обвинетиот се наоѓа во притвор.

(3) Во текот на целата постапка притворот ќе се укине штом ќе престанат причините врз основа на кои бил определен

Член 184

(1) Ако постои основано сомнение дека определено лице сторило кривично дело, притвор против тоа лице може да се определи ако:

1) се крие, ако не може да се утврди неговиот идентитет или ако постојат други околности што укажуваат на опасност од бегство;

2) постои основан страв дека ќе ги уништи трагите на кривичното дело или ако особени околности укажуваат дека ќе ја попречува истрагата со влијание врз сведоците, соучесниците или прикривачите и

3) особени околности го оправдуваат стравот дека ќе го повтори кривичното дело, или ќе го доврши обиденото кривично дело или дека ќе стори кривично дело со кое се заканува

(2) Во случајот од точка 1 став 1 на овој член притворот што е определен само поради тоа што не може да се утврди идентитетот на лицето, трае додека овој идентитет не се утврди. Во случајот од точка 2 став 1 на овој член притворот ќе се укине штом ќе се обезбедат доказите поради кои е определен притворот.

Член 185

(1) Притвор определува истражен судија на надлежниот суд.

(2) Притворот се определува со писмено решение кое содржи име и презиме на лицето кое се лишува од слобода, кривичното дело за кое се обвинува, законската основа за притворот, поука за правото на жалба и кратко образложение, со тоа што основата за определување на притворот посебно ќе се образложи, службен печат и потпис на судијата кој го определува притворот.

(3) Ако обвинетиот не определил бранител, заедно со решението ќе му се определи бранител по службена должност (член 66 ставови 2 и 5) Во случај на спреченост на претседателот на судот, бранителот ќе го постави истражниот судија.

(4) Решението за притвор му се предава на лицето на кое се однесува во моментот на лишувањето од слобода, а најдоцна во рок од 24 часа од часот на лишувањето од слобода. Во списите мора да се назначи часот на лишувањето од слобода и часот на предавањето на решението.

(5) Против решението за притвор притвореното лице може да се жали до советот (член 22 став 6) во рок од 24 часа од часот на предавањето на решението. Ако притвореното лице прв пат се испитува по истекот на овој рок, може да изјави жалба при тоа испитување. Жалбата со препис од записникот за испитувањето, ако притвореното лице е испитано, и решението за притворот се доставуваат веднаш до советот. Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

(6) Во случаите од став 5 на овој член советот што одлучува за жалбата е должен да донесе одлука во рок од 48 часа.

Јавниот обвинител и бранителот можат да бараат да бидат известени за седница на советот и на истата усно да ги изнесат и образложат своите предлози; нивното недоаѓање не го спречува одржувањето на седницата.

Член 186

(1) Истражниот судија е должен на лицето лишено од слобода кое му е доведено веднаш да му соопшти дека може да земе бранител кој може да присуствува на неговото испитување и ако е потребно - да му помогне да најде бранител. Ако во рок од 24 часа од часот на ова соопштение лицето лишено од слобода не обезбеди присуство на бранител, истражниот судија е должен тоа лице да го испита веднаш.

(2) Ако лицето лишено од слобода изјави дека не сака да земе бранител, истражниот судија е должен да го испита без одлагање.

(3) Ако во случај на задолжителна одбрана (член 66 ставови 1 и 2) лицето лишено од слобода не земе бранител во рок од 24 часа од часот кога е поучено за ова право или изјави дека не сака да земе бранител ќе му се назначи бранител по службена должност.

(4) Веднаш по испитувањето истражниот судија ќе одлучи дали лицето лишено од слобода ќе го пушти на слобода. Ако смета дека лицето лишено од слобода треба да го задржи, истражниот судија веднаш ќе го извести за тоа јавниот обвинител ако овој веќе не поднел барање за спроведување на истрага. Ако јавниот обвинител во рок од 48 часа од часот кога е известен за притворот не стави барање за спроведување на истрага, истражниот судија ќе го пушти на слобода лицето лишено од слобода.

Член 187

(1) Притвор може да определи истражен судија на суд на чие подрачје е извршено кривичното дело, кога му е доверено извршување на одделни истражни дејствија или во случаите предвидени со член 149 став 1 од овој закон. Во поглед на определувањето на притворот се применуваат одредбите на член 185 став 2 до 5 од овој закон, со тоа што одлуката од став 5 на тој член по жалбата ја донесува надлежниот суд.

(2) Веднаш по испитувањето на лицето лишено од слобода, истражниот судија ќе одлучи дали ќе го пушти на слобода или ќе нареди да се спроведе до

истражниот судија на надлежниот суд. Во поглед на испитувањето на лицето лишено од слобода се применуваат одредбите на член 186 став 1 до 3 на овој закон.

(3) Истражниот судија на суд на чие подрачје е извршено кривичното дело може да го задржи притвореното лице најдолго три дена, сметајќи од денот на неговото доведување, ако е потребно да преземе итни истражни дејствија во смисла на член 149 став 1 на овој закон. По донесувањето на решение за спроведување на истрага, задржувањето во притвор може да трае и подолго од три дена, ако во тој рок истражниот судија прими барање од истражниот судија на надлежниот суд да преземе одделни истражни дејствија. По извршувањето на истражните дејствија притвореното лице мора да се спроведе до надлежниот суд, ако истражниот судија на тој суд не определи нешто друго.

Член 188

(1) Лицето затечено на извршување на кривично дело за кое се гони по службена должност може да го лиши од слобода секој. Лицето лишено од слобода мора веднаш да му се предаде на истражен судија или на Министерството за внатрешни работи, а ако не може тоа да се стори, мора веднаш да се извести еден од овие органи Министерството за внатрешни работи ќе постапи согласно со одредбите на овој член.

(2) Овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи можат без одлука на суд да лишат од слобода и лице за кое постојат основи на сомнение дека сторило кривично дело за кое се гони по службена должност ако постои опасност од одлагање а постои некоја од причините за притвор од член 184 став 1 на овој закон, но се должни веднаш да го приведат до надлежниот истражен судија При доведувањето овластеното службено лице на Министерството за внатрешни работи ќе го извести истражниот судија за причините и за времето на лишувањето од слобода. Ако не е изготвена писмена информација, истражниот судија даденото известување ќе го внесе на записник.

(3) Овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи, по исклучок, лицето од ставовите 1 и 2 на овој член можат да го задржат, ако задржувањето е потребно заради утврдување на истоветноста, проверување на алиби или од други причини е потребно да се соберат нужни податоци за водење на постапка против определено лице, а постојат и причини за притвор предвидени во член 184 став 1 точки 1 и 3 од овој закон, а во случај од член 184 став 1 точка 2 само доколку постои основано стравување дека тоа лице ќе ги уништи трагите на кривичното дело.

(4) Лицето лишено од слобода мора да биде поучено според одредбата на член 3 од овој закон.

(5) Ако во случај на задржување според ставот 3 на овој член лицето кое е лишено од слобода бара помош од бранител, овластеното службено лице на Министерството за внатрешни работи ќе го одложи извршувањето на сите дејствија до доаѓањето на бранителот, но најдолго за 2 часа од времето кога на задржаното лице му била дадена можност да го извести бранителот

(6) Задржувањето според став 3 на овој член може да трае најдолго 24 часа По истекот на овој рок овластеното службено лице на Министерството за внатрешни работи е должно задржаното лице да го пушти на слобода или да постапи според ставот 2 на овој член.

Член 189

(1) Притворот може да трае по одлука на суд најдолго 90 дена од денот на притворувањето.

(2) Врз основа на решение на истражниот судија обвинетиот може да се задржи во притвор најмногу 30 дена од денот на лишувањето од слобода. По тој рок обвинетиот може да се задржи во притвор само врз основа на решение за продолжување на притворот.

(3) Притворот може по одлука на советот (член 22 став 6) да се продолжи најмногу за 60 дена. Против решението на советот е дозволена жалба која не го задржува извршувањето на решението.

Член 190

Во текот на истрагата истражниот судија може да го укине притворот во согласност со јавниот обвинител, кога постапката се води по негово барање, освен ако притворот се укинува поради истекот на рокот на траењето на притворот. Ако меѓу истражниот судија и јавниот обвинител не постои согласност, истражниот судија ќе побара да одлучи за тоа советот, кој е должен да донесе одлука во рок од 48 часа.

Член 191

(1) По предавањето на обвинителниот акт до судот до завршувањето на главниот претрес, притворот може до истекот на рокот од член 189 став 1 по сослушувањето на јавниот обвинител, кога постапката се води по негово барање, да се определи или да се укине само со решение на советот.

(2) Советот е должен по истекот на триесет дена од правосилноста на последното решение за притвор, и без предлог на странките, да испита дали се уште постојат причините за притвор и да донесе решение за продолжување или укинување на притворот.

(3) Жалбата против решението од ставовите 1 и 2 на овој член не го задржува извршувањето на решението.

(4) Против решението на советот со кое се одбива предлогот за определување или укинување на притворот не е дозволена посебна жалба.

Член 192

Судот е должен во рок од 24 часа за притворувањето да го извести семејството на притвореното лице, освен ако лицето се противи на тоа. За притворувањето ќе се извести надлежниот орган за социјални работи, ако е потребно да се преземат мерки за згрижување на децата и на другите членови на семејството за кои се грижи притвореното лице.

7. Постапка со притворениците

Член 193

(1) При издржувањето на притворот не смее да се навредува личноста и достоинството на обвинетиот.

(2) Спрема притвореникот може да се применуваат само ограничувања што се потребни да се спречи бегството и договор што би можел да биде штетен за успешното водење на постапката.

(3) Во иста просторија не можат да бидат затворени лица кои не се од ист пол. По правило, во иста просторија не можат да се сместуваат лица кои

учествувале во извршување на исто кривично дело ниту лица кои се на издржување казна со лица во притвор. Ако е тоа можно лица кои сториле кривично дело во поврат нема да се сместуваат во иста просторија со други лица лишени од слобода врз кои би можеле штетно да влијаат.

(4) Притвореното лице има право да бара притворот да го издржува во индивидуална просторија.

Член 194

(1) Притворениците имаат право на осумчасовен непрекинат одмор во време од 24 часа. Покрај тоа ним ќе им се обезбеди движење на отворен простор во затворот најмалку два часа дневно.

(2) Притворениците имаат право да се хранат на свој трошок, да носат своја облека и да се служат со свои постелни работи, на свој трошок да набавуваат книги, весници и други работи што им одговараат на нивните редовни потреби, доколку тоа не би било штетно за успешно водење на постапката. За тоа одлучува органот што ја спроведува истрагата.

(3) Притвореник може да се употреби за работи нужни за одржување на чистотата во просторијата во која престојува. Ако притвореникот бара истражниот судија односно претседателот на советот, во спогодба со управата на затворот, може да дозволи тој да работи во кругот на затворот на работи што одговараат на неговите психички и физички својства, под услов тоа да не е штетно за водењето на постапката.

Член 195

(1) По одобрение на истражниот судија што ја спроведува истрагата и по негов надзор или под надзор на лице кое тој ќе го определи, притвореникот можат, во границите на куќниот ред, да го посетуваат блиски роднини, а по негово барање - лекар и други лица. Одделни посети можат да се забранат ако поради тоа би можела да настане штета за водењето на постапката.

(2) Функционери на дипломатско конзуларните претставништва во Република Македонија имаат право по одобрение на истражниот судија кој ја спроведува истрагата да го посетуваат и без надзор и да разговараат со притвореното лице државјанин на нивната држава. Одобрение за посета ќе се побара преку Министерството за правда.

(3) Притвореникот може да се допишува со лица надвор од затворот со знаење и под надзор на органот што ја спроведува истрагата. Овој орган може да забрани испраќање и примање писма и други пратки штетни за водењето на постапката. Испраќањето на молба, поплака или жалба не може да се забрани никогаш.

(4) По подигнат обвинителен акт до правосилноста на пресудата, овластувањата од ставовите 1 и 2 на овој член ги врши претседателот на советот.

Член 196

(1) За дисциплински престапи на притвореникот истражниот судија односно претседателот на советот може да изрече дисциплинска казна ограничување на посети. Ова ограничување не се однесува на општењето на притвореникот со бранителот.

(2) Против решението за казната изречена според став 1 од овој член е дозволена жалба до советот (член 22 став 6) на судот надлежен за водење на истрагата во рок од 24 часа од часот на приемот на решението. Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

Член 197

(1) Надзор над притворениците врши претседателот на надлежниот првостепен суд.

(2) Претседателот на судот од став 1 на овој член или судијата кој ќе го определи тој е должен најмалку еднаш неделно да ги посети притворениците и, ако најде за потребно да се информира и без присуство на надзорникот и стражарите како се хранат притворениците, како се снабдуваат со други потреби и како се постапува со нив. Претседателот, односно судијата кој ќе го определи тој е должен да преземе потребни мерки да се отстранат неправилностите уочени при посетата на затворот. Определениот судија не може да биде истражниот судија.

(3) При посетите од став 2 на овој член може да присуствува и јавниот обвинител.

(4) Претседателот на судот и истражниот судија можат во секое време да го посетуваат сите притвореници, со нив да разговараат и да примаат поплаки од нив.

## Глава XVIII
## ИСТРАЖНИ ДЕЈСТВИЈА

### 1. Претрес на дом и лице

Член 198

(1) Претрес на дом и други простории на обвинетиот или други лица може да се преземе ако е веројатно дека со претресот ќе се фати обвинетиот или ќе се пронајдат траги на кривичното дело или предмети важни за кривичната постапка.

(2) Претрес на лица може да се преземе кога е веројатно дека со тоа ќе се пронајдат траги или предмети важни за кривичната постапка.

Член 199

(1) Претресувањето го наредува судот со писмено образложена наредба, во која посебно се назначува местото и лицето што се претресува, како и предметите или лицето што се бараат односно одземаат.

(2) Наредбата за претресување му се предава пред да почне претресувањето на лицето кај кое или врз кое ќе се изврши претресување. Пред претресувањето ќе се повика лицето на кое се однесува наредбата за претресување доброволно да го предаде лицето, односно предметите што се бараат.

(3) Кон претресување може да се пристапи и без претходно предавање на наредба, како и без претходна покана за предавање на лице или предмети, ако се претпоставува вооружен отпор или ако е нужно при сомневање дека е сторено тешко кривично дело што го сторила група или организација претресот да се изврши ненадејно, или ако претресувањето треба да се изврши во јавни простории.

(4) Претресувањето се врши дење. Претресувањето може да продолжи и ноќе ако е започнато дење па не е довршено. По исклучок, претресувањето може да се изврши ноќе ако постои опасност од одлагање.

Член 200

(1) Држателот на домот и на други простории ќе се повика да присуствува при претресувањето, а ако е тој

отсутен ќе се повика неговиот застапник или некој од возрасните домашни или соседи.

(2) Заклучени простории, мебел или други предмети ќе се отворат со сила само ако нивниот држател не е присутен или не сака доброволно да ги отвори. При отворањето ќе се одбегнува непотребно оштетување.

(3) При претресувањето на дом или лице присуствуваат двајца полнолетни граѓани како сведоци. Претресувањето на женско лице го врши само женско лице, а за сведоци ќе се земаат само женски лица. Пред почетокот на претресувањето сведоците ќе се предупредат да внимаваат како се врши претресувањето, како и на тоа дека имаат право пред потпишувањето на записникот за претресување да ставаат свои приговори ако сметаат дека содржината на записникот не е точна.

(4) Претресот може да се изврши и без присуство на сведоци ако не е можно веднаш да се обезбеди нивното присуство, а постои опасност од одлагање. Причините за претрес без присуство на сведоци мораат да се назначат во записникот.

(5) Кога се врши претресување во простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања или правни лица, ќе се повика нивниот старешина да присуствува на претресувањето.

(6) Претресување и прегледи во воена зграда ќе се извршат по одобрение на надлежниот воен старешина.

(7) Претресување на дом и лице треба да се врши внимателно, не нарушувајќи го куќниот ред.

(8) При вршењето на претресувањето ќе се одземат привремено само оние предмети и исправи што се во врска со целта на претресувањето во дадениот случај.

(9) Ако при претресувањето на дом или лице се најдат предмети што немаат врска со кривичното дело поради кое е наредено претресувањето, но кои укажуваат на друго кривично дело за кое се гони по службена должност, тие привремено ќе се одземат, а за одземањето веднаш ќе се издаде потврда. За тоа веднаш ќе се извести јавниот обвинител заради поведување кривична постапка. Овие предмети веднаш ќе се вратат ако јавниот обвинител најде дека нема основа за поведување кривична постапка, а не постои некоја друга законска основа според која би требало тие предмети да се одземат.

Член 201

(1) За секое претресување на дом или лице ќе се состави записник. Записникот го потпишуваат службеното лице кое го врши претресувањето, лицето кај кое или врз кое се врши претресување и лицата чие присуство е задолжително.

(2) Во записникот ќе се внесат и точно ќе се назначат предметите и исправите што се одземаат.

Член 202

(1) Овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи можат и без наредба за претрес да влезат во дом и други простории ако таму се наоѓа лице што по наредба на суд треба да се притвори или присилно да се доведе.

(2) Овластените службени лица на органот за внатрешни работи можат и без наредба за претрес и без присуство на сведоци да извршат претрес на лице при извршување на наредба за приведување или при лишување од слобода ако постои сомнение дека тоа лице поседува оружје или орудие за напад или ако постои сомнение дека ќе ги отфрли, сокрие или уништи предметите што од него треба да се одземат како доказ во кривичната постапка.

2. Привремено одземање на предмети

Член 203

(1) Предметите што според Кривичниот законик треба да се одземат или што можат да послужат како доказ во кривичната постапка привремено ќе се одземат и ќе му се предадат на чување на судот или на друг начин ќе се обезбеди нивно чување.

(2) Тој што држи вакви предмети е должен да ги предаде по барање на судот. Лицето кое ќе одбие да ги предаде предметите може да се казни со паричната казна определена во членот 74 став 1 на овој закон, а во случај на натамошно одбивање може да се затвори. Затворот трае до предавањето на предметите или до завршувањето на кривичната постапка, а најдолго триесет дена. На ист начин ќе се постапи спрема службеното или одговорното лице во државен орган, институција што врши јавни овластувања или друго правно лице.

(3) За жалба против решението со кое е изречена парична казна или е наредена затвор одлучува советот (член 22 став 6). Жалбата против решението за затвор не го задржува извршувањето на решението.

(4) Овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи можат да ги одземат предметите наведени во став 1 на овој член кога постапуваат според членовите 142 и 147 од овој закон или кога извршуваат налог на суд.

(5) При одземањето на предметите ќе се назначи каде се пронајдени и ќе се опишат, а по потреба и на друг начин ќе се обезбеди утврдување на нивната идентичност. За одземените предмети ќе се издаде потврда.

Член 204

(1) Државните органи можат да ускратат покажување или издавање на своите списи или други исправи ако сметаат дека објавувањето на нивната содржина би било штетно за државните интереси. Ако е ускратено покажувањето и давањето на списите и други исправи, конечна одлука донесува советот (член 22 став 6).

(2) Правните лица можат да бараат да не се објават податоците што се однесуваат на нивното работење.

Член 205

(1) Ако се врши привремено одземање на списи што можат да послужат како доказ, ќе се изврши нивни попис. Ако тоа не е можно, списите ќе се стават во обвивка и ќе се запечатат. Сопственикот на списите може да стави на обвивката и свој печат.

(2) Лицето од кое се одземени списите ќе се повика да присуствува при отворањето на обвивката. Ако тоа не се одзове на поканата или е отсутно, обвивката ќе се отвори, списите ќе се прегледаат и попишат во негово отсуство.

(3) При прегледувањето на списите мора да се води сметка за нивната содржина да не узнаат неовластени лица.

Член 206

(1) Истражниот судија може да нареди правните лица во областа на поштенскиот, телеграфскиот и друг сообраќај да ги задржат, и со потврда на приемот, нему да му ги предадат писмата, телеграмите и другите пратки што се упатени до обвинетиот или што ги испраќа тој ако постојат околности поради кои основано може да се очекува дека овие пратки ќе послужат како доказ во постапката.

(2) Писмата и другите пратки ги отвора истражниот судија во присуство на двајца сведоци. При отворањето ќе се внимава да не се повредат печатите, а обвивките и адресата ќе се зачуваат. За отворањето ќе се состави записник.

(3) Ако интересите на постапката дозволуваат, содржината на пратката може да му се соопшти во целост или делумно на обвинетиот, односно на лицето до кое е упатена, а може пратката да му се предаде. Ако обвинетиот е отсутен пратката ќе се соопшти или ќе се предаде на некои од неговите роднини, а ако ги нема овие, ќе му се врачи на испраќачот, ако тоа не им се противи на интересите на постапката.

Член 207

Предметите што во текот на кривичната постапка се привремено одземени ќе му се вратат на сопственикот односно на држателот ако се запре постапката, а не постојат причини за нивно одземање (член 485).

3. Постапување со сомнителни предмети

Член 208

(1) Ако се најде кај обвинетиот туѓ предмет, а не се знае чиј е, органот што ја води постапката ќе го опише тој предмет и описот ќе го објави на таблата на органот на општината на чие подрачје живее обвинетиот и на чие подрачје е сторено кривичното дело. Во огласот ќе се повика сопственикот да се јави во рок од една година од денот на објавувањето на огласот, зашто во спротивно предметот ќе се продаде. Парите добиени од продажбата се внесуваат во буџетот.

(2) Ако се во прашање предмети од поголема вредност, објавувањето може да се изврши и преку дневните весници.

(3) Ако е предметот подложен на расипување или неговото чување е врзано со значителни трошоци, тој ќе се продаде според одредбите што важат за извршната постапка, а парите ќе се чуваат како судски депозит.

(4) Според одредбата на став 3 од овој член ќе се постапи и кога предметот му припаѓа на одбегнат или на непознат сторител на кривично дело.

Член 209

(1) Ако во рок од една година не се јави никој за предмет или за пари добиени од продажбата на предмет, ќе се донесе решение предметот да станува државна сопственост односно парите да се внесат во буџетот.

(2) Сопственикот на предметот има право преку спор да бара враќање на предметот или на парите добиени од продажбата на предметот. Застарувањето на ова право почнува да тече од денот на објавувањето на огласот.

4. Испитување на обвинетиот

Член 210

(1) Кога се испитува обвинетиот прв пат ќе се праша за име и презиме, за прекарот ако го има, за името и презимето на родителите, за моминското семејно име на мајката, каде е роден, каде живее, ден, месец и година на раѓањето, од која националност е и чиј државјанин е, со што се занимава, какви му се семејните прилики, дали е писмен, какви училишта завршил, дали, каде и кога служел војска, односно дали има чин резервен помлад офицер, офицер или воен службеник, дали се води во воената евиденција и при кој орган надлежен за работи на одбрана, дали е одликуван, каква му е имотната состојба, дали, кога и зошто е осудуван, дали и кога ја издржал изречената казна, дали против него се води постапка за некое друго кривично дело, а ако е малолетен кој му е законски застапник. Обвинетиот ќе се поучи дека е должен да се јави на поканата и веднаш да ја соопшти секоја промена на адресата или намерата да го промени престојувалиштето, а ќе се предупреди и за последиците ако не постапи по тоа.

(2) Потоа на обвинетиот ќе му се соопшти зошто се обвинува и ќе му се соопштат основите на сомневањето што стојат против него, па ќе се праша што има да наведе во својата одбрана, а ќе му се соопшти дека не е должен да ја изнесе својата одбрана ниту да одговара на поставените прашања.

(3) Обвинетиот се испитува усно. При испитувањето на обвинетиот може да му се дозволи да ги користи своите забелешки.

(4) При испитувањето треба на обвинетиот да му се овозможи во непречено излагање да се изјасни за сите околности што го товарат и да ги изнесе сите факти што му служат за одбрана.

(5) Кога обвинетиот ќе го заврши својот исказ, ќе му се постават прашања доколку е потребно да се пополнат празнините и да се отстранат противречностите или нејаснотиите во неговото излагање.

(6) Испитувањето треба да се врши така што во полна мера да се почитува личноста на обвинетиот.

(7) Спрема обвинетиот не смеат да се употребат сила, закана или други слични средства (член 251 став 2) за да се дојде до негова изјава или признание.

(8) Обвинетиот може да биде испитан во отсуство на бранител само ако изрично се одрекол од тоа право, а одбраната не е задолжителна или ако во рок од 24 часа од моментот кога е поучен за ова право (член 63 став 2) самиот не обезбеди бранител, освен во случај на задолжителна одбрана.

(9) Ако е постапено спротивно на одредбите на ставовите 7 и 8 од овој член или ако изјавите на обвинетиот од став 8 на овој член за присуствувањето на бранителот не се забележани во записник, врз исказот на обвинетиот не може да се заснова судската одлука.

Член 211

(1) На обвинетиот треба да му се поставуваат прашања јасно, разбирливо и определено, така што да може наполно да ги разбере. Во испитувањето не смее да се поаѓа од претпоставка дека обвинетиот признал нешто што не признал ниту смеат да се поставуваат прашања во кои е веќе содржано како треба на нив да се одговори. Спрема обвинетиот не смее да се

употреби измама за да се дојде до негова изјава или признание.

(2) Ако подоцнежните искази на обвинетиот се разликуваат од поранешните, а особено ако обвинетиот го отповика своето признание, ќе се повика да ги изнесе причините зошто дал различни искази, односно зошто го отповикувал признанието.

Член 212

(1) Обвинетиот може да биде соочен со сведок или со друг обвинет, ако нивните искази не се согласуваат во поглед на важните факти.

(2) Соочените ќе се испитаат одделно за секоја околност за која нивните искази меѓусебно не се согласуват, а нивниот одговор ќе се внесе во записникот.

Член 213

Предметите што се во врска со кривичното дело или што служат како доказ ќе му се покажат на обвинетиот заради препознавање, откако претходно ќе ги опише. Ако овие предмети не можат да се донесат, обвинетиот може да се одведе на местото каде што се наоѓаат тие.

Член 214

(1) Исказот на обвинетиот се внесува во записникот во форма на раскажување а поставените прашања и одговорите на нив ќе се внесат во записник само кога тоа е потребно.

(2) На обвинетиот може да му се дозволи да го кажува сам својот исказ во записник.

Член 215

Судот е должен и покрај признанието на обвинетиот да прибира и други докази. Ако признанието е јасно и наполно и ако е поткрепено и со други докази, натамошно собирање на докази ќе се преземе само на предлог од тужителот.

Член 216

(1) Испитување на обвинетиот ќе се изврши преку толкувач во случаите предвидени со овој закон.

(2) Ако обвинетиот е глув, ќе му се поставуваат прашања писмено, а ако е нем, ќе се повика писмено да одговара. Ако испитувањето не може да се изврши на овој начин ќе се повика како толкувач лице кое може да се разбере со обвинетиот.

(3) Ако толкувачот не е порано заколнат, ќе положи заклетва дека верно ќе ги пренесе прашањата што се упатуваат до обвинетиот и изјавите што тој ќе ги дава.

(4) Одредбите на овој закон што се однесуваат на вештаците согласно се применуваат врз толкувачите.

5. Сослушување на сведоци

Член 217

(1) Како сведоци се повикуваат лица за кои е веројатно дека ќе можат да дадат известување за кривичното дело и сторителот и за други важни околности.

(2) Оштетениот, оштетениот како тужител и приватниот тужител можат да се сослушаат како сведоци.

(3) Секое лице кое се повикува како сведок е должно да се јави на поканата, а ако во овој закон поинаку не е определено должно е и да сведочи.

Член 218

Не може да се сослуша како сведок:

1) лице кое со својот исказ би ја повредило должноста на чување службена или воена тајна, додека надлежниот орган не го ослободи од таа должност и

2) бранител на обвинетиот за она што му го доверил обвинетиот како на свој бранител, освен ако самиот обвинет го бара тоа.

Член 219

(1) Ослободени се од должност да сведочат:

1) брачниот и вонбрачниот другар на обвинетиот;

2) роднините на обвинетиот по крв во права линија, роднините во странична линија до третиот степен заклучно, како и роднините по сватовство до вториот степен заклучно;

3) посвоеник и посвоител на обвинетиот;

4) верски исповедник за она што му го исповедил обвинетиот или друго лице;

5) адвокатот, лекарот, социјалниот работник, психологот или некое друго лице за фактите за кои што дознале при вршењето на својата работа во однос на кои се однесува обврската да го сочуваат како тајна тоа што го дознале при вршењето на својата професија.

(2) Судот што ја води постапката е должен лицата споменати во став 1 на овој член, пред нивното сослушување или штом ќе узнае за нивниот однос спрема обвинетиот, да ги предупреди дека не мораат да сведочат. Предупредувањето и одговорот се внесуваат во записникот.

(3) Малолетно лице кое со оглед на возраста и душевната развиеност не е способно да го свати значењето на правото дека не мора да сведочи не може да се сослуша како сведок.

(4) Лице кое има основа да ускрати сведочење спрема еден од обвинетите е ослободено од должноста да сведочи и спрема другите обвинети, ако неговиот исказ според природата на работите не може да се ограничи само на другите обвинети.

Член 220

Ако како сведок е сослушано лице кое не може да се сослуша како сведок (член 215) или лице кое не мора да сведочи (член 216), а за тоа не е предупредено или изрично не се откажало од тоа право, или ако предупредувањето и откажувањето не е забележано во записникот, или ако е сослушан малолетник кој не може да го сфати значењето на правото дека не мора да сведочи, или ако исказот на сведокот е изнуден со сила, со закана или со друго слично забрането средство (член 251 став 2), врз таквиот исказ на сведокот не може да се заснова судската одлука.

Член 221

Сведокот не е должен да одговара на одделни прашања ако е веројатно дека со тоа би се изложил себеси или својот близок роднина (член 219 став 1 точка 1 до 3) на тешка срамота, значителна материјална штета или кривично гонење.

Член 222

(1) Повикувањe на сведок се врши со доставување писмена покана во која ќе се наведе името и презимето и занимањето на повиканиот, времето и местото на доаѓањето, кривичниот предмет по кој се повикува, назначување дека се повикува како сведок и предупредување за последиците од неоправданиот изостанок (член 228)

(2) Повикувањето како сведок на малолетното лице кое не наполнило 16 години се врши преку неговите родители, односно преку законскиот застапник, освен ако тоа не е можно поради потребата да се постапува итно или поради други околности.

(3) Сведоците што поради старост, болест или тешки телесни мани не можат да се јават на поканата, можат да се сослушаат во својот стан.

Член 223

(1) Сведоците се сослушуваат одделно и без присуство на други сведоци Сведокот е должен одговорите да ги дава усно.

(2) Сведокот претходно ќе се опомене дека е должен да зборува вистина и дека не смее ништо да премолчи, а потоа ќе се предупреди дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело Сведокот ќе се предупреди и дека не е должен да одговори на прашањата предвидени во член 221 од овој закон и ова предупредување ќе се внесе во записник

(3) Потоа сведокот ќе се праша за името и презимето, името на таткото, занимањето, престојувалиштето, местото на раѓањето, годините на возраста и за неговиот однос со обвинетиот и оштетениот. Сведокот ќе се предупреди дека е должен да го извести судот за промената на адресата или на престојувалиштето

(4) При сослушување на малолетно лице, особено ако е тоа оштетено со кривичното дело, ќе се постапи претпазливо така што сослушувањето да не влијае штетно врз психичката состојба на малолетникот Ако е тоа потребно, сослушувањето на малолетното лице ќе се изврши со помош на педагог или на друго стручно лице

Член 224

(1) По општите прашања сведокот се повикува да изнесе се што му е познато за предметот, а потоа ќе му се поставуваат прашања заради проверување, дополнение и разјаснување При сослушување на сведок не е дозволено служење со измама ниту поставување на такви прашања во кои е веќе содржано како би требало да се одговори.

(2) Сведокот секогаш ќе се праша од каде му е познато она за што сведочи

(3) Сведоците можат да се соочат ако нивните искази не се согласуваат во поглед на важните факти Соочените за секоја околност за која нивните искази не се согласуваат меѓусебно ќе се сослушаат одделно и нивниот одговор ќе се внесе во записник Истовремено можат да се соочат само два сведока

(4) Оштетениот кој се сослушува како сведок ќе се праша дали сака да остварува имотно-правно барање во кривичната постапка.

Член 225

Ако е потребно да се утврди дали сведокот го познава лицето или предметите, ќе се бара од него прво да ги опише и да ги наведе знаците по кои се разликуваат, па дури потоа ќе му се покажат заради препознавање и тоа заедно со други лица што не ги познава, односно ако е тоа можно заедно со предмети од ист вид.

Член 226

Ако сослушувањето на сведокот се врши преку толкувач или ако сведокот е глув или нем, неговото сослушување се врши на начинот предвиден во член 216 од овој закон.

Член 227

Од сведокот може да се бара да положи заклетва. Пред главниот претрес сведокот може да положи заклетва само ако постои страв, дека поради болест или од други причини не ќе може да дојде на главниот претрес. Причината поради која е положена заклетва ќе се наведе во записникот. Заклетвата се полага на начинот определен во член 317 на овој закон.

Член 228

Не смеат да се заколнуваат лица:

1) кои не се полнолетни во моментот на сослушувањето и

2) за кои е докажано или за кои постои основано сомневање дека го извршиле или учествувале во кривичното дело поради кое се сослушуваат.

Член 229

(1) Ако сведокот кој уредно е повикан не дојде, а не го оправда изостанокот, или без одобрение или оправдана причина ќе се оддалечи од местото каде што треба да биде сослушан, може да се нареди да се доведе присилно а може и да се казни парично со казната определена во членот 74 став 1 на овој закон.

(2) Ако сведокот дојде, па откако е предупреден за последиците, без законска причина не сака да сведочи, може да се казни парично со казната определена во член 74 став 1 на овој закон, а ако и потоа одбие да сведочи, може да се затвори. Затворот трае додека сведокот не се согласи да сведочи или додека неговото сослушување не стане непотребно или додека кривичната постапка не се заврши, но најдолго еден месец

(3) За жалбата против решението со кое е изречена парична казна или е нареден затвор одлучува секогаш советот (член 22 став 6). Жалбата против решението за затвор не го задржува извршувањето на решението.

(4) Воените лица и припадниците на полицијата не можат да се затворат, но за нивното одбивање да сведочат ќе се извести нивната надлежна команда заради казнување.

6 Увид

Член 230

Увид се презема кога за утврдување или разјаснување на некаков важен факт во постапката е потребно непосредно забележување.

Член 231

(1) Заради проверување на изведените докази или утврдување на фактите што се од значење за разјаснување на работата, органот што ја води постапката може да определи реконструкција на настанот, која се врши така што ќе се повторат дејствијата или ситуа-

циите во условите под кои според изведените докази се одиграл настанот. Ако во исказите на одделни сведоци или обвинети дејствијата или ситуациите се различно прикажани, реконструкцијата на настанот, по правило, посебно ќе се изврши со секој од нив.

(2) Реконструкцијата не смее да се врши на начин со кој се навредува јавниот ред и морал или се доведува во опасност животот или здравјето на луѓето.

(3) При реконструкцијата, можат по потреба, повторно да се изведат одделни докази.

Член 232

(1) Органот што врши увид или реконструкција може да побара помош од стручно лице од криминалистичко-техничка-сообраќајна или друга струка, кое, по потреба, ќе преземе и пронаоѓање обезбедување или опишување на трагите, ќе изврши потребни мерења и снимања, ќе направи скици или ќе собере други податоци.

(2) На увидот и на реконструкцијата може да се повика вештак ако неговото присуство би било од полза за давање наод и мислење.

7. Вештачење

Член 233

Вештачење се определува кога за утврдување или за оцена на некој важен факт треба да се прибави наод и мислење од лице што располага со потребно стручно знаење.

Член 234

(1) Вештачењето го определува со писмена наредба органот што ја води постапката. Во наредбата ќе се наведе во поглед на кои факти се врши вештачење и кому му се доверува. Наредбата се доставува и до странките.

(2) Ако за определен вид вештачење постои стручна установа, или вештачењето може да се изврши во рамките на државен орган, таквите вештачења, а особено посложените, ќе се доверуваат по правило на таква установа односно орган. Установата односно органот определува еден или повеќе стручњаци кои ќе го извршат вештачењето.

(3) Кога вештакот се определува од органот што ја води постапката, тој орган по правило ќе определи еден вештак, а ако вештачењето е сложено - два или повеќе вештаци.

(4) Ако за некој вид вештачење постојат кај судот постојано определени вештаци, други вештаци можат да се определат само ако постои опасност од одлагање, или ако постојаните вештаци се спречени, или ако тоа го бараат други околности.

Член 235

(1) Лицето кое се повикува како вештак е должно да се јави на поканата и да даде свој наод и мислење.

(2) Ако вештакот што е уредно повикан не дојде, а изостанокот не го оправда, или ако одбие да вештачи, може да се казни парично на казната определена во членот 74 став 1 на овој закон, а во случај на неоправдан изостанок може и присилно да се доведе.

(3) За жалбата против решението со кое е изречена парична казна одлучува совет (член 22 став 6).

Член 236

(1) За вештак не може да се земе лице кое не може да биде сослушувано како сведок (член 218) или лице кое е ослободено од должноста да сведочи (член 219), како и лице спрема кое е сторено кривичното дело, а ако е земено, врз неговиот наод и мислење не може да се заснова судската одлука.

(2) Причина за изземање на вештакот (член 41) постои и во поглед на лице кое заедно со обвинетиот или со оштетениот е во работен однос во ист орган или друго правно лице, како и во поглед на лице кое е во работен однос кај оштетениот или обвинетиот.

(3) За вештак, по правило, не ќе се земе лице кое е сослушано како сведок.

(4) Кога е дозволена посебна жалба против решението со кое се одбива барањето за изземање на вештакот (член 39 став 4), жалбата го одлага извршувањето на вештачењето, доколку не постои опасност од одлагање.

Член 237

(1) Пред да почне вештачењето ќе се повика вештакот да го разгледа внимателно предметот на вештачењето, точно да наведе се што ќе забележи и најде и своето мислење да го изнесе непристрасно и во согласност со правилата на науката или вештината. Тој посебно ќе се предупреди дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело.

(2) Од вештакот може да се бара пред вештачењето да положи заклетва. Пред главниот претрес вештакот може да положи заклетва само ако постои страв дека ќе биде спречен да дојде на главниот претрес. Причината поради која е положена заклетва ќе се наведе во записникот. Постојано поставениот, заколнат вештак ќе се опомене само пред вештачењето на положената заклетва. Заклетвата се полага на начинот определен со член 317 на овој закон.

(3) Органот пред кој се води постапката раководи со вештачењето, му ги покажува на вештакот предметите што ќе ги разгледа, му поставува прашања и по потреба бара објаснение во поглед на дадениот наод и мислење.

(4) На вештакот можат да му се даваат појаснувања, а може да му се дозволи и да ги разгледува списите. Вештакот може да предложи да се изведат докази или да се прибават предмети и податоци што се од важност за давање наод и мислење. Ако присуствува на увид, реконструкција или на друго истражно дејствие, вештакот може да предложи да се разјаснат одделни околности или да му се постават одделни прашања на лицето кое се сослушува.

Член 238

(1) Вештакот ги разгледува предметите на вештачењето во присуство на органот што ја води постапката и на записничарот освен ако за вештачењето се потребни долготрајни испитувања или ако испитувањата се вршат во установи во државен орган или ако тоа го бараат обзирите на моралот.

(2) Ако за целите на вештачењето е потребно да се изврши анализа на некоја материја, на вештакот, ако е тоа можно, ќе му се стави на располагање само дел од таа материја, а остатокот ќе се обезбеди во потребното количество за случај на дополнителни анализи.

Член 239

Наодот и мислењето на вештакот се внесува веднаш во записник. На вештакот може да му се одобри да поднесе писмен наод односно мислење дополнително во рок што ќе му го определи органот пред кој се води постапката.

Член 240

(1) Ако вештачењето се доверува на стручна установа или на државен орган, органот што ја води постапката ќе предупреди дека во давањето на наод и мислење не може да учествува лице од член 236 на овој закон или лице за кое постојат причини за изземање од вештачењето предвидени во овој закон, како и на последиците од давање на лажен наод и мислење.

(2) На стручната установа, односно на државниот орган ќе му се стави на располагање материјалот потребен за вештачењето, а ако е потребно, ќе се постапи согласно со одредбите на член 237 став 4 на овој закон.

(3) Стручната установа односно државниот орган го доставува писмениот наод и мислењето потпишан од лицата кои го извршиле вештачењето.

(4) Странките можат од старешината на стручната установа односно на државниот орган да бараат да им ги соопшти имињата на стручњаците кои ќе го извршат вештачењето.

(5) Одредбите на член 237 ставови 1 и 2 од овој закон не се применуваат кога вештачењето и е доверено на стручна установа или на државен орган. Органот пред кој се води постапката може да бара од стручната установа или од органот објасненија во поглед на дадениот наод и мислење.

Член 241

(1) Во записникот за вештачењето или во писмениот наод и мислењето ќе се назначи кој го извршил вештачењето, како и занимањето, стручната подготовка и специјалноста на вештакот.

(2) По завршеното вештачење, на кое не присуствувале странките ќе се известат дека вештачењето е извршено и дека записникот за вештачењето, односно писмениот наод и мислењето можат да ги разгледаат.

Член 242

Ако податоците на вештаците за нивниот наод суштествено се разликуваат или ако нивниот наод е нејасен, нецелосен или е во противречност сам со себе си или со извидените околности, а тие недостатоци не можат да се отстранат со повторно сослушување на вештаците, вештачењето ќе се обнови со истите, или со други вештаци.

Член 243

Ако во мислењето на вештачењето има противречности или недостатоци или се јави основано сомневање во точноста на даденото мислење, а тие недостатоци или сомневања не можат да се отстранат со повторно сослушување на вештаците, ќе се побара мислење од други вештаци.

Член 244

(1) Преглед а по потреба и обдукција на леш ќе се преземе кога постои сомневање или е очигледно дека смртта е предизвикана со кривично дело или е во врска со извршување на кривично дело Ако лешот веќе е закопан, ќе се определи ексхумација заради негов преглед и обдукција.

(2) При обдукцијата на лешот ќе се преземат потребни мерки за да се установи идентитетот на лешот, и за таа цел посебно ќе се опишат податоците за надворешните и внатрешните телесни особини на лешот.

Член 245

(1) Кога вештачењето не се врши во стручна установа, преглед и обдукција на лешот врши еден, а по потреба два или повеќе лекари, кои по можност треба да бидат од судско-медицинска струка. Со тоа вештачење раководи истражниот судија и во записникот го внесува наодот и мислењето на вештакот.

(2) За вештак не може да се определи лекарот што го лекувал умрениот. При обдукцијата на лешот, а заради давање разјаснување за текот и околностите на болеста, лекарот што го лекувал умрениот може да се сослуша како сведок.

Член 246

(1) Во своето мислење вештаците особено ќе наведат која е непосредната причина за смртта, што ја предизвикало таа причина и кога настапила смртта.

(2) Ако на лешот е најдена некаква повреда, ќе се утврди дали таа повреда ја нанел некој друг, и ако е, тогаш со што, на кој начин, колку време пред настапувањето на смртта и дали смртта била предизвикана од неа. Ако се најдени на лешот повеќе повреди, ќе се утврди дали секоја повреда е извршена со исто средство и која повреда причинила смрт а ако се смртоносни повеќе повреди, која или кои од нив со своето заедничко дејствување била причина за смртта.

(3) Во случајот од став 2 на овој член особено ќе се утврди дали смртта е причинета од самиот вид и општата природа на повредата или поради лично својство или особена состојба на организмот на повредениот или поради случајни околности или околности под кои е извршена повредата.

(4) Покрај тоа, ќе се утврди дали навремено укажуваната помош би можела да ја отстрани смртта.

Член 247

(1) При прегледот и обдукцијата на зародок треба посебно да се утврди неговата старост, способноста за вонматеричен живот и причината за умирањето.

(2) При преглед и обдукција на леш на новороденче ќе се утврди посебно дали е родено живо или мртво, дали било способно за живот, колку долго живеело, како и времето и причината за смртта.

Член 248

(1) Ако постои сомневање за труење, сомнителните материи што се најдени во лешот или на друго место ќе се упатат на вештачење до установа што врши токсиколошки испитувања.

(2) При прегледот на сомнителните материи вештакот посебно ќе го утврди видот, количеството и дејството на најдениот отров, а ако станува збор за преглед на материи земени од лешот, по можност и количеството на употребениот отров.

Член 249

(1) Вештачењето на телесни повреди се врши по правило со преглед на повредениот, а ако тоа не е

можно или не е потребно врз основа на медицинската документација или на други податоци во списите.

(2) Откако точно ќе ги опише повредите, вештакот ќе даде мислење, особено за видот и тежината на секоја одделна повреда и за нивното вкупно дејство со оглед на нивната природа или на посебните околности на случајот, какво дејство тие повреди обично произведуваат, а какво во конкретниот случај произвеле и со што се извршени повредите и на кој начин.

Член 250

(1) Ако се јави сомневање дека е исклучена или е намалена пресметливоста на обвинетиот поради трајна или привремена душевна болест, привремена душевна растроеност или заостанат душевен развој, ќе се определи вештачење со психијатриски преглед на обвинетиот.

(2) Ако според мислењето на вештакот е потребно подолго посматрање, обвинетиот ќе се испрати на посматрање во соодветна здравствена установа Решение за тоа донесува истражниот судија. Посматрањето може да се продолжи над два месеца само на образложен предлог од управникот на здравствената установа по претходно прибавено мислење од вештаци, но не може во никој случај да трае подолго од рокот за притвор.

(3) Ако вештаците установат дека душевната состојба на обвинетиот е растроена, ќе ја определат природата, видот, степенот и трајноста на растроеноста и ќе дадат свое мислење за тоа какво влијание имала таквата душевна состојба и какво се уште има врз сфаќањето и постапките на обвинетиот, како и дали и во колкава мера постоело растројство на душевната состојба во време на извршувањето на кривичното дело.

(4) Ако во здравствената установа се упатува обвинетиот кој се наоѓа во притвор, истражниот судија ќе ја извести таа установа за причините поради кои е определен притворот, за да се преземат мерките потребни за обезбедување на целта на притворот

(5) Времето поминато во здравствената установа ќе му се засмета на обвинетиот во притворот односно во казната ако биде изречена

Член 251

(1) Телесен преглед на обвинетиот ќе се преземе и без негова согласност ако е потребно да се утврдат фактите важни за кривичната постапка Телесен преглед на други лица може да се преземе без нивна согласност само тогаш ако мора да се утврди дали на нивното тело се наоѓа определена трага или последица од кривичното дело.

(2) Земање на крв и други лекарски дејствија што според правилата на медицинската наука се преземаат заради анализа и утврдување на други факти важни за кривичната постапка, можат да се преземат и без согласност на лицето кое се прегледува, ако поради тоа не би настапила некаква штета за неговото здравје Не е дозволено спрема обвинетиот или сведокот да се применат медицински интервенции или да им се даваат такви средства со кои би се влијаело врз нивната волја при давањето на исказ.

Член 252

(1) Кога е потребно да се преземе вештачење на деловни книги, органот пред кој се води постапката е должен да им назначи на вештаците во кој правец и во кој обем треба да го вршат вештачењето и кои факти и околности треба да се утврдат.

(2) Ако за преземање на вештачење на деловни книги на правното лице е нужно претходно да се среди неговото книговодство, трошоците околу средувањето на книговодството паѓаат врз товар на правното лице

(3) Решение за средување на книговодството донесува органот што ја води постапката, врз основа на образложен писмен извештај од вештаците на кои им е наложено вештачење на деловните книги. Во решението ќе се назначи и износот што правното лице е должно да му го положи на судот како аванс за трошоците околу средувањето на неговото книговодство. Против ова решение не е дозволена жалба.

(4) По извршеното средување на книговодството, органот што ја води кривичната постапка донесува врз основа на извештајот на вештаците, решение со кое ја утврдува висината на трошоците настанати поради средувањето на книговодството и определува дека тој износ го поднесува правното лице Правното лице може да се жали во поглед на основаноста на одлуката за надомест на трошоците и висината на трошоците. За жалбата решава советот на првостепениот суд (член 22 став 6)

(5) Наплатата на трошоците, доколку нивниот износ не бил авансиран, се врши во корист на органот што однапред ги исплатил трошоците и наградата на вештаците.

Глава XIX

## ОБВИНИТЕЛЕН АКТ И ПРИГОВОР ПРОТИВ ОБВИНИТЕЛНИОТ АКТ

Член 253

(1) Откако е завршена истрагата, како и кога според овој закон може да се подигне обвинение без спроведување на истрага (член 153), постапката пред судот може да се води само врз основа на обвинителен акт на јавниот обвинител односно на оштетениот како тужител

(2) Одредбите за обвинителниот акт и за приговорот против обвинителниот акт ќе се применуваат согласно и врз приватната тужба, освен ако таа се подига за кривични дела за кои се спроведува скратена постапка

Член 254

(1) Обвинителниот акт содржи:

1) име и презиме на обвинетиот со лични податоци (член 210) и со податоците за тоа дали и од кога се наоѓа во притвор или се наоѓа на слобода, а ако е пуштен на слобода пред да се подигне обвинителниот акт, тогаш колку поминал во притвор,

2) опис на делото од кое произлегуваат законските обележја на кривичното дело, време и место на извршувањето на кривичното дело, предметот на кој е и средството со кое е извршено кривичното дело, како и други околности потребни да се определи што поточно кривичното дело,

3) законски назив на кривичното дело, со наведување на одредбите на Кривичниот законик што треба да се применат по предлог од тужителот;

4) означување на судот пред кој ќе се одржи главниот претрес;

5) предлог за доказите што треба да се изведат на главниот претрес, со назначување на имињата на сведоците и вештаците, списите што треба да се прочитаат и предметите што служат за доказ;

6) образложение во кое според резултатот на истрагата ќе се опише состојбата на работите, ќе се наведат доказите со кои се утврдуваат решителните факти, ќе се изнесе одбраната на обвинетиот и становиштето на тужителот за наводите на одбраната.

(2) Ако обвинетиот се наоѓа на слобода, во обвинителниот акт може да се предложи да се определи притвор, а ако се наоѓа во притвор може да се предложи да се пушти на слобода.

(3) Со еден обвинителен акт можат да се опфатат повеќе кривични дела или повеќе обвинети само ако според одредбите на член 29 од овој закон може да се спроведе единствена постапка и да се донесе една пресуда.

Член 255

(1) Обвинителниот акт се доставува до надлежниот суд во онолку примероци колку што има обвинети и бранители и еден примерок за судот.

(2) Веднаш по приемот на обвинителниот акт претседателот на советот пред кој ќе се одржи главниот претрес ќе испита дали обвинителниот акт е прописно составен (член 254), па ако најде дека не е, ќе му го врати на тужителот да ги исправи недостатоците во рок од три дена. Од определени причини, по барање на тужителот, советот може да го продолжи тој рок. Ако оштетениот како тужител или приватниот тужител го пропушти споменатиот рок ќе се смета дека се откажал од гонењето, па постапката ќе се запре.

Член 256

(1) Ако оштетениот како тужител подигне обвинителен акт без спроведување на истрага (член 153 став 6) или ако е поднесена приватна тужба за кривично дело за кое не е водена истрага, освен ако приватната тужба се поднесува за кривично дело за кое се спроведува скратена постапка, претседателот на првостепениот совет, ако смета дека нема место за гонење поради постоење на околностите од член 262 точка 1 до 3 на овој закон ќе побара одлука на советот (член 22 став 6).

(2) Ако оштетениот како тужител, спротивно на одредбите од член 153 ставови 1 и 2 од овој закон, подигне обвинителен акт без спроведување истрага за кривично дело за кое е пропишана казна затвор над пет години, ќе се смета дека ставил барање за спроведување на истрага.

(3) Против решението на советот оштетениот како тужител, односно приватниот тужител има право на жалба.

Член 257

(1) Ако во обвинителниот акт е ставен предлог да се определи против обвинетиот притвор или да се пушти на слобода, за тоа решава советот (член 22 став 6) веднаш а најдоцна во рок од 48 часа.

(2) Ако обвинетиот се наоѓа во притвор, а во обвинителниот акт не е ставен предлог да се пушти на слобода, советот од став 1 на овој член по службена должност во рок од три дена од денот на приемот на обвинителниот акт ќе испита дали сè уште постојат причините за притвор и ќе донесе решение за продолжување или укинување на притворот. Жалбата против ова решение не го задржува извршувањето на решението.

Член 258

(1) Обвинителниот акт се доставува до обвинетиот кој е на слобода без одлагање, а ако се наоѓа во притвор - во рок од 24 часа по приемот.

(2) Ако против обвинетиот е определен притвор со решение на советот (член 257), обвинителниот акт му се предава на обвинетиот при неговото затворање заедно со решението со кое се определува притвор.

(3) Ако обвинетиот кој е лишен од слобода не се наоѓа во затворот на судот кај кој ќе се одржи главниот претрес, претседателот на советот ќе нареди обвинетиот да се спроведе веднаш во тој затвор каде што ќе му се предаде обвинителниот акт.

Член 259

(1) Обвинетиот има право да поднесе приговор против обвинителниот акт во рок од осум дена од денот на доставувањето. При врачувањето на обвинителниот акт, судот ќе го поучи обвинетиот за ова негово право.

(2) Приговор против обвинителниот акт може да поднесе и бранителот без особено овластување од обвинетиот, но не и против неговата волја.

(3) Обвинетиот може да се одрече од правото да поднесе приговор против обвинителниот акт.

Член 260

(1) Ненавремениот приговор и приговорот изјавен од неовластено лице ќе го отфрли со решение претседателот на советот пред кој ќе се одржи главниот претрес. За жалбата против ова решение одлучува советот (член 22 став 6).

(2) Ако претседателот на советот според одредбата на став 1 на овој член не го отфрли приговорот, ќе го достави со списите до советот (член 22 став 6) кој за приговорот решава во седница. Ако е во прашање кривично дело кое се гони по барање од јавниот обвинител, за приговорот се решава по сослушувањето на јавниот обвинител.

Член 261

(1) Ако советот не го отфрли приговорот како ненавремен или како недозволен, ќе пристапи кон испитување на обвинителниот акт.

(2) Советот што одлучува против приговорот на обвинителниот акт на седницата ќе ги повика обвинетиот, неговиот бранител и јавниот обвинител и истите усно ќе ги изнесат и образложат своите предлози.

(3) Ако советот по повод приговорот најде дека постојат грешки или недостатоци во обвинителниот акт (член 254) или во самата постапка, или дека е потребно подобро разјаснување на состојбата на работите за да се испита основаноста на обвинителниот акт, обвинителниот акт ќе го врати за да се отстранат забележаните недостатоци, или истрагата да се дополни, односно спроведе. Тужителот е должен во рок од три дена од денот кога му е соопштена одлуката на советот да го поднесе исправениот обвинителен акт или да стави барање за дополнување, односно за спроведување на истрагата. Од оправдани причини по барање на тужителот советот може да го продолжи овој рок. Ако оштетениот како тужител или приватниот тужител го пропушти споменатиот

рок, ќе се смета дека се откажал од гонењето, па постапката ќе се запре. Ако јавниот обвинител го пропушти рокот, должен е за причините на пропуштањето да го извести повисокиот јавен обвинител.

(4) Ако советот најде дека за кривичното дело што е предмет на обвинението е надлежен некој друг суд, ќе го огласи за ненадлежен судот до кој е поднесен обвинителниот акт и по правосилноста на решението ќе го упати предметот до надлежниот суд.

(5) Ако советот утврди дека во списите се наоѓаат записници или известувања од член 79 на овој закон, ќе донесе решение за нивното издвојување од списите. Против ова решение е дозволена посебна жалба. По правосилноста на решението пред да го упати предметот до претседателот на советот заради закажување на главниот претрес, претседателот на советот од член 22 став 6 на овој закон ќе обезбеди издвоените записници и известувања да се затворат во посебна обвивка и да му се предадат на истражниот судија заради чување одвоено од другите списи. Издвоените записници и известувања не можат да се разгледаат, ниту можат да се користат во постапката.

Член 262

Решавајќи за приговорот против обвинителниот акт советот ќе одлучи дека нема место за обвинение и дека се запира кривичната постапка, ако установи дека:

1) делото што е предмет на обвинението не е кривично дело;

2) постојат околности што ја исклучуваат кривичната одговорност, а не доаѓа предвид примена на мерки на безбедност;

3) нема барање на овластен тужител, предлог на оштетениот или одобрение од надлежен државен орган, ако тоа е потребно според законот, или дека постојат околности што го исклучуваат гонењето.

4) нема доволно докази обвинетиот основано да е сомнителен за делото што е предмет на обвинението.

Член 263

(1) Кога решава за приговорот против обвинителниот акт на јавниот обвинител поднесен врз основа на член 153 став 6 од овој закон, или за барањето на претседателот на советот по повод тој обвинителен акт (член 269) или кога решава по повод несогласување на претседателот на првостепениот совет со обвинителниот акт на оштетениот како тужител или со приватна тужба во случаите од член 253 став 1 од овој закон, советот со решение ќе го отфрли обвинителниот акт, односно приватната тужба ако најде дека постојат причините од член 262 точка 1 до 3 на овој закон, а ако се спроведени истражни дејствија и од причината предвидена во точка 4 на тој член.

(2) Ако по повод приговорот против обвинителниот акт на јавниот обвинител од став 1 на овој член или по барање од претседателот на советот по повод тој обвинителен акт (член 269) е спроведена истрага (член 261 став 2) а советот, по спроведената истрага најде дека постојат причините (член 262) од овој закон, ќе одлучи со решение дека нема место за обвинение и дека се запира кривичната постапка.

Член 264

При донесувањето на решението од член 261 став 3, од член 262 и од член 263 на овој закон, советот не е врзан за правната оцена на делото што ја навел тужителот во обвинителниот акт.

Член 265

(1) Ако не донесе ниедно од решенијата од членовите 261, 262 и 263 на овој закон, советот ќе го одбие приговорот како неоснован.

(2) Во истото решение советот ќе одлучи и за предлозите за спојување или раздвојување на постапката.

Член 266

Ако од повеќе обвинети само некои поднеле приговор против обвинителниот акт, а причините поради кои судот нашол дека нема место за обвинение им користат и на некои од обвинетите кои не поднеле приговор, советот ќе постапи како тие да поднеле приговори.

Член 267

Сите одлуки на советот донесени по повод приговорот против обвинителниот акт мораат да бидат образложени, но така што однапред да не се влијае врз решавањето на оние прашања што ќе бидат предмет на расправање на главниот претрес

Член 268

Против одлуката на советот од член 261 став 3 на овој закон е дозволена жалба, а против одлуките од членовите 262 и 263 на овој закон жалба може да изјави тужителот. Против другите одлуки на советот донесени по повод приговорот против обвинителниот акт не е дозволена посебна жалба.

Член 269

(1) Ако приговорот против обвинителниот акт не е поднесен или е отфрлен, на барање од претседателот на советот пред кој треба да се одржи главниот претрес, советот (член 22 став 6) може да одлучи за секое прашање за кое врз основа на овој закон се решава по повод приговорот

(2) Барањето од став 1 на овој член претседателот на советот може да го стави до определувањето на главниот претрес, а најдоцна во рок од два месеца од денот на приемот на обвинителниот акт во судот.

(3) Одредбите на член 260 став 2, на членовите од 261 до 264, и членовите 267 и 268 од овој закон согласно ќе се применуваат и при одлучувањето по повод барањето од став 1 на овој член.

Член 270

Обвинителниот акт влегува во правна сила кога приговорот е одбиен, а ако приговорот не е поднесен или е отфрлен - со денот кога советот разгледувајќи го барањето на претседателот на советот (член 269) се согласил со обвинителниот акт, а ако такво барање не постоело - со денот кога претседателот на советот го определил главниот претрес односно со истекот на рокот од член 29 став 2 на овој закон.

Б. Главен претрес и пресуда

Глава XX

ПОДГОТОВКИ ЗА ГЛАВНИОТ ПРЕТРЕС

Член 271

(1) Претседателот на советот со наредба го определува денот, часот и местото на главниот претрес.

(2) Претседателот на советот ќе го определи главниот претрес најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на обвинителниот акт во судот, а ако е ставено барање од член 269 на овој закон - штом со оглед на одлуката на советот , ќе може да се определи главниот претрес Ако во овој рок не го определи главниот претрес претседателот на советот ќе го извести претседателот на судот за причините поради кои главниот претрес не е определен. Претседателот на судот по потреба ќе преземе мерки главниот претрес да се определи.

(3) Ако претседателот на советот утврди дека во списите се наоѓаат записници или известувања од член 79 на овој закон, ќе донесе решение за нивно издвојување, пред определувањето на главниот претрес, а по правосилноста на решението ќе ги издвои во посебна обвивка и ќе му ги предаде на истражниот судија заради чување одвоено од другите списи.

Член 272

(1) Главниот претрес се држи во седиштето на судот и во судската зграда.

(2) Ако во одделни случаи просториите на судската зграда не се погодни за одржување на главниот претрес, претседателот на судот може да определи претресот да се држи во друга зграда.

(3) Главниот претрес може да се држи и во друго место на подрачјето на надлежниот суд, ако тоа на образложен предлог од претседателот на судот го дозволи претседателот на повисокиот суд.

Член 273

(1) На главниот претрес ќе се повикаат обвинетиот и неговиот бранител, тужителот и оштетениот и нивните законски застапници и полномошници, како и толкувач На главниот претрес ќе се повикаат и сведоците и вештаците кои се предложени од тужителот во обвинителниот акт и обвинетиот во приговорот против обвинителниот акт, освен оние за кои претседателот на советот смета дека нивното сослушување на главниот претрес не е потребно Тужителот и обвинетиот можат на главниот претрес да ги повторат предлозите што претседателот на советот не ги усвоил.

(2) Во поглед на содржината на поканите за обвинетиот и за сведоци ќе се применат одредбите на членовите 176 и 222 од овој закон. Кога одбраната не е задолжителна обвинетиот во поканата ќе се поучи дека има право да земе бранител, но дека главниот претрес не ќе мора да се одложи поради тоа што бранителот не дошол на главниот претрес или што обвинетиот зел бранител дури на главниот претрес.

(3) Поканата до обвинетиот мора да се достави така што меѓу доставувањето на поканата и денот на главниот претрес да остане доволно време за подготвување на одбраната, а најмалку осум дена. На барање од обвинетиот или на барање од тужителот, а по согласност на обвинетиот, овој рок може да се скрати

(4) Оштетениот што не се повикува како сведок судот ќе го извести во поканата дека главниот претрес ќе се одржи и без него, а дека ќе се прочита неговата изјава за имотно-правното барање Оштетениот ќе се предупреди и на тоа дека, ако не дојде, ќе се смета дека не сака да го продолжи гонењето ако јавниот обвинител се откаже од обвинението

(5) Оштетениот како тужител и приватниот тужител ќе се предупредат во поканата дека ќе се смета оти се откажале од обвинението ако не дојдат на главниот претрес, ниту испратат полномошник.

(6) Обвинетиот, сведокот и вештакот ќе се предупредат во поканата за последиците од недоаѓањето на главниот претрес (членовите 292 и 295).

Член 274

(1) Странките и оштетениот можат и по закажувањето на главниот претрес да бараат на главниот претрес да се повикаат нови сведоци или вештаци или да се прибават други нови докази. Во своето образложено барање странките мораат да означат кои факти би требало да се докажат и со кои од предложените докази.

(2) Ако претседателот на советот го одбие предлогот за прибавување на нови докази, тој предлог може да се повтори во текот на главниот претрес.

(3) Претседателот на советот може и без предлог од странките да нареди прибавување на нови докази за главниот претрес.

(4) За одлуката со која се наредува прибавување на нови докази ќе се известат странките пред почетокот на главниот претрес

Член 275

Ако изгледа дека главниот претрес ќе трае подолго, претседателот на советот може да побара од претседателот на судот да определи еден или двајца судии, односно судии - поротници да присуствуваат на главниот претрес, за да ги заменат членовите на советот во случај на нивна спреченост.

Член 276

(1) Ако се узнае дека некој сведок или вештак кој е повикан на главниот претрес, а се уште не е сослушан, не ќе може да дојде на главниот претрес поради долготрајна болест или поради други пречки, може да се сослуша во местото каде што се наоѓа.

(2) Сведокот, односно вештакот ќе го сослуша, а по потреба и ќе го заколне, претседателот на советот или судијата - член на советот, или неговото сослушување ќе се изврши преку истражниот судија на судот на чие подрачје се наоѓа сведокот, односно вештакот.

(3) За времето и за местото на сослушувањето ќе се известат странките, бранителот и оштетениот ако тоа е можно со оглед на итноста на постапката. Ако обвинетиот е во притвор, за потребата од негово присуство на сослушувањето одлучува претседателот на советот. Кога странките и оштетениот присуствуваат на сослушувањето ги имаат правата од член 161 став 7 на овој закон.

Член 277

Претседателот на советот може со наредба од важни причини, на предлог на странките или по службена должност да го одложи денот на главниот претрес.

Член 278

Ако тужителот се откаже од обвинителниот акт пред да започне главниот претрес, претседателот на советот ќе ја запре со решение кривичната постапка и ќе им го достави решението на странките и на оштетениот, а за тоа ќе ги извести лица што се повикани на главниот претрес, ако е закажан. Оштетениот

посебно ќе го предупреди за неговото право дека може да го продолжи гонењето (членови 56 и 58).

## Глава XXI

## ГЛАВЕН ПРЕТРЕС

### 1. Јавност на главниот претрес

Член 279

(1) Главниот претрес е јавен.

(2) На главниот претрес можат да присуствуваат полнолетни лица.

(3) Лицата кои присуствуваат на главниот претрес не смеат да носат оружје или опасно орудие, освен чуварот на обвинетиот, кој може да биде вооружен.

Член 280

Од отворањето на заседанието па до завршувањето на главниот претрес советот може во секое време по службена должност или по предлог на странките, но секогаш по нивното сослушување, да ја исклучи јавноста од целиот главен претрес или еден негов дел, ако тоа е потребно заради чување на тајната, чување на јавниот ред, заштита на моралот, заштита на личниот и интимниот живот на оптужениот, сведокот или оштетениот и заштита на интересите на малолетникот.

Член 281

(1) Исклучувањето на јавноста не се однесува на странките на оштетениот, на нивните застапници и на бранителот.

(2) Советот може да дозволи на главниот претрес на кој е исклучена јавноста, да присуствуваат одделни службени лица, научни и јавни работници, а по барање од обвинетиот тоа може да им го дозволи и на неговиот брачен, односно вонбрачен другар и на неговите блиски роднини од член 351 став 2 на овој закон.

(3) Претседателот на советот ќе ги предупреди лицата кои присуствуваат на главниот претрес на кој е исклучена јавноста дека се должни да го чуваат како тајна сѐ она за што узнале на претресот и ќе им укаже дека одавањето на тајната претставува кривично дело.

Член 282

(1) Одлука за исклучување на јавноста донесува советот со решение кое мора да биде образложено и јавно објавено.

(2) Решението за исклучување на јавноста може да се побива само во жалбата на пресудата.

### 2. Раководење со главниот претрес

Член 283

(1) Претседателот, членовите на советот и записничарот како и дополнителните судии и судиите - поротници (член 275) мораат непрекинато да бидат на главниот претрес.

(2) Должност на претседателот на советот е да утврди дали советот е составен според законот и дали постојат причини поради кои членовите на советот и записничарот мораат да се изземат (член 36 точка 1 до 5).

Член 284

(1) Претседателот на советот раководи со главниот претрес, го испитува оптужениот, ги сослушува сведоците и вештаците и им дава збор на членовите на советот, на странките, на оштетениот, на законските застапници, на полномошниците, на бранителот и на вештаците.

(2) Должност на претседателот на советот е да се грижи за сестрано претресување на предметот, за пронаоѓање на вистината и за отстранување на се она што ја одолжува постапката а не служи за разјаснување на работите.

(3) Претседателот на советот одлучува за предлозите на странките ако за нив не одлучува советот.

(4) За предлогот за кој не постои согласност од странките и за согласните предлози на странките што не ќе ги усвои претседателот, одлучува советот. Советот, исто така одлучува за приговорот против мерките на претседателот на советот што се однесуваат на раководењето со главниот претрес.

(5) Решенијата на советот секогаш се објавуваат и со кратко образложение се внесуваат во записникот за главниот претрес.

Член 285

Главниот претрес тече по редот што е определен во овој закон, но советот може да определи да се отстапи од редовниот тек на расправањето поради посебни околности а особено поради бројот на обвинетите бројот на кривичните дела и обемот на доказниот материјал.

Член 286

(1) Должност на претседателот на советот е да се грижи за одржувањето на редот во судницата и за достоинството на судот. Тој може веднаш по отворањето на заседанието да ги предупреди лицата кои присуствуваат на главниот претрес да се однесуваат пристојно и да не ја нарушуваат работата на судот. Претседателот на советот може да определи претресување на лицата кои присуствуваат на главниот претрес.

(2) Советот може да нареди од заседанието да се отстранат сите лица кои како слушатели присуствуваат на главниот претрес, а ако со мерките за одржување на редот што се предвидени со овој закон не би можело да се обезбеди непречено одржување на главниот претрес.

(3) Во судницата не можат да се вршат филмски и телевизиски снимања. По исклучок, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија може да одобри такво снимање на одделен главен претрес. Ако снимањето е одобрено, советот на главниот претрес може од оправдани причини да одлучи одделни делови на главниот претрес да не се снимаат.

Член 287

(1) Ако обвинетиот, бранителот, оштетениот, законскиот застапник, полномошникот, сведокот, вештакот, толкувачот или друго лице кое присуствува на главниот претрес го нарушува редот или не се покорува на наредбите од претседателот на советот за одржување на редот, претседателот на советот ќе го опомене. Ако опомената биде безуспешна, советот може да нареди обвинетиот да се отстрани од судницата, а другите лица може не само да ги отстрани туку и да ги казни со паричната казна одредена во член 74 став 1 на овој закон.

(2) По одлука на советот обвинетиот може да биде отстранет од судницата за определено време, а ако е

веќе испитан на главниот претрес, тогаш и за сето време додека трае доказната постапка. Пред да се заврши доказната постапка претседателот на советот ќе го повика оптужениот и ќе го извести за текот на главниот претрес. Ако обвинетиот продолжи да го нарушува редот и да го навредува достоинството на судот, советот може повторно да го отстрани од заседанието. Во тој случај главниот претрес ќе се доврши без присуство на обвинетиот, а пресудата ќе му ја соопшти претседателот или судија - член на советот во присуство на записничарот.

(3) На бранителот или полномошникот, кој по казната ќе продолжи да го нарушува редот, советот може да му ускрати натамошна одбрана, односно застапување на главниот претрес и во тој случај странката ќе се повика да земе друг бранител, односно полномошник. Ако е невозможно обвинетиот или оштетениот тоа да го сторат веднаш без штета за своите интереси или ако во случај на задолжителна одбрана не може веднаш да се постави нов бранител или полномошник, главниот претрес ќе се прекине или одложи, а на бранителот односно полномошникот ќе му се нареди да ги плати трошоците што настанале од прекинот или одложувањето.

(4) Ако судот го отстрани од судницата оштетениот како тужител или приватниот тужител или нивниот законски застапник, главниот претрес ќе продолжи и во нивна отсутност, но судот ќе ги предупреди дека можат да земат полномошник.

(5) Ако јавниот обвинител или лицето кое го заменува го нарушува редот, претседателот на советот ќе го извести за тоа надлежниот јавен обвинител, а може и да го прекине главниот претрес и од надлежниот јавен обвинител да побара да определи друго лице да го застапува обвинителниот акт.

(6) Кога судот ќе казни адвокат кој го нарушува редот, ќе ја извести за тоа Адвокатската комора.

Член 288

(1) Против решението за казната е дозволена жалба, но советот може да го отповика ова решение.

(2) Против други одлуки што се однесуваат на одржувањето на редот и управувањето со главниот претрес не е дозволена посебна жалба.

Член 289

(1) Ако обвинетиот на главниот претрес стори кривично дело ќе се постапи според одредбите на член 330 од овој закон.

(2) Ако некој друг во текот на главниот претрес стори во заседанието кривично дело, советот може да го прекине главниот претрес и, по усно обвинение на тужителот, да суди за стореното кривично дело веднаш, а може за тоа дело да суди по завршувањето на започнатиот главен претрес.

(3) Ако постојат основи за сомневање дека сведокот или вештакот дал лажен исказ на главниот претрес за тоа кривично дело не може веднаш да се суди. Во таков случај претседателот на советот може да нареди за исказот на сведокот односно на вештакот да се состави посебен записник, што ќе го достави до јавниот обвинител. Овој записник ќе го потпише сослушаниот сведок, односно вештак.

(4) Ако не е можно веднаш да му се суди на сторителот на кривичното дело за кое се гони по службена должност, за тоа ќе се извести надлежниот јавен обвинител заради натамошна постапка.

3. Претпоставки за одржување на главниот претрес

Член 290

Претседателот на советот го отвора заседанието и го објавува предметот на главниот претрес и составот на советот. Потоа, утврдува дали дошле сите повикани лица, па ако не дошле, проверува дали им се предадени покани и дали го оправдале својот изостанок.

Член 291

(1) Ако на главниот претрес, што е закажан врз основа на обвинителен акт од јавниот обвинител, не дојде јавниот обвинител или лицето кое го заменува, главниот претрес ќе се одложи.

(2) Ако на главниот претрес не дојде оштетениот како тужител или приватниот тужител, иако се уредно повикани, ниту нивниот полномошник, советот ќе ја запре постапката со решение.

Член 292

(1) Ако обвинетиот е уредно повикан а не дојде на главниот претрес ниту го оправда својот изостанок, советот ќе нареди да се доведе присилно. Ако доведувањето не би можело веднаш да се изврши, советот ќе одлучи главниот претрес да не се одржи и ќе нареди обвинетиот да се доведе присилно на идниот претрес. Ако до приведувањето обвинетиот го оправда изостанокот, претседателот на советот ќе ја отповика наредбата за присилно доведување.

(2) Ако обвинетиот кој уредно е повикан очигледно избегнува да дојде на главниот претрес, а не постојат причини за притвор предвидени во член 184 од овој закон, советот може да определи притвор за обезбедување присуство на обвинетиот на главниот претрес. Жалбата не го задржува извршувањето на решението за притвор. За притворот што е определен од оваа причина согласно се применуваат одредбите од член 183 до 197 на овој закон. Ако не биде порано укинат, притворот трае до објавувањето на пресудата, а најдолго еден месец.

(3) На обвинетиот може да му се суди во отсуство само ако е во бегство или инаку не им е достапен на државните органи, а постојат особено важни причини да му се суди иако е отсутен.

(4) Решение за судење во отсуство на обвинетиот донесува советот по предлог од тужителот. Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

Член 293

Ако на главниот претрес не дојде бранителот кој е уредно повикан или ако бранителот без одобрение го напушти главниот претрес, а не постои можност веднаш да се земе друг бранител без штета за одбраната, главниот претрес ќе се одложи. Во таков случај советот со решение ќе одлучи бранителот да ги поднесе трошоците што настанале поради одложувањето ако тоа може да се припише на негова вина.

Член 294

Ако според одредбите на членовите 287, 292 и 293 од овој закон постојат услови за одлагање на главниот претрес поради недоаѓање на обвинетиот односно поради отсуство на бранителот, советот може да одлучи главниот претрес да се одржи ако според доказите што се наоѓаат во списите очигледно би

морала да се донесе пресуда со која се одбива обвинението.

Член 295

(1) Ако сведок или вештак неоправдано изостане и покрај уредна покана, советот може да нареди веднаш да се доведе присилно.

(2) Главниот претрес може да почне и без присуство на повикан сведок или вештак и во тој случај советот ќе одлучи во текот на главниот претрес дали поради отсуство на сведокот или вештакот главниот претрес треба да се прекине или одложи.

(3) Сведокот или вештакот кој е уредно повикан, а изостанокот не го оправдал, советот може да го казни со паричната казна определена во член 74 став 1 на овој закон а може да нареди на новиот главен претрес да се доведе присилно. Советот може во оправдан случај да ја отповика одлуката за казната.

4. Одлагање и прекинување на главниот претрес

Член 296

(1) Надвор од случаите посебно предвидени во овој закон, главниот претрес ќе се одложи со решение на советот ако треба да се прибават нови докази, или ако во текот на главниот претрес се утврди дека кај обвинетиот по стореното кривично дело настапило привремено душевно заболување или привремена душевна растроеност или ако постојат други пречки главниот претрес да се спроведе успешно.

(2) Во решението со кое се одлага главниот претрес ќе се определи, кога е тоа можно, денот и часот кога ќе се продолжи главниот претрес. Со истото решение советот може да определи да се соберат докази што би можеле со време да се загубат.

(3) Против решението од став 2 на овој член не е дозволена посебна жалба.

Член 297

(1) Главниот претрес што е одложен мора одновно да почне ако се изменил составот на советот, но по сослушувањето на странките советот може да одлучи во ваков случај сведоците и вештаците да не се сослушуваат повторно и да не се врши нов увид, туку да се прочитаат исказите на сведоците и вештаците, дадени на поранешниот главен претрес односно да се прочита записникот за увидот.

(2) Ако главниот претрес што бил одложен се одржува пред истиот совет, тој ќе продолжи, а претседателот на советот накратко ќе го изнесе текот на поранешниот главен претрес, но и во овој случај советот може да определи главниот претрес да почне одново.

(3) Ако одлагањето траело подолго од еден месец или ако главниот претрес се одржува пред друг претседател на советот, главниот претрес мора одновно да почне и сите докази да се изведат повторно.

Член 298

(1) Надвор од случаите посебно предвидени во овој закон, претседателот на советот може да го прекине главниот претрес заради одмор, или поради истекот на работното време, или заради тоа во кратко време да се прибават определени докази, или заради подготвување на обвинението или на одбраната.

(2) Прекинатиот главен претрес секогаш продолжува пред истиот совет.

(3) Ако главниот претрес не може да продолжи пред истиот совет или ако прекинот на главниот претрес траел подолго од осум дена, ќе се постапи според одредбите на член 297 од овој закон.

Член 299

Ако во текот на главниот претрес пред совет составен од еден судија и двајца судии - поротници се покаже дека фактите врз кои се заснова обвинението укажуваат на кривично дело за чие судење е надлежен совет составен од двајца судии и тројца судии - поротници, советот ќе се дополни и главниот претрес ќе започне одново.

5. Записник за главниот претрес

Член 300

(1) За работата на главниот претрес се води записник во кој мора да се внесе суштествено целиот тек на главниот претрес.

(2) Претседателот на советот може да нареди целиот тек на главниот претрес или одделни негови делови да се бележат стенографски. Стенографските белешки во рок од 48 часа ќе се преведат, прегледаат и приклучат кон записникот.

(3) За магнетофонското снимање на текот на главниот претрес согласно се применуваат одредбите на член 80 од овој закон. Одобрение за магнетофонско снимање дава претседателот на советот.

(4) Претседателот на советот може по предлог од странката или по службена должност, да нареди да се запишат во записникот дословно изјавите што ги смета како особено важни.

(5) Ако е потребно, а особено ако во записникот дословно се внесуваат изјавите на некое лице, претседателот на советот може да нареди односниот дел од записникот веднаш да се прочита, а ќе се прочита секогаш кога тоа го бара странката, бранителот или лицето чија изјава се внесува во записникот.

Член 301

(1) Записникот мора да биде завршен со заклучувањето на заседанието. Записникот го потпишуваат претседателот на советот и записничарот.

(2) Странките имаат право да го прегледаат завршениот записник и неговите прилози, да стават забелешки во поглед на содржината и да бараат исправка на записникот.

(3) Исправки на погрешно запишани имиња, броеви и на други очигледни грешки во пишувањето може да нареди претседателот на советот по предлог од странките или од испитаното лице или по службена должност. Други исправки и дополненија на записникот може да нареди само советот.

(4) Забелешките и предлозите на странките во поглед на записникот, како и исправките и дополненијата извршени во записникот, мораат да се забележат во продолжение на завршениот записник. Во продолжение на записникот ќе се забележат и причините поради кои одделни предлози и забелешки не се усвоени. Претседателот на советот и записничарот го потпишуваат и продолжението на записникот.

Член 302

(1) Во уводот на записникот мора да се назначи судот пред кој се одржува главниот претрес, местото и времето на заседанието, името и презимето на прет-

седателот на советот, на членовите на советот и на записничарот, на тужителот, обвинетиот, бранителот, на оштетениот и на неговиот законски застапник или полномошник, на толкувачот, кривичното дело што е предмет на претресувањето, како и дали главниот претрес е јавен или е исклучена јавноста.

(2) Записникот мора особено да содржи податоци за тоа кој обвинителен акт е прочитан односно усно изложен на главниот претрес и дали тужителот го изменил и проширил обвинението, какви предлози поднеле странките и какви одлуки донесувал претседателот на советот или советот, кои докази се изведени, дали се прочитани некакви записници и други писмена, дали се репродуцирани звучни или други снимки и какви забелешки ставиле странките во поглед на прочитаните записници, писмена или репродуцирани снимки. Ако на главниот претрес е исклучена јавноста во записникот мора да се назначи дека претседателот на советот ги предупредил присутните за последиците ако неовластено го откријат она што на тој главен претрес го узнале како тајна.

(3) Исказите на обвинетиот, на сведоците и вештаците се внесуваат во записникот така што да се прикаже нивната суштествена содржина. Овие искази се внесуваат во записникот само доколку содржат отстапување или дополнување на нивните поранешни искази. По барање од странката, претседателот на советот ќе нареди да се прочита делумно или во целост записникот за нејзиниот поранешен исказ.

(4) По барање од странката во записникот ќе се внесе и прашањето односно одговорот што советот го одбил како недозволен.

Член 303

(1) Во записникот на главниот претрес се внесува целосната изрека на пресудата (член 348 став 3 до 5) со назначување дали пресудата е објавена јавно. Изреката на пресудата содржана во записникот за главниот претрес претставува изворник.

(2) Ако е донесено решение за притвор (член 345), мора и тоа да се внесе во записникот за главниот претрес.

6. Почеток на главниот претрес и испитување на обвинетиот

Член 304

Кога претседателот на советот утврдил дека на главниот претрес дошле сите повикани лица, или кога советот одлучил главниот претрес да се одржи во отсуство на некое од повиканите лица, или оставил за тие прашања да реши подоцна, претседателот на советот ќе го повика обвинетиот и од него ќе ги земе личните податоци (член 210) за да се увери за неговиот идентитет.

Член 305

(1) Откако ќе биде утврден идентитетот на обвинетиот, претседателот на советот ќе ги упати сведоците и вештаците на местото што е определено за нив, каде што ќе почекаат додека да бидат повикани заради сослушување. Во случај на потреба претседателот на советот може да ги задржи вештаците да го следат текот на главниот претрес.

(2) Ако е оштетениот присутен, а сè уште не го пријавил имотно-правното барање, претседателот на советот ќе го упати дека може да даде предлог за остварување на тоа барање во кривичната постапка и ќе го поучи за правата од член 55 на овој закон.

(3) Ако оштетениот како тужител или приватниот тужител треба да се сослушаат како сведоци нема да се отстранат од заседанието.

(4) Претседателот на советот може да преземе потребни мерки да се спречи договарање меѓу сведоците, вештаците и странките.

Член 306

Претседателот на советот ќе му обрне внимание на обвинетиот внимателно да го следи текот на главниот претрес и ќе го упати дека може да изнесува факти и да предлага докази во своја одбрана, дека може да им поставува прашања на сообвинетите, сведоците и вештаците, да стави забелешки и да дава објаснениja во поглед на нивните искази.

Член 307

(1) Главниот претрес почнува со читање на обвинителниот акт или на приватната тужба.

(2) Обвинителниот акт и приватната тужба ја чита по правило, тужителот, но претседателот на советот може наместо тоа, ако станува збор за обвинителен акт на оштетениот како тужител или на приватна тужба, усно да ја изложи нивната содржина. На тужителот ќе му се дозволи да го дополни излагањето на претседателот на советот.

(3) Ако е оштетениот присутен, може да го образложи имотно-правното барање, а ако не е присутен, неговиот предлог ќе го прочита претседателот на советот.

Член 308

(1) Откако е прочитан обвинителниот акт или приватната тужба или е усно изложена нивната содржина, претседателот на советот пристапува кон испитување на оптужениот.

(2) При испитувањето на оптужениот не можат да присуствуваат сооптужените кои сè уште се неиспитани.

(3) Претседателот на советот ќе го праша обвинетиот дали го разбрал обвинението. Ако претседателот на советот се увери дека оптужениот не го разбрал обвинението, повторно ќе му ја изложи неговата содржина на начин да може обвинетиот најлесно да ја разбере.

(4) Потоа претседателот на советот ќе го поучи обвинетиот за правото на молчење или да ја изнесе својата одбрана.

Член 309

(1) При испитувањето на обвинетиот на главниот претрес согласно ќе се применуваат одредбите што важат за испитување на обвинет во истрага.

(2) Ако обвинетиот не сака воопшто да одговара на одделно прашање, може да се прочита неговиот поранешен исказ или дел од тој исказ.

(3) Кога обвинетиот при испитувањето на главниот претрес ќе отстапи од својот поранешен исказ претседателот на советот ќе му укаже на отстапувањето и ќе го праша зашто сега искажува поинаку, а по потреба ќе го прочита неговиот поранешен исказ или дел од тој исказ.

(4) По завршеното испитување, претседателот е должен да го праша обвинетиот дали има уште нешто да наведе во својата одбрана.

Член 310

(1) Кога претседателот на советот ќе го заврши испитувањето на обвинетиот, членовите на советот можат да му поставуваат прашања на обвинетиот непосредно. Тужителот, бранителот, оштетениот, законскиот застапник, полномошникот, сообвинетиот и вештаците можат непосредно да му поставуваат прашања на обвинетиот по одобрение на претседателот на советот.

(2) Претседателот на советот ќе забрани прашања или одговор на веќе поставено прашање ако е тоа недозволено (член 211) или не се однесува на предметот. Ако претседателот на советот забрани поставување на определено прашање или давање на одговор, странките можат да бараат за тоа да одлучи советот.

Член 311

(1) Кога ќе се заврши испитувањето на првиот обвинет, ќе се пристапи по ред кон испитувањето на другите обвинети, ако ги има. По секое испитување претседателот на советот ќе го запознае испитаниот со исказите на порано испитаните сообвинети и ќе ги праша дали има нешто да забележи. Порано испитаниот обвинет претседателот на советот ќе го праша дали има нешто да забележи на исказот на подоцна испитаниот обвинет. Секој обвинет има право да им поставува прашање на другите испитани сообвинети.

(2) Ако исказите на одделни сообвинети за иста околност се разликуваат, претседателот на советот може да ги соочи сообвинетите.

Член 312

Советот може по исклучок да одлучи обвинетиот привремено да се отстрани од судницата, ако сообвинетиот или сведокот одбива да дава исказ во негово присуство или ако околностите укажуваат дека во негово присуство нема да ја зборува вистината. По враќањето на обвинетиот во заседанието ќе му се прочита исказот на сообвинетиот, односно на сведокот. Обвинетиот има право да му поставува прашања на сообвинетиот односно на сведокот, а претседателот на советот ќе го праша дали има нешто да забележи на нивниот исказ По потреба може да се изврши соочување.

Член 313

Обвинетиот во текот на главниот претрес може да се договара со својот бранител, но за тоа како ќе одговори на поставеното прашање не може да се советува ниту со својот бранител, ниту со некој друг.

7. Доказна постапка

Член 314

(1) Откако обвинетиот е испитан постапката продолжува со изведување на докази.

(2) Докажувањето ги опфаќа сите факти за кои судот смета дека се важни за правилното пресудување.

(3) Доказите се изведуваат по оној ред што ќе го утврди претседателот на советот. Ако оштетениот кој е присутен треба да се сослуша како сведок, неговото сослушување ќе се изврши веднаш по испитувањето на обвинетиот.

(4) Не може да се одбие доказ за факт затоа што е напишан на јазик на националноста на странките или други учесници во постапката државјани на Република Македонија.

(5) Странките и оштетениот можат до завршувањето на главниот претрес да предлагаат да се изведат нови факти и да се прибават нови докази а можат да ги повторат и оние предлози што порано ги одбил претседателот на советот или советот.

(6) Советот може да одлучи да се изведат докази што не се предложени или од кои предлагачот се откажал.

(7) Предлогот да се прибават нови докази може да се одбие, ако:

1) се однесува на со закон забранет начин на прибавување на докази, на доказ чија што употреба не е според законот дозволена или на фактот кој според законот не може да се докаже (недозволен предлог);

2) фактот што според предлогот би требало да се утврди веќе е утврден или не е значаен за одлучување, односно не постои поврзаност меѓу фактите што треба да се утврдат и решавачките факти, или таа поврзаност поради правни причини не може да се установи (неважен предлог);

3) постојат причини за сомневање дека со предложениот доказ некој значаен факт воопшто не би можел да се утврди или тоа би можело да се стори со големи тешкотии, односно доколку тој доказ во поранешниот тек на постапката не можел да се прибави и веројатно е дека не може да се прибави ниту во примарниот рок (несоодветен предлог) и

4) е нејасен, нецелосен или според досегашната состојба на дејствијата во постапката што предлагачот ги превзел, очигледно е дека предлогот е насочен на значително одолжување на постапката.

(8) Решението со кое се одбива предлогот за изведување нови докази, мора да биде образложено. Советот може да ги измени или отповика во подоцнежниот тек на постапката.

Член 315

Признанието на обвинетиот на главниот претрес колку и да е целосно, не го ослободува судот од должноста да изведува и други докази.

Член 316

(1) При сослушувањето на сведоците и вештаците на главниот претрес согласно ќе се применуваат одредбите што важат за нивното сослушување во истрагата.

(2) Сведокот кој не е сослушан, по правило, нема да присуствува при изведувањето на доказите а вештакот кој се уште не дал наод и мислење нема да присуствува на главниот претрес додека другиот вештак го дава својот исказ за истиот предмет.

(3) Ако како сведок, се сослушува лице помладо од 14 години, советот може да одлучи за време на неговото сослушување да се исклучи јавноста.

(4) Ако малолетно лице присуствува на главниот претрес како сведок или како оштетен, ќе се отстрани од судницата штом неговото присуство повеќе не е потребно.

Член 317

(1) Пред сослушувањето на сведокот, претседателот на советот ќе го опомене на должноста да му изнесе на судот сѐ што му е познато за предметот и ќе предупреди дека лажното сведочење претставува кривично дело.

(2) Советот може да одлучи сведокот, кој не се заколнал во истрага, да положи заклетва на својот исказ.

(3) Заклетвата се полага усно.

(4) Текстот на заклетвата гласи: "Се заколнувам со својата чест дека за сé што ме прашал судот сум зборувал вистина и дека ништо што сум знаел за оваа работа не сум премолчил".

(5) Советот може да одлучи сведокот да положи заклетва пред да биде сослушан.

(6) Неми сведоци што знаат да читаат и пишуваат се заколнуваат на тој начин што го потпишуваат текстот на заклетвата, глуви сведоци ќе го прочитаат текстот на заклетвата. Ако глуви или неми сведоци не знаат да читаат ни да пишуваат, ќе се заколнат преку толкувач.

(7) Ако сведокот положил заклетва во истрагата, ќе се опомене на веќе положената заклетва.

Член 318

(1) Пред сослушувањето на вештакот претседателот на советот ќе го опомене на должноста наодот и мислењето да ги даде според најдоброто знаење и ќе го предупреди дека давањето на лажен наод и мислење претставува кривично дело.

(2) Советот може да одлучи вештакот да положи заклетва пред вештачењето.

(3) Заклетвата се полага усно.

(4) Текстот на заклетвата гласи: "Се заколнувам со својата чест дека вештачењето ќе го извршам совесно и според своето најдобро знаење и дека точно и наполно ќе го изнесам својот наод и мислење".

(5) Постојано поставениот заколнат вештак наместо заклетва ќе се опомене на веќе положената заклетва.

(6) Вештакот го излага усно на главниот претрес својот наод и мислење. Ако вештакот пред главниот претрес го подготвил писмено својот наод и мислење, може да му се дозволи да го прочита, во кој случај неговиот писмен состав ќе се приложи кон записникот.

(7) Ако вештачењето е завршено во стручна установа односно во државен орган, може да се одлучи да не се повикуваат стручњаците на кои таа установа односно орган им го доверил вештачењето ако со оглед на природата на извршеното вештачење, не може да се очекува поцелосно објаснение на писмениот наод и мислење. Во тој случај советот може на главниот претрес да одлучи само да се прочита наодот и мислењето на стручната установа односно на државниот орган. Ако најде дека е тоа потребно со оглед на другите изведени докази и забелешки на странките (член 327) советот може дополнително да одлучи и непосредно да се сослушаат стручњаците кои го извршиле вештачењето.

Член 319

(1) Кога претседателот на советот ќе го заврши сослушувањето на одделен сведок или вештак, членовите на советот можат да му поставуваат прашања на сведокот односно вештакот непосредно. Тужителот, оптужениот, бранителот, оштетениот, законскиот застапник, полномошникот и вештаците можат по одобрение од претседателот на советот непосредно да им поставуваат прашања на сведоците и вештаците.

(2) Претседателот ќе забрани прашање или ќе одбие одговор на веќе поставено прашање ако е тоа недозволено (член 211) или не се однесува на предметот. Ако претседателот на советот забрани поставување на определено прашање или давање на одговор, странките можат да бараат за тоа да одлучи советот.

Член 320

Ако сведокот или вештакот при поранешното сослушување навел факти за кои повеќе не се сеќава или ако отстапи од својот исказ, ќе му се предочи поранешниот исказ односно ќе му се укаже на отстапувањето и ќе се праша зошто сега искажува поинаку, а по потреба ќе се прочита неговиот поранешен исказ или дел од тој исказ.

Член 321

(1) Сослушаните сведоци и вештаци остануваат во судницата ако претседателот на советот по сослушувањето на странките не ги отпушти сосема или ако не нареди привремено да се отстранат од судницата.

(2) По предлог од странките или по службена должност, претседателот може да нареди сослушаните сведоци и вештаци да се отстранат од судницата и подоцна повторно да се повикаат и уште еднаш да се сослушаат во присуство или во отсуство на други сведоци и вештаци.

Член 322

(1) Ако на главниот претрес се узнае дека сведокот или вештакот не може да дојде пред суд или доаѓањето му е значително отежнато, советот може, ако смета дека неговиот исказ е важен, да нареди да го сослуша надвор од главниот претрес претседателот на советот или судија член на советот, или сослушувањето да се изврши преку истражниот судија на судот на чие подрачје се наоѓа сведокот односно вештакот.

(2) Ако е потребно да се изврши увид или реконструкција надвор од главниот претрес, ќе ги изврши претседателот на советот или судија член на советот.

(3) Странките и оштетениот ќе се известат секогаш кога и на кое место ќе се сослуша сведокот односно ќе се изврши увидот или реконструкцијата со предупредување дека можат да присуствуваат на тие дејствија. Ако обвинетиот е во притвор, за потребата од неговото присуство на тие дејствија одлучува советот. Кога странките и оштетениот присуствуваат на изведувањето на тие дејствија ги имаат правата предвидени во член 161 став 8 од овој закон.

Член 323

Советот може во текот на главниот претрес, по сослушувањето на странките да одлучи да побара од истражниот судија да преземе определени дејствија заради разјаснување на извесни факти, ако преземањето на тие дејствија на главниот претрес би било сврзано со значително одолжување на постапката или со други значителни тешкотии. Кога истражниот судија постапува по вакво барање на советот, се применуваат одредбите што се однесуваат на преземањето на истражни дејствија.

Член 324

(1) Записниците за увидот надвор од главниот претрес, за претресување на дом или на лице и за одземањето на предмети, како и исправите, книгите,

списите и други писмена што служат како доказ, ќе се прочитаат на главниот претрес заради утврдување на нивната содржина, а по оцена на советот нивната содржина може накратко да се изнесе усно. Писмената што имаат значење на доказ по можност се поднесуваат во оригинал.

(2) Предметите што можат да служат за разјаснување на работите, можат во текот на главниот претрес да му се покажат на обвинетиот, а по потреба и на сведоците и на вештаците.

Член 325

(1) Доколку докажувањето на еден факт се заснова врз забележување на некое лице, истото треба лично да се сослуша на главниот претрес. Сослушувањето не може да се замени со читање на записник од негов претходно даден исказ, ниту со писмена изјава.

(2) Надвор од случаите што се посебно предвидени во овој закон, записниците за исказите на сведоците, на сообвинетите или на веќе осудените учесници во кривичното дело, како и записниците или други писмена за наодот и мислењето на вештаците можат да се прочитаат по одлука на советот само во овие случаи ако:

1) испитаните лица умреле, душевно се разболеле или не можат да се пронајдат, или нивното доаѓање пред суд не е можно или е значително отежнато поради старост, болест или други важни причини и

2) сведоците или вештаците без законски причини не сакаат да дадат исказ на главниот претрес.

(3) Советот може, со согласност на странките, да одлучи записникот за поранешното сослушување на сведокот или на вештакот, односно неговиот писмен наод и мислење да се прочита иако сведокот, односно вештакот не е присутен, без оглед на тоа дали бил повикан на главниот претрес. По исклучок, без согласност на странките, но по нивното сослушување, советот може да одлучи да се прочита записникот за сослушувањето на сведокот или на вештакот на поранешниот главен претрес што е одржан пред истиот претседател на советот иако поминал рокот од член 297 став 3 на овој закон, или да се прочита писмениот наод и мислењето на стручната установа или на државниот орган кога повиканиот стручњак од таа установа, односно орган што го извршил вештачењето не дошол на главниот претрес, ако, со оглед на другите изведени докази, оцени дека е потребно да се запознат со содржината на записникот или со писмениот наод и мислење. Кога записникот, односно писмениот наод и мислење ќе бидат прочитани и сослушани забелешките на странките (член 327), советот земајќи ги предвид и другите изведени докази, ќе одлучи дали и непосредно ќе го сослуша сведокот или вештакот.

(4) Записниците за поранешното сослушување на лицата кои се ослободени од должноста да сведочат (член 219) не смеат да се прочитаат ако тие лица воопшто не се повикани на главниот претрес или изјавиле на главниот претрес дека не сакаат да сведочат По завршената доказна постапка советот ќе одлучи овие записници да се издвојат од списите и да се чуваат одвоено (член 79) Вака ќе постапи советот и во поглед на другите записници и известувања предвидени во член 79 од овој закон, ако порано не е донесена одлука за нивното издвојување. Против решението за издвојување на записниците и известувањата е дозволена посебна жалба. По правосилноста на решението, издвоените записници и известувања се затвораат во посебна обвивка и му се предаваат на истражниот судија заради чување одвоено од другите списи и не можат да се разгледуваат ниту да се користат во постапката. Издвојувањето на записниците и известувањата мора да се изврши пред да се доставät списите по повод жалбата против пресудата до повисокиот суд.

(5) Причините поради кои се чита записникот ќе се наведат во записникот на главниот претрес, а при читањето ќе се соопшти дали сведокот или вештакот е заколнат.

Член 326

Во случаите од членовите 309, 320 и 329 на овој закон, како и во други случаи кога е тоа потребно, советот може да одлучи на главниот претрес, покрај читањето на записникот, да се репродуцира снимката од испитувањето, односно од сослушувањето (член 80).

Член 327

По довршеното сослушување на секој сведок или вештак и по читањето на секој записник или друго писмено претседателот на советот ќе ги праша странките и оштетениот дали имаат нешто да забележат

Член 328

(1) По завршената доказна постапка претседателот на советот ќе ги праша странките и оштетениот дали имаат и некакви предлози за дополнение на доказната постапка.

(2) Ако никој не стави предлог за дополнение на доказната постапка, или ако предлогот биде одбиен, а советот ќе најде дека состојбата на работата е извидена, претседателот ќе објави дека доказната постапка е завршена

8 Измена и проширување на обвинението

Член 329

(1) Ако тужителот во текот на главниот претрес најде дека изведените докази укажуваат дека се изменила фактичката состојба изнесена во обвинителниот акт, тој може на главниот претрес усно да го измени обвинителниот акт, а може да предложи главниот претрес да се прекине заради подготвување на нов обвинителен акт.

(2) Заради подготвување на одбраната судот може во таков случај да го прекине главниот претрес.

(3) Ако советот дозволи прекинување на главниот претрес заради подготвување на нов обвинителен акт, ќе определи рок во кој тужителот мора да го поднесе обвинителниот акт Еден примерок од новиот обвинителен акт ќе се достави до оптужениот, но приговор против овој обвинителен акт не е дозволен. Ако тужителот не го поднесе обвинителниот акт во оставениот рок, советот ќе го продолжи главниот претрес врз основа на поранешниот обвинителен акт

Член 330

(1) Ако обвинетиот во текот на главниот претрес во заседанието стори кривично дело или ако во текот на главниот претрес се открие некое порано сторено кривично дело на обвинетиот, советот по правило, по

обвинение на овластениот тужител, кое може да биде и усно изнесено, ќе го прошири главниот претрес и на тоа дело. Против тоа обвинение не е дозволен приговор.

(2) За да се подготви одбраната, судот во таков случај може да го прекине главниот претрес, а може по сослушувањето на странките да одлучи за делото од став 1 на овој член да се суди посебно.

9 Завршни зборови на странките

Член 331

(1) По завршената доказна постапка претседателот на советот им дава збор на странките, на оштетениот и на бранителот.

(2) Прво зборува тужителот, потоа оштетениот, бранителот па обвинетиот.

Член 332

Тужителот во својата реч ќе ја изнесе својата оцена на доказите изведени на главниот претрес, потоа ќе ги изложи своите заклучоци за фактите важни за одлуката и ќе го стави и образложи својот предлог за кривичната одговорност на оптужениот, за одредбите на Кривичниот законик, што би требало да се применат како и за олеснувачките и отежнувачките околности што би требало да се земат предвид при одмерувањето на казната. Тужителот не може да стави определен предлог за височината на казната, но може да предложи да се изрече судска опомена или условна осуда.

Член 333

Оштетениот или неговиот полномошник може во својот збор да го образложи имотно-правното барање и да укаже на доказите за кривичната одговорност на обвинетиот.

Член 334

(1) Бранителот или самиот обвинет во својот збор ќе ја изложи одбраната и може да се осврне на наводите од тужителот и оштетениот.

(2) По бранителот, обвинетиот има право самиот да зборува, да се изјасни дали ја усвојува одбраната на бранителот и да ја дополни.

(3) Тужителот и оштетениот имаат право да одговараат на одбраната, а бранителот односно тужениот да се осврне на тие одговори.

(4) Последниот збор секогаш му припаѓа на обвинетиот.

Член 335

(1) Зборот на странките не може да се ограничи на определено време.

(2) Претседателот на советот може по претходна опомена, да го прекине лицето кое во својот збор го навредува јавниот ред и морал или навредува друг или се впушта во повторувања или излагања што очигледно немаат врска со предметот. Во записникот за главниот претрес мора да се наведе дека зборот бил прекинат и зошто бил прекинат.

(3) Кога обвинението го застапуваат повеќе лица или одбраната повеќе бранители, излагањата не можат да се повторуваат. Застапниците на обвинението односно на одбраната по меѓусебна спогодба ќе ги одберат прашањата за кои ќе зборуваат.

(4) По сите завршни зборови претседателот на советот е должен да праша дали уште некој сака да изјави нешто.

Член 336

(1) Ако советот по завршните излагања на странките не најде дека треба да се изведат уште некои докази, претседателот на советот ќе објави дека главниот претрес е завршен.

(2) Потоа советот ќе се повлече на советување и гласање заради донесување пресуда.

## Глава XXII

## ПРЕСУДА

### 1. Изрекување на пресудата

Член 337

(1) Ако судот во текот на советувањето не најде дека треба повторно да се отвори главен претрес заради дополнение на постапката или разјаснување на одделни прашања, ќе изрече пресуда.

(2) Пресудата се изрекува и јавно објавува во името на граѓаните на Република Македонија.

Член 338

(1) Пресудата може да се однесува само на лицето кое е оптужено и само на делото што е предмет на обвинението содржано во поднесениот, односно на главниот претрес изменетиот или проширениот обвинителен акт.

(2) Судот не е врзан за предлозите на тужителот во поглед на правната оцена на делото.

Член 339

(1) Судот ја заснова пресудата само врз фактите и доказите што се изнесени на главниот претрес.

(2) Судот е должен совесно да го оцени секој доказ поединечно и во врска со другите докази и врз основа на таква оцена да изведе заклучок дали некој факт е докажан.

### 2. Видови на пресуди

Член 340

(1) Со пресудата обвинението се одбива или обвинетиот се ослободува од обвинението или се огласува за виновен.

(2) Ако обвинението опфаќа повеќе кривични дела во пресудата ќе се изрече дали и за кое дело се одбива обвинението или обвинетиот се ослободува од обвинението или се огласува за виновен.

Член 341

Пресуда со која се одбива обвинението судот ќе изрече, ако:

1) за пресудување судот не е стварно надлежен;

2) постапката е водена без барање на овластен тужител;

3) тужителот од започнувањето па до завршувањето на главниот претрес се откажал од обвинението;

4) немало потребен предлог, одобрение или ако надлежниот државен орган се откажал од предлогот односно одобрението или ако оштетениот се откажал од предлогот;

5) обвинетиот за истото дело е веќе правосилно осуден, ослободен од обвинението или постапката против него е правосилно запрена со решение и

6) обвинетиот со акт на амнестија или помилување е ослободен од гонењето или кривичното гонење не може да се преземе поради застареност, или ако постојат други околности што го исклучуваат кривичното гонење.

Член 342

Пресуда со која обвинетиот се ослободува од обвинението судот ќе изрече, ако:

1) делото за кое се обвинува не е кривично дело според законот;

2) има околности што ја исклучуваат кривичната одговорност и

3) не е докажано дека обвинетиот го сторил делото за кое се обвинува.

Член 343

(1) Во пресудата во која обвинетиот се огласува за виновен судот ќе изрече:

1) за кое дело се огласува за виновен, со назначување на фактите и околностите што претставуваат обележје на кривичното дело, како и на оние од кои зависи примената на определена одредба од Кривичниот законик;

2) законски назив на кривичното дело и кои одредби од кривичниот законик се применети;

3) на каква казна се осудува обвинетиот или се ослободува од казна според одредбите од Кривичниот законик;

4) одлука за условната осуда;

5) одлука за мерките на безбедноста и за одземање на имотната корист;

6) одлука за засметување на притворот или на веќе издржаната казна и

7) одлука за трошоците на кривичната постапка, за имотно-правното барање, како и за тоа дека правосилната пресуда треба да се објави преку печатот, радиото или телевизијата.

(2) Ако обвинетиот е осуден на парична казна, во пресудата ќе се назначи рокот во кој треба паричната казна да се плати и начинот на замена на кој да се изврши паричната казна во случај паричната казна да не може да се наплати ни по присилен пат.

3. Објавување на пресудата

Член 344

(1) Откако судот ја изрекол пресудата, претседателот на советот веднаш ќе ја објави. Ако судот не е во можност да ја изрече пресудата истиот ден по завршувњето на главниот претрес, ќе го одложи објавувањето на пресудата најмногу за три дена и ќе го определи времето и местото на објавувањето на пресудата.

(2) Претседателот на советот во присуство на странките, нивните законски застапници, полномошници и бранител, јавно ќе ја прочита изреката и накратко ќе ги соопшти причините на пресудата.

(3) Објавувањето ќе се изврши и кога странката, законскиот застапник, полномошникот или бранителот не е присутен. Советот може да нареди на обвинетиот, кој е отсутен, пресудата да му ја соопшти усно претседателот на советот или пресудата само да му се достави.

(4) Ако јавноста на главниот претрес била исклучена, изреката на пресудата секогаш ќе се прочита во јавно заседание. Советот ќе одлучи дали и колку ќе ја исклучи јавноста при објавувањето на причините за пресудата.

(5) Сите присутни ќе го сослушаат читањето на изреката на пресудата стоејќи.

Член 345

(1) Кога ќе изрече пресуда со која обвинетиот се осудува на пет или повеќе години затвор, советот ќе определи притвор ако обвинетиот веќе не се наоѓа во притвор.

(2) Кога ќе изрече пресуда на помала казна затвор од став 1 на овој член советот може да определи притвор под условите од член 184 став 1 точки 1 и 3 на овој закон, а ќе го укине притворот судење ако обвинетиот веќе се наоѓа во притвор а повеќе не постојат причините поради кој бил определен.

(3) Советот секогаш ќе го укине притворот и ќе нареди обвинетиот да се пушти на слобода ако е ослободен од обвинението или е огласен за виновен а е ослободен од казната или е осуден само на парична казна, или му е изречена судска опомена или условна осуда, или поради засметувањето на притворот казната веќе ја издржал или ако обвинението е одбиено, освен во случај кога е одбиено поради ненадлежност на судот.

(4) За определување или укинување на притворот по објавувањето на пресудата до нејзината правосилност ќе се применува одредбата на став 2 на овој член. Одлуката ја донесува советот на првостепениот суд (член 22 став 6).

(5) Пред донесувањето на решението со кое се определува или укинува притвор во случаите од ставовите 2 и 4 на овој член ќе се сослуша јавниот обвинител кога постапката се води по негово барање.

(6) Ако обвинетиот веќе се наоѓа во притвор а советот најде дека сѐ уште постојат причините поради кои бил определен притвор или дека постојат причините од ставовите 1 и 2 на овој член ќе донесе посебно решение за продолжување на притворот. Посебно решение советот донесува и кога треба да се определи или укине притворот. Жалбата против решението не го задржува извршувањето на решението.

(7) Притворот што е определен или продолжен според одредбите на претходните ставови може да трае но не подолго од рокот определен во член 189 став 1 на овој закон.

(8) Кога судот ќе изрече казна затвор, обвинетиот кој се наоѓа во притвор со решение на претседателот на советот може да се упати во установа за издржување на казната и пред правосилноста на пресудата ако тој го бара тоа.

Член 346

(1) По објавувањето на пресудата претседателот на советот ќе ги поучи странките за правото на жалба, како и за правото на одговор на жалбата.

(2) Ако на обвинетиот му е изречена условна осуда, ќе биде предупреден од претседателот за значењето на условната осуда и за условите кон кои мора да се придржува.

(3) Претседателот на советот ќе ги предупреди странките до правосилното окончување на постапката за секоја промена на адресата да го известат судот.

4. Писмена изработка и доставување на пресудата

Член 347

(1) Пресудата која е објавена мора писмено да се изработи во рок од осум дена по објавувањето, а во сложени работи по исклучок во рок од 15 дена. Ако пресудата не е изработена во тие рокови, претседателот на советот е должен да го извести претседателот на судот поради тоа што тоа не е сторено. Претседателот на судот по потреба ќе преземе мерки пресудата што побрзо да се изработи.

(2) Пресудата ја потпишуваат претседателот на советот и записничарот.

(3) Заверен препис од пресудата ќе се достави до тужителот, а до обвинетиот и бранителот согласно со член 116 од овој закон. Ако обвинетиот се наоѓа во притвор, заверените преписи на пресудата мораат да бидат испратени во роковите предвидени во став 1 на овој член

(4) До обвинетиот, до приватниот тужител и до оштетениот како тужител ќе се достави и упатство за правото на жалба.

(5) Заверен препис од пресудата со упатство за правото на жалба судот ќе достави до оштетениот, ако има право на жалба, до лицето чијшто предмет е одземен со таа пресуда, како и до правното лице спрема кое е изречено одземање на имотна корист До оштетениот кој нема право на жалба препис од пресудата ќе се достави во случајот од член 57 став 2 на овој закон, со упатство за правото да бара враќање во поранешната состојба Правосилната пресуда ќе се достави до оштетениот ако тој го бара тоа.

(6) Ако судот со примената на одредбите за одмерување на единствена казна за кривични дела во стек изрекол казна земајќи ги предвид и пресудите што ги донеле и други судови, заверен препис од правосилната пресуда ќе достави до тие судови

Член 348

(1) Писмено изработената пресуда мора наполно да ѝ одговара на пресудата што е објавена. Пресудата мора да има увод, изрека и образложение.

(2) Уводот на пресудата содржи. назначување дека пресудата се изрекува во името на граѓаните на Република Македонија, назив на судот, име и презиме на претседателот и на членовите на советот и на записничарот, име и презиме на обвинетиот, кривично дело за кое е оптужен и дали бил присутен на главниот претрес, ден на главниот претрес и дали главниот претрес бил јавен, име и презиме на тужителот, бранителот, законскиот застапник и на полномошникот кои биле присутни на главниот претрес и ден на објавувањето на изречената пресуда

(3) Изреката на пресудата ги содржи личните податоци на обвинетиот (член 205 став 1) и одлуката со која оптужениот се огласува за виновен за делото за кое е обвинет или со која се ослободува од обвинението за тоа дело или со која се одбива обвинението.

(4) Ако обвинетиот е огласен за виновен, изреката на пресудата мора да ги опфати потребните податоци наведени во член 343 од овој закон, а ако е ослободен од обвинението или ако обвинението е одбиено, изреката на пресудата мора да го опфати описот на делото за кое е обвинет и одлуката за трошоците на кривичната постапка и за имотно-правното барање, ако било поставено.

(5) Во случај на стек на кривични дела, судот во изреката на пресудата ќе ги внесе казните утврдени за секое одделно кривично дело, а потоа казната што е изречена за сите дела во стек.

(6) Во образложението на пресудата судот ќе ги изнесе причините за секоја точка на пресудата.

(7) Судот определено и наполно ќе изнесе кои факти и од кои причини ги зема како докажани или недокажани, давајќи притоа особено оцена за веродостојноста на противречните докази, од кои причини не уважил одделни предлози на странките, од кои причини одлучил да не се сослуша непосредно сведокот или вештакот чиј исказ, односно писмен наод и мислење е прочитано без согласност од странките (член 325 став 2), од кои причини се раководел при решавањето на правните прашања, а особено при утврдувањето дали постои кривично дело и кривична одговорност на обвинетиот и при применувањето на определени одредби од Кривичниот законик врз обвинетиот и врз неговото дело.

(8) Ако обвинетиот е осуден на казна, во образложението ќе се наведе кои околности судот ги зел предвид при одмерувањето на казната. Посебно судот ќе образложи од кои причини се раководел кога нашол дека треба да изрече построга казна од пропишаната или кога нашол дека казната треба да се ублажи или оптужениот да се ослободи од казната или да се изрече условна осуда или дека треба да изрече мерка на безбедност или одземање на имотна корист.

(9) Ако обвинетиот се ослободува од обвинението, во образложението особено ќе се наведе од кои причини наведени во член 342 на овој закон се прави тоа.

(10) Во образложението на пресудата со која се одбива обвинението судот нема да се впушта во оцената на главната работа, туку ќе се ограничи само на причините за одбивањето на обвинението.

Член 349

(1) Грешките во имињата и броевите, како и други очигледни грешки во пишувањето и сметањето, недостатоците во формата и несогласноста на писмено изработената пресуда со изворникот ќе ги исправи, со посебно решение, претседателот на советот, на барање од странките или по службена должност.

(2) Ако постои несогласност меѓу писмено изработената пресуда и нејзиниот изворник во поглед на податоците од член 343 став 1 точка 1 до 5 и точка 7 од овој закон, решението за исправката ќе им се достави на лицата наведени во член 347 од овој закон. Во тој случај рокот за жалба против пресудата тече од денот на доставувањето на тоа решение против кое посебна жалба не е дозволена

В Постапка по правните лекови

Глава XXIII

РЕДОВНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ

1 Жалба на пресудата на првостепениот суд

а) Право на изјавување жалба

Член 350

(1) Против пресудата донесена во прв степен овластените лица можат да изјават жалба во рок од 15

дена од денот на доставувањето на преписот на пресудата.

(2) Навремено изјавената жалба од овластеното лице го одлага извршувањето на пресудата.

Член 351

(1) Жалба можат да изјават странките, бранителот, законскиот застапник на обвинетиот и оштетениот.

(2) Во корист на обвинетиот жалба можат да изјават и неговиот брачен односно вонбрачен другар, роднина по крв во права линија, посвоител, посвоеник, брат, сестра и хранител. Рокот за жалба и во тој случај тече од денот кога на обвинетиот односно на неговиот бранител му е доставен преписот од пресудата.

(3) Јавниот обвинител може да изјави жалба како на штета така и во корист на обвинетиот.

(4) Оштетениот може да ја побива пресудата само поради одлуката на судот за трошоците на кривичната постапка, но ако јавниот обвинител го презел гонењето од оштетениот како тужител (член 59 став 2), оштетениот може да изјави жалба поради сите основи поради кои може да се побива пресудата (член 354).

(5) Жалба може да изјави и лицето чиј предмет е одземен или од кое е одземена имотна корист прибавена со кривичното дело, како и правното лице на кое му е изречено одземање на имотната корист.

(6) Бранителот и лицата од став 2 на овој член можат да изјават жалба и без особено овластување од обвинетиот но не и против неговата волја.

Член 352

(1) Обвинетиот може да се одрече од правото на жалба само откако му е доставена пресудата. Обвинетиот и пред тоа може да се одрече од правото на жалба ако тужителот и оштетениот кога има право да изјави жалба поради сите основи (член 347 став 4), се одрекле од правото на жалба, освен ако обвинетиот според пресудата би требало да издржува казна затвор. До донесувањето на одлуката на второстепениот суд, обвинетиот може да се откаже од веќе изјавената жалба. Обвинетиот може да се откаже и од жалбата што ја изјавил неговиот бранител или лицата наведени во член 351 став 2 од овој закон.

(2) Тужителот и оштетениот можат да се одречат од правото на жалба од моментот на објавувањето на пресудата па до истекот на рокот за изјава на жалба, а можат до донесувањето на одлуката на второстепениот суд да се откажат и од веќе изјавената жалба.

(3) Одрекувањето и откажувањето од жалбата не може да се отповика.

б) Содржина на жалбата

Член 353

(1) Жалбата треба да содржи:

1) означување на пресудата против која се изјавува жалбата;

2) основа за побивање на пресудата (член 354);

3) образложение на жалбата;

4) предлог побиваната пресуда наполно или делумно да се укине или преиначи и

5) на крајот, потпис на лицето кое изјавува жалба.

(2) Ако жалбата изјавил обвинетиот или друго лице од член 351 став 2 на овој закон а обвинетиот нема бранител, или ако жалба изјавил оштетениот, оштетениот како тужител или приватниот тужител кој нема полномошник, а жалбата не е составена во согласност со одредбите на став 1 на овој член, првостепениот суд ќе го повика жалителот да ја дополни жалбата во определен рок со писмен поднесок или на записник кај тој суд. Ако жалителот не се јави на оваа покана, судот ќе ја отфрли жалбата ако не ги содржи податоците од точките 2,3 и 5 став 1 на овој член а ако жалбата не го содржи податокот од точка 1 став 1 на овој член ќе се отфрли ако не може да се утврди на која пресуда се однесува. Ако жалбата е изјавена во корист на обвинетиот судот ќе ја достави до второстепениот суд ако може да се утврди на која пресуда се однесува, а ако тоа не може да се утврди судот ќе ја отфрли жалбата.

(3) Ако жалба изјавил оштетениот, оштетениот како тужител или приватниот тужител кој има полномошник или јавниот обвинител, а жалбата не ги содржи податоците од точките 2, 3 и 5 став 1 на овој член или ако жалбата не го содржи податокот од точка 1 став 1 на овој член, а не може да се утврди на која пресуда се однесува, судот ќе ја отфрли жалбата. Жалбата со овие недостатоци изјавена во корист на обвинетиот кој има бранител судот ќе ја достави до второстепениот суд ако може да се утврди на која пресуда се однесува, а ако тоа не може да се утврди судот ќе ја отфрли жалбата.

(4) Во жалбата можат да се изнесуваат нови факти и нови докази, но жалителот е должен да ги наведе причините зошто не ги изнел порано. Повикувајќи се на нови факти, жалителот е должен да ги наведе доказите со кои ќе се докажат тие факти, а повикувајќи се на нови докази, тој е должен да ги наведе фактите што сака да ги докаже со тие докази.

в) Основи поради кои може да се побива пресудата

Член 354

Пресудата може да се побива:

1) поради суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка;

2) поради повреда на Кривичниот законик;

3) поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба;

4) поради одлука за кривичните санкции, за одземање на имотна корист, за трошоците за кривичната постапка, за имотно-правните барања, како и поради одлука за објавување на пресудата преку печатот, радиото или телевизијата.

Член 355

(1) Суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка постои, ако:

1) судот бил непрописно составен или ако во изрекувањето на пресудата учествувал судија или судија - поротник кој не учествувал на главниот претрес или што со правосилна одлука е изземен од судењето;

2) на главниот претрес учествувал судија или судија - поротник кој морал да се изземе (член 36 точка 1 до 5);

3) главниот претрес е одржан без лице чие присуство на главниот претрес е задолжително според законот;

4) противно на законот јавноста била исклучена на главниот претрес;

5) судот ги повредил прописите на кривичната постапка по прашањето дали постои обвинение од овластениот тужител или предлог од оштетениот односно одобрение од надлежниот орган;

6) пресудата ја донел суд кој поради стварната ненадлежност не можел да суди во тој предмет или ако судот неправилно го одбил обвинението поради стварна ненадлежност;

7) судот со својата пресуда не го решил наполно предметот на обвинението;

8) пресудата се заснова врз доказ врз кој според одредбите на овој закон не може да се заснова пресудата освен ако со оглед на другите докази е очигледно дека и без тој доказ би била донесена иста пресуда;

9) обвинението е пречекорено (член 338 став 1);

10) со пресудата е повредена одредбата на член 369 од овој закон и

11) изреката на пресудата е неразбирлива, противречна на самата себе си или на причините на пресудата, или ако пресудата нема воопшто причини или во неа не се наведени причините за решителните факти или тие причини се наполно нејасни или во значителна мера противречни, или ако за решителните факти постои значителна противречност меѓу она што се наведува во причините на пресудата за содржината на исправите или за записникот на исказите дадени во постапката и самите тие исправи или записникот.

(2) Суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка постои и ако судот додека го подготвува главниот претрес или во текот на главниот претрес, или при донесувањето на пресудата не применил или неправилно применил некоја одредба од овој закон, или на главниот претрес го повредил правото на одбраната, а тоа влијаело или можело да влијае врз законитото и правилното донесување на пресудата.

Член 356

Повреда на Кривичниот законик постои ако Кривичниот законик е повреден во прашањето дали:

1) делото за кое се гони обвинетиот е кривично дело;

2) има околности што ја исклучуваат кривичната одговорност;

3) има околности што го исклучуваат кривичното гонење, а особено дали настапила застареност на кривичното гонење или гонењето е исклучено поради амнестија или помилување или работата е веќе правосилно пресудена;

4) во поглед на кривичното дело што е предмет на обвинението е применет закон што не може да се примени;

5) со одлуката за казната, за условната осуда или за судската опомена, односно со одлуката за мерката на безбедност, или за одземање на имотната корист е пречекорено овластувањето што го има судот според законот и

6) се повредени одредбите за засметување на притворот, како и секое лишување од слобода во врска со кривичното дело и на издржаната казна.

Член 357

(1) Пресудата може да се побива поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба кога судот некој решителен факт погрешно го утврдил или не го утврдил.

(2) Нецелосно утврдена фактичка состојба постои и кога на тоа укажуваат нови факти или нови докази.

Член 358

(1) Пресудата односно решението за судска опомена може да се побива поради одлука за казната, условна осуда и судска опомена кога со таа одлука не е пречекорено законското овластување (член 356 точка 5), но судот не ја одмерил правилно казната со оглед на околностите што влијаат казната да биде поголема или помала и поради тоа што судот ги применил или не ги применил одредбите за ублажување на казната, за ослободување од казната, за условна осуда или за судска опомена, иако за тоа постоеле законски услови.

(2) Одлуката за мерката на безбедност или за одземање на имотната корист може да се побива ако не постои повреда на законот од член 356 точка 5 на овој закон, но судот неправилно ја донел оваа одлука или не ја изрекол мерката на безбедност односно одземање на имотната корист, иако постоеле за тоа законски услови. Од истите причини може да се побива одлуката за трошоците на кривичната постапка.

(3) Одлуката за имотно-правните барања, како и одлуката за објавување на пресудата преку печатот, радиото или телевизијата може да се побива кога судот за овие прашања донел одлука спротивно на законските одредби.

г) Постапка по жалбата

Член 359

(1) Жалбата се поднесува до судот што ја изрекол првостепената пресуда во доволен број примероци за судот, како и за противната странка и за бранителот заради давање одговор.

(2) Ненавремената (членови 373) и недозволената (член 374) жалба ќе ја отфрли со решение претседателот на советот на првостепениот суд.

Член 360

Еден примерок од жалбата првостепениот суд ќе го достави до противната странка (членови 116 и 117), која во рок од осум дена од денот на приемот на жалбата може да поднесе до судот одговор на жалба Жалбата и одговорот на жалбата со сите списи, првостепениот суд ќе ги достави до второстепениот суд.

Член 361

(1) Кога списите по жалбата ќе стигнат до второстепениот суд, претседателот на жалбениот совет определува судија известител. Ако е во прашање кривично дело за кое се гони по барање од јавниот обвинител, судијата известител ќе ги достави списите до надлежниот јавен обвинител кој е должен да ги разгледа и без одлагање да му ги врати на судот.

(2) Јавниот обвинител може, враќајќи ги списите, да стави свој предлог или да изјави дека ќе стави предлог на седницата на советот.

(3) Кога јавниот обвинител ќе ги врати списите, претседателот на советот ќе закаже седница на советот. За седницата на советот ќе се извести јавниот обвинител.

(4) Судијата известител може по потреба од првостепениот суд да прибави извештај за повредите

на одредбите на кривичната постапка, а може преку тој суд или преку истражниот судија на судот на чие подрачје треба да се изврши дејствието или на друг начин да ги провери наводите во жалбата во поглед на новите докази и новите факти, или од други органи или правни лица да прибави потребни извештаи или списи

(5) Ако судијата известител утврди дека во списите се наоѓаат записниците и известувањата предвидени во член 79 од овој закон, списите ќе ги достави до првостепениот суд пред одржувањето на седницата на второстепениот совет, за да донесе претседателот на првостепениот совет решение за нивно издвојување од списите и, по правосилноста на решението, во затворена обвивка да му ги предаде на истражниот судија заради чување одвоено од другите списи

Член 362

(1) За седницата на советот ќе се извести оној обвинет и неговиот бранител, оштетениот како тужител или приватниот тужител кој во рокот предвиден за жалба или за одговор на жалбата барал да биде известен за седницата или предложил одржување на претрес пред второстепениот суд (членовите од 364 до 366) Претседателот на советот или советот може да одлучи за седницата на советот да се известат странките и кога не го барале тоа или за седницата да се извести странката која не го барала тоа, ако нивното присуство би било корисно за разјаснување на работите

(2) Ако обвинетиот е во притвор или на издржување на казната, а има бранител, ќе се обезбеди присуство на обвинетиот само ако претседателот на советот или советот најде дека е тоа целесообразно

(3) Седницата на советот започнува со извештајот на судијата известител, за состојбата на работата Советот може од странките кои присуствуваат на седницата да побара потребни објаснувања во врска со жалбените наводи Странките можат да предложат заради дополнение на извештајот да се прочитаат одделни списи и можат по дозвола од претседателот на советот, да дадат потребни објаснења на своите ставови од жалбата, односно од одговорот на жалбата не повторувајќи го она што е содржано во извештајот

(4) Недоаѓањето на странките кои се уредно известени не го спречува одржувањето на седницата на советот Ако обвинетиот не го известил судот за промената на престојувалиштето или домот, седницата на советот може да се одржи иако обвинетиот не бил известен за седницата

(5) На седницата на советот на која присуствуваат странките јавноста може да се исклучи само под условите определени со овој закон (членови од 280 до 282)

(6) Записникот за седницата на советот се приклучува кон списите на првостепениот и второстепениот суд

(7) Решенијата од членовите 373 и 374 на овој закон можат да се донесат и без известување на странките за седницата на советот

Член 363

(1) Второстепениот суд донесува одлука во седница на советот или врз основа на одржан претрес

(2) Дали ќе одржи претрес одлучува второстепениот суд во седница на советот.

Член 364

(1) Претрес пред второстепениот суд ќе се одржи само ако е потребно поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба да се изведат нови докази или да се повторат доказите изведени веќе порано иако постојат оправдани причини предметот да не му се врати на првостепениот суд на повторен главен претрес.

(2) На претресот пред второстепениот суд се повикуваат обвинетиот и неговиот бранител, тужителот, оштетениот, законските застапници и полномошниците на оштетениот, оштетениот како тужител и приватниот тужител, како и сведоците и вештаците за кои судот ќе одлучи да се сослушаат.

(3) Ако обвинетиот е во притвор, претседателот на советот на второстепениот суд ќе преземе сѐ што е потребно обвинетиот да се доведе на претресот.

(4) Ако оштетениот како тужител или приватниот тужител не дојде на претресот пред второстепениот суд нема да се примени одредбата на член 282 став 2 од овој закон.

Член 365

(1) Претресот пред второстепениот суд почнува со извештај на известителот кој ја излага состојбата на работите не давајќи свое мислење за основаноста на жалбата

(2) По предлог или по службена должност ќе се прочита пресудата или делот од пресудата на кој се однесува жалбата, а по потреба и записникот за главниот претрес

(3) По тоа ќе се повика жалителот да ја образложи жалбата, а потоа противникот да му одговори Обвинетиот и неговиот бранител имаат секогаш последен збор

(4) Странките можат на претресот да изнесуваат нови докази и факти

(5) Тужителот може, со оглед на резултатот од претресот, во целост или делумно да се откаже од обвинителниот акт или да го измени обвинителниот акт во корист на обвинетиот Ако јавниот обвинител се откажал од обвинителниот акт во целост, оштетениот ги има правата предвидени во член 57 од овој закон

Член 366

Ако во претходните членови не е определено нешто друго, одредбите за главниот претрес пред првостепениот суд согласно ќе се применуваат и во постапката пред второстепениот суд

д) Граници на испитување на првостепената пресуда

Член 367

(1) Второстепениот суд ја испитува пресудата во овој дел во кој се побива со жалбата, но секогаш мора по службена должност да испита дали:

1) постои повреда на одредбите на кривичната постапка од член 355 став 1 точки од 1, 5, 6, 8 до 11 на овој закон и дали главниот претрес противно на одредбите на овој закон е одржан во отсуство на обвинетиот а во случај на задолжителна одбрана и во отсуство на бранителот на обвинетиот и

2) на штета на обвинетиот е повреден Кривичниот законик (член 356).

(2) Ако жалбата изјавена во корист на обвинетиот не ги содржи податоците од член 353 став 1 точки 2 и 3 на овој закон, второстепениот суд ќе се ограничи на испитување на повредите од точките 1 и 2 став 1 на овој член, како и на испитување на одлуката за казната, за мерките на безбедност и за одземање на имотна корист (член 358).

Член 368

На повреда на законот од член 355 став 1 точка 2 на овој закон жалителот може да се повика во жалбата само ако таа повреда не можел да ја изнесе во текот на главниот претрес или ја изнел, но првостепениот суд не ја зел предвид.

Член 369

Ако е изјавена жалба само во корист на обвинетиот, пресудата не смее да се измени на негова штета во однос на правната оцена на делото и на кривичната санкција.

Член 370

Жалбата поради погрешно или нецелосно утврдената фактичка состојба или поради повреда на Кривичниот законик изјавена во корист на обвинетиот содржи во себе и жалба поради одлуката за кривичната санкција и за одземањето на имотната корист (член 358).

Член 371

Ако второстепениот суд по повод на чија и да е жалба утврди дека причините поради кои ја донел одлуката во корист на обвинетиот се од корист и за некој од сообвинетите кој не изјавил жалба или не ја изјавил во тој правец, ќе постапи по службена должност како да постои таква жалба.

ѓ) Одлуки на второстепениот суд по жалба

Член 372

(1) Второстепениот суд може во седница на советот или врз основа на одржан претрес да ја отфрли жалбата како ненавремена или како недозволена, или да ја одбие жалбата како неоснована и да ја потврди пресудата на судот од прв степен, или да ја укине оваа пресуда и предметот да го упати до првостепениот суд на повторно судење и одлука, или да ја преиначи првостепената пресуда.

(2) За сите жалби против иста пресуда второстепениот суд одлучува со една одлука.

Член 373

Жалбата ќе се отфрли со решение како ненавремена ако се утврди дека е поднесена по законскиот рок.

Член 374

Жалбата ќе се отфрли со решение како недозволена ако се утврди дека жалбата ја изјавило лице кое не е овластено за поднесување жалба или лице кое се одрекло од жалбата или ако се утврди откажување од жалбата или ако по откажувањето повторно е изјавена жалба или ако жалба според законот не е дозволена.

Член 375

Второстепениот суд со пресуда ќе ја одбие жалбата како неоснована и ќе ја потврди пресудата на судот од прв степен кога ќе утврди дека не постојат причини поради кои пресудата се побива ниту повреди на законот од член 367 став 1 на овој закон.

Член 376

(1) Второстепениот суд уважувајќи ја жалбата или по службена должност со решение ќе ја укине првостепената пресуда и ќе го врати предметот на повторно судење ако утврди дека постои суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка освен случаите од член 377 став 1 на овој закон, или ако смета дека поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба треба да се нареди нов главен претрес пред првостепениот суд.

(2) Второстепениот суд може да нареди нов главен претрес пред првостепениот суд да се одржи пред наполно изменет совет.

(3) Второстепениот суд може и само делумно да ја укине првостепената пресуда ако одделни делови од пресудата можат да се издвојат без штета за правилното пресудување.

(4) Ако обвинетиот се наоѓа во притвор, второстепениот суд ќе испита дали уште постојат причините за притвор и ќе донесе решение за продолжување или укинување на притворот. Против ова решение не е дозволена жалба.

Член 377

(1) Второстепениот суд уважувајќи ја жалбата или по службена должност со пресуда ќе ја преиначи првостепената пресуда ако утврди дека решителните факти во првостепената пресуда правилно се утврдени и дека со оглед на утврдената фактичка состојба по правилна примена на законот треба да се донесе поинаква пресуда а според состојбата на работите и во случај на повреди од член 355 став 1 точка 5, 9 и 10 на овој закон.

(2) Ако второстепениот суд најде дека постојат законски услови за изрекување на судска опомена, со решение ќе ја преиначи првостепената пресуда и ќе изрече судска опомена.

(3) Ако поради преиначувањето на првостепената пресуда се стекнале услови да се определи односно да се укине притвор врз основа на член 345 ставови 1, 3 и 7 од овој закон, второстепениот суд за тоа ќе донесе посебно решение против кое не е дозволена жалба.

Член 378

(1) Во образложението на пресудата односно на решението, второстепениот суд треба да ги оцени жалбените наводи и да ги изнесе повредите на законот што ги зел предвид по службена должност.

(2) Кога првостепената пресуда се укинува поради суштествени повреди на одредбите на кривичната постапка, во образложението треба да се наведе кои одредби се повредени и во што се состојат повредите (член 355).

(3) Кога првостепената пресуда се укинува поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба, ќе се наведе во што се состојат недостатоците во утврдувањето на фактичката состојба, односно зошто новите докази и факти се важни и се од влијание за донесување на правилна одлука.

Член 379

(1) Второстепениот суд ќе му ги врати сите списи на судот од прв степен со доволен број заверени преписи на својата одлука заради предавање на странките и на другите заинтересирани лица.

(2) Ако обвинетиот е во притвор, второстепениот суд е должен својата одлука со списите да ја достави до судот од прв степен најдоцна во рок од 45 дена од денот кога ги примил списите од тој суд.

Член 380

(1) Првостепениот суд до кого е упатен предметот на судење за основа ќе го земе поранешниот обвинителен акт. Ако пресудата на првостепениот суд делумно е укината, првостепениот суд за основа ќе го земе само оној дел од обвинението што се однесува на укинатиот дел од пресудата.

(2) На новиот главен претрес странките можат да истакнуваат нови факти и да изнесуваат нови докази.

(3) Првостепениот суд е должен да ги изведе сите процесни дејствија и да ги расправи сите спорни прашања на кои укажал второстепениот суд во својата одлука.

(4) При изрекувањето на новата пресуда првостепениот суд е врзан со забраната пропишана во член 369 од овој закон.

(5) Ако оптужениот е во притвор советот на првостепениот суд е должен да постапи според член 189 став 2 од овој закон.

2. Жалба на пресудата на второстепениот суд

Член 381

(1) Против пресудата на второстепениот суд е дозволена жалба до судот кој одлучува во трет степен само во следниве случаи:

1) ако второстепениот суд изрекол казна затвор доживотно, или ако ја потврдил пресудата на првостепениот суд со која е изречена таква казна;

2) ако второстепениот суд врз основа на одржаниот претрес ја утврдил фактичката состојба поинаку отколку првостепениот суд и врз така утврдената фактичка состојба ја засновал својата пресуда и

3) ако второстепениот суд ја преиначил пресудата на првостепениот суд со која оптужениот е ослободен од обвинението и изрекол пресуда со која оптужениот се огласува за виновен.

(2) За жалбата против второстепената пресуда решава судот од трет степен во седница на советот согласно со одредбите што важат за постапката во втор степен. Пред овој суд не може да се одржи претрес.

(3) Одредбите на член 371 од овој закон ќе се применат и врз соoптужениот кој немал право да изјави жалба против второстепената пресуда.

3. Жалба на решението

Член 382

(1) Против решението на истражниот судија и против другите решенија на судот донесени во прв степен, странките и лицата чиишто права се повредени можат да изјават жалба секогаш кога во овој закон изрично не е определено дека посебна жалба не е дозволена.

(2) Против решението на советот донесено пред и во текот на истрагата не е дозволена посебна жалба, ако со овој закон поинаку не е определено. Кога со овој закон е определено дека не е дозволена посебна жалба, решението може да се побива со жалбата на пресудата.

(3) Решенијата што се донесуваат заради подготвување на главниот претрес и пресудите можат да се побиваат само во жалбата на пресудата.

Член 383

(1) Жалба се поднесува до судот што го донел решението.

(2) Ако со овој закон поинаку не е определено, жалба на решението се поднесува во рок од три дена од денот на доставувањето на решението.

Член 384

Ако во овој закон поинаку не е определено, со поднесувањето на жалбата на решението се одлага извршувањето на решението против кое е изјавена жалба.

Член 385

(1) За жалбата против решението на првостепениот суд одлучува второстепениот суд во седница на советот, ако со овој закон поинаку не е определено.

(2) За жалбата против решението на истражниот судија одлучува советот на истиот суд (член 22 став 6), ако со овој закон поинаку не е определено.

(3) Решавајќи за жалбата судот може со решение да ја отфрли жалбата како ненавремена или како недозволена, да ја одбие жалбата како неоснована, или да ја уважи жалбата и решението да го преиначи или укине и по потреба предметот да го упати на повторно одлучување.

(4) Испитувајќи ја жалбата судот по службена должност ќе внимава дали за донесување на решението првостепениот суд бил стварно надлежен односно дали решението го донел овластениот орган.

Член 386

(1) Врз постапката по жалбата на решението согласно ќе се применуваат одредбите на членовите 351, 353, 359, 361 ставови 1, 4 и 5, членовите 369 и 371 на овој закон.

(2) Ако жалба е изјавена против решението од член 478 на овој закон, за седницата на советот се известува јавниот обвинител а другите лица под условите предвидени во член 362 од овој закон.

Член 387

Ако со овој закон поинаку не е определено, одредбите од членовите 382 и 386 на овој закон согласно ќе се применат и врз сите други решенија што се донесуваат според овој закон.

Глава XXIV

ВОНРЕДНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ

1. Повторување на кривичната постапка

Член 388

Кривичната постапка што е довршена со правосилно решение или со правосилна пресуда може на

барање од овластеното лице да се повтори само во случаите и под условите предвидени во овој закон.

Член 389

(1) Правосилната пресуда може да се преиначи без повторување на кривичната постапка ако:

1) во две или повеќе пресуди против истиот осуден правосилно се изречени повеќе казни, а не се применети одредбите за одмерување на единствена казна за дела во стек;

2) при изрекувањето на единствена казна со примена на одредбите за стек е земена како утврдена казната што е веќе опфатена во казната изречена според одредбите за стек во некоја поранешна пресуда и

3) правосилната пресуда со која за повеќе кривични дела е изречена единствена казна не би можела во еден дел да се изврши поради амнестија, помилување или од други причини.

(2) Во случајот од точка 1 став 1 на овој член судот со новата пресуда ќе ги преиначи поранешните пресуди во поглед на одлуките за казната и ќе изрече единствена казна За донесување на нова пресуда е надлежен првостепениот суд кој судел во предметот во кој е изречен најстрог вид казна, а кај истовидни казни - судот што изрекол најголема казна, а ако казните се еднакви - судот што последен изрекол казна

(3) Во случајот од точка 2 став 1 на овој член ќе ја преиначи својата пресуда судот што при изрекувањето на единствена казна погрешно зел предвид казна што веќе е опфатена во некоја поранешна пресуда.

(4) Во случајот од точка 3 став 1 на овој член судот што судел во прв степен ќе ја преиначи поранешната пресуда во поглед на казната и ќе изрече нова казна или ќе утврди колку ќе се изврши од казната изречена со поранешната пресуда.

(5) Новата пресуда ја донесува судот во седница на советот, по предлог од јавниот обвинител или од осудениот, а по сослушувањето на спротивната странка.

(6) Ако во случајот од точките 1 и 2 став 1 на овој член при изрекувањето на казната се земени предвид и пресуди на други судови, заверен препис на новата правосилна пресуда, ќе се достави и до тие судови.

Член 390

Ако барањето за спроведување на истрага правосилно е одбиено поради тоа што немало барање на овластениот тужител или што немало потребен предлог или одобрение, или од исти причини кривичната постапка со решение правосилно е запрена или обвинението е отфрлено или со пресуда обвинението правосилно е одбиено, или ако постапката со решение правосилно е запрена поради тоа што сторителот по стореното кривично дело се разболел од некое трајно душевно заболување, постапката, по барање на овластениот тужител ќе се продолжи штом ќе престанат причините поради кои се донесени наведените одлуки

Член 391

(1) Ако вон од случаите наведени во член 390 од овој закон барањето за спроведување на истрага правосилно е одбиено, или кривичната постапка правосилно е запрена во истрагата или пред почетокот на главниот претрес или обвинението е отфрлено, по барање од овластениот тужител може да се дозволи повторување на кривичната постапка (член 395 став 3) ако се поднесат нови докази врз основа на кои судот може да се увери дека се стекнале услови за повторно поведување на кривичната постапка.

(2) Кривичната постапка правосилно запрена до почетокот на главниот претрес може да се повтори кога јавниот обвинител се откажал од гонењето, а оштетениот не го презел гонењето, ако се докаже дека до откажување дошло поради кривично дело злоупотреба на службената положба на јавниот обвинител Во поглед на докажувањето на кривичното дело на јавниот обвинител ќе се применуваат одредбите на член 392 став 2 од овој закон

(3) Ако постапката е запрена поради тоа што оштетениот како тужител се откажал од гонењето или што според законот се смета дека се откажал, оштетениот како тужител не може да бара повторување на постапката.

Член 392

(1) Кривичната постапка завршена со правосилна пресуда може да се повтори во корист на осудениот, ако

1) се докаже дека пресудата е заснована врз лажна исправа или врз лажен исказ на сведокот, вештакот или толкувачот;

2) се докаже дека до пресудата дошло поради кривично дело на судијата, на судијата - поротник или на лице кое ги вршело истражните дејствија;

3)пресудата со која обвинението се одбива е донесена поради откажување на јавниот обвинител од обвинението, а се докаже дека до ова откажување дошло поради кривично дело злоупотреба на службената положба на јавниот обвинител;

4) се изнесат нови факти или се поднесат нови докази што самите за себе или во врска со поранешните докази се подобни да причинат ослободување на лицето што било осудено или негова осуда по поблаг кривичен закон;

5) на некое лице за исто дело повеќе пати му е судено или ако повеќе лица се осудени поради исто дело што можело да го стори само едно лице или некои од нив и

6) во случај на осуда за продолжено кривично дело или за друго кривично дело што според законот опфаќа повеќе истовидни или повеќе разновидни дејствија се изнесат нови факти или се поднесат нови докази што укажуваат дека осудениот не го сторил дејствието што е опфатено со делото од осудата, а постоењето на овие факти би било од суштествено влијание врз одмерување на казната

(2) Во случаите од точките 1 и 2 од став 1 на овој член со правосилна пресуда мора да се докаже дека наведените лица се огласени за виновни за односните кривични дела Ако постапката против овие лица не може да се спроведе поради тоа што умреле или што постојат околности што го исклучуваат кривичното гонење, фактите од точките од 1 до 3 став 1 на овој член можат да се утврдат и со други докази

Член 393

(1) Барање за повторување на кривичната постапка можат да поднесат странките и бранителот, а по смртта на осудениот барање можат да поднесат јавниот обвинител ако постапката се водела по негово

барање или лицата наведени во член 351 став 2 на овој закон.

(2) Барање за повторување на кривичната постапка може да се поднесе и откако осудениот ја издржал казната и без оглед на застареноста, амнестијата или помилувањето.

(3) Ако судот што би бил надлежен за одлучување за повторување на кривичната постапка (член 394) дознае дека постои причина за повторување на кривичната постапка ќе го извести за тоа осудениот, односно лицето за кое е овластено да го поднесе барањето.

Член 394

(1) За барањето за повторување на кривичната постапка одлучува советот (член 22 став 6) на судот што во поранешната постапка судел во прв степен.

(2) Во барањето мора да се наведе по која законска основа се бара повторувањето и со кои докази се поткрепуваат фактите врз кои се заснова барањето. Ако барањето не ги содржи и овие податоци, судот ќе го повика подносителот во определен рок да го дополни барањето.

(3) При решавањето за барањето, во советот нема да учествува судијата кој учествувал во донесувањето на пресудата во поранешната постапка.

Член 395

(1) Судот со решение ќе го отфрли барањето ако врз основа на самото барање и на списите од поранешната постапка утврди дека барањето го поднело неовластено лице или дека нема законски услови за повторување на постапката, или дека фактите и доказите врз кои се заснова барањето веќе биле изнесени во поранешното барање за повторување на постапката што е одбиено со правосилно решение на судот, или дека фактите и доказите очигледно не се подобни врз основа на нив да се дозволи повторување, или дека подносителот на барањето не постапил според член 394 став 2 од овој закон.

(2) Ако судот не го отфрли барањето, ќе се достави препис на барањето до противната странка која има право во рок од осум дена да одговори на барањето. Кога на судот ќе му стигне одговор на барањето или кога ќе измине рокот за давање одговор, претседателот на советот ќе определи да се извидат фактите и да се прибават доказите на кои се повикува во барањето и во одговорот на барањето.

(3) По спроведените извиди судот со решение веднаш ќе одлучи за барањето за повторување на постапката според член 390 од овој закон. Во други случаи, кога се во прашање кривични дела за кои се гони по службена должност, претседателот на советот ќе определи списите да се испратат до јавниот обвинител кој без одлагање ќе ги врати списите со свое мислење.

Член 396

(1) Кога јавниот обвинител ќе ги врати списите, судот, ако не определи извидот да се дополни врз основа на резултатите од извидот ќе го уважи барањето и ќе дозволи повторување на кривичната постапка или ќе го одбие барањето ако новите докази не се подобни да доведат до повторување на кривичната постапка.

(2) Ако судот најде дека причините поради кои дозволил повторување на постапката постојат и за некој од сообвинетите кој не поднел барање за повторување на постапката ќе постапи по службена должност како да постои такво барање.

(3) Во решението со кое се дозволува повторување на кривичната постапка судот ќе одлучи веднаш да се определи нов главен претрес, или предметот да се врати во состојба на истрага, односно да се спроведе истрага ако ја немало.

(4) Ако судот смета, со оглед на поднесените докази, дека осудениот во повторената постапка може да биде осуден на таква казна што со засметување на веќе издржаната казна би требало да се пушти на слобода, или дека може да биде ослободен од обвинението или дека обвинението може да биде одбиено, ќе определи извршувањето на пресудата да се одложи односно прекине.

(5) Кога решението со кое се дозволува повторување на кривичната постапка ќе стане правосилно, ќе се запре извршувањето на казната, но судот, по предлог од јавниот обвинител, ќе определи притвор ако постојат условите од член 184 на овој закон.

Член 397

(1) За новата постапка што се води врз основа на решението со кое е дозволено повторување на кривичната постапка важат истите одредби како и за првата постапка. Во новата постапка судот не е врзан за решенијата донесени во поранешната постапка.

(2) Ако новата постапка се запре до почетокот на главниот претрес, судот со решението за запирање на постапката ќе ја укине и поранешната пресуда.

(3) Кога судот во новата постапка ќе донесе пресуда, ќе изрече дека поранешната пресуда делумно или во целост се става надвор од сила или дека се остава во сила. Во казната што ќе ја определи со новата пресуда судот на оптужениот ќе му ја засмета издржаната казна, а ако повторување е определено само за некое од делата за кои оптужениот бил осуден, судот ќе изрече нова единствена казна според одредбите на Кривичниот законик.

(4) Судот во новата постапка е врзан за забраната пропишана во член 364 на овој закон.

Член 398

(1) Кривичната постапка во која некое лице е осудено во отсуство (член 292), а настапила можност повторно да му се суди во негово присуство, ќе се повтори и надвор од условите предвидени во член 392 од овој закон, ако осудениот или неговиот бранител поднесе барање за повторување на постапката во рок од една година од денот кога осудениот дознал за пресудата со која е осуден во отсуство.

(2) Во решението со кое се дозволува повторување на кривичната постапка според одредбата на став 1 на овој член судот ќе определи на осудениот да му се достави обвинителниот акт ако порано не му бил доставен, а може да определи предметот да се врати во состојба на истрага, односно да се спроведе истрага ако ја немало.

2. Вонредно ублажување на казна

Член 399

Ублажување на правосилно изречената казна е дозволено кога по правосилноста на пресудата ќе се јават околности што ги немало кога се изрекувала

пресудата или судот за нив не знаел иако постоеле, а тие очигледно би довеле до поблага осуда.

Член 400

(1) Барање за вонредно ублажување на казната можат да поднесат јавниот обвинител ако постапката се водела по негово барање, осудениот и неговиот бранител, како и лица кои се овластени да изјават жалба против пресудата во корист на оптужениот (член 351).

(2) Барањето за вонредно ублажување на казната не го задржува извршувањето на казната.

Член 401

(1) За барањето за вонредно ублажување на казната решава Врховниот суд на Република Македонија.

(2) Барањето за вонредно ублажување на казната се поднесува до судот што ја донел пресудата во прв степен.

(3) Претседателот на советот на првостепениот суд ќе го отфрли барањето што е поднесено од лице кое не е овластено за поднесување на барањето.

(4) Првостепениот суд ќе извиди дали постојат причини за ублажување, па по сослушување на јавниот обвинител ако постапката се водела по негово барање, списите со својот образложен предлог ќе ги достави до Врховниот суд на Република Македонија.

(5) Ако е во прашање кривично дело за кое постапката се водела по барање на јавниот обвинител, Врховниот суд на Република Македонија пред донесувањето на решението списите ќе ги достави до јавниот обвинител на Република Македонија. Јавниот обвинител на Република Македонија може да стави писмен предлог до Врховниот суд на Република Македонија.

(6) Врховниот суд на Република Македонија ќе го одбие барањето ако најде дека не се исполнети законските услови за вонредно ублажување на казната. Ако го усвои барањето, Врховниот суд на Република Македонија со решение ќе ја преиначи правосилната пресуда во поглед на одлуката за казната.

Член 402

Решението со кое го усвоил барањето за вонредно ублажување на казната судот ќе го отповика ако се докаже (член 392 став 1) дека решението се заснова врз лажна исправа или врз лажен исказ на сведокот или вештакот.

3. Барање за заштита на законитоста

Член 403

Против правосилни судски одлуки и против судската постапка што им претходела на тие правосилни одлуки, јавниот обвинител на Република Македонија може да подигне барање за заштита на законитоста ако е повреден законот.

Член 404

За барање за заштита на законитоста одлучува Врховниот суд на Република Македонија.

Член 405

(1) За барањето за заштита на законитоста судот одлучува на седница.

(2) Пред да биде предметот изнесен на решавање, судијата определен за известител може, по потреба, да прибави известување за истакнатите повреди на законот.

(3) За седницата секогаш ќе се извести јавниот обвинител.

Член 406

(1) При решавањето за барањето за заштита на законитоста судот ќе се ограничи само на испитување на повредите на законот на кои се повикува подносителот во своето барање

(2) Ако судот најде дека причините поради кои ја донел одлуката во корист на осудениот постојат и за некој од сообвинетите во поглед на кој не е подигнато барање за заштита на законитоста, ќе постапи по службена должност како да постои такво барање

(3) Ако барањето за заштита на законитоста е подигнато во корист на осудениот судот при донесувањето на одлуката е врзан со забраната пропишана во член 369 од овој закон.

Член 407

Судот со пресуда ќе го одбие барањето за заштита на законитоста како неосновано ако утврди дека не постои повреда на законот на која се повикува јавниот обвинител во своето барање.

Член 408

(1) Кога судот ќе утврди дека барањето за заштита на законитоста е основано, ќе донесе пресуда со која, според природата на повредата, или ќе ја преиначи правосилната одлука, или ќе ги укине во целост или делумно одлуките на првостепениот и на повисокиот суд или само одлуката на повисокиот суд и предметот ќе го врати на повторна одлука или судење до првостепениот или до повисокиот суд, или ќе се ограничи само на тоа да ја утврди повредата на законот.

(2) Ако барање за заштита на законитоста е подигнато на штета на обвинетиот,а судот ќе најде дека е основано, ќе утврди само дека постои повреда на законот, не засегајќи во правосилната одлука

(3) Ако второстепениот суд според одредбите на овој закон не бил овластен да ја отстрани повредата на законот, што е сторена во првостепената одлука или во судската постапка што и претходела, а судот решава за барањето за заштита на законитоста подигнато во корист на обвинетиот ќе најде дека барањето е основано и дека заради отстранување на сторената повреда на законот треба да се укине или преиначи првостепената одлука, ќе ја укине или ќе ја преиначи и второстепената одлука иако со неа не е повреден законот

Член 409

Ако при решавањето за барањето за заштита на законитоста се јави значително сомневање за вистинитоста на решителните факти утврдени во одлуката против која е подигнато барањето, па заради тоа не е можно да се одлучи за барањето за заштита на законитоста, судот со пресудата со која решава за барањето за заштита на законитоста ќе ја укине таа одлука и ќе нареди да се одржи нов главен претрес пред истиот или пред друг стварно надлежен првостепен суд.

Член 410

(1) Ако правосилната пресуда е укината и предметот е вратен на повторно судење, за основа ќе се земе

поранешниот обвинителен акт или оној негов дел што се однесува на укинатиот дел од пресудата.

(2) Судот е должен да ги изведе сите процесни дејствија и да ги расправи прашањата на кои му укажал Врховниот суд на Република Македонија во својата одлука.

(3) Пред првостепениот, односно второстепениот суд странките можат да истакнуваат нови факти и да поднесуваат нови докази.

(4) Судот при донесувањето на новата одлука е врзан со забраната пропишана во член 369 од овој закон.

(5) Ако покрај одлуката на понисокиот суд е укината и одлуката на повисокиот суд, предметот се доставува до понискиот суд преку повисокиот суд.

### 4. Барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда

Член 411

(1) Обвинетиот кој правосилно е осуден на казна затвор или малолетнички затвор може да поднесе барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда поради повреда на законот во случаите предвидени со овој закон.

(2) Барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда се поднесува во рок од еден месец од денот кога обвинетиот ја примил правосилната пресуда.

(3) Обвинетиот што не користел редовен правен лек против пресудата не може да поднесе барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда освен ако со пресудата на второстепениот суд наместо ослободување од казна, судска опомена, условна осуда или парична казна е изречена казна затвор, односно наместо воспитна мерка - казна малолетнички затвор.

(4) Барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда не може да се поднесе против пресуда на Врховниот суд на Република Македонија.

Член 412

За барањето за вонредно преиспитување на правосилна пресуда одлучува Врховниот суд на Република Македонија.

Член 413

Барањето за вонредно преиспитување на правосилна пресуда може да се поднесе поради:

1) повреда на Кривичниот законик на штета на осудениот дадена во член 356 точки од 1 до 4 на овој закон или поради повреда од точка 5 на тој член ако пречекорувањето на овластувањето се однесува на одлуката за казната, мерката на безбедност или одземање на имотна корист;

2) повреда на одредбите на кривичната постапка предвидени во член 355 став 1 точки 1, 5, 8, 9 или 10 од овој закон и

3) поради повреда на правото на осудениот на одбрана на главниот претрес или поради повреда на одредбите на кривичната постапка во жалбената постапка, ако таа повреда била од влијание врз донесувањето на правилна пресуда.

Член 414

(1) Барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда може да поднесат осудениот и бранителот.

(2) Барањето за вонредно преиспитување на правосилна пресуда му се предава на судот што ја донел пресудата во прв степен.

(3) Барањето што е поднесено ненавремено или го поднело неовластено лице или е поднесено во случај на осуда на кривична санкција поради која барање не може да се поднесе (член 411 став 1) или според законот не е дозволена (член 411 ставови 3 и 4), ќе го отфрли со решение претседателот на советот на првостепениот суд или судот надлежен за одлучување по барањето.

(4) Судот надлежен за одлучувањето по барањето што доставил примерок од барањето со списите до тужителот кој постапува пред тој суд, кој може во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето да поднесе одговор на барањето.

(5) Првостепениот суд или судот надлежен за одлучување за барањето, може, со оглед на содржината на барањето да определи да се одложи односно да се прекине извршувањето на правосилната пресуда.

Член 415

Во поглед на барањето за вонредно преиспитување на правосилна пресуда согласно ќе се применуваат одредбите на член 405 ставови 1 и 2, членови 406, 407, 408 ставови 1 и 2 членови 409 и 411 од овој закон. При применувањето на член 411 став 1 од овој закон судот не може да се ограничи само на тоа да ја утврди повредата на законот, а одредбата од став 2 од тој член ќе се применува само во делот за изрекување на казната.

## Г. Посебни одредби за скратената постапка за изрекувањето на судска опомена и за постапката спрема малолетници

## Глава XXV

## СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Член 416

Во постапката пред судот што суди во прв степен за кривични дела за кои како главна казна е пропишана парична казна или затвор до три години, ќе се применуваат одредбите на членовите од 417 до 430 од овој закон, а доколку во овие одредби не е предвидено нешто посебно, согласно ќе се применуваат другите одредби на овој закон.

Член 417

(1) Кривичната постапка се поведува врз основа на обвинителниот предлог на јавниот обвинител, односно на оштетениот како тужител или врз основа на приватна тужба.

(2) Јавниот обвинител може да поднесе обвинителен предлог и врз основа на самата кривична пријава.

(3) Обвинителниот предлог и приватната тужба се поднесуваат во потребниот број примероци за судот и на обвинетиот.

Член 418

(1) Пред поднесувањето на обвинителниот предлог јавниот обвинител може да му предложи на судијата да преземе определени истражни дејствија. Ако судијата се согласи со овој предлог ќе ги преземе истражните дејствија, а потоа сите списи ќе ги достави

до тужителот. Истражните дејствија се спроведуваат колку што е можно побрзо и пократко.

(2) Ако судијата не се согласи со предлогот за преземање на истражни дејствија ќе го извести за тоа јавниот обвинител.

(3) Кога во случаите од ставовите 1 и 2 на овој член јавниот обвинител ќе ги прими списите, односно известување од судија, може да одлучи да поднесе обвинителен предлог или ќе донесе решение за отфрлање на кривичната пријава.

Член 419

(1) Притвор може да се определи против лице за кое постои основано сомневање дека сторило кривично дело, ако:

1) се крие или ако не може да се утврди неговиот идентитет или ако постојат други околности што очигледно укажуваат на опасност од бегство и

2) е во прашање кривично дело против јавниот ред или моралот за кое може да се изрече казна затвор од три години, а особени околности ја оправдуваат бојазноста дека обвинетиот ќе го повтори тоа кривично дело или дека ќе го изврши кривичното дело со кое се заканува.

(2) Пред поднесувањето на обвинителниот предлог притворот може да трае само онолку колку што е потребно за да се спроведат истражните дејствија, но не подолго од осум дена. За жалбата против решението за притвор решава советот (член 22 став 6).

(3) Во поглед на притворот од предавањето на обвинителниот предлог до завршувањето на главниот претрес согласно се применуваат одредбите на член 191 на овој закон со тоа што советот е должен секој месец да испита дали постојат причини за притворот.

(4) Кога обвинетиот се наоѓа во притвор, судот е должен да постапува со особена итност.

Член 420

(1) Ако кривична пријава поднел оштетениот, а јавниот обвинител во рок од еден месец по приемот на пријавата не поднесе обвинителен предлог ниту го извести оштетениот дека ја отфрлил пријавата, оштетениот има право како тужител да го преземе гонењето со поднесување на обвинителен предлог до судот.

(2) Ако во случајот од став 1 на овој член оштетениот се откаже од гонењето или според законот се смета дека се откажал од гонењето, јавниот обвинител може без оглед на условите пропишани за повторување на постапката повторно да ја поведе постапката, ако не ја отфрлил пријавата на оштетениот.

Член 421

(1) Обвинителниот предлог односно приватната тужба треба да содржи: име и презиме на обвинетиот со лични податоци доколку се познати, краток опис на кривичното дело, означување на судот пред кој ќе се одржи главниот претрес, предлог кои докази треба да се изведат на главниот претрес и предлог обвинетиот да се огласи за виновен и да се осуди според законот.

(2) Во обвинителниот предлог може да се предложи обвинетиот да се стави во притвор. Ако обвинетиот се наоѓа во притвор или за време на спроведувањето на истражните дејствија се наоѓал во притвор, ќе се назначи во обвинителниот предлог колку време е притворен.

Член 422

(1) Кога судот ќе го прими обвинителниот предлог или приватната тужба, судијата претходно ќе испита дали судот е надлежен, дали треба да се спроведат одделни истражни дејствија или да се дополнат спроведените истражни дејствија и дали постојат услови за отфрлање на обвинителниот предлог, односно на приватната тужба.

(2) Ако судијата не донесе ниедно од решенијата од став 1 на овој член, веднаш ќе закаже главен претрес.

(3) Ако судијата смета дека треба да се спроведат одделни истражни дејствија, ќе ги спроведе самиот.

Член 423

(1) Ако судијата најде дека за судење е надлежен друг суд, ќе му го отстапи предметот по правосилноста на решението, на тој суд.

(2) По закажувањето на главниот претрес не може по службена должност да се огласи за месно ненадлежен.

Член 424

(1) Судијата ќе го отфрли обвинителниот предлог или приватната тужба ако најде дека постојат причини за запирање на постапката предвидени во член 262 точки од 1 до 3 од овој закон, а ако се спроведени истражните дејствија - и од причината предвидена во точка 4 од тој член.

(2) Решението со кратко образложение се доставува до јавниот обвинител, до оштетениот како тужител или до приватниот тужител, како и до обвинетиот.

Член 425

(1) Судијата ги повикува на главниот претрес обвинетиот и неговиот бранител, тужителот, оштетениот и нивните законски застапници и полномошници, сведоците, вештаците и толкувачот а по потреба ќе ги прибави предметите што треба да служат како доказ на главниот претрес.

(2) На обвинетиот во поканата ќе му се назначи дека на главниот претрес може да дојде со докази за својата одбрана, или доказите навремено да му ги соопшти на судот за да можат да се прибават за главниот претрес. Во поканата обвинетиот ќе се предупреди дека главниот претрес ќе се одржи и во негово отсуство ако за тоа постојат законски услови (член 428 став 4). До обвинетиот кон поканата ќе се достави и препис од обвинителниот предлог, односно од приватната тужба и ќе се поучи дека има право да земе бранител, но дека, во случај кога одбраната не е задолжителна, поради недоаѓање на бранителот на главниот претрес или земање бранител дури на главниот претрес, не мора да се одложи претресот.

(3) Поканата до обвинетиот мора да се достави така што помеѓу доставувањето на поканата и денот на главниот претрес да остане доволно време за подготвување на одбраната, а најмалку три дена. По согласност на обвинетиот овој рок може да се скрати.

Член 426

Главниот претрес се држи во местото на судот. Во итни случаи, особено кога треба да се изврши увид или кога е тоа во интерес за полесно спроведување на доказната постапка, може по одобрение на претседателот на судот главниот претрес да се определи и во

местото каде што е сторено кривичното дело или каде што ќе се преземе увид, ако тие места се на подрачјето на тој суд.

Член 427

Приговор на месната надлежност може да се стави најдоцна до почетокот на главниот претрес.

Член 428

(1) Главниот претрес ќе се одржи и ако не дојде јавниот обвинител кој е уредно поканет Во тој случај оштетениот има право на главниот претрес да го застапува обвинението во границите на обвинителниот предлог

(2) Главниот претрес ќе се одржи иако не дојде оштетениот како тужител што е уредно поканет.

(3) Главниот претрес може да се одржи и ако не дојде приватниот тужител што има живеалиште надвор од подрачјето на судот со кој е поднесена приватната тужба, ако до судот ставил предлог главниот претрес да се одржи во негово отсуство.

(4) Ако обвинетиот не дојде на главниот претрес, иако уредно е повикан или поканата не можела да се врачи поради непријавување до судот, на промената на адресата или престојувалиштето, судот може да одлучи главниот претрес да се одржи и во негово отсуство под услов неговото присуство да не е нужно и пред тоа да бил испитан

Член 429

(1) Главниот претрес почнува со објавување на главната содржина на обвинителниот предлог или на приватната тужба Започнатиот главен претрес ќе се доврши, по можност без прекинување

(2) Ако судијата во текот на главниот претрес најде дека фактите врз кои се заснова обвинението укажува на кривично дело за чие судење е надлежен совет, ќе се оформи совет и главниот претрес ќе почне одново

(3) По заклучувањето на главниот претрес судот веднаш ќе ја изрече пресудата и ќе ја објави со суштествените причини Пресудата мора да се изработи писмено во рок од осум дена од денот на објавувањето

(4) Против пресудата жалба може да се изјави во рок од осум дена од денот на доставувањето на преписот од пресудата

(5) Странките и оштетениот можат да се одречат од правото на жалба веднаш по објавувањето на пресудата Во таков случај преписот од пресудата ќе се достави до странката и до оштетениот само ако го бараат тоа Ако обете странки и оштетениот по објавувањето на пресудата се одрекле од правото на жалба и ако никој од нив не барал доставување на пресудата, писмено изработената пресуда не мора да содржи образложение.

(6) Одредбите на член 345 од овој закон согласно ќе се применуваат и во поглед на укинувањето на притворот по изрекувањето на пресудата

(7) Кога судот ќе изрече во пресудата казна затвор, може да определи обвинетиот да се стави во притвор, односно да остане во притвор, ако постојат причините од член 419 став 1 на овој закон Притворот во таков случај може да трае до правосилноста на пресудата, но најдолго додека на обвинетиот не му истече казната што ја изрекол првостепениот суд

(8) Ако јавниот обвинител не присуствувал на главниот претрес (член 428 став 1), оштетениот има право во својство на тужител да изјави жалба против пресудата, без оглед на тоа дали се жали и јавниот обвинител.

Член 430

(1) Пред закажувањето на главниот претрес за кривични дела од надлежност на судија поединец за кои се гони по приватна тужба, судијата поединец може да го повика само приватниот тужител и обвинетиот во определен ден да дојдат во судот заради претходно разјаснување на работите, ако смета дека тоа би било целесообразно за побрзо завршување на постапката. До обвинетиот кон поканата се доставува и препис од приватната тужба.

(2) Ако не дојде до помирување на странките и до повлекување на приватната тужба, судијата ќе земе изјави од странките и ќе ги повика да стават свои предлози во поглед на прибавувањето на доказите.

(3) Ако судија поединец не најде дека постојат услови за отфрлање на тужбата ќе донесе одлука за тоа кои докази ќе се изведат на главниот претрес и ќе закаже, по правило, веднаш главен претрес и тоа ќе им го соопшти на странките.

(4) Ако судијата поединец смета дека не е потребно прибавување на докази, а не постојат некои други причини за посебно закажување на главен претрес, може веднаш да го отвори главниот претрес и по изведувањето на доказите што се наоѓаат пред судот да донесе одлука по повод приватната тужба. На ова посебно ќе се предупредат приватниот тужител и обвинетиот при доставувањето на поканата.

(5) За нејавување на приватниот тужител на поканата од став 1 на овој член важи одредбата на член 54 од овој закон

(6) Во случај на недоаѓање на обвинетиот ако судијата одлучил да отвори главен претрес, ќе се примени одредбата на член 428 став 4 на овој закон.

Член 431

(1) Кога второстепениот суд решава по жалба против пресудата на првостепениот суд донесена во скратена постапка, двете странки ќе се известат за седницата на советот на второстепениот суд само ако претседателот на советот или советот најде дека присуството на странките би било корисно за разјаснување на работите.

(2) Ако се работи за кривично дело за кое постапката се води по барање на јавниот обвинител, претседателот на советот пред седницата на советот ќе ги достави списите до јавниот обвинител, кој може да стави свој писмен предлог во рок од осум дена.

Глава XXVI

## ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ НА СУДСКА ОПОМЕНА

Член 432

(1) Судска опомена се изрекува со решение.

(2) Доколку во оваа глава не е предвидено нешто друго, одредбите од овој закон што се однесуваат на пресудата со која обвинетиот се огласува за виновен се применуваат согласно и врз решението за судска опомена.

Член 433

(1) Решението за судска опомена се објавува веднаш по завршувањето на главниот претрес со суштествените причини. При тој случај претседателот

на советот ќе го предупреди обвинетиот дека за кривичното дело што го сторил не му се изрекува казна, зашто се очекува дека и судската опомена врз него доволно ќе влијае повеќе да не врши кривични дела, Ако решението за судска опомена се објавува во отсуство на обвинетиот, судот ваквото предупредување ќе го внесе во образложението на решението. За одрекување од правото на жалба или за писмената изработка на решението согласно се применува одредбата на член 429 став 5 од овој закон.

(2) Во изреката на решението за судска опомена покрај личните податоци за оптужениот, ќе се наведе само дека на оптужениот му се изрекува судска опомена за делото што е предмет на обвинението и законскиот назив на кривичното дело. Изреката на решението за судска опомена ги опфаќа и потребните податоци од член 343 став 1 точки 5 и 7 на овој закон.

(3) Во образложението на решението судот ќе изнесе од кои причини се раководел при изрекувањето на судска опомена.

Член 434

(1) Решението за судска опомена може да се побива поради основите наведени во член 354 точки од 1 до 3 од овој закон, како и поради тоа што не постоеле околности што го оправдуваат изрекувањето на судската опомена.

(2) Ако решението за судска опомена содржи одлука за мерки на безбедност, за одземање на имотна корист, за трошоци на кривичната постапка или за имотно-правно барање, оваа одлука може да се побива од причина што судот правилно не ја применил мерката на безбедност или за одземање на имотната корист, односно што одлуката за трошоците на кривичната постапка или на имотно-правното барање ја донел противно на законските одредби.

Член 435

Повреда на Кривичниот законик во случај на изрекувње на судска опомена постои, освен по прашањата наведени во член 356 точки од 1 до 6 од овој закон, и кога со одлуката за судска опомена, за мерка на безбедност или за одземање на имотната корист е пречекорено овластувањето што судот го има според законот.

Член 436

(1) Ако жалбата против решението за судска опомена ја изјавил тужителот на штета на обвинетиот, второстепениот суд може да донесе пресуда со која обвинетиот се огласува за виновен и се осудува на казна или со која се изрекува условна осуда, ако најде дека првостепениот суд правилно ги утврдил решителните факти, но дека по правилната примена на законот даоѓа предвид изрекување на казна.

(2) По повод чија и да било жалба против решението за судска опомена второстепениот суд може да донесе пресуда со која обвинението се одбива или обвинетиот се ослободува од обвинението, ако најде дека првостепениот суд правилно ги утврдил решителните факти и дека по правилната примена на законот доаѓа предвид изрекување на една од овие пресуди.

(3) Кога постојат условите од член 375 на овој закон, второстепениот суд ќе донесе решение со кое се одбива жалбата како неоснована и се потврдува решението на првостепениот суд за судска опомена.

Глава XXVII

## ПОСТАПКА СПРЕМА МАЛОЛЕТНИЦИ

### 1. Општи одредби

Член 437

(1) Одредбите на оваа глава се применуваат во постапката спрема лица кои извршиле кривично дело како малолетници, а во време на поведувањето на постапката, односно на судењето не наполниле 21 година. Другите одредби на овој закон се применуваат доколку не се во спротивност со одредбите на оваа глава.

(2) Одредбите на членовите 439, 440 и 441, 444 до 447, 456, 458, 460 ставовите 1 и 2 и на член 468 од овој закон се применуваат во постапката спрема помладо полнолетно лице ако до почетокот на главниот претрес се установи дека доаѓа предвид на тоа лице да му се изрече воспитна мерка, а до тоа време тоа не наполнило 21 година.

Член 438

Кога во текот на постапката ќе се утврди дека малолетникот во време на извршувањето на кривичното дело не наполнил 14 години, кривичната постапка ќе се запре и за тоа ќе се извести органот за старателство.

Член 439

(1) На малолетник не може да му се суди во отсуство.

(2) При преземањето на дејствијата на кои присуствува малолетник, а особено при неговото испитување, органите што учествуваат во постапката се должни да постапуваат претпазливо, водејќи сметка за душевната развиеност, чувствителност и за личните особини на малолетникот, за да не влијае водењето на кривичната постапка штетно врз развојот на малолетникот.

(3) Во исто време овие органи со погодни мерки ќе го спречуваат секое недисциплинирано однесување на малолетникот.

Член 440

(1) Малолетникот мора да има бранител од почетокот на подготвителната постапка ако се води постапка за кривично дело за кое е пропишана казна затвор над пет години, а за други кривични дела за кои е пропишана поблага казна - ако судијата за малолетници оцени дека на малолетникот му е потребен бранител.

(2) Ако во случаите од став 2 на овој член, самиот малолетник, неговиот законски застапник или роднините не земат бранител него ќе го назначи по службена должност судијата за малолетници.

Член 441

Никој не може да биде ослободен од должноста да сведочи за околностите потребни за оценување на душевната развиеност на малолетникот, за запознавање на неговата личност и на приликите во кои живее (член 456).

Член 442

(1) Кога малолетникот во извршувањето на кривичното дело учествувал заедно со полнолетно лице, постапката спрема него ќе се издвои и ќе се спроведе според одредбите на оваа глава.

(2) Постапката спрема малолетникот може да се спои со постапката против полнолетно лице и да се спроведе според општите одредби на овој закон само ако спојувањето на постапката е неопходно за сестрано разјаснување на работите. Решение за тоа донесува советот за малолетници на надлежниот суд, по образложен предлог од јавниот обвинител. Против ова решение не е дозволена жалба.

(3) Кога се спроведува единствена постапка за малолетник и за полнолетник сторители, во поглед на малолетникот секогаш ќе се применат одредбите на членовите 439, 440 и 441, 444 до 447, 456, 458, 460 ставовите 1 и 2 и на член 467 од овој закон кога на главниот претрес се разјаснуваат прашањата што се однесуваат на малолетник, како и на членовите 468, 474 и 475 од овој закон, а другите одредби на оваа глава доколку нивната примена не е во спротивност со водењето на споената постапка.

Член 443

Кога лицето извршило некое кривично дело како малолетно, а некое како полнолетно, ќе се спроведе единствена постапка според член 29 од овој закон пред советот што им суди на полнолетните лица.

Член 444

(1) Во постапката спрема малолетници, покрај овластувањата што изрично се предвидени во одредбите на оваа глава, органот за старателство има право да се запознае со текот на постапката, во текот на постапката да става предлози и да укажува на фактите и доказите што се од важност за донесување на правилна одлука.

(2) За секое поведување постапка спрема малолетник јавниот обвинител ќе го извести надлежниот орган за старателство.

Член 445

(1) Малолетникот се повикува преку родителите, односно законскиот застапник, освен ако тоа не е можно поради потребата од итно постапување или од други околности.

(2) Доставувањето на одлуки и на друга писмена до малолетникот се врши согласно со одредбите на член 116 од овој закон, со тоа што до малолетникот не ќе се доставуваат писмената со истакнување на огласната табла на судот, ниту ќе се примени одредбата на член 112 став 2 од овој закон.

Член 446

(1) Без дозвола на судот не смее да се објави текот на кривичната постапка спрема малолетникот, ниту одлуката донесена во таа постапка.

(2) Може да се објави само оној дел од постапката, односно само оној дел од одлуката за кој постои одобрение, но во тој случај не смеат да се наведат името на малолетникот и други податоци врз основа на кои би можело да се заклучи за кој малолетник станува збор.

Член 447

Органите што учествуваат во постапката спрема малолетникот, како и другите органи и установи од кои се бараат известувања, извештаи или мислења се должни најитно да постапат за да се заврши постапката што побргу.

2 Состав на судот

Член 448

(1) Во судовите постојат совети за малолетници. Во првостепените судови постои еден или повеќе судии за малолетници.

(2) Советот за малолетници во првостепениот суд и советот за малолетници во второстепениот суд е составен од судија за малолетници и двајца судии поротници. Судијата за малолетници е претседател на советот.

(3) Судиите - поротници се избираат од редовите на професори, учители, воспитувачи и други лица кои имаат искуство во воспитувањето на малолетници.

(4) Советите за малолетници на повисоките судови во составот предвиден во ставовите 2 и 3 на овој член одлучуваат за жалбите, како и во други случаи определени со овој закон.

(5) Судијата за малолетници на првостепениот суд ја спроведува подготвителната постапка и врши други работи во постапката спрема малолетниците.

Член 449

Судот надлежен за одлучување во втор степен одлучува по жалбите против одлуките на советот за малолетници на првостепениот суд и по жалбите против решенијата на јавниот обвинител и на судијата за малолетници во случаите предвидени во овој закон, како и во случаите кога во овој закон е определено дека одлучува советот за малолетници на повисокиот суд.

Член 450

За постапката спрема малолетникот месно е надлежен по правило судот на неговото живеалиште. А ако малолетникот нема живеалиште или ако тоа е непознато тогаш судот на престојувалиштето на малолетникот. Постапката може да се спроведе пред судот на престојувалиштето на малолетникот што има живеалиште, или пред судот на местото на извршувањето на кривичното дело, ако е очигледно дека кај тој суд полесно ќе се спроведе постапката.

Член 451

Со закон може да се определи еден суд што во прв степен ќе биде надлежен за сите кривични предмети на малолетниците за подрачјето на повеќе судови.

3 Поведување на постапката

Член 452

(1) Кривична постапка спрема малолетник се поведува за сите кривични дела само по барање од јавниот обвинител.

(2) За кривични дела за кои се гони по предлог или приватна тужба, постапката може да се поведе ако оштетениот ставил предлог за поведување постапка до надлежниот јавен обвинител во рокот предвиден во член 48 од овој закон.

(3) Ако јавниот обвинител не стави барање за поведување постапка спрема малолетникот, ќе го извести за тоа оштетениот. Оштетениот не може да ја преземе постапката, односно не може да поднесе при-

ватна тужба до судот туку може во рок од осум дена од приемот на известувањето од јавниот обвинител да бара советот за малолетници на надлежниот суд да одлучи за поведување на постапката.

Член 453

(1) За кривични дела за кои е пропишана казна затвор до три години или парична казна, јавниот обвинител може да одлучи да не бара поведување на кривична постапка иако постојат докази дека малолетникот го сторил кривичното дело,ако смета дека не би било целесообразно да се води постапка спрема малолетник со оглед на природата на кривичното дело и на околностите под кои е сторено, на поранешниот живот на малолетникот и на неговите лични својства. Заради утврдување на овие околности, јавниот обвинител може да побара известување од родителите, односно од старателот на малолетникот, од други лица и установи, а кога е тоа потребно може овие лица и малолетникот да ги повика во јавното обвинителство заради непосредно известување. Тој може да побара мислење од органот за старателство за целесообразноста за поведување постапка спрема малолетникот.

(2) Ако за донесување на одлуката од став 1 на овој член треба да се испитаат личните својства на малолетникот, јавниот обвинител може, во спогодба со органот за старателство, да го упати малолетникот во прифатилиште или во установа за испитување или воспитување, но најдолго на еден месец.

(3) Кога извршувањето на казната или на воспитната мерка е во тек јавниот обвинител може да одлучи да не бара поведување на кривичната постапка за друго кривично дело на малолетникот, ако со оглед на тежината на тоа кривично дело, како и на казната, односно на воспитната мерка што се извршува, не би имало цел водење на постапката и изрекување на кривична санкција за тоа дело

(4) Кога јавниот обвинител во случаите од ставовите 1 и 3 на овој член ќе најде дека не е целесообразно да се поведе постапка спрема малолетникот, ќе ги извести за тоа со наведување на причините, органот за старателство и оштетениот, кои можат во рок од осум дена да бараат од советот за малолетници да одлучи за поведувањето постапка.

Член 454

(1) Во случаите од член 452 став 3 и на член 453 став 4 од овој закон, советот за малолетници решава во седница откако претходно ќе ги прибави списите од јавниот обвинител. На седницата се повикува јавниот обвинител.

(2) Советот за малолетници може да одлучи постапка да не се поведе или спрема малолетникот да се поведе постапка пред судија за малолетници. Против решението на советот за малолетници не е дозволена жалба.

(3) Кога советот ќе одлучи спрема малолетникот да се поведе постапка пред судијата за малолетници, јавниот обвинител може да учествува во оваа постапка и ги има сите овластувања што според овој закон му припаѓаат во постапката.

4. Подготвителна постапка

Член 455

(1) Јавниот обвинител поднесува барање за поведување на подготвителна постапка до судијата за малолетници на надлежниот суд. Ако судијата за малолетници не се согласи со ова барање, ќе побара за тоа да одлучи советот за малолетници на повисокиот суд.

(2) Судијата за малолетници може на Министерството за внатрешни работи да му довери да ја изврши наредбата за претресување на домот или за привремено одземање на предмет, на начинот предвиден со овој закон, а може да му довери преземање на одделни дејствија во случаите предвидени со член 155 став 4 од овој закон.

Член 456

(1) Во подготвителната постапка спрема малолетникот покрај фактите што се однесуваат на кривичното дело посебно ќе се утврдат годините на малолетникот, околностите потребни за оцена на неговата душевна развиеност, ќе се испита средината во која и приликите под кои малолетникот живее и други околности што се однесуваат на неговата личност.

(2) Заради утврдување на тие околности ќе се сослушаат родителите на малолетникот, неговиот старател и други лица кои можат да ги дадат потребните податоци. За овие околности ќе се побара, по потреба извештај од органот за старателство, а ако спрема малолетникот била применета воспитна мерка, ќе се прибави извештај за примената на таа мерка.

(3) Податоците за личноста на малолетникот ги прибавува судијата за малолетници, преку органот за старателство.

(4) Кога за утврдување на здравствената состојба на малолетникот, на неговата душевна развиеност, на психичките својства или наклонетости е потребно малолетникот да го прегледаат вештаци, за овој преглед ќе се определат лекари психолози или педагози. Вакви испитувања на малолетникот можат да се извршат во здравствена или друга установа.

Член 457

(1) Судијата за малолетници сам го определува начинот на изведувањето на одделни дејствија, држејќи се притоа кон одредбите на овој закон, во онаа мера што ги обезбедува правата на обвинетиот на одбраната, правата на оштетениот и собирањето на докази потребни за одлучувањето.

(2) На дејствијата во подготвителната постапка можат да присуствуваат јавниот обвинител и бранителот. Испитување на малолетно лице, кога е тоа потребно, ќе се изврши со помош на педагог или на друго стручно лице. Судијата за малолетници може да одобри на дејствијата во подготвителната постапка да присуствува претставник на органот за старателство и родителот, односно старателот на малолетникот. Кога наведените лица присуствуваат на тие дејствија, можат да ставаат предлози и да му упатуваат прашања на лицето кое се испитува односно сослушува.

Член 458

(1) Судијата за малолетници може да нареди малолетникот во текот на подготвителната постапка да се смести во прифатилиште, во воспитна или во слична установа, да се стави под надзор на орган за старателство или да му се предаде на друго семејство, ако е тоа потребно заради издвојување на малолетникот од средината во која живеел или заради давање помош, заштита или сместување на малолетникот.

(2) Трошоците за сместување на малолетникот се исплатуваат однапред од буџетските средства и влегуваат во трошоците на кривичната постапка.

Член 459

(1) По исклучок, судијата за малолетници може да определи малолетникот да се стави во притвор кога за тоа постојат причините од член 184 став 1 на овој закон.

(2) Врз основа на решението за притвор што го донел судијата за малолетници, притворот може да трае најмногу 30 дена. Советот за малолетници на истиот суд може од оправдани причини да го продолжи притворот најдолго уште за 60 дена.

Член 460

(1) Малолетникот го издржува притворот, по правило, одвоено од полнолетните лица.

(2) Судијата за малолетници може да определи малолетникот да биде во притвор заедно со полнолетни лица ако осамувањето на малолетникот трае подолго а постои можност малолетникот да се стави во просторија со полнолетно лице кое не би влијаело штетно врз него.

(3) Судијата за малолетници спрема притворените малолетници ги има истите овластувања што според овој закон му припаѓаат на истражниот судија во поглед на притворениците.

Член 461

(1) Откако ќе ги испита сите околности што се однесуваат на извршувањето на кривичното дело и на личноста на малолетникот, судијата за малолетници ги доставува списите до надлежниот јавен обвинител кој може, во рок од осум дена, да бара подготвителната постапка да се дополни или да се стави образложен предлог до советот за малолетници за казнување, односно за применување на воспитна мерка.

(2) Предлогот на јавниот обвинител треба да содржи име и презиме на малолетникот, неговите години на возраст, опис на делото, докази од кои произлегува дека малолетникот го извршил кривичното дело, образложение што треба да содржи оцена на душевната развиеност на малолетникот и предлог да се казни малолетникот, односно спрема него да се примени воспитна мерка.

Член 462

(1) Ако во текот на подготвителната постапка јавниот обвинител најде дека нема основа за водење постапка спрема малолетникот или дека постојат причините од член 453 став 3 на овој закон ќе му предложи на судијата за малолетници да ја запре постапката. За предлогот за запирање на постапката јавниот обвинител ќе го извести и органот за старателство, кој е должен, ако не се согласува со предлогот на јавниот обвинител, за тоа да го извести судијата за малолетници во рок од осум дена од денот на приемот на известувањето на јавниот обвинител.

(2) Ако судијата за малолетници не се согласи со предлогот на јавниот обвинител, ќе побара за тоа да одлучи советот за малолетници на повисокиот суд. Советот за малолетници донесува одлука по сослушувањето на јавниот обвинител. Судијата за малолетници ќе постапи вака и кога само органот за старателство не се согласил со предлогот на јавниот обвинител.

(3) Одредбата на член 453 став 3 од овој закон важи и кога советот за малолетници не ќе го усвои предлогот на јавниот обвинител за запирање на постапката.

Член 463

Ако јавниот обвинител, во случаите предвидени во член 452 и 462 од овој закон, не учествувал во постапката спрема малолетникот, судијата за малолетници по завршената подготвителна постапка ќе го изнесе предметот пред советот за малолетници заради судење.

Член 464

Судијата за малолетници го известува претседателот на судот секој месец кои предмети за малолетници не се завршени и за причините поради кои по одделни предмети постапката сè уште е во тек. Претседателот на судот ќе преземе по потреба мерки да се забрза постапката.

5. Постапка пред советот за малолетници

Член 465

(1) Кога ќе го прими предлогот на јавниот обвинител, како и кога постапката спрема малолетник се води без предлог на јавниот обвинител, судијата за малолетници закажува седница на советот или главен претрес.

(2) Кога постапката спрема малолетник се води без предлог на јавниот обвинител, судијата за малолетници на почетокот на седницата, односно на главниот претрес ќе изнесе кое кривично дело му се става на товар на малолетникот.

(3) Казни и заводски мерки можат да се изречат само по одржан главен претрес. Другите воспитни мерки можат да се изречат и на седница на советот.

(4) На седница на советот може да се одлучи да се одржи главен претрес.

(5) За седницата на советот се известуваат и на неа можат да присуствуваат јавниот обвинител, бранителот и претставникот на органот за старателство, а кога е потребно - и малолетникот, и неговите родители односно старателот.

(6) Судијата за малолетници ќе му ја соопшти на малолетникот воспитната мерка што спрема него е изречена на седница на советот.

Член 466

(1) Кога советот за малолетници одлучува врз основа на главен претрес, согласно ќе се применуваат одредбите на овој закон за подготовките за главен претрес, за раководењето со главниот претрес, за одлагањето и прекинувањето на главниот претрес, за записникот и за текот на главниот претрес, но судот може да отстапи од овие правила ако смета дека нивната примена во конкретниот случај не би била целесообразна.

(2) Покрај лицата наведени во член 273 од овој закон, на главниот претрес ќе се повикаат родителите на малолетникот односно старателот и органот за старателство. Недоаѓањето на родителите, на старателот или на претставникот на органот за старателство не го спречува судот да го одржи главниот претрес.

(3) Освен малолетникот, на главниот претрес мора да присуствува јавниот обвинител кој ставил предлог

во смисла на член 461 од овој закон, а во случаите на задолжителна одбрана - и бранителот

(4) Одредбите на овој закон за измена и проширување на обвинението ќе се применуваат и во постапката спрема малолетник, со тоа што советот за малолетници е овластен и без предлог на јавниот обвинител да донесе одлука врз основа на фактичката состојба која е изменета на главниот претрес.

Член 467

(1) Кога му се суди на малолетник секогаш ќе се исклучи јавноста.

(2) Советот може да дозволи на главниот претрес да присуствуваат лица кои се занимаваат со заштита и воспитување на малолетници или со сузбивање на малолетничкиот криминалитет, како и научни работници.

(3) Во текот на главниот претрес советот може да нареди освен јавниот обвинител, бранителот и претставникот на органот за старателство, од заседанието да се отстранат сите или одделни лица

(4) За време на изведувањето на одделни докази или на говорот на странките, советот може да нареди малолетникот да се отстрани од заседанието

Член 468

Во текот на постапката пред судот, судијата за малолетници или советот за малолетници може да донесе одлука за привремено сместување на малолетникот (член 458), а може и да ја укине одлуката која за тоа е донесена порано

Член 469

(1) Судијата за малолетници е должен да закаже главен претрес или седница на советот во рок од осум дена од денот на приемот на предлогот од јавниот обвинител или од денот на завршувањето на подготвителната постапка (член 463), или од денот кога во седница на советот е одлучено да се одржи главен претрес За секое продолжување на овој рок судијата за малолетници мора да има одобрение од претседателот на судот

(2) Одлагање или прекинување на главниот претрес се врши само по исклучок За секое одлагање или прекинување на главниот претрес судијата за малолетници ќе го извести претседателот на судот и ќе ги изнесе причините за одлагањето односно прекинувањето

(3) Судијата за малолетници е должен во рок од три дена од денот на објавувањето писмено да ја изработи пресудата односно решението

Член 470

(1) Советот за малолетници не е врзан за предлогот на јавниот обвинител при одлучувањето дали спрема малолетникот ќе изрече казна или ќе примени воспитна мерка, но ако постапката спрема малолетникот се води без предлог на јавниот обвинител, или ако јавниот обвинител се откажал од предлогот, советот не може на малолетникот да му изрече казна, туку само воспитна мерка

(2) Советот со решение ќе ја запре постапката во случаите кога судот врз основа на член 341 точки од 4 до 6 од овој закон донесува пресуда со која обвинението се одбива или со која оптужениот се ослободува од обвинението (член 342), како и кога советот ќе најде дека не е целесообразно на малолетникот да му се изрече ни казна, ниту воспитна мерка

(3) Советот донесува решение и кога на малолетникот му изрекува воспитна мерка Во изреката на ова решение се наведува само која мерка се изрекува, но малолетникот нема да се огласува за виновен за кривично дело што му се става на товар Во образложението на решението ќе се наведе описот на делото и околностите што ја оправдуваат примената на изречената воспитна мерка

(4) Пресудата со која на малолетникот му се изрекува казна се донесува во формата предвидена во член 343 од овој закон

Член 471

Судот може малолетникот да го осуди на плаќање на трошоците на кривичната постапка и на исполнување на имотно-правните барања, само ако на малолетникот му изрекол казна. Ако спрема малолетникот е применета воспитна мерка, трошоците на постапката паѓаат на товар на буџетските средства, а оштетениот заради остварување на имотно-правните барања се упатува на спор

6 Правни лекови

Член 472

(1) Против пресудата со која на малолетникот му е изречена казна, против решението со кое на малолетникот му е изречена воспитна мерка и против решението за запирање на постапката (член 470 став 2), можат да изјават жалба сите лица кои имаат право на жалба против пресудата (член 351), и тоа во рок од осум дена од денот на приемот на пресудата односно решението

(2) Бранителот, јавниот обвинител, брачниот односно вонбрачниот другар, роднина по крв во права линија, посвоителот, старателот, братот, сестрата и хранителот можат да изјават жалба во корист на малолетникот и против неговата волја

(3) Жалбата против решението со кое се изрекува воспитна мерка која се издржува во установа го задржува извршувањето на решението, ако судот во согласност со родителите на малолетникот и по сослушувањето на малолетникот не одлучи поинаку

(4) На седницата на второстепениот совет (член 362) ќе се повика малолетникот само ако претседателот на советот или советот најде дека неговото присуство би било корисно

Член 473

(1) Второстепениот совет може да ја преиначи првостепената одлука со изрекување на потешка мерка спрема малолетникот, само ако тоа е предложено во жалба

(2) Ако со првостепената одлука не е изречена казна малолетнички затвор или заводска мерка, второстепениот совет може таа казна односно мерка да ја изрече само ако одржи претрес Малолетнички затвор во подолго траење или потешка заводска мерка од онаа што е изречена со првостепената одлука може да се изрече и во седница на второстепениот совет

Член 474

Барање за заштита на законитоста може да се подигне како во случајот кога со судската одлука е повреден законот така и во случајот кога спрема малолетникот неправилно е применета казна или некоја воспитна мерка

Член 475

Одредбите за повторување на кривичната постапка завршена со правосилна пресуда согласно ќе се применуваат и врз повторување на постапката завршена со правосилно решение за примена на воспитна мерка или за запирање на постапката спрема малолетникот.

7. Надзор на судот над спроведувањето на мерките

Член 476

(1) Управата на установата во која се извршува воспитна мерка спрема малолетник е должна секои шест месеци до судот што ја изрекол воспитната мерка да достави извештај за поведението на малолетникот. Судијата за малолетници на тој суд може и самиот да ги посетува малолетниците сместени во установата.

(2) Судијата за малолетници може преку органот за старателство да прибави известување за извршувањето на другите воспитни мерки, а може да определи тоа да го стори и определен стручен работник (социјален работник, дефектолог и друго), ако го има во судот.

8 Запирање на извршувањето и измена на одлуката за воспитните мерки

Член 477

(1) Кога ќе се исполнети условите предвидени во законот за измена на одлуката за изречената воспитна мерка, одлука за тоа донесува судот што во прв степен го донел решението за воспитната мерка, ако самиот најде дека е тоа потребно, или на предлог од јавниот обвинител, од управителот на установата или од органот за стартелство на кој му е доверен надзорот над малолетникот.

(2) Пред донесувањето на одлуката судот ќе ги сослуша јавниот обвинител, малолетникот, родителот или старателот на малолетникот или други лица, а ќе прибави и потребни извештаи од установата во која малолетникот ја издржува заводската мерка, од органот за старателство или од други органи и установи.

(3) Според одредбите на ставовите 1 и 2 на овој член се донесува и одлуката за запирање на извршувањето на воспитната мерка.

(4) Одлуката за запирање или за измена на воспитната мерка ја донесува советот за малолетници.

ДЕЛ ТРЕТИ

ПОСЕБНИ ПОСТАПКИ

Глава XXVIII

ПОСТАПКА ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКИТЕ НА БЕЗБЕДНОСТ ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ИМОТНАТА КОРИСТ И ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ НА УСЛОВНАТА ОСУДА

Член 478

(1) Ако обвинетиот сторил кривично дело во состојба на непресметливост, јавниот обвинител ќе поднесе до судот предлог да изрече мерка на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување на таквиот сторител во здравствена установа односно предлог за задолжително психијатриско лекување на сторителот на слобода ако за изрекување на таква мерка постојат условите предвидени со Кривичниот законик.

(2) Во овој случај обвинетиот, кој се наоѓа во притвор, нема да се пушти на слобода туку до завршувањето на постапката за примена на мерките на безбедност привремено ќе се смести во соодветна здравствена установа или во некоја погодна просторија.

(3) По ставањето на предлогот од став 1 на овој член обвинетиот мора да има бранител.

Член 479

(1) За примената на мерките на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа или задолжително психијатриско лекување на слобода решава, по одржаниот главен претрес судот што е надлежен за судење во прв степен.

(2) Покрај лицата што мораат да се повикуваат на главниот претрес ќе се повикаат како вештаци и лекари психијатри од здравствената установа на која и било доверено вештачењето во поглед на пресметливоста на обвинетиот. Обвинетиот ќе се повика ако неговата состојба е таква да може да присуствува на главниот претрес. За главниот претрес ќе се извести брачниот односно вонбрачниот другар на обвинетиот и неговите родители, односно старателот, а според околностите и други блиски роднини.

(3) Ако судот, врз основа на спроведените докази, утврди дека обвинетиот сторил определено кривично дело и дека во време на извршувањето на кривичното дело бил непресметлив, ќе одлучи врз основа на сослушувањето на повиканите лица и наодите и мислењата на вештаците, дали на обвинетиот ќе му изрече мерка на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, односно задолжително психијатриско лекување на слобода. При одлучувањето која од тие мерки на безбедност ќе ја изрече, судот не е врзан за предлогот на јавниот обвинител.

(4) Ако судот најде дека обвинетиот не бил непресметлив, ќе ја запре постапката за примена на мерките на безбедност.

(5) Против решението на судот во рок од осум дена од денот на приемот на решението можат да изјават жалба сите лица кои имаат право да се жалат против пресудата (член 351), освен оштетениот.

Член 480

Мерките на безбедност од член 478 став 1 на овој закон можат да се изречат и кога јавниот обвинител на главниот претрес ќе го измени подигнатиот обвинителен акт односно обвинителен предлог со поднесување предлог за изрекување на тие мерки.

Член 481

Кога судот ќе му изрече казна на лицето кое извршило кривично дело во состојба на суштествено намалена пресметливост, со истата пресуда ќе ја изрече и мерката на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, ако утврди дека за тоа постојат законски услови.

Член 482

Правосилната одлука со која е изречена мерката на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, односно задолжително психијатриско лекување на слобода (членовите 479 и 481) ќе се достави до судот што е надлежен да одлучи за лишување од деловна способност. За одлуката ќе се извести и органот за старателство.

Член 483

(1) По службена должност или на предлог од здравствената установа или од органот за старателство, а по сослушување на јавниот обвинител, судот што во прв степен изрекол мерка на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа ќе ја запре оваа мерка и ќе определи отпуштање на сторителот од здравствената установа, ако врз основа на мислењето на лекарот утврди дека престанала потребата од лекување и чување на сторителот во таа установа, а може да определи негово задолжително психијатриско лекување на слобода.

(2) Кога од здравствена установа се отпушта сторителот чија пресметливост била суштествено намалена, а во таа установа поминал помалку време отколку што изнесува казната затвор на која е осуден, судот со решение за отпуштање ќе одлучи дали тоа лице ќе го издржи остатокот од казната или ќе биде пуштено на условен отпуст. На сторителот кој се пушта на условен отпуст може да му се изрече и мерка на безбедност задолжително психијатриско лекување на слобода ако за тоа постојат законски услови.

(3) По службена должност или на предлог од управата на здравствената установа во која обвинетиот се лекувал или требало да се лекува, а по сослушувањето на јавниот обвинител, судот може на сторителот спрема кој е применета мерка на безбедност задолжително психијатриско лекување на слобода да му изрече мерка на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, ако установи дека сторителот не се подложил на лекување или самоволно го напуштил или дека и покрај лекувањето останал толку опасен за својата околина што е потребно негово чување и лекување во здравствена установа. Пред донесувањето на одлуката судот по потреба ќе прибави и мислење од лекар, а обвинетиот ќе се сослуша ако неговата состојба го дозволува тоа.

Член 484

(1) За примена на мерката на безбедност задолжително лекување на алкохоличари и наркомани судот одлучува откако ќе прибави наод и мислење од вештак. Вештакот треба да се изјасни и за можностите за лекување на обвинетиот.

(2) Ако при изрекувањето на условна осуда на сторителот му е наложено лекување на слобода, а тој не се подложил на лекување или самоволно го напуштил, судот може, по службена должност или на предлог од установата во која сторителот се лекувал или требало да се лекува, а по сослушувањето на јавниот обвинител и на сторителот да определи отповикување на условната осуда или присилно извршување на изречената мерка задолжително лекување на алкохоличари или наркомани во здравствена установа или во друга специјализирана установа. Пред донесувањето на одлуката судот по потреба ќе прибави и мислење од лекар.

Член 485

(1) Предметите што според Кривичниот законик мораат да се одземат, ќе се одземат и кога кривичната постапка не ќе се заврши со пресуда со која обвинетиот се огласува за виновен, ако тоа го бараат интересите на општата безбедност или причините на моралот.

(2) Посебно решение за тоа донесува органот пред кој се водела постапката во моментот кога постапката е завршена односно кога е запрена.

(3) Решението за одземање на предметите од став 1 на овој член го донесува судот и кога во пресудата со која обвинетиот е огласен за виновен е пропуштено да се донесе таква одлука.

(4) Заверен препис на одлуката за одземање на предмети ќе се достави до сопственикот на предметите ако сопственикот е познат.

(5) Против одлуката од ставовите 2 и 3 на овој член сопственикот на предметите има право на жалба поради непостоење на законска основа за одземање на предметите. Ако решението од став 2 на овој член не го донел судот за жалбата одлучува советот (член 22 став 6) на судот што бил надлежен за судење во прв степен.

Член 486

(1) Имотната корист постигната со извршувањето на кривичното дело се утврдува во кривична постапка по службена должност.

(2) Судот и другите органи пред кои се води кривичната постапка се должни во текот на постапката да собираат докази и да ги извидуваат околностите што се од важност за утврдување на имотната корист.

(3) Ако оштетениот ставил имотно-правно барање во поглед на враќањето на предметите прибавени со кривично дело, односно во поглед на износот што и одговара на вредноста на предметите, имотната корист ќе се утврдува само во оној дел кој не е опфатен со имотно-правното барање.

Член 487

(1) Кога доаѓа предвид одземање на имотна корист прибавена со кривично дело лицето врз кое е пренесена имотна корист, како и претставникот на правното лице ќе се повикаат заради сослушување во претходната постапка и на главниот претрес. Во поканата ќе се предупреди дека постапката ќе се спроведе без нивно присуство.

(2) Претставникот на правното лице ќе се сослуша на главниот претрес по обвинетиот. На ист начин ќе се постапи во однос на лицето врз кое е пренесена имотната корист ако не е повикано како сведок.

(3) Лицето врз кое е пренесена имотната корист како и претставникот на правното лице се овластени во врска со утврдувањето на имотната корист да предлагаат докази и по овластување на претседателот на советот да им поставуваат прашања на обвинетиот, на сведоците и вештаците.

(4) Исклучувањето на јавноста на главниот претрес не се однесува на лицето врз кое е пренесена имотната корист и на претставникот на правното лице.

(5) Ако судот дури во текот на главниот претрес утврди дека доаѓа предвид одземање на имотната корист, ќе го прекине главниот претрес и ќе го повика лицето врз кое е пренесена имотната корист како и претставникот на правното лице

Член 488

Висината на износот на имотната корист судот ќе ја одмери по слободна оцена ако нејзиното утврдување би било сврзано со несразмерни тешкотии или со значително одолжување на постапката

Член 489

Кога доаѓа предвид одземање на имотна корист судот по службена должност според одредбите што важат за извршната постапка, ќе определи привремени мерки на обезбедување. Во таков случај согласно важат одредбите на член 105 ставови 2 и 3 од овој закон

Член 490

(1) Одземање на имотна корист судот може да изрече во пресудата со која обвинетиот се огласува за виновен, во решението за судска опомена или во решението за примена на воспитна мерка, како и решението со кое се изрекува мерката на безбедност.

(2) Во изреката на пресудата или на решението судот ќе наведе кој предмет, односно паричен износ се одзема

(3) Заверен препис на пресудата односно на решението му се доставува и на лицето врз кое е пренесена имотната корист, како и на претставникот на правното лице, ако судот изрекол одземање на имотната корист од тоа лице односно од правното лице.

Член 491

Лицето од член 487 на овој закон може да поднесе барање за повторување на кривичната постапка во поглед на одлуката за одземање на имотната корист

Член 492

Одредбите на член 352 ставови 2 и 3, на членови 360 и 364 од овој закон согласно ќе се применуваат во поглед на жалбата против одлуката за одземање на имотната корист

Член 493

Ако во одредбите на оваа глава не е предвидено нешто друго во поглед на постапката за примена на мерки на безбедност или за одземање на имотната корист, согласно ќе се применуваат другите одредби на овој закон

Член 494

(1) Кога во условната осуда е определено дека казната ќе се изврши ако осудениот не ја врати имотната корист, не ја надомести штетата или не исполни други обврски, а осудениот во определениот рок не ги исполни тие обврски, судот што судел во прв степен ќе спроведе постапка за отповикување на условната осуда на предлог од овластениот тужител, а може и по службена должност

(2) Судијата кој ќе биде определен за тоа ќе го сослуша осудениот ако е достапен, и ќе ги спроведе потребните извиди заради утврдување на фактите и собирање на докази важни за одлуката

(3) Потоа претседателот на советот ќе закаже седница на советот за која ќе ги извести тужителот, осудениот и оштетениот. Недоаѓањето на странките и на оштетениот, ако се уредно известени, не го спречува одржувањето на седницата на советот.

(4) Ако судот утврди дека осудениот не ја исполнил обврската што му била определена со пресудата, ќе донесе пресуда со која ќе ја отповика условната осуда и ќе определи утврдената казна да се изврши, или ќе определи нов рок за исполнување на обврската, или ќе го укине тој услов. Ако судот најде дека нема основа за донесување на некоја од тие одлуки со решение ќе ја запре постапката за отповикување на условната осуда.

## Глава XXIX

## ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКА ЗА БРИШЕЊЕ НА ОСУДАТА ИЛИ ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ НА БЕЗБЕДНОСТ И НА ПРАВНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ОСУДАТА

Член 495

(1) Кога според законот бришење на осудата настапува со изминување на определено време и под услов осудениот во тоа време да не стори ново кривично дело, решение за бришење на осудата донесува по службена должност судот како орган надлежен за водење на казнената евиденција.

(2) Пред донесувањето на решението за бришење на осудата ќе се извршат потребните проверувања, а особено ќе се соберат податоци за тоа дали против осудениот е во тек кривична постапка за некое ново кривично дело сторено пред истекот на рокот предвиден за бришење на осудата

Член 496

(1) Ако судот не донесе решение за бришење на осудата, осуденото лице може да бара да се утврди дека бришење на осудата настапило според законот.

(2) За ова барање одлучува судот по сослушувањето на јавниот обвинител, ако постапката се водела по негово барање

Член 497

Ако условната осуда не биде отповикана ни по една година од денот на престанувањето на времето за проверување, судот што судел во прв степен ќе донесе решение со кое се утврдува бришење на условната осуда Ова решение ќе се достави до осудениот и до јавниот обвинител, ако постапката се водела по негово барање

Член 498

(1) Постапката за бришење на осудата врз основа на судска одлука се поведува на молба од осудениот.

(2) Молбата се поднесува до судот што судел во прв степен.

(3) Судијата кој ќе биде определен за тоа претходно ќе испита дали изминало потребното време според законот, а потоа ќе ги спроведе потребните извиди, ќе ги утврди фактите на кои се повикува молителот и ќе прибави докази за сите околности што се важни за одлуката

(4) Судот може за однесувањето на осудениот да побара извештај од судовите на чие подрачје осудениот престојувал по издржаната казна, а може таков

извештај да бара и од управата на установата во која осудениот ја издржувал казната.

(5) По извршените извиди и по сослушувањето на јавниот обвинител, ако постапката се водела по негово барање, судијата ќе ги достави списите со образложениот предлог до советот на судот што судел во прв степен.

(6) Против одлуката на судот по молбата за бришење на осудата жалба може да изјават молителот и јавниот обвинител.

(7) Ако судот ја одбие молбата затоа што осудениот со своето однесување не заслужил бришење на осудата, осудениот може молбата да ја повтори по истекот на две години од денот на правосилноста на решението за одбивање на молбата.

Член 499

Во уверението што на граѓаните им се дава врз основа на казнената евиденција заради остварување на нивните права во странство бришаната осуда не смее да се спомenува.

Член 500

(1) Молбата за престанување на мерките на безбедност забрана на вршење на професија, дејност или должност, забрана на јавно истапување или забрана на управување со моторно возило, или за престанување на правната последица од осудата која се однесува за забрана на стекнување на определено право се поднесува до судот што судел во прв степен.

(2) Судијата што за тоа ќе биде определен претходно ќе испита дали изминало потребното време според законот, а потоа ќе ги изврши потребните извиди, ќе ги утврди фактите на кои се повикува молителот и ќе собере докази за сите околности што се важни за одлуката.

(3) За однесувањето на осудениот судијата може да побара извештај од судовите на чие подрачје осудениот престојувал по издржаната простената или застарената главна казна, а може таков извештај да бара и од установата во која осудениот ја издржал казната.

(4) По спроведените извиди, а по сослушувањето на јавниот обвинител, ако постапката се водела по негово барање, судијата ќе ги достави списите, со образложен предлог, до судот надлежен за донесување решение по молбата за престанување на мерката на безбедност, односно на правната последица од осудата.

(5) Судот од став 4 на овој член претходно ќе прибави мислење од јавниот обвинител ако постапката се водела по негово барање кој постапува пред тој суд.

Член 501

Во случај на одбивање на молбата, нова молба не може да се поднесе пред истекот на една година од денот на правосилноста на решението за одбивање на поранешната молба.

## Глава XXX
## ПОСТАПКА ЗА ДАВАЊЕ МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА ПОМОШ И ИЗВРШУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ ВО КРИВИЧНО-ПРАВНИ ПРЕДМЕТИ

Член 502

Меѓународната кривично-правна помош се врши според одредбите на овој закон, доколку со меѓународен договор не е определено нешто друго.

Член 503

(1) Молбите на домашните судови за правна помош во кривичните предмети се доставуваат до странските органи по дипломатски пат. На ист начин до домашните судови се доставуваат молбите од странските органи за правна помош.

(2) Во итни случаи, ако постои заемност, молбите за правна помош можат да се доставуваат преку Министерството за внатрешни работи.

(3) Со закон ќе се определи кои судови ќе бидат надлежни за давање меѓународна кривично-правна помош, а може да се определи еден суд да ги врши тие работи за сите судови на определено подрачје.

Член 504

(1) Министерството за надворешни работи ќе ја упати молбата на странскиот орган за правна помош до Министерството за правда кое ќе ја достави на постапка до судот на чие подрачје престојува лицето на кое треба да му се врачи некое писмено или кое треба да се испита или да се соочи или на чие подрачје треба да се изврши некое друго истражно дејствие.

(2) Во случаите предвидени во член 503 став 2 од овој закон, Министерството за внатрешни работи ја упатува молбата до судот преку Министерството за правда.

(3) За дозволеноста и начинот на извршување на дејствието кое е предмет на молбата на странскиот орган одлучува судот според домашните прописи.

(4) Кога молбата се однесува на кривично дело за кое според домашните прописи не е дозволена екстрадиција, судот ќе побара упатство од Министерството за правда.

Член 505

(1) Домашните судови можат да ја прифатат молбата на странскиот орган со која се бара извршување на кривична пресуда на странски суд ако е тоа определено со меѓународен договор, ако постои реципроцитет, и ако санкцијата ја изрече и домашниот суд според Кривичниот законик.

(2) Надлежниот суд донесува пресуда во совет од член 22 став 6 на овој закон. За седницата на советот ќе се извести јавниот обвинител и бранителот.

(3) Месната надлежност на судот се определува според последното живеалиште на осуденото лице во Република Македонија - според местото на раѓање. Ако осуденото лице немало живеалиште ниту е родено во Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија ќе определи еден од стварно надлежните судови пред кој ќе се спроведе постапката.

(4) Стварно надлежен суд е судот определен со закон.

(5) Во изреката на пресудата од став 2 на овој член судот ќе ја внесе целосната изрека и називот на судот од странската пресуда и ќе изрече санкција. Во образложението на пресудата ќе се изнесат причините со кои се раководел при изрекувањето на санкцијата.

(6) Против пресудата можат да изјават жалба јавниот обвинител и осудениот или неговиот бранител.

(7) Ако странскиот државјанин осуден од домашен суд или лицето овластено со договор поднесе молба до првостепениот суд осудениот да ја издржува казната во својата земја, првостепениот суд ќе постапи по меѓународниот договор.

Член 506

За кривичните дела правење и пуштање во оптек фалсификувани пари, неовластено производство, преработка и продажба на опојни дроги и отрови, трговија со бело робје, производство и растурање на порнографски списи, како и за други кривични дела во поглед на кои со меѓународни договори се предвидува централизација на податоците, судот пред кој се води кривичната постапка е должен, без одлагање, да ги достави до Министерството за внатрешни работи податоците за кривичното дело, за сторителот и правосилната пресуда.

Член 507

(1) Ако на територијата на Република Македонија кривично дело извршил странец кој има живеалиште во странска држава, на таа држава можат надвор под условите предвидени во член 510 од овој закон да и се отстапат сите кривични списи заради кривично гонење и судење ако странската држава не му се противи на тоа.

(2) Пред донесување на решението за спроведување на истрага, одлука за отстапување донесува надлежниот јавен обвинител. Во текот на истрагата оваа одлука на предлог на јавниот обвинител ја донесува истражниот судија, а до почетокот на главниот претрес советот (член 22 став 6).

(3) Отстапување може да се дозволи за кривични дела за кои е предвидена казна затвор до десет години, како и за кривични дела загрозување на јавниот сообраќај.

(4) Ако оштетениот е државјанин на Република Македонија отстапување не е дозволено ако тој му се противи на тоа, освен ако е дадено обезбедување за остварување на неговото имотно-правно барање.

(5) Ако обвинетиот се наоѓа во притвор, од странската држава ќе се побара по најкраток пат во рок од 15 дена да извести дали го презема гонењето.

Член 508

(1) Барањето на странската држава во Република Македонија да се преземе гонење на државјанин на Република Македонија или на лице кое има живеалиште во Република Македонија за кривично дело извршено во странство се упатува со списите до надлежниот јавен обвинител на чие подрачје тоа лице има живеалиште.

(2) Ако до надлежниот орган на странската држава е поднесено имотно-правно барање, ќе се постапи како тоа барање да е поднесено до надлежниот суд.

(3) За одбивањето да се преземе кривично гонење како и за правосилната одлука донесена во кривична постапка ќе се извести странската држава што го упатила барањето.

Глава XXXI

ПОСТАПКА ЗА ЕКСТРАДИЦИЈА НА ОБВИНЕТИ И ОСУДЕНИ ЛИЦА

Член 509

Екстрадиција на обвинети или осудени лица ќе се бара и ќе се врши според одредбите на овој закон, доколку со меѓународен договор не е определено нешто друго.

Член 510

(1) Претпоставки за екстрадиција се:

1) лицето чија екстрадиција се бара да не е државјанин на Република Македонија;

2) делото поради кое се бара екстрадиција да не е извршено на територијата на Република Македонија, против неа или против нејзин државјанин;

3) делото поради кое се бара екстрадиција да е кривично дело и според домашен закон и според законот на државата во која е извршено;

4) според домашен закон да не настапила застареност на кривичното гонење или застареност на извршувањето на казната пред да е странецот притворен или како обвинет испитан;

5) странецот чија екстрадиција се бара да не е поради истото дело од домашен суд веќе осуден, или за истото дело да не е од домашен суд правосилно ослободен, или против него да не е кривичната постапка правосилно запрена или обвинението правосилно одбиено или за истото дело да не е поведена постапка во Република Македонија или против неа или против државјанин на Република Македонија, освен ако не е дадена гаранција за остварување на имотно-правното барање на оштетениот.

6) да е утврден идентитетот на лицето чија што екстрадиција се бара и

7) да има доволно докази за основано сомневање дека странецот чија што екстрадиција се бара сторил определено кривично дело или дека постои правосилна пресуда.

Член 511

(1) Постапка за екстрадиција на обвинети или осудени странци се поведува по молба од странска држава.

(2) Молбата за екстрадиција се поднесува по дипломатски пат.

(3) Кон молбата за екстрадиција мораат да се приложат:

1) средства за утврдување на идентитетот на обвинетиот односно на осудениот (точен опис, фотографии, отпечатоци на прстите и слично);

2) уверение или други податоци за државјанство на странецот;

3) обвинителен акт или пресуда или одлука за притвор или некој друг акт рамен на оваа одлука, во оригинал или во заверен препис, во кој треба да е назначено името и презимето на лицето чија екстрадиција се бара и други податоци потребни за утврдување на неговиот идентитет, опис на делото, законски назив на кривичното дело и докази за основаното сомневање и

4) извод од текстот на кривичниот закон на странската држава што треба да се примени или е применет спрема обвинетиот поради делото по повод кое се бара екстрадиција а ако делото е извршено на територијата на трета држава, тогаш и извод од текстот на кривичниот закон на таа држава.

(4) Ако молбата и прилозите се составени на странски јазик мора да биде приложен и заверен превод на македонски јазик.

Член 512

(1) Министерството за надворешни работи ја доставува молбата за екстрадиција на странец преку Министерството за правда до истражниот судија на

судот на чие подрачје странецот престојува или на чие подрачје ќе се затече.

(2) Ако не се знае живеалиштето или престојувалиштето на странецот чија екстрадиција се бара, тоа ќе се установи претходно преку органите за внатрешни работи.

(3) Ако молбата им одговара на условите од член 511 на овој закон истражниот судија ќе издаде налог странецот да се притвори, ако постојат причините од член 184 на овој закон, односно ќе преземат други мерки за обезбедување на негово присуство, освен ако веќе од самата молба е очигледно дека нема место за екстрадиција.

(4) Истражниот судија откако ќе го установи идентитетот на странецот, на овој без одлагање ќе му соопшти зошто и врз основа на кои докази се бара негова екстрадиција и ќе го повика да наведе што има во своја одбрана.

(5) За испитувањето и одбраната ќе се состави записник. Истражниот судија ќе го упати странецот дека може да земе бранител или ќе му го назначи по службена должност, ако е во прашање кривично дело за кое одбраната според овој закон е задолжителна.

Член 513

(1) Во итни случаи кога постои опасност дека странецот ќе побегне или ќе се сокрие, Министерството за внатрешни работи може странецот да го лиши од слобода заради спроведување до истражниот судија на надлежниот суд врз основа на молбата од надлежниот странски орган, без оглед на тоа како е упатена. Во молбата треба да бидат наведени податоците за утврдување на идентитетот на странецот, природата и називот на кривичното дело, бројот на одлуката, датумот, местото и називот на странскиот орган што го определил притворот и изјава дека екстрадицијата ќе биде барана по редовен пат

(2) Кога ќе се определи притвор во смисла на став 1 од овој член истражниот судија по негово испитување ќе го извести за притвор Министерството за надворешни работи преку Министерството за правда.

(3) Истражниот судија ќе го пушти на слобода странецот кога ќе престанат причините за притворот, или ако молба за екстрадиција не биде поднесена во рокот што го определил тој водејќи сметка за оддалеченоста на државата која бара екстрадиција, а кој не може да биде подолг од 90 дена од денот на притворањето на странецот. За овој рок ќе се извести странската држава.

(4) Кога пропишаната молба ќе биде поднесена во определен рок, истражниот судија ќе постапи според член 512 ставови 3 и 4 од овој закон.

Член 514

(1) По сослушувањето на јавниот обвинител и на бранителот, истражниот судија по потреба ќе спроведе и други извидни дејствија заради утврдување дали постојат услови за екстрадиција на странецот, односно за предавање на предметите врз кои или со помош на кои е сторено кривичното дело ако тие предмети се одземени од странецот.

(2) По спроведените извиди истражниот судија списите на извидот, со своето мислење, ќе ги достави до советот.

(3) Ако против странецот чија екстрадиција се бара кај домашен суд е во тек кривична постапка поради истото или друго кривично дело, истражниот судија тоа ќе го назначи во списите.

Член 515

(1) Ако советот на надлежниот суд најде дека не се исполнети законските претпоставки за екстрадиција, ќе донесе решение дека молбата за екстрадиција се одбива Ова решение тој суд по службена должност ќе го достави до Врховниот суд на Република Македонија кој по сослушувањето на јавниот обвинител ќе го потврди, укине или преиначи решението.

(2) Ако странецот е во притвор, советот може да одлучи тој да остане во притвор до правосилноста на решението за одбивање на екстрадицијата.

(3) Правосилното решение со кое се одбива екстрадицијата ќе се достави преку Министерството за правда до Министерството за надворешни работи, кое за тоа ќе ја извести странската држава.

Член 516

Ако советот на надлежниот суд најде дека се исполнети законските претпоставки за екстрадиција на странецот (член 510), ќе го утврди тоа со решение. Против ова решение странецот има право на жалба до надлежниот суд.

Член 517

Ако судот по повод жалбата најде дека се исполнети законските услови за екстрадиција на странецот, односно ако против таквото решение на првостепениот суд не биде вложена жалба предметот се доставува до Министерството за правда кое ќе одлучи за екстрадицијата

Член 518

(1) Министерот за правда донесува решение со кое екстрадицијата ја дозволува или не ја дозволува. Министерот за правда може да донесе решение екстрадицијата да се одложи затоа што поради друго кривично дело кај домашен суд е во тек кривична постапка против странецот чија што екстрадиција се бара или затоа што странецот се наоѓа на издржување на казна во Република Македонија.

(2) Министерот за правда нема да дозволи екстрадиција на странец што во Република Македонија ужива право на азил или ако станува збор за политичко или воено кривично дело Тој може да одбие екстрадиција ако се во прашање кривични дела за кои во домашен закон е предвидена казна затвор до три години или ако странскиот суд изрекол казна лишување од слобода до една година.

Член 519

(1) Во решението со кое се дозволува екстрадиција на странец министерот за правда ќе наведе дека:

1) тој не може да се гони за друго кривично дело сторено пред екстрадицијата;

2) спрема него не може да се изврши казна за друго кривично дело сторено пред екстрадицијата;

3) спрема него не може да се примени потешка казна од онаа на која е осуден и

4) тој не смее да и се екстрадира на трета држава заради гонење за кривично дело сторено пред дозволената екстрадиција.

(2) Освен наведените услови министерот за правда може да постави и други услови за екстрадиција

Член 520

(1) За решението со кое е одлучено за екстрадиција ќе се извести странската држава по дипломатски пат.

(2) Решението со кое се дозволува екстрадиција ќе се достави до Министерството за внатрешни работи кое наредува странецот да се спроведе до границата каде што на договореното место ќе им се предаде на органите на странската држава што ја барала екстрадицијата.

Член 521

(1) Ако екстрадиција на исто лице бараат повеќе странски држави поради исто кривично дело, ќе и се даде првенство на молбата на државата чиј што државјанин е тоа лице, а ако таа држава не бара екстрадиција - на молбата на државата на чија територија е извршено кривичното дело, а ако делото е извршено на територијата на повеќе држави или не се знае каде е извршено - на молбата на државата што прва ја барала екстрадицијата.

(2) Ако екстрадиција на исто лице бараат повеќе странски држави поради различни кривични дела, ќе и се даде првенство на молбата на онаа држава чиј државјанин е тоа лице, а ако оваа држава не бара екстрадиција - на молбата на државата на чие што подрачје е извршено најтешкото кривично дело, а ако делата се со иста тежина - на молбата на државата што прва ја барала екстрадицијата .

Член 522

(1) Ако против лице кое се наоѓа во странска држава се води кривична постапка во Република Македонија или ако лицето кое се наоѓа во странска држава го казнил домашниот суд, министерот за правда може да поднесе молба за екстрадиција.

(2) Молбата се поднесува до странската држава по дипломатски пат и кон неа се приложуваат исправите и податоците од член 511 на овој закон.

Член 523

(1) Кога постои опасност дека лицето за кое се бара екстрадиција ќе побегне или ќе се сокрие, министерот за правда може и пред да се постапи според член 522 од овој закон да бара против тоа лице да се преземат потребните мерки заради негово притворање.

(2) Во молбата за привремено притворање посебно ќе се назначат податоците за идентитетот на бараното лице, природата и називот на кривичното дело, бројот на одлуката, датумот, местото и називот на органот што го определил притворот, односно податоци за правосилноста на пресудата, како и изјава дека екстрадицијата ќе се бара по редовен пат.

(3) Времето поминато во притвор определен од странскиот суд не се засметува во рокот определен во член 189 став 1 од овој закон.

Член 524

(1) Ако бараното лице биде екстрадирано, ќе може кривично да се гони односно спрема него да се изврши казната само за кривичното дело за кое е одобрена екстрадицијата.

(2) Ако таквото лице правосилно е осудено од домашниот суд и за други кривични дела сторени пред екстрадицијата за кои екстрадиција не е одобрена, ќе се применат согласно одредбите на член 330 од овој закон.

(3) Ако екстрадицијата е одобрена под определени услови во поглед на видот или височината на казната што може да се изрече односно да се изврши и под тие услови биде прифатено, судот при изрекувањето на казната е врзан со тие услови, а ако се работи за извршување на веќе изречена казна, судот што судел во последен степен ќе ја преиначи пресудата и ќе ја сообрази изречената казна кон условите за екстрадиција.

(4) Ако екстрадираното лице било притворено во странска држава поради кривичното дело поради кое е екстрадирано, времето што го поминало во притвор ќе му се засмета во казната.

Член 525

(1) Ако екстрадиција бара странска држава од друга странска држава а бараното лице би требало да се спроведе преку територијата на Република Македонија спроведувањето на молба од заинтересираната држава може да дозволи министерот за правда, под услов да не е во прашање државјанин на Република Македонија и екстрадицијата да не се врши за политичко или воено кривично дело.

(2) Молбата за спроведување на лицето преку територијата на Република Македонија мора да ги содржи сите податоци од член 511 на овој закон.

Глава XXXII

ПОСТАПКА ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДРУГИТЕ ПРАВА НА ЛИЦА НЕОПРАВДАНО ОСУДЕНИ И НЕОСНОВАНО ЛИШЕНИ ОД СЛОБОДА

Член 526

(1) Право на надомест на штета поради неоправдана осуда има лицето спрема кое била правосилно изречена кривична санкција или кое е огласено за виновно а е ослободено од казната, а подоцна по повод вонреден правен лек новата постапка правосилно е запрена или со правосилна пресуда е ослободено од обвинението или обвинението е одбиено, освен во следниве случаи:

1) ако до запирање на постапката или пресудата со која обвинението се одбива дошло поради тоа што во новата постапка оштетениот како тужител, односно приватниот тужител се откажал од гонењето или оштетениот се откажал од предлогот а до откажување дошло врз основа на спогодба со обвинетиот и

2) ако со решение во новата постапка обвинителниот акт бил отфрлен поради тоа што судот не бил надлежен, а овластениот тужител го започнал гонењето пред надлежниот суд.

(2) Осудениот нема право на надомест на штета ако со свое лажно признание или на друг начин намерно ја причинил својата осуда, освен ако на тоа бил присилен.

(3) Во случај на осуда за кривични дела во стек, правото на надомест на штета може да се однесува и на одделни кривични дела во поглед на кои се исполнети условите за признавање надомест.

Член 527

(1) Правото на надомест на штета застарува за три години од денот на правосилноста на пресудата со која обвинетиот е ослободен од обвинението или со кое обвинението е одбиено, односно во рок од три години од правосилноста на решението со кое обвинителниот акт бил отфрлен или постапката е запрена, а ако по повод жалбата решавал повисокиот суд во рок од три години од денот на приемот на одлуката на повисокиот суд.

(2) Пред поднесувањето до судот на тужба за надомест на штета, оштетениот е должен со свое барање да се обрати до Министерството за правда заради постигање спогодба за постоење на штета и за видот и висината на надоместот.

(3) Во случајот од член 526 став 1 точка 2 на овој закон, за барањето може да се решава само ако овластениот тужител не презел гонење пред надлежниот суд во рок од три месеци од денот на приемот на правосилната одлука. Ако по истекот на овој рок овластениот тужител го преземе гонењето пред надлежниот суд по истекот на овој рок, ќе се прекине постапката за надомест на штетата до окончувањето на кривичната постапка

Член 528

(1) Ако барањето за надомест на штетата не биде усвоено или по него Министерството за правда не донесе одлука во рок од три месеци од денот на поднесувањето на барањето оштетениот може кај надлежниот суд да поднесе тужба за надомест на штета Ако е постигната спогодба само во поглед на дел од барањето, оштетениот може да поднесе тужба во поглед на остатокот од барањето.

(2) Додека трае постапката од став 1 на овој член, не тече застареноста предвидена во член 527 став 1 од овој закон.

(3) Тужбата за надомест на штета се поднесува против Република Македонија.

Член 529

(1) Наследниците го наследуваат само правото на оштетеното лице на надомест на имотна штета. Ако оштетениот веќе ставил барање, наследниците можат да ја продолжат постапката само во границите на веќе поставеното барање за надомест на имотна штета.

(2) Наследниците на оштетеното лице можат по неговата смрт да ја продолжат постапката за надомест на штетата односно да поведат постапка ако осуденото лице умрело пред истекот на рокот на застареноста и од барањето не се одрекло.

Член 530

(1) Право на надомест на штетата му припаѓа и на лицето, кое·

1) било во притвор а не дошло до поведување кривична постапка или постапката е запрена со правосилно решение, или со правосилна пресуда е ослободено од обвинението или обвинението е одбиено,

2) издржувало казна лишување од слобода, а по повод повторувањето на кривичната постапка, барањето за заштита на законитоста или барањето за вонредно преиспитување на правосилната пресуда му е изречена казна лишување од слобода во пократко траење од казната што ја издржал, или му е изречена кривична санкција која не се состои во лишување од слобода или е огласено за виновно, а е ослободено од казната;

3) поради грешка или незаконита работа на органот неосновано е лишено од слобода, или е задржано подолго во притвор или во установата за издржување на казната или мерката и

4) во притвор поминало подолго време отколку што трае казната затвор на која е осудено.

(2) На лицето кое според член 188 од овој закон е лишено од слобода, без законска основа, му припаѓа право на надомест на штета ако против него не е определен притвор ниту времето за кое е лишено од слобода му е засметано во изречената казна за кривично дело или за прекршок.

(3) Надомест на штета не му припаѓа на лице кое со свои недозволени постапки причинило лишување од слобода. Во случаите од точка 1 став 1 на овој член е исклучено правото на надомест на штета иако постоеле околностите од член 526 став 1 точки 1 и 2 или ако постапката е запрена врз основа на член 135 од овој закон

(4) Во постапката за надомест на штета во случаите од ставовите 1 и 2 на овој член согласно ќе се применуваат одредбите на оваа глава.

Член 531

(1) Ако случајот на кој се однесува неоправданата осуда или неоснованото лишување од слобода на некое лице е прикажано во јавно средство за информирање и со тоа бил повреден угледот на тоа лице, судот, на негово барање ќе објави во весниците или во друго јавно средство за информирање соопштение за одлуката од која произлегува неоправданоста на поранешната осуда односно неоснованоста на лишувањето од слобода Ако случајот не е прикажан во средство за јавно информирање вакво соопштение, на барање од тоа лице, ќе се достави до неговиот работодавач По смртта на осуденото лице правото на поднесување на ова барање му припаѓа на неговиот брачен, односно вонбрачен другар, на децата, родителите, браќата и сестрите.

(2) Барањето од став 1 на овој член може да се поднесе и ако не е ставено барање за надомест на штета.

(3) Независно од условите предвидени во член 526 од овој закон, барањето од став 1 на овој член може да се поднесе и кога по повод вонреден правен лек е изменета правната квалификација на делото, ако поради правната квалификација во поранешната пресуда бил потешко повреден угледот на осуденото лице

(4) Барање од ставовите од 1 до 3 на овој член се поднесува во рок од шест месеци (член 527 став 1), до судот што во кривична постапка судел во прв степен За барањето одлучува советот (член 22 став 6) При решавањето за барањето согласно се применуваат одредбите на член 526 ставови 2 и 3 и на член 530 став 3 од овој закон

Член 532

Судот што во кривична постапка судел во прв степен ќе донесе по службена должност решение со кое се поништува запишувањето на неправедната осуда во казнената евиденција Решението се доставува до Министерството за правда.

За поништеното запишување не смеат никому да му се даваат податоци од казнената евиденција.

Член 533

Лицето на кое му е дозволено разгледување и препишување на списите (член 124) што се однесуваат на неоправдана осуда или на неосновано лишување од слобода, не може да употреби податоци од тие списи на начин што би бил од штета за рехабилитацијата на лицето против кое е водена кривична постапка. Претседателот на судот е должен на ова да го предупреди лицето на кое му е дозволено разгледување, и тоа ќе се забележи на списот, со потпис на тоа лице.

Член 534

(1) На лицето на кое поради неоправдана осуда или неосновано лишување од слобода му престанал работниот однос или својството на осигуреник на социјално осигурување, му се признава работниот стаж, односно стажот на осигурување како да било на работа за времето за кое поради неоправданата осуда или неоснованото лишување од слобода го загубило стажот. Во стажот се засметува и времето на невработеност до која дошло поради неоправданата осуда или неоснованото лишување од слобода, а која не настанала по вина на тоа лице.

(2) При секое решавање за правото врз кое влијае должината на работниот стаж, односно на стажот на осигурување, надлежниот орган или правното лице ќе го земе предвид стажот признаен со одредбата на став 1 од овој член.

(3) Ако органот или правното лице од став 2 на овој член не го земе предвид стажот признаен со одредбата на став 1 од овој член, оштетеното лице може да бара судот наведен во член 528 став 1 од овој закон да утврди дека признавање на ова време настапило според законот. Тужбата се поднесува против органот или правното лице кое го оспорува признаениот стаж и против Република Македонија (член 528 став 3).

(4) На барање на органот, односно правното лице кај кое правото од став 2 на овој член се остварува, ќе се исплати од буџетските средства (член 528 став 3) пропишаниот придонес за времето за кое со одредбата на став 1 на овој член стажот е признаен.

(5) Стажот на осигурувањето признаен со одредбата на став 1 од овој член во целост се засметува во пензискиот стаж.

Глава XXXIII

## ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ ПОТЕРНИЦА И ОБЈАВА

Член 535

Ако не се знае живеалиштето или престојувалиштето на обвинетиот кога тоа според одредбите на овој закон е неопходно, судот ќе побара од Министерството за внатрешни работи обвинетиот да го побара и да го извести судот за неговата адреса.

Член 536

(1) Издавање потерница може да се нареди кога обвинетиот против кого е поведена кривична постапка поради кривично дело за кое се гони по службена должност и за кое според законот може да се изрече казна затвор од три години или потешка казна се наоѓа во бегство, а постои наредба за негово доведување или решение за определување притвор.

(2) Издавање потерница наредува судот пред кој се води кривична постапка.

(3) Издавање на потерница ќе се нареди и во случај на бегство на обвинетиот од установата во која ја издржува казната без оглед на висината на казната, или бегство од установата во која издржува заводска мерка сврзана со лишувањето од слобода. Наредба во таков случај издава управителот на установата.

(4) Наредбата на судот или на управителот на установата за издавање на потерница се доставува до Министерството за внатрешни работи заради извршување.

(5) Министерството за внатрешни работи води евиденција за издадените потерници. Податоците за лицата против кои е издадена потерница се бришат од евиденција кога надлежниот орган ќе ја отповика потерницата.

Член 537

(1) Ако се потребни податоци за одделни предмети што се во врска со кривичното дело, или овие предмети треба да се пронајдат, а особено ако е тоа потребно, заради установување на идентитетот на пронајден непознат леш, ќе се нареди издавање објава во која ќе се побара податоците или известувањата да се доставaт до органот што ја води постапката.

(2) Министерството за внатрешни работи може да објавуваат и фотографии на лешеви и на исчезнати лица ако постојат основи за сомневање дека до смрт односно до исчезнување на тие лица дошло поради кривично дело.

Член 538

Органот што наредил издавање на потерница, или објава е должен веднаш да ја повлече кога ќе се пронајде бараното лице или предмет, или кога ќе настапи застареност на кривичното гонење или на извршувањето на казната или други причини поради кои потерницата или објавата повеќе не се потребни.

Член 539

(1) Потерница и објава распишува Министерството за внатрешни работи.

(2) Заради известување на јавноста за потерницата или објавата можат да се користат средствата за јавно информирање.

(3) Ако е веројатно дека лицето по кое е издадена потерница се наоѓа во странство, Министерството за внатрешни работи може да распише и меѓународна потерница.

(4) На молба од странски орган, Министерството за внатрешни работи може да распише потерница и за лице за кое се сомнева дека се наоѓа во Република Македонија ако во молбата е дадена изјава дека во случај на пронаоѓање на тоа лице ќе се побара негова екстрадиција.

Глава XXXIV

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 540

Судијата на првостепениот суд донесува одлука по барање за повторување на постапката (член 394 став 1) и става предлог по повод барањето за вонредно ублажување на казната (член 401 став 4).

Член 541

Одредбите на овој закон за повторување на постапката, надомест на штета, рехабилитација и за остварување на другите права на лица неоправдано осудени и неосновано лишени од слобода ќе се применуваат и на случаите правосилно завршени пред влегувањето во сила на овој закон.

Член 542

За лицата родени во странство, како и за оние чие место на раѓање е непознато казнената евиденција ја води Основниот суд Скопје II во Скопје.

Член 543

За малолетни лица родени во странство или со непознато место на раѓање се устројува централен регистар што го води Основниот суд Скопје II во Скопје.

Член 544

Со денот на влегувањето во сила на овој закон кривичните постапки што не се довршени според одредбите на Законот за кривичната постапка ("Службен лист на СФРЈ" број 4/77, 14/85, 74/87, 57/89 и 4/90) ќе се довршат според одредбите на овој закон, доколку тие се поповолни за обвинетото лице.

Член 545

Со денот на влегување во сила на овој закон, престанува да важи Законот за кривична постапка ("Службен лист на СФРЈ" број 4/77, 14/85, 74/87, 57/89 и 4/90).

Член 546

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**274.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**УКАЗ**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ**

Се прогласува Законот за прекршоците, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 март 1997 година.

Број 08-1021/1
26 март 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ

ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Содржина на законот**

Член 1

Со овој закон се определуваат условите за прекршочната одговорност и изрекувањето и извршувањето на прекршочните санкции и се уредува прекршочната постапка.

**Примена на одредбите на Кривичниот законик и Законот за кривичната постапка**

Член 2

(1) На прекршочната одговорност, изрекувањето и извршувањето на прекршочните санкции се применуваат одредбите од општиот дел од Кривичниот законик, доколку со овој закон поинаку не е определено.

(2) На прекршочната постапка се применуваат одредбите од Законот за кривичната постапка, доколку со овој закон поинаку не е определено.

Дел први

МАТЕРИЈАЛНО-ПРАВНИ ОДРЕДБИ

Глава прва

ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Законитост во определувањето на прекршоците и во пропишувањето на прекршочните санкции**

Член 3

Никому не може да му биде изречена прекршочна санкција за дело кое, пред да е сторено, не било со закон определено како прекршок и за кое со закон не била пропишана казна.

**Прекршочни санкции**

Член 4

Прекршочни санкции се: казни, прекршочна опомена, мерки на безбедност и воспитни мерки.

Глава втора

ПРЕКРШОК И ПРЕКРШОЧНА ОДГОВОРНОСТ

**Прекршок**

Член 5

Прекршокот е противправно дело што со закон е определено како прекршок и чии обележја се определени со закон.

**Одговорност за прекршок**

Член 6

(1) За прекршок може да биде одговорно физичко и правно лице,

(2) Прекршочна постапка нема да се води ниту ќе се изрекува казна за прекршок против лица кои уживаат дипломатски имунитет.

**Одговорност на физичко лице**

Член 7

(1) За одговорност на физичко лице достатна е небрежност на сторителот, доколку со законот во кој е пропишан прекршокот не е определено дека ќе се казни само кога е сторен со умисла.

(2) Одговорно лице во правно лице, ќе се казни за прекршок кога до извршување на прекршокот дошло со негово дејствие или со негово пропуштање на должен надзор.

**Одговорност на правно лице**

Член 8

(1) Правното лице може да одговара за прекршок само ако тоа посебно е определено со законот со кој прекршокот е предвиден.

(2) Правното лице е одговорно за прекршок ако до извршување на прекршокот дошло со дејствие или со пропуштање на должен надзор од страна на надлежниот орган или на одговорното лице во правното лице или со дејствие или пропуштање на друго лице кои било овластено да постапува од името на правното лице.

**Одговорност на странско правно лице**

Член 9

Странско правно лице ќе се казни за прекршок ако прекршокот е сторен на територијата на Република Македонија и ако има свое претставништво или друга фирма во Република Македнија.

**Казнување за обид**

Член 10

За обид на прекршок сторителот е одговорен само ако тоа е определено со закон

Глава трета

I. ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

**1. Казни**

**Видови казни**

Член 11

(1) За прекршок на физичко лице можат да се изречат парична казна и казна затвор.

(2) За прекршок на правното лице може да се изрече парична казна.

(3) Казната затвор може да се изрече како главна казна.

(4) Паричната казна може да се изрече како главна и како споредна казна.

(5) Ако за прекршокот покрај казната затвор е пропишана и парична казна, паричната казна ќе се изрече како споредна казна.

(6) Паричната казна ќе се изрече како споредна казна и кога не е пропишана за прекршокот ако се работи за прекршок сторен од користољубие.

**Затвор**

Член 12

(1) Казната затвор не може да се пропише во траење пократко од пет дена ниту подолго од 90 дена.

(2) Казната затвор се изрекува на полни денови.

(3) Казната затвор не може да се изрече на бремена жена по наполнети три месеци бременост ниту на мајка додека детето не наполни една година, а ако детето е родено мртво – додека не поминат шест месеци од денот на породувањето.

**Парична казна**

Член 13

(1) Парична казна за физичко лице не може да се пропише во износ помал од 1.000 денари, ниту поголем од 50.000 денари.

(2) Парична казна за правно лице не може да се пропише во износ помал од 10.000 денари, ниту поголем од 300.000 денари.

(3) За прекршоци сторени од користољубие, или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета може да се пропише парична казна до двојниот износ од казната од став 1 или во сразмер со висината на причинетата штета или прибавената корист, но најмногу до нивниот дваесеткратен износ.

(4) Со законот за прекршокот за мандатно казнување може да се пропише парична казна во определен износ кој:

– за физички лица не може да биде поголем од 10.000 денари,

– за правни лица не може да биде поголем од 100.000 денари.

**Рок на плаќање на паричната казна**

Член 14

(1) Во одлуката за прекршокот се определува рокот за плаќање на паричната казна, кој не може да биде пократок од 15 дена ниту подолг од 30 дена од денот на правосилноста на одлуката.

(2) Во оправдани случаи судот што ја донел одлуката за прекршок во прв степен може да дозволи паричната казна да се исплати во рати. Во тој случај судот ќе го определи начинот на плаќањето и рокот на плаќањето кој не може да биде подолг од шест месеци.

**Замена на паричната казна**

Член 15

(1) Ако казнетото физичко лице во определениот рок не ја плати паричната казна, судот ќе ја изврши така што паричната казна ќе се замени со затвор сметајќи ги секои започнати 1.000 денари за еден ден затвор, со тоа што затворот да не може да трае подолго од 60 дена.

(2) Ако казнетото физичко лице казнето со парична казна над 2.000,00 денари плати само дел од паричната казна остатокот од паричната казна ќе се замени со затвор.

(3) Извршувањето на затворот, со кој е заменета паричната казна, ќе се прекине ако казнетиот го плати остатокот на паричната казна по засметувањето на делот од таа казна што и одговара на делот од извршениот затвор.

(4) Ако покрај паричната казна е изречена и казна затвор, затворот со кој се заменува парична казна и изречената казна затвор не може да трае подолго од 90 дена.

**Присилна наплата на паричната казна**

Член 16

Ако казнетото правно лице не ја плати во определениот рок паричната казна, наплатата ќе се изврши по присилен пат, согласно со закон.

**2. Одмерување на казната**

**Стек на прекршоци**

Член 17

Ако сторителот со едно дејствие или со повеќе дејствија сторил повеќе прекршоци по кои не е донесена пресуда за прекршок а постапката се води пред истиот суд, претходно ќе се утврди казната за секој прекршок и ќе се изречат сите утврдени казни, а ако казните се од ист вид ќе се изрече единствена казна што е еднаква на збирот на одделно утврдените казни, со тоа што вкупната казна затвор не може да изнесува повеќе од 90 дена а вкупната парична казна не може да биде поголема од максимумот на паричната казна пропишана со овој закон.

**Продолжен прекршок**

Член 18

(1) На сторителот кој искористувајќи ист траен однос, исти прилики или други слични околности, со уми-

сла ќе изврши две или повеќе временски поврзани дејствија што претставуват повеќекратно остварување на ист прекршок, судот ќе му изрече единствена казна во границите на казната пропишана за тој прекршок.

(2) На сторителот кој под условите од став 1 ќе изврши две или повеќе временски поврзани дејствија што претставуваат остварување на истородни прекршоци, судот ќе му изрече казна во границите на казната пропишана за најтешкиот прекршок.

**Ублажување на казната**

Член 19

Судот може на сторителот на прекршокот да му одмери казна под границата определена за тој прекршок или да примени поблаг вид казна:

1. Ако законот предвидува дека сторителот може да се казни поблаго и
2. Ако при одмерувањето на казната се утврди дека прекршокот не е од потешка природа или дека со прекршокот не се причинети потешки последици, а постојат олеснувачки околности што укажуваат дека и со поблага казна ќе се постигне целта на казнувањето.

**Граници на ублажување на казната**

Член 20

Кога постојат услови за ублажување на казната од член 19, судот пропишаната казна може да ја ублажи на еден од следните начини:

1. Ќе изрече казна под најмалата мерка на казната што е пропишана за тој прекршок, но не под најмалата законска мерка на тој вид казна;
2. Наместо пропишаната казна затвор ќе изрече парична казна и
3. Наместо кумулативно пропишаните казна затвор и парична казна ќе изрече само една од тие казни.

**Засметување на притворот**

Член 21

(1) Ако сторителот на прекршокот по било кој основ е лишен од слобода во врска со прекршокот, времето на лишувањето од слобода му се засметува во изречената казна.

(2) Лишувањето од слобода што траело подолго од 12 а пократко од 24 часа се засметува во еден ден затвор, односно 1.000 денари за еден ден, а кога е изречена паричната казна за еден ден лишување од слобода се засметуваат 1.000 денари.

**Мандатно казнување**

Член 22

(1) Сторителот затекнат при извршување на прекршок, за кој е предвидена парична казна во определен износ (член 13 став 4) од страна на службено лице на кое со законот му е дадено такво овластување, може да ја плати казната на самото место, по негова согласност.

(2) Ако сторителот доброволно не ја плати мандатната казна од став 1 на самото место или во рок кој не може да биде подолг од осум дена, по барање на овластен орган судот ќе го казни за прекршок со парична казна која не може да биде помала од казната што во одреден износ е пропишана за тој прекршок, ниту поголема од трикратниот износ на така пропишаната казна, но не повеќе од максимумот на паричната казна пропишана во овој закон.

(3) Во случај на стек на прекршоци, сторителот не може мандатно да се казни.

## II. ПРЕКРШОЧНА ОПОМЕНА

**Услови за изрекување**

Член 23

(1) Прекршочна опомена може да се изрече наместо казна, ако прекршокот е сторен под такви олеснителни околности кои го прават особено лесен, и може да се очекува дека целта на казнувањето ќе се постигне со изрекување на прекршочна опомена.

(2) Прекршочна опомена може да се изрече и ако прекршокот се состои од неисполнување на пропишаната обврска или со прекршокот е нанесена штета, а сторителот пред донесувањето на пресудата за прекршок ја исполнил пропишаната обврска, односно ја отстранил или надоместил нанесената штета.

## III. МЕРКИ НА БЕЗБЕДНОСТ

**Видови на мерки на безбедност**

Член 24

(1) Под условите предвидени со Кривичниот законик и со овој закон, за прекршок можат да се изречат следните мерки на безбедност:

1. Задолжително лекување на алкохоличари и наркомани;
2. Забрана на вршење професија, дејност или должност;
3. Забрана на управување со моторно возило;
4. Одземање на предмети и
5. Протерување на странец од земјата.

(2) На правното лице може да му се изрече мерка на безбедност забрана на вршење на определена дејност.

**Изрекување на мерките на безбедност**

Член 25

(1) Мерките на безбедност од член 24, освен мерката одземање на предмети, можат да се изречат само кога на сторителот му е изречена казна.

(2) Мерката на безбедност задолжително лекување на алкохоличари и наркомани може да трае најдолго една година. Времето на траењето на мерката тече од денот на правосилноста на пресудата за прекршокот. Времето поминато во здравствена или друга специјализирана установа се засметува во изречената казна.

(3) Мерката на безбедност забрана на вршење на професија, дејност или должност, може да се изрече во траење од три месеци до една година. Времето на траењето на изречената мерка тече од денот на правосилноста на пресудата за прекршокот. Времето поминато на издржување на казната затвор не се засметува во времето на траењето на изречената мерка.

(4) Мерката на безбедност забрана на управување со моторно возило може да се изрече во траење од три месеци до една година. Ако со законот со кој се пропишува прекршокот поинаку не е определено, времето на траењето на изречената мерка тече од денот на правосилноста на пресудата за прекршокот. Времето поминато на издржување на казната затвор не се засметува во времето на траењето на изречената мерка.

(5) Мерката на безбедност одземање на предмети може да се изрече и кога на сторителот на прекршокот му е изречена прекршочна опомена.

(6) Мерката на безбедност протерување на странец од земјата може да се изрече во траење од шест месеци до две години. Времето на траењето на изречената мерка тече од денот на правосилноста на пресудата за прекршокот. Времето поминато на издржување на казната затвор не се засметува во времето на траењето на изречената мерка.

**Забрана на вршење на определена дејност на правно лице**

Член 26

(1) Во пресудата со која на правното лице се изрекува мерката забрана на вршење на определена дејност, се наведува дејноста чие вршење му се забранува на правното лице

(2) Мерката забрана на вршење на определена дејност на правно лице, може да се изрече ако постои опасност со вршењето на таква дејност правното лице да изврши повторно прекршок опасен за животот или здравјето на луѓето или прекршок со кој може да се нанесе имотна штета на друго правно лице или на граѓани, или ако правното лице во последните две години е казнето поради ист или сличен прекршок.

(3) Со Законот со кој се пропишува прекршокот може да се пропише задолжително изрекување на мерката забрана на вршење на определена дејност на правно лице

(4) Судот го определува траењето на мерката од став 1 кое не може да биде пократко од шест месеци, ниту подолго од пет години, сметајќи од денот на правосилноста на пресудата

Глава четврта

## ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ОДГОВОРНОСТА И ЗА КАЗНУВАЊЕТО НА МАЛОЛЕТНИЦИТЕ

**Исклучување на прекршочни санкции спрема деца**

Член 27

Спрема малолетник.кој во времето на извршувањето на прекршокот не наполнил 14 години (дете) не може да се применат прекршочни санкции.

**Одговорност на родителот односно старателот за прекршокот на малолетникот**

Член 28

Со закон може да се определи родителот, односно старателот на малолетникот кој сторил прекршок да се казни, ако до извршување на прекршокот дошло поради пропуштање на должноста да се грижи за малолетникот.

**Изрекување на прекршочни санкции спрема малолетници**

Член 29

(1) На малолетник кој во времето на извршувањето на прекршокот наполнил 14, а не наполнил 16 години (помлад малолетник) можат да му се изречат само воспитни мерки.

(2) На малолетник кој во времето на извршувањето на прекршокот наполнил 16. а не наполнил 18 години (постар малолетник), може да му се изрече воспитна мерка, а по исклучок парична казна или казна затвор.

(3) На малолетник, под условите предвидени со закон, кон воспитната мерка, односно казната можат да му се изречат и мерки на безбедност

**Воспитни мерки**

Член 30

(1) На малолетник можат да му се изречат следните воспитни мерки предвидени во Кривичниот законик:

- дисциплински мерки – укор и
- мерки на засилен надзор од страна на родителот, посвоителот или старателот или од страна на социјален орган.

(2) Воспитната мерка на засилен надзор не може да се изрече во траење пократко од 30 дена ниту подолго од една година.

**Казнување на малолетници**

Член 31

(1) На постар малолетник може да му се изрече парична казна или казна затвор доколку видот и тежината на прекршокот и високиот степен на одговорност укажуваат дека само на овој начин може да се постигне целта на казнувањето.

(2) Казната затвор на постар малолетник може да му се изрече во траење до 15 дена.

(3) При заменувањето на паричната казна со затвор, затворот не може да биде подолг од 15 дена.

**Примена на мерките на безбедност**

Член 32

На малолетник на кого му е изречена воспитна мерка или казна за прекршок може да му се изречат следните мерки на безбедност:

1. Задолжително лекување на алкохоличари и наркомани;
2. Одземање на предмети и
3. Протерување на странец од земјата.

Глава петта

## КАЗНЕНА ЕВИДЕНЦИЈА

**Водење на казнена евиденција**

Член 33

(1) Казнената евиденција се води само за изречените мерки на безбедност што се состојат во забрана.

(2) Казнената евиденција ја води првостепениот суд според местото на раѓање на сторителот на прекршокот, односно седиштето на правното лице.

(3) Податоци од казнената евиденција, судот дава само на образложено барање од други државни органи, правни или физички лица, ако сé уште траат мерките на забрана.

(4) По истекот на времето за кое се изречени, мерките се бришат од казнената евиденција.

Глава шеста

## ЗАСТАРЕНОСТ

**Застареност на поведување и водење на прекршочната постапка**

Член 34

(1) Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако помине една година од денот кога е сторен прекршокот.

(2) Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.

(3) Застарувањето не тече за времето за кое според законот гонење не може да започне или да продолжи.

(4) Застарувањето се прекинува со секое процесно дејствие што се презема заради гонење на сторителот на прекршокот.

(5) Застарувањето се прекинува и кога сторителот во времето додека тече рокот на застареноста ќе стори исто така тежок или потежок прекршок.

(6) По секој прекин застарувањето започнува повторно да тече.

(7) Застареност на прекршочното гонење настанува во секој случај кога ќе измине двапати онолку време колку што според закон се бара за застареност на прекршочното гонење.

(8) Со закон кој предвидува прекршоци може за одделни прекршоци да се определат рокови на застареност подолги од роковите од став 1, но не подолги од пет години.

**Застареност на извршувањето на казните и на мерките на безбедност**

Член 35

(1) Изречената казна и мерката на безбедност не можат да се извршат ако од денот на правосилноста на пресудата за прекршокот помине една година.

(2) Застарувањето на извршувањето на казната и на мерката на безбедност започнува да тече од денот кога пресудата за прекршокот станала правосилна.

(3) Застарувањето не тече за времето за кое извршувањето не може да се преземе според закон.

(4) Застарувањето се прекинува со секое дејствие на надлежниот орган што се презема заради извршување на казната или друга прекршочна санкција.

(5) По секој прекин застарувањето почнува повторно да тече.

(6) Застареност на извршувањето на казната и на мерката за безбедност настанува во секој случај кога ќе измине двапати онолку време колку што според закон се бара за застареност на извршувањето.

Глава седма

## ЗНАЧЕЊЕ НА ИЗРАЗИТЕ НА ОВОЈ ЗАКОН

Член 36

(1) Поимот прекршок ги опфаќа и делата што во одделни закони се предвидени како стопански престап.

(2) Поимот физичко лице опфаќа и одговорно лице во правно лице, службено лице, воено лице и лице кое самостојно врши дејност.

(3) Поимот правно лице не ги опфаќа Република Македонија, државните органи и органите во единиците на локалната самоуправа.

(4) Како одговорно се смета лице во правно лице на кое со оглед на неговата функција или врз посебно овластување во правното лице му е доверен определен круг на работи што се однесуваат на извршување на законските прописи или на прописите донесени врз основа на закон или општ акт на правното лице во управувањето, користењето и располагањето со имот, раководењето со производниот или некој друг стопански процес или надзорот над нив.

(5) Како службено лице се смета:

а) избран или именуван функционер во Собранието на Република Македонија, во Владата, во органите на државната управа, во судовите и други органи и организации што вршат определени стручни, управни и други работи во рамките на правата и должностите на Републиката, во локалната самоуправа, како и лица кои постојано или повремено вршат службена должност во овие органи и организации;

б) овластено лице во правно лице на кое со закон или со друг пропис донесен врз основа на закон му е доверено вршење на јавни овластувања, кога должноста ја врши во рамките на тие овластувања;

в) лице кое врши определени службени должности на основа овластување дадено со закон или со други прописи донесени врз основа на закон и

г) воено лице кога се во прашање прекршоци кај кои како извршител е означено службено лице.

(6) Под поимот воено лице се сметаат: војник на отслужување на воениот рок; војник по договор; питомец на воена академија; воен старешина; лице од резервниот состав додека како воен обврзник се наоѓа на воена должност и граѓански лица на служба во Армијата на Република Македонија;

(7) Како лице кое самостојно врши дејност се смета лицето кое врши дејност врз основа на пропишани дозволи или одобренија.

Дел втори

# ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

Глава осма

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Надлежност за изрекување прекршочна санкција**

Член 37

Прекршочна санкција за сторен прекршок може да изрече само надлежен суд во постапка што е поведена според овој закон.

**Примена на одредбите од Законот за кривичната постапка**

Член 38

Ако со одредбите од овој закон поинаку не е определено, во прекршочната постапка согласно ќе се применуваат следните одредби од Законот за кривичната постапка: за основните начела; месна надлежност; последици од ненадлежност и судир; изземање; за обвинет; бранител; поднесоци; записници; рокови; враќање во поранешна состојба; трошоци; имотно-правно барање; донесување и соопштување на одлуките; доставување на писмена; повикување, доведување, задржување на лица, гаранција и одземање на патна исправа на странец; притвор; сослушување на сведоци; увид; вештачење; претресување на простории и лица; редовни и вонредни правни лекови.

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Стварна надлежност**

Член 39

(1) Прекршочната постапка во прв степен ја води основниот суд, а во втор степен апелациониот суд.

(2) Во прекршочна постапка во прв степен одлучува судија поединец, а во втор степен совет од тројца судии.

Глава деветта

## ОБВИНЕТ И НЕГОВО ПРАВО НА ОДБРАНА

**Обвинет**

Член 40

(1) Обвинет е физичко или правно лице против кое се води прекршочна постапка.

(2) Ако за прекршок е обвинето правно лице и одговорно лице во правното лице се спроведува единствена постапка.

**Застапување на правно лице**

Член 41

(1) За обвинетото правно лице во прекршочната постапка учествува неговиот застапник, овластен да ги преземе сите дејствија што може да ги преземе обвинетиот.

(2) Застапник на обвинетото правно лице е лице кое е овластено да го застапува правното лице врз основа на закон или друг пропис на надлежен државен орган, статут или друг општ акт на правното лице.

(3) Надлежниот орган на обвинетото правно лице може за застапник да определи друго лице од редот на своите членови или друг работник во тоа правно лице или во службата која врши заеднички работи.

(4) Застапникот на обвинетото правно лице од став 3 на овој член мора да има писмено овластување од надлежниот орган што го определил за застапник.

(5) Застапник на обвинетото правно лице може да биде само едно лице.

**Застапување на странско правно лице**

Член 42

Странското правно лице го застапува раководителот на претставништвото или друго лице овластено од странското правно лице.

**Ограничување на застапувањето**

Член 43

(1) Застапник на обвинетото правно лице не може да биде одговорното лице во правното лице против кое се води прекршочна постапка за ист прекршок.

(2) Застапник на правното лице не може да биде лице кое е сведок во истата работа.

(3) Во случаите од ставовите 1 и 2 на овој член, судот е должен да го извести правното лице заради определување на друг застапник.

(4) За странско правно лице известувањето од став 3 на овој член се доставува до претставништвото на странското правно лице.

**Застапување на повеќе обвинети правни лица**

Член 44

Повеќе обвинети правни лица можат да имаат за застапник исто лице само ако тоа не е во спротивност со интересите на нивната одбрана.

**Одредување на застапник од страна на судот**

Член 45

(1) Ако обвинетото правно лице на поканата на судот не определи свој застапник, судот за застапник ќе го определи лицето кое е одговорно лице во правното лице.

(2) Ако одговорното лице не може да биде застапник на правното лице поради пречките од член 43, а не постои друго одговорно лице во правното лице, судот ќе определи бранител по службена должност од редот на адвокатите.

Глава десетта

## ОШТЕТЕНИОТ И НЕГОВОТО ЗАСТАПУВАЊЕ

**Оштетен**

Член 46

(1) Оштетен во смисла на овој закон е лице чие право е повредено или загрозено со прекршокот.

(2) Оштетениот, самиот или преку свој законски застапник или полномошник, има право:

1. да поднесува барање за поведување на прекршочна постапка;

2. да поднесува докази, да поднесува предлози и да истакнува имотно-правно барање за надоместок на штета или враќање на предмети;

3. да изјавува жалба на пресудата што е донесена по повод неговото барање за поведување на прекршочната постапка или по повод одлуката за трошоците на постапката;

4. да се откаже од барањето за водење на прекршочната постапка до донесувањето на пресудата за прекршокот и во таков случај нема право повторно да поднесува барање за гонење.

Глава единаесетта

## ДОСТАВУВАЊЕ НА ПИСМЕНА НА ПРАВНИ ЛИЦА

**Доставување на писмена на правни лица**

Член 47

(1) На државниот орган одлуките и другите писмена му се доставуваат со предавање во писарницата

(2) Доставувањето на правните лица се врши со предавање на писменото на лицето овластено за прием на писмено или на работникот кој се затекнал во деловната просторија.

(3) Кога се врши доставување на одлуки кај кои од денот на доставувањето тече рок, како ден на доставување се смета денот на предавањето во писарницата на органот, односно на лицето од став 2 на овој член.

Глава дванаесетта

## ПОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

**Подносител на барањето**

Член 48

(1) Прекршочната постапка се поведува по барање од овластениот орган и оштетениот (во натамошниот текст: подносител на барањето).

(2) Овластени органи, во смисла на став 1 од овој член се органите на управата, јавниот обвинител, единиците на локалната самоуправа и други органи и организации што вршат јавни овластувања во чија надлежност спаѓа непосредното извршување или надзор над извршувањето на прописите во кои се предвидени прекршоци.

(3) Во случајот од член 22 на овој закон (мандатно казнување), службеното лице на кое му е дадено законско овластување да ја наплати казната на самото место може да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка ако сторителот не ја плати казната на самото место или ако сторил прекршоци во стек.

(4) Овластените органи од ставовите 2 и 3 се должни да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка секогаш кога постојат основи за поведување на постапка за прекршок.

(5) Барањето за поведување на прекршочна постапка се поднесува писмено.

(6) Оштетениот може барањето да го поднесе и усно на записник.

**Содржина на барањето**

Член 49

(1) Барањето за поведување на прекршочна постапка содржи:

1. Основни податоци за обвинетиот (име и презиме, прекар, ако го има, место и датум на раѓање, место на живеење, улица и број, државјанство и занимање), односно назив и седиште на обвинетото правно лице, а за одговорното лице во правното лице и функцијата што ја врши во тоа правно лице;

2. Фактички опис на прекршокот од кој произлегуваат правните обележја на прекршокот, време и место на извршувањето на прекршокот и други околности потребни што поблиску да се определи прекршокот;

3. Правна квалификација на прекршокот што треба да се примени;

4. Предлог за доказите што треба да се изведат и

5. Потпис на подносителот на барањето.

(2) Кога барањето за поведување на прекршочната постапка го поднесува оштетениот, барањето не мора да содржи правна квалификација за прекршокот.

(3) Кон барањето за поведување на прекршочна постапка оштетениот може да поднесе и барање за надомест на штета.

(4) Кон барањето се приложуваат доказите.

**Дополнување на барањето**

Член 50

Ако барањето за поведување на прекршочната постапка не ги содржи сите податоци од член 49 на овој закон, ќе се побара од подносителот на барањето да го дополни во рок, кој не може да биде подолг од 15 дена. Во случај подносителот на барањето да не ги отстранил недостатоците во определениот рок, ќе се смета дека се откажал од барањето и таквото барање ќе се отфрли.

**Одлука по барањето**

Член 51

Кога судот надлежен за водење на прекршочната постапка ќе утврди дека постојат услови за поведување на прекршочната постапка, за тоа ќе донесе решение за поведување на постапката.

**Отфрлање на барањето**

Член 52

(1) Ако судот утврди дека не постојат услови за поведување на прекршочната постапка барањето ќе го отфрли со решение.

(2) Не постојат услови за поведување на прекршочната постапка кога:

1. Дејствието опишано во барањето не е прекршок;

2. Постојат основи што ја исклучуваат одговорноста за прекршок;

3 Настапила застареност за поведување на прекршочната постапка;

4. Барањето го поднел неовластен орган, односно лице;

5. Постојат други законски причини поради кои прекршочната постапка не може да се поведе и

6. Барањето не е поткрепено со докази за сторен прекршок.

(3) Решението од став 1 ќе се достави на подносителот на барањето, а оштетениот ќе се извести дека имотно-правното барање може да го остварува во процесна постапка.

(4) Против решението од став 1 подносителот на барањето има право на жалба во рок од 15 дена до апелациониот суд.

**Доставување на барање**

Член 53

(1) Примерок од барањето за поведување на прекршочната постапка, судот ќе му достави на обвинетиот со поканата за испитување, односно за давање на писмена одбрана.

(2) Ако од моментот на поведувањето на прекршочната постапка зависи некое право или обврска, ќе се смета дека прекршочната постапка е поведена кога е донесено решение за поведување на постапката.

Глава тринаесетта

## МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСУСТВО НА ОБВИНЕТИОТ И ЗА ВОДЕЊЕ НА ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА

**Видови мерки**

Член 54

Мерки што можат да се преземат спрема обвинетиот заради обезбедување присуство и за водење на прекршочната постапка се: повикување, доведување, притвор, гаранција и привремено одземање на патна исправа на странец.

**Притвор**

Член 55

(1) Судот може да определи притвор на обвинетиот во траење до пет дена ако:

1. Обвинетиот не може да го докаже својот идентитет или нема живеалиште, или ако со одење во странство може да го оневозможи судењето;

2. Се работи за потежок прекршок за кој е пропишана казна затвор и

3. Фатен при извршување на прекршокот.

(2) Судот ќе донесе решение за притвор по образложено барање на подносителот на барањето за поведување на прекршочна постапка

(3) Против решението со кое се определува притвор, обвинетиот има право на жалба во рок од 24 часа до апелациониот суд, кој е должен да одлучи по жалбата и своето решение да го достави до основниот суд во рок од 48 часа, сметајќи од часот на приемот на списите по предметот.

**Гаранција**

Член 56

(1) Кога прекршочната постапка е поведена против обвинетиот кој не живее постојано во Република Македонија, а сака пред завршувањето на постапката да ја напушти, на негова молба судот може да дозволи да положи гаранција како обезбедување за исполнување на обврските што можат да бидат определени во пресудата за прекршокот.

(2) Судот може да бара обвинетиот, покрај полагањето на гаранција, да определи полномошник кој од негово име ќе ги прима писмената и ќе го застапува во постапката, ако се во прашање негови имотни права.

(3) Гаранцијата секогаш гласи на паричен износ што се определува со оглед на тежината на прекршокот, висината на пропишаната казна и големината на штетата нанесена на оштетеното лице. Гаранцијата се состои во полагање на готови пари, хартии од вредност или скапоцености.

Глава четиринаесетта

## СОСЛУШУВАЊЕ НА ЗАСТАПНИК

**Сослушување на застапникот на правното лице**

Член 57

(1) Кога прекршочната постапка се води против правно лице, се сослушува застапникот на обвинетото правно лице.

(2) Кога претставникот на обвинетото правно лице се сослушува првпат, претходно ќе се утврди неговиот идентитет и дали е овластен да го застапува обвинетото правно лице, а потоа ќе се земат следните податоци за

правното лице: економската состојба, дали е казнувано и број на сметката кај Заводот за платен промет.

(3) Одредбите за испитување на обвинетиот согласно ќе се применуваат при сослушување на застапникот на правното лице.

Глава петнаесетта

## ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ

**Постапка на одземање**

Член 58

(1) Предметите што можат да бидат одземени според член 24 став 1 точка 4 од овој закон, можат привремено да се одземаат и пред донесувањето на пресудата за прекршокот.

(2) Привременото одземање на предмети го определува со писмена наредба судот што ја води прекршочната постапка. Преписот од таа наредба мора да му се предаде на лицето од кое се одземаат предметите.

(3) На лицето од кое привремено се одземаат предмети му се издава потврда со точно назначување и опис на одземените предмети.

(4) Ако предметот е лесно расиплив или ако неговото чување бара несразмерни трошоци, а истиот не може да биде предаден на чување на друг на трошок на лицето од кое е одземен предметот, судот надлежен за водење на прекршочната постапка ќе определи таквиот предмет да се продаде, а парите од продадените предмети да се депонираат на сметката на судот.

**Привремено одземање од други органи**

Член 59

(1) Со закон може да се овластат службените лица во органите на управата привремено да ги одземат предметите од член 24 став 1 точка 4 од овој закон кога во вршењето на службената должност ќе дознаат за прекршокот и должни се привремено одземените предмети веднаш да ги предадат на надлежниот суд односно да го известат за извршеното привремено одземање на предметите и да се погрижат за нивното чување до поведување на прекршочната постапка.

(2) Во случајот од став 1 органите на управата се должни да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на одземањето на предметите, во спротивно должни се предметите да ги вратат на лицето од кое се одземени.

**Привремено враќање на сопственикот**

Член 60

Судот што ја води прекршочната постапка може по приговор од заинтересираното лице или по службена должност привремено одземените предмети да му ги врати на сопственикот.

Глава шеснаесетта

## ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ

**Привремена забрана од други органи**

Член 61

(1) Со закон овластени службени лица во органите на управата можат на сторителот на прекршокот привремено да му забранат вршење на дејност и должни се да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка веднаш, а најдоцна во рок од осум дена.

(2) Доколку барањето не е поднесено во рокот од став 1 се смета дека привремената забрана престанала да важи

**Укинување на привремена забрана од страна на судот**

Член 62

Судот што ја води прекршочната постапка може по приговор на обвинетиот или по службена должност да ја укине привремената забрана.

Глава седумнаесетта

## ТЕК НА ПОСТАПКАТА

**Претрес**

Член 63

(1) Заради разјаснување на работите судот определува претрес.

(2) На претресот се повикуваат обвинетиот и неговиот бранител, подносителот на барањето, сведоците и вештаците. Ако обвинетиот, односно подносителот на барањето е правно лице, на претресот се повикува застапникот на правното лице.

(3) За денот, часот и местото на претресот се известува и оштетениот, ако со тоа не би се одложувала постапката.

**Претрес во отсуство на обвинетиот и на подносителот на барањето**

Член 64

(1) Судот може да одлучи да се одржи претрес во отсуство на обвинетиот кој е уредно повикан, а судот најде дека неговото присуство не е нужно за правилно утврдување на фактичката состојба. Под истите услови, претрес може да се одржи и во отсуство на уредно повиканиот застапник на обвинетото правно лице.

(2) Претрес ќе се одржи и ако не дојде уредно повиканиот бранител на обвинетиот.

(3) Претрес може да се одржи и во отсуство на подносителот на барањето иако е повикан, а судот најде дека е потребно да се одлучи по барањето.

**Исклучување на јавноста**

Член 65

(1) Претресот е јавен.

(2) Судот, може по службена должност или по предлог на странките, но секогаш по нивното сослушување, со решение да ја исклучи јавноста од целиот претрес или од еден негов дел, ако тоа е потребно заради чување на тајната, заштита на моралот, заштита на интересите на малолетниците или заради заштита на други посебни интереси на општествената заедница.

(3) Ако постапката се води само против малолетник, претрес ќе се одржи без присуство на јавноста.

(4) Решението за исклучување на јавноста може да се побива само во жалбата на одлуката за прекршок.

**Чување на тајна**

**Член 66**

**(1) Исклучувањето на јавноста не се однесува на странките, на оштетениот, на нивните застапници и на бранителот.**

**(2) Судијата ќе ги предупреди лицата кои присуствуваат на претресот на кој е исклучена јавноста дека се должни да го чуваат како тајна се она за што узнале на претресот и ќе им укаже дека оддавањето на тајната претставува кривично дело.**

**Тек на претресот**

Член 67

(1) Претресот започнува со објавување на главната содржина на барањето. Потоа се пристапува кон испитување на обвинетиот. Ако се обвинети правно лице и одговорно лице во правното лице прво се сослушува застапникот на правното лице, а по него одговорното лице. По испитувањето на обвинетиот, се спроведува доказна постапка со сослушување на сведоци, вештаци и изведување на други докази.

(2) Подносителот на барањето, обвинетиот и неговиот бранител и застапникот на правното лице, како и оштетениот, имаат право во текот на претресот да предлагаат докази и да ставаат други предлози, а по одобрение на судијата кој ја води прекршочната постапка можат да им поставуваат прашања на лицата кои се сослушуваат.

(3) На претресот последен збор секогаш му припаѓа на обвинетиот, односно на застапникот на обвинетото правно лице.

(4) Ако судијата кој ја води прекршочната постапка најде дека претресот не треба да се одложува заради дополнување на постапката или разјаснување на одделни прашања, ќе го заклучи претресот и ќе донесе пресуда за прекршок, а јавно ќе ја објави изреката на пресудата со кусо образложение на причините.

(5) За работата на претресот се води записник во кој се внесува во битни црти целиот тек на претресот. Записникот го потпишуваат судијата и записничарот.

**Постапување во случај кога обвинетиот сторил прекршок или кривично дело**

Член 68

(1) Ако за време на изведувањето на дејствијата во прекршочната постапка обвинетиот сторил прекршок, судијата кој ја води прекршочната постапка, по правило, по барање на присутниот подносител на барањето, ќе ја прошири постапката и за тој прекршок.

(2) Доколку подносителот на барањето не е присутен или не е овластен за поднесување на барање за поведување на прекршочната постапка и во поглед на прекршокот од став 1 на овој член или обвинетиот сторил кривично дело, судијата за тоа ќе состави записник и со него ќе го запознае надлежниот подносител на барањето, односно јавниот обвинител. На ист начин ќе се постапи ако и некој друг во текот на изведувањето на дејствијата во прекршочната постапка стори прекршок или кривично дело.

**Прекин на постапката**

Член 69

(1) Судот што ја води прекршочната постапка со решение ќе ја прекине постапката:

1. Ако не може да се утврди живеалиштето односно престојувалиштето на обвинетиот, или ако е во бегство, или од било кои причини не е достапен на државните органи или се наоѓа во странство на неодредено време;

2. Ако кај обвинетиот настапила привремена душевна болест или привремено душевно растројство;

3. Ако за истото дело е покрената кривична постапка до завршувањето на кривичната постапка и

4. Постапката што е прекината по основ на став 1 точка 3 ќе продолжи кога кривичната постапка е запрена по некој друг основ а и натаму постојат услови за водење на прекршочна постапка.

(2) Пред да се донесе решение за прекин на прекршочната постапка ќе се приберат сите докази за прекршокот и за одговорноста на обвинетиот до кој може да се дојде.

(3) Прекинатата постапка ќе продолжи кога ќе престанат причините за тоа.

(4) За прекинот и продолжувањето на постапката ќе се извести подносителот на барањето.

Глава осумнаесетта

## ДОНЕСУВАЊЕ И СООПШТУВАЊЕ НА ОДЛУКИ

**Видови одлуки**

Член 70

Одлуките во прекршочната постапка се донесуваат во форма на пресуда, решение или наредба.

**Донесување на одлука**

Член 71

(1) Прекршочната постапка завршува со донесување на пресуда или решение.

(2) Пресудата или решението за прекршок се однесува само на лицето за кое се бара поведување на прекршочната постапка и само за прекршокот што е предмет на барањето.

(3) Судот не е врзан за предлозите и оцената во однос на правната квалификација на прекршокот.

(4) Пресуда или решение за прекршок се заснова врз изведените докази и фактите утврдени во прекршочната постапка.

**Пресуда**

Член 72

(1) Со пресуда за прекршок се запира прекршочната постапка или обвинетиот се огласува за виновен и му се изрекува прекршочна санкција.

(2) Ако прекршочната постапка се води за повеќе прекршоци, во пресудата ќе се наведе за кои прекршоци постапката се запира, а за кои обвинетиот се огласува за виновен и која прекршочна санкција му се изрекува.

**Пресуда со која се запира постапката**

Член 73

(1) Пресудата со која прекршочната постапка се запира ќе се донесе ако:

1. Дејствието не е прекршок;

2. Обвинетиот не го сторил прекршокот;

3. Постојат околности што ја исклучуваат одговорноста за прекршок;

4. Постапката е водена без барање на овластениот орган, односно оштетениот (член 48 став 1);

5. Постапката е водена од стварно ненадлежен суд;

6. Обвинетиот за ист прекршок правосилно е казнет во прекршочната постапка, или прекршочната постапка правосилно била запрена, но не поради ненадлежност;

7. Обвинетиот во кривичната постапка, односно во постапката за стопански престапи правосилно е огласен за виновен за дело што ги опфаќа и обележјата на прекршокот;

8. Обвинетиот ужива дипломатски имунитет;

9. Настапила застареност за водење на прекршочната постапка;

10. Нема докази дека обвинетиот го сторил прекршокот и

11. Подносителот на барањето се откажал од барањето пред правосилноста на пресудата за прекршок.

(2) Прекршочната постапка ќе се запре и во други со закон определени случаи.

**Решение за запирање на постапката**

Член 74

(1) Со решение постапката се запира ако:

– обвинетиот умрел;

– правното лице престанало да постои;
– судот утврди дека прекршокот е извршен во состојба на непресметливост и
– во текот на постапката настапило трајно душевно заболување на обвинетото лице.

Глава деветнаесетта

## ПРАВНИ СРЕДСТВА

### Видови правни средства

Член 75

(1) Против пресудата и решение на првостепениот суд може да се изјави жалба до второстепениот суд.

(2) Во прекршочна постапка завршена со пресуда можат да се користат вонредни правни средства: барање за повторување на прекршочна постапка и барање на заштита на законитоста.

Глава дваесетта

## ПОСЕБНИ ПОСТАПКИ

### 1. Прекршочна постапка спрема малолетници

### Примена на одредбите од оваа глава

Член 76

Во прекршочната постапка спрема малолетници се применуваат одредбите од оваа глава, а другите одредби од прекршочната постапка предвидени со овој закон само ако не се во спротивност со одредбите од оваа глава.

### Надлежност

Член 77

(1) За водење на прекршочна постапка спрема малолетник месно е надлежен судот на чие подрачје малолетникот имал живеалиште или место на престојувалиште.

(2) Прекршочната постапка спрема малолетникот е итна.

### Издвојување на прекршочна постапка

Член 78

(1) Кога прекршочно одговорен малолетник учествувал во извршувањето на прекршокот со полнолетни лица, прекршочната постапка спрема него ќе се издвои и ќе се спроведе спрема одредбите од оваа глава.

(2) Од оправдани причини кога заради единството на доказите не е целисходно постапката да се раздвои, прекршочната постапка спрема малолетник може да се води заедно со прекршочната постапка против полнолетните лица и да се спроведе според општите одредби од овој закон.

(3) Кога се води единствена прекршочна постапка за малолетник и полнолетни сторители, во однос на малолетникот ќе се примени член 81 и член 82 од овој закон.

### Повикување на малолетник

Член 79

(1) Малолетникот се повикува преку родителот, односно старателот, освен ако тоа не е можно поради потребата од итно постапување или од други важни причини.

(2) Ако повикувањето на малолетникот не се врши преку родителот, односно старателот судот што ја води прекршочната постапка ќе го извести родителот односно старателот за поведување на постапката.

### Мислење од орган на старателство

Член 80

(1) Ако спрема постар малолетник е поведена прекршочна постапка за прекршок за кој е пропишана казна затвор, пред донесувањето на пресуда за прекршок, ќе се прибави мислење од органот за старателство за личноста на малолетникот.

(2) Органот за старателство во своето мислење ќе укаже на сите околности што се од значење за донесување на правилна и законита одлука, а особено на поранешното однесување и на малолетникот и на неговите семејни прилики.

(3) Органот за старателство, како и другите органи и организации од кои се бараат известување, извештаи или мислења, се должни најитно да постапат.

### Должност за сведочење

Член 81

Никој не може да биде ослободен од должноста да сведочи за околностите од значење за оценување на душевната развиеност на малолетникот и за запознавање на неговата личност и околностите во кои живее.

### Права на родителот – старателот

Член 82

(1) Во прекршочната постапка спрема малолетниците, органот за старателство и родителот, односно старателот на малолетникот имаат право да се запознаат со текот на постапката и во текот на постапката да даваат предлози и да укажуваат на фактите и доказите што се од значење за донесување на правилна одлука.

(2) При преземање на дејствија спрема малолетник во негово присуство, а особено при неговото испитување, лицата кои учествуваат во прекршочната постапка се должни да постапуваат внимателно, водејќи сметка за душевната развиеност, чувствителноста и личните особини на малолетникот.

### Запирање на постапката

Член 83

(1) Ако во текот на прекршочната постапка се утврди дека малолетникот во време на извршувањето на прекршокот не наполнил 14 години (дете), прекршочната постапка ќе се запре со решение.

(2) Во случајот од став 1 на овој член судот ќе го извести родителот, односно старателот на малолетникот, како и органот за старателство за прекршокот што е сторен, а по потреба може да го извести и училиштето, односно организацијата или заедницата во која малолетникот е сместен заради преземање воспитни мерки.

### Овластување на судот да ја цени целисходноста на постапката

Член 84

(1) Судот може по претходно прибавено мислење од социјален орган да одлучи да не се поведе прекршочна постапка спрема малолетникот, ако смета дека не е целисходно да се води, со оглед на природата на прекршокот и околностите под кои прекршокот е сторен, поранешниот живот на малолетникот и неговите лични особини.

(2) Во случајот од став 1 барањето за поведување на прекршочна постапка ќе се отфрли со решение, а во образложението ќе се наведат причините поради кои барањето е отфрлено. За сторениот прекршок ќе се извести родителот, односно старателот и органот за старателство.

**Задолжително испитување**

Член 85

(1) Во прекршочната постапка спрема малолетник не може да се донесе решение за прекршок без негово испитување.

(2) Малолетникот не ги плаќа трошоците за прекршочната постапка, ниту може во прекршочната постапка да се задолжи да го исполни имотно-правното барање, доколку му бил изречен укор.

**Одлуки во постапката**

Член 86

(1) Постапката спрема малолетник завршува со решение со кое на малолетникот му се изрекува казна или воспитна мерка.

(2) Судот може да ја запре постапката спрема малолетникот во случај кога се исполнети условите од членовите 73 и 74.

**Доставување на одлука**

Член 87

(1) За усно соопштената одлука на малолетникот ќе му се достави заверен препис во рок од осум дена од денот на соопштувањето на одлуката.

(2) На родителот, односно старателот на малолетникот и на органот за старателство им се доставува примерок од правосилното решение за прекршок со кое на малолетникот му е изречена прекршочна санкција, заради преземање воспитни мерки.

**Жалба на решение**

Член 88

(1) Против решението за прекршок донесено во прекршочна постапка спрема малолетникот, жалба можат да изјават, покрај лицата од член 351 од Законот за кривичната постапка, старателот, братот, сестрата и хранителот на малолетникот.

(2) Лицата од став 1 на овој член можат да изјават жалба во корист на малолетникот и против неговата волја.

**Вонредни правни средства**

Член 89

Во прекршочната постапка спрема малолетник може да се користат вонредни правни средства барање за повторување на прекршочна постапка и барање за заштита на законитоста.

**2. Скратена постапка**

**Прекршоци по кои се води скратена постапка**

Член 90

Скратена постапка се води:

1) ако во барањето за покренување на прекршочна постапка се содржани сите факти и докази врз основа на кои судот може да одлучи без присуство на странка;

2) доколку барањето за покренување на постапката се заснова на јавни исправи издадени од надлежни државни органи и

3) доколку сторителот е затечен при извршувањето на прекршокот од страна на овластено службено лице.

**Тек на скратена постапка**

Член 91

Во скратена постапка судот одлучува без испитување на обвинетиот ако е уредно повикан, а не се јави.

**Постојано заседание на судот**

Член 92

Заради брзина на постапката судот обезбедува постојано работа во текот на 24 часа.

**Итност на постапката**

Член 93

(1) Судот е должен да покрене постапка веднаш по, приемот на барањето за покренување на постапката а најдолго во рок од три дена.

(2) Кога обвинетиот е странец, судот во итна постапка одлучува во најкус можен рок, а не подолго од три дена.

**Рокови за правни средства**

Член 94

(1) Жалбата се поднесува во рок од осум дена од денот на одлучувањето.

(2) Второстепениот орган одлучува во рок од два месеци од приемот на жалбата.

Глава дваесет и прва

ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ

**Извршување на пресудата или решението за прекршок**

Член 95

(1) Пресудата или решението со кое на малолетникот се изрекува казна за прекршок донесени во прекршочната постапка стануваат правосилни кога веќе не може да се побиваат со жалба.

(2) Правосилна пресуда или решение се извршува кога е извршено нивно доставување и кога за извршување не постојат законски пречки. Ако не е изјавена жалба или обвинетиот се откажал од жалба, одлуката е извршна со истекот на рокот за жалба, односно од денот нà одрекувањето или откажувањето од изјавената жалба.

(3) Пресудата или решението за прекршок со кое правосилно е изречена парична казна, или е одлучено за надоместок на трошоците на прекршочната постапка или за надоместок на штета, или е одлучено за одземање на имотна корист, се извршува кога ќе истече рокот предвиден во пресудата за плаќање на казната, на трошоците на постапката, на надоместокот на штета, односно на имотна корист.

(4) Ако казнетиот вложил жалба против пресудата или решението за прекршок, рокот од став 3 на овој член тече од денот кога му е врачено решението за прекршок на второстепениот суд за прекршоци.

**Примена на одредбите од Законот за извршување на санкциите**

Член 96

Казната затвор, паричната казна, затворот со кој е заменета паричната казна, мерките на безбедност и воспитните мерки се извршуваат според одредбите на Законот за извршување на санкциите доколку со овој закон поинаку не е определено.

**Надлежен суд**

Член 97

Казната затвор изречена со правосилна пресуда за прекршок, како и затворот со кој е заменета изречената парична казна за прекршок, ја извршува судот определен со закон

**Извршување на парична казна**

Член 98

(1) Паричната казна и трошоците на прекршочната постапка ги извршува судот што ја донел пресудата за прекршок во прв степен.

(2) Паричната казна и трошоците на прекршочната постапка се уплатуваат преку пошта или банка со посебна уплатница издадена од надлежниот суд во рок определен со пресудата за прекршок. Пополнетата уплатница му се доставува на казнетиот со првостепената, односно второстепената пресуда.

(3) Поштата, односно Заводот за платен промет кај кои се води сметка на казнетиот должни се во рок од три дена да го извести надлежниот суд за извршената уплата од став 2 на овој член.

**Присилна наплата на парична казна**

Член 99

(1) Постапката за присилна наплата на паричната казна и на трошоците на прекршочната постапка по службена должност ја поведува и води судот што ја донел пресудата за прекршок во прв степен.

(2) Присилна наплата на паричната казна и на трошоците на прекршочната постапка се врши според одредбите за присилна наплата на парична казна изречена во кривичната постапка.

**Примена на одредбите за извршна постапка**

Член 100

За присилно извршување на пресуда за прекршок која гласи за исполнување на обврска се применуваат одредбите од Законот за извршната постапка.

Дел трети

Глава дваесет и втора

ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Член 101

Износот на исплатените парични казни и трошоците на постапката се приход на републичкиот буџет.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 102

(1)Постапката започната согласно со Законот за прекршоците од „Службен весник на СРМ“ број 43/84, 42/85, 50/87, 10/88, 36/89, 42/89, 7/90 и „Службен весник на Република Македонија“ број 25/92, 63/92 и 12/94, во која е донесена првостепена одлука ќе продолжи според одредбите на тој закон.

(2) Ако во постапката по жалба и по вонредни правни лекови одлуката е вратена на повторно одлучување, постапката ќе продолжи според одредбите на овој закон.

Член 103

Со денот на примената на овој закон престанува да важи Законот за прекршоците („Службен весник на СРМ“ број 43/84, 42/85, 50/87, 10/88, 36/89, 42/89, 7/90 и „Службен весник на Република Македонија“ број 25/92, 63/92 и 12/94); Законот за стопанските престапи („Службен лист на СФРЈ“ број 4/77, 10/86, 74/87, 57/89 и 3/90), одредбите од член 122 до 124 кои се однесуваат на постапката од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија“ број 30/93); одредбите од член 305 до 307 од Законот за царините („Службен весник на Република Македонија“ број 20/93); одредбите од член 89 до 91 од Законот за надворешно-трговското работење („Службен весник на Република Македонија“ број 31/93, 41/93 и 78/93).

Член 104

(1) Постапката за стопански престапи започната според Законот за стопански престапи, во која е донесена првостепена одлука ќе продолжи според одредбите на тој закон.

(2) Ако во постапката по жалба и по вонредни правни лекови одлуката е вратена на повторно одлучување, постапката ќе продолжи според одредбите на овој закон.

Член 105

Поимот просечна плата употребен за определување на долната и горната граница на паричната казна за одделни престапи или прекршоци означува износ од 8.500,00 денари, според висината на просечната плата исплатена по работник во Републиката во месец април 1996 година.

Член 106

Законите во кои е пропишана парична казна изразена во плати, ќе се усогласат со овој закон по однос на пропишувањето на казната во рок од две години од неговото влегување во сила.

Член 107

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**275.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКОТО РАБОТЕЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за надворешно-трговското работење, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 април 1997 година.

Број 08-1136/1
2 април 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКОТО РАБОТЕЊЕ

Член 1

Во Законот за надворешно-трговското работење („Службен весник на Република Македонија“ број 31/93, 41/93, 78/93 и 59/96), во член 35 став 1 по зборот:

„склад" се става запирка и се додаваат зборовите: „освен на преработки од тутун, алкохолни пијалаци и кафе".

Член 2

Во член 36 став 1 зборовите: „условите под кои" се заменуваат со зборовите: „начинот под кој".

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**276.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**УКАЗ**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНИТЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за царините,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 април 1997 година.

Број 08-1135/1
2 април 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р

**ЗАКОН**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНИТЕ**

Член 1

Во Законот за царините („Службен весник на Република Македонија" број 20/93 и 63/95), во член 206 став 1 зборовите: „гранични патни премини и" се бришат.

Во став 6 зборовите: „секој граничен премин, односно" се бришат.

Во став 7 зборовите: „најмногу во три слободно царински продавници" се заменуваат со зборовите: „само во една слободна царинска продавница".

Член 2

Вршењето на дејноста продажба на стоки без плаќање царина и други увозни давачки на граничните патни премини престанува во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**277.**

Врз основа на член 25 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник на Република Македонија" број 80/92, 19/93, 9/94 и 9/96), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 март 1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА ВИШИТЕ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА**

1. За јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство – Скопје, е именувана

Роксанда Крстевска, заменик на јавниот обвинител во Окружното јавно обвинителство – Скопје.

2. За јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство – Битола, е именуван

м-р Драган Трпковски, јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство – Битола

3. За јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство – Штип, е именуван

Тодор Витларов, јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Штип.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1071/1
26 март 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р

**278.**

Врз основа на член 25 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник на Република Македонија" број 80/92, 19/93, 9/94 и 9/96), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 март 1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА ОСНОВНИТЕ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА**

1. За јавен обвинител на Основното јавно обвинителство – Скопје, е именуван

Георги Настевски, заменик на окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство – Скопје.

2. За јавен обвинител на Основното јавно обвинителство – Тетово, е именуван

Борис Милосавлевски, јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Тетово.

3. За јавен обвинител на Основното јавно обвинителство – Кавадарци, е именуван

Петре Трајков, јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Кавадарци.

4 За јавен обвинител на Основното јавно обвинителство – Велес, е именуван

Јован Димов, јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Велес.

5. За јавен обвинител на Основното јавно обвинителство – Куманово, е именуван

Радомир Каревски, јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Куманово.

6 За јавен обвинител на Основното јавно обвинителство – Гостивар, е именуван

Акив Османи, јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Гостивар.

7. За јавен обвинител на Основното јавно обвинителство – Дебар, е именуван

Бесник Граждани, јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Дебар.

8. За јавен обвинител на Основното јавно обвинителство – Гевгелија, е именуван

Георги Бардаров, јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Гевгелија.

9. За јавен обвинител на Основното јавно обвинителство – Битола, е именуван

Панде Пеовски, јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Битола.

10. За јавен обвинител на Основното јавно обвинителство – Ресен, е именуван

Гоце Башевски, јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Ресен.

11. За јавен обвинител на Основното јавно обвинителство – Струга, е именуван

Драгољуб Куциновски, јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Струга.

12. За јавен обвинител на Основното јавно обвинителство – Охрид, е именуван

Гоце Мартиновски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Охрид.

13. За јавен обвинител на Основното јавно обвинителство – Штип, е именуван

Александар Наков, судија во Основниот суд – Штип.

14. За јавен обвинител во Основното јавно обвинителство – Берово, е именуван

Кирил Димитровски, судија во Основниот суд – Берово.

15. За јавен обвинител на Основното јавно обвинителство – Кочани, е именуван

Благој Георгиев, јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Кочани.

16. За јавен обвинител на Основното јавно обвинителство – Радовиш, е именувана

Зујца Стевчева, јавен правобранител на општина – Радовиш.

17. За јавен обвинител на Основното јавно обвинителство – Крива Паланка, е именувана

Ратка Гоговска, судија во Основниот суд – Крива Паланка.

18. За јавен обвинител на Основното јавно обвинителство – Свети Николе, е именуван

Драги Златев, јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Свети Николе.

19. За јавен обвинител на Основното јавно обвинителство – Делчево, е именуван

Ванчо Стојковски, јавен обвинител на Општинското јавно обвинителство – Делчево.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08 - 1070/1
26 март 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

**279.**

Врз основа на член 25 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник на Република Македонија" број 80/92, 19/93, 9/94 и 9/96), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 март 1997 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За заменици на јавниот обвинител на Република Македонија, се именувани:

Стојан Стојановски, заменик на јавниот обвинител на Република Македонија,

Васил Велковски, заменик на јавниот обвинител на Република Македонија,

Виктор Равњак, заменик на јавниот обвинител на Република Македонија,

Марко Бундалевски, поранешен јавен обвинител на Република Македонија,

Владимир Смичковски, заменик на јавниот обвинител во Окружното јавно обвинителство – Скопје,

Клео Бубевска, заменик на јавниот обвинител во Окружното јавно обвинителство – Скопје,

Славчо Станков, заменик на јавниот обвинител во Окружното јавно обвинителство – Скопје,

Бардуљ Кука, поранешен заменик министер во Министерството за правда,

Беќир Исени, адвокат од Тетово,

Кирил Саревски, поранешен заменик министер во Министерството за внатрешни работи.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08 - 1069/1
26 март 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

**280.**

Врз основа на член 25 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Македонија" број 80/92, 19/93, 9/94 и 9/96), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 март 1997 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ НА ВИШИТЕ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

1. За заменици на Вишиот јавен обвинител – Скопје, се именувани:

Катерина Панева, заменик на окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство – Скопје,

Горге Николовски, заменик на окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство – Скопје,

Стојан Јанкуловски, заменик на окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство – Скопје,

Глигор Серафимовски, јавен обвинител во окружното јавно обвинителство – Скопје,

Билјана Бабунска, заменик на окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство – Скопје,

Игне Манојловски, заменик на окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство – Скопје,

Станка Видимлиска, заменик на окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство – Скопје,

Коста Петровски, јавен обвинител во општинското јавно обвинителство – Скопје,

Миле Србинов, заменик на јавниот обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Салиу Абдулаким, адвокат од Тетово,

Борис Николовски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје.

Мимоза Илиќ, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Касам Касани, адвокат и

Катица Соколовска – Гигова, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје

2. За заменици на Вишиот јавен обвинител – Битола, се именувани:

Здравка Чипуровска, заменик на окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство – Битола,

Љубисав Милуновиќ, заменик на окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство – Битола,

Доне Петличковски, заменик на окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство – Битола,

Анастасија Кочова, заменик на окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство – Битола,

Аница Петровска, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Битола,

Борис Атанасовски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство, и

Трендафилка Петрова, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Битола.

3. За заменици на вишиот јавен обвинител – Штип, се именувани:

Александар Поповски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Штип.

Олгица Јорданоска, судија во Основниот суд – Штип и

Костадин Бојаџиски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Штип.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1068/1
26 март 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски, с.р.**

---

**281.**

Врз основа на член 25 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник на Република Македонија" број 80/92, 19/93, 9/94 и 9/96), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 март 1997 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ НА ОСНОВНИТЕ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

1. За заменици на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство – Скопје, се именувани:

Крсте Диневски, вработен во МСТ „Хепос".

Љупчо Шврговски, стручен соработник во Основниот суд Скопје I – Скопје,

Димитрије Кировски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Бисера Леова-Костадиновска, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Јелица Медарска, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Стерјо Зиков, заменик на јавниот обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Љубе Микевски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје.

Светлана Никодијевиќ Матевска, заменик на јавниот обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Таше-Поп Ташев, заменик на јавниот обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Елизабета Ристевска, заменик на јавниот обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Гордана Стојмановска, заменик на јавниот обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Елена Гошева, заменик на јавниот обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Милан Галевски, заменик на јавниот обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Вера Илиевска, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Лилјана Спасоска, заменик на јавниот обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Дана Миловановиќ, заменик на јавниот обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Драгица Михајлоска, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Соња Симовска, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Драгољуб Цакиќ, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Лазар Катранџиски, заменик на јавниот обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Миле Пиневски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Зенун Исеини, адвокат,

Имран Османи, стручен соработник во Општинскиот суд – Тетово,

Ментор Ќоку, секретар во Исламската заедница – Охрид,

Ацо Колевски, стручен соработник во општинското јавно обвинителство – Скопје,

Момир Марикиќ, адвокат,

Роска Карова, стручен соработник во Окружниот суд – Скопје,

Драган Димитровски, стручен соработник во Окружното јавно обвинителство – Скопје,

Влатко Георгиевски, стручен соработник во Окружниот суд – Скопје,

Бодан Лазаревски, стручен соработник во Окружното јавно обвинителство – Скопје,

Јован Серафимовски, стручен соработник во Окружниот суд – Скопје,

Горан Богдановски, стручен соработник во Основниот суд Скопје I – Скопје,

Јован Илиевски, адвокат,

Димитар Кацарски, вработен во МВР – Скопје,

Владо Марина, поранешен судија во Основниот суд на здружениот труд – Скопје,

Добре Ефремовски, вработен во Министерството за одбрана – Скопје,

Елизабета Павловска, стручен соработник во Окружниот суд – Скопје,

Сузана Мирчевска, стручен соработник во Окружниот суд – Скопје,

Маја Коневска, стручен соработник во Окружниот суд – Скопје,

Снежана Ристевска, стручен соработник во Јавното обвинителство на Македонија,

Љубинка Угриновска, самостоен советник во Министерството за правда,

Мирјана Василевска, стручен соработник во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Зорица Пендовска, стручен соработник во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Цулијана Мишевска, стручен соработник во Окружното јавно обвинителство – Скопје,

Вилма Русковска, стручен соработник во Општинското јавно обвинителство – Скопје,

Елица Илиевска, стручен соработник во Окружното јавно обвинителство – Скопје,

Фиданка Раевска, стручен соработник во Окружното јавно обвинителство – Скопје, и

Димитрула Апостоловска, стручен соработник во Општинското јавно обвинителство Скопје.

2. За заменици на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство – Тетово се именувани:

Бранислав Нешовски, заменик на јавниот обвинител во Општинското јавно обвинителство – Тетово,

Зулкуфли Ракипи, заменик на јавниот обвинител во Општинското јавно обвинителство – Тетово,

Љупчо Симовски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Тетово,

Лидија Кузмановска, стручен соработник во општинското јавно обвинителство – Тетово,

Драгослава Поповска, заменик на Општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Тетово,

Фета Исеини, судија во Општинскиот суд – Тетово, и

Исмаил Фазлиу, судија во Општинскиот суд – Тетово.

3. За заменици на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство – Кавадарци, се именувани:

Ѓура Стојановиќ, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Кавадарци,

Ѓеорги Зарков, адвокат,

Крсте Кулев, стручен соработник во Општинското јавно обвинителство – Кавадарци, и

Томе Спанџов, адвокат.

4. За заменици на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство – Велес, се именувани:

Миле Николов, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Велес и

Бојанка Весова, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Велес.

5. За заменик на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство – Крива Паланка, е именуван:

Иван Јакимовски, секретар на Собранието на општина Крива Паланка.

6. За заменици на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство – Куманово, се избрани:

Миле Ѓошевски, стручен соработник во Општинското јавно обвинителство – Куманово,

Никола Спиридоновски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Куманово,

Слаѓана Цимревска, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Куманово,

Сузана Кусигеровска, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Куманово и

Рамизи Весељ, заменик ген. директор на „ДИЕР“ – Куманово.

7. За заменици на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство – Гостивар, се именувани:

Горица Милошевска, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Гостивар,

Боривое Гиновски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Гостивар,

Радослав Каранфиловски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Гостивар,

Зоран Димовски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Гостивар и

Мехмет Алиу, адвокат.

8. За заменици на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство – Гевгелија се именувани:

Вера Марковска, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Гевгелија, и

Мирјана Делева, началник во УВР – Гевгелија.

9. За заменици на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство – Битола се именувани:

Кире Секуловски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Битола,

Мери Тромбева, стручен соработник во Општинското јавно обвинителство – Битола,

Петар Аневски, стручен соработник во Општинското јавно обвинителство – Битола,

Стевче Тасевски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Битола,

Дарко Стефановски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Битола,

Ристе Пашовски, секретар во Општинското јавно обвинителство – Битола,

Лена Секуловска, стручен соработник во Општинското јавно обвинителство – Битола и

Зора Сотирова, стручен соработник во Окружното јавно обвинителство – Битола.

10. За заменици на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство – Струга, се именувани:

Благоја Даскаловски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Струга,

Никола Неделковски, адвокат и

Зиба Рухи, раководител на Правната служба во РО „Водостопанство“ – Црни Дрим – Струга.

11. За заменик на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство – Кичево, е именуван

Зоран Максимовски, стручен соработник во Општинското јавно обвинителство – Кичево.

12. За заменици на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство – Прилеп, се именувани:

Томе Неделковски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Прилеп,

Дамчо Кочоски, адвокат,

Симеон Цаневски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Прилеп,

Ристе Шошевски, стручен соработник во Основниот суд – Прилеп,

Милка Спирковска, стручен соработник во Основниот суд – Прилеп и

Владимир Трајковски, судија во Општинскиот суд – Прилеп.

13. За заменици на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство – Охрид, се именувани:

Боривое Петрески, невработен,

Стефан Паунчевски, стручен соработник во Општинското јавно обвинителство – Охрид,

Нада Петреска, поранешен судија во Општинскиот суд за прекршоци – Охрид и

Борис Димзов, секретар на „ОТЕКС“ – Охрид.

14. За заменици на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство – Штип, се именувани:

Јасна Жежова, стручен соработник во Окружното јавно обвинителство – Штип,

Драган Гацов, самостоен инспектор во УВР – Штип и

Стојче Миланов, раководител на секторот за правни и кадровски работи во „Ангротекст“ Д.О. – Штип.

15. За заменици на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство – Кочани се именувани:

Јован Ралповски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Кочани и

Илван Ефтимов, секретар на Собранието на општина – Виница.

16. За заменици на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство – Струмица, се именувани:

Лидија Ѓорѓиева, стручен соработник во Општинското јавно обвинителство – Струмица,

Ѓеорги Панов, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Струмица,

Катерина Муканова, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Струмица и

Митко Кучуков, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Струмица.

17. За заменик на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство – Делчево, е именуван

Коста Пантовиќ, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство – Делчево.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1077/1
26 март 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

---

**282.**

Врз основа на член 76 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 март 1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Во Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија број 6/95), во ставот I, под точка 8. Комисија за градежништво и урбанизам, под б) за членови, наместо „Мевљан Таири“ треба да стои „Ризван Сулејмани“.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1053/1
26 март 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

---

**283.**

Врз основа на член 76 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 март 1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРАШАЊА НА ИЗБОРИТЕ И ИМЕНУВАЊАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Во Одлуката за избор на претседатели и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија број 62/94), во членот 1, под б) за членови, наместо „Исмет Рамадани“ треба да стои „Ризван Сулејмани“.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1054/1
26 март 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

---

**284.**

Врз основа на член 248 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86, 7/88, 18/89, 29/89, 12/90, 11/91 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/91 и 14/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 март 1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОВЕТОТ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – ПРИЛЕП**

1. Се разрешуваат сегашните претставници на Републиката во Советот на Економскиот факултет во Прилеп, поради истек на времето за кое се именувани и тоа:

Симеон Наумоски,
Петар Темелковски и
Алил Џафероски.

2. За претставници на Републиката во Советот на Економскиот факултет во Прилеп, се именуваат:

Живко Јанкуловски, пратеник во Собранието на Република Македонија,

Алил Џафероски, пратеник во Собранието на Република Македонија,

Кире Видимче, пратеник во Собранието на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1055/1
26 март 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

---

**285.**

Врз основа на член 18 и член 63 точка 15 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ – Пречистен текст, бр. 29/96), Советот на Народната банка на Република Македонија, на 31.03.1997 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА РАСТЕЖОТ НА ДЕНАРСКИТЕ ПЛАСМАНИ НА БАНКИТЕ И НА ШТЕДИЛНИЦИТЕ ВО II-ТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 1997 ГОДИНА**

1. Банките и штедилниците можат да ги зголемат денарските пласмани одобрени на стопанските субјекти во општествена, приватна и мешовита сопственост и на граѓаните до 5,7% на 30 април 1997 година, до 9,7% на 31 мај 1997 година и до 13,8% на 30 јуни 1997 година, кумулативно во однос на состојбата на тие пласмани на 28.02.1997 година.

По исклучок од став 1 на оваа точка, како пласмани кои не се под ограничување се подразбираат долгорочните денарски кредити одобрени врз основа на наменските денарски депозити на државата.

2. За новоформираните банки во периодот јуни 1996 до 28.02.1997 година, како основица за пораст на денарските пласмани се зема износот на основачкиот капитал на денот на основањето, намален за износот на девизните средства во девизната позиција во странство.

За новоформираните штедилници во периодот јуни 1996 до 28.02.1997 година, како основица за пораст на денарските пласмани се зема износот на основачкиот капитал на денот на основањето

3. Доколку одредени банки, односно штедилници покажуваат значителен износ на неискористено право на пораст на денарските пласмани, Народна банка на Република Македонија, неискористениот дел од правото на пораст на денарските пласмани, рамномерно ќе го распредели на други банки, односно штедилници, кои го искористиле утврденото право.

4 Под денарски пласмани во смисла на оваа одлука се подразбираат денарските пласмани утврдени во точка I и II од Одлуката за методологијата за утврдување на вкупните денарски побарувања на банки и штедилници чиј што пораст се ограничува („Службен весник на РМ“, бр 7/97).

5. Заради следење и контрола на спроведувањето на одредбите на оваа одлука, банките и штедилниците ќе и доставуваат на Народна банка на Република Македонија декадни и месечни извештаи за остварената состојба на денарските пласмани. Декадните извештаи се доставуваат во Народната банка на Република Македонија два дена по истекот на декадата. Месечните извештаи се доставуваат врз основа на книговодствената состојба на тие пласмани на крајот на месецот еден ден по рокот предвиден за доставување на КЊ–БИФО (извештај за книговодствената состојба на сметките на банките и штедилниците)

6 Извештаите од точка 5 на оваа одлука банките и штедилниците ги доставуваат според Упатство што го пропишува гувернерот на Народната банка на Република Македонија

7 Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на РМ“, а ќе се применува од 1 април 1997 година.

О бр 02-15/122-97
31 март 1997 година
Скопје

Претседател на Советот
на Народната банка на
Република Македонија
Гувернер,
м-р **Борко Станоевски**, с.р.

---

**286.**

Врз основа на член 52, став 1 од Законот за царините („Службен весник на РМ“ бр.20/93 и 63/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.38/90 и 63/94), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИ КОНТИНГЕНТИ ПРИ УВОЗ НА ОПРЕМА И РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ ЗА 1997 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се определува износот на царински контингент на опрема и резервни делови, кои можат да се увезат без плаќање царина или со плаќање царина по стапка која е пониска од стапката на царина пропишана во Царинската тарифа.

2. Износот на ненаплатената царина по основ на царински контингент при увоз на опрема и резервни делови во 1997 година ќе изнесува вкупно 60 милиони денари.

Вредносниот контингент се распределува на следниот начин:

а) За увоз на опрема царинскиот контингент ќе изнесува 40 милиони денари;

б) за увоз на резервни делови царинскиот контингент ќе изнесува 20 милиони денари.

3. Со плаќање царина по стапка која е пониска за 50% од стапката на царина пропишана во царинската тарифа, може да се увезе нова неупотребувана опрема што не се произведува во Република Македонија а која е наменета за индустриско производство, земјоделството и производно занаетчиство, со исклучок на опремата од глава 87 од Царинската тарифа.

Вредноста на оваа опрема да изнесува најмалку 5.000 американски долари изразено во денарска противвредност, од едно парче или повеќе парчиња што претставуваат технолошка целина и истите да бидат произведени најмногу 3 години пред денот на увозот.

4. Без плаќање царина може да се увезуваат нови – резервни делови што не се произведуваат во Република Македонија, а кои се наменети за индустриско производство, земјоделството и производното занаетчиство.

Вредноста на резервните делови треба да изнесува 200 американски долари од едно парче или повеќе парчиња што претставуваат технолошка целина и истите да бидат произведени најмногу 3 години пред денот на увозот.

5. За увоз на стока без плаќање царина или за плаќање царина по стапка која е пониска за 50% од стапката на царина пропишана во Царинската тарифа, министерот за финансии донесува решение по барање на инвеститорот, односно крајниот корисник на стоките, а по претходно мислење од:

Министерството за стопанство – дека стоките од точка 3 и точка 4; не се произведуваат во Република Македонија се наменети за индустриско производство, земјоделството и производното занаетчиство, дека претставуваат технолошка целина и дека истите се произведени најмногу 3 години пред денот на увозот.

6. Во прилог кон барањето за одобрување на царински контингент, при увоз на опрема и резервни делови, треба да се доставаат и следниве исправи:

а) спецификација за опремата и резервните делови кои се увезуваат согласно предметниот царински контингент, со тарифна ознака на стоката спрема Царинската тарифа, комерцијална или техничко наименување на стоката, со назначување на количина на стоката, како и вкупна вредност на стоката со приложување на фактура, односно исправа со која се докажува вредноста на стоката која се увезува согласно оваа одлука.

б) исправи со кои се докажува статусот на барателот на царинскиот контингент и тоа:

– извод од судскиот односно трговскиот регистар, со кој се докажува дека претежна дејност на корисникот на повластицата е производство;

– известување за распоредување по дејности и воведување во регистерот на организациони единици,издадено од Заводот за статистика.

– за корисниците од обласа на земјоделието: уверение издадено од подрачната единица на Управата за јавни приходи спрема живеалиштето на корисникот, од кое може да се види дека приходите од обавувањето на земјоделска дејност му е претежна дејност односно претежен извор на приходи.

в) место на инсталирање на опремата и име на постројката на која се инсталираат резервните делови.

г) писмен доказ или писмена изјава заверена од корисникот дека опремата и резервните делови се нови неупотребувани и дека се произведени најмногу 3 години пред денот на увозот.

Барањето и писмените исправи согласно оваа точка се приложуваат до Министерството за финансии во два примерока.

7. Царинската повластица содржана во решението на министерот за финансии за одобрување на предметниот царински контингент се остварува во постапката на увозно царинење на соодветната стока.

Во соодветната рубрика на увозната царинска декларација за стоката која е предмет на увоз по основ на царински контингент, се внесува шифра од кодексот утврден според Правилникот за ЕЦД (единствен царински документ).

Во спецификацијата приложена кон решението на министерот за финансии, до соодветната тарифна позиција за стоката која се увезува царинскиот работник го впишува податокот за бројот на увозната царинска декларација и царинската основица за увезената стока и датум на увозното царинење, па го става својот потпис и печат на царинарницата.

8. Стоките увезени по основ на царински контингент не можат да се оттуѓат, да се дадат на друг на употреба, ниту да се користат за цели за кои не се увезени.

9. За остварениот увоз согласно оваа одлука, Царинската управа на Република Македонија, го известува Министерството за финансии шестмесечно.

10. Оваа одлука се применува за одобрениот царински контингент за стоки кои ќе бидат внесени, а не оцаринети во царинското подрачје на Република Македонија, заклучно со 31.12.1997 година.

11. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-654/1
24 март 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

По извршеното срамнување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Буџетот на Република Македонија за 1997 година ("Службен весник на Република Македонија" број 71/96), се направени грешки поради што се дава

## ИСПРАВКА
## НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1997 ГОДИНА

1 Во Раздел 370 - Општински јавни правобранителства и Јавно правобранителство на Град Скопје, во поткатегоријата 42 - Стоки и други услуги, по ставката 424 - Трошоци за транспорт, испуштен е а треба да стои следниов текст:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 424013 | Горива и масла | 40,000 | 46,000 | 46,000 |
| 424048 | Регистрација и осигурување на моторни возила | 4,000 | 4,000 | 4,000 |
| 424064 | Сервисирање на моторни возила | 0 | 2,000 | 2,000 |
| **426** | Договорни услуги | 45,000 | 42,000 | 42,000 |
| 426156 | Организирање на семинари и конференции | 2,000 | 0 | 0 |
| 426210 | Надомест за платен промет и банкарска провизија | 43,000 | 42,000 | 42,000 |
| 427 | Други оперативни трошоци | 49,000 | 63,000 | 64,000 |
| 427012 | Оперативни трошоци на судовите | 29,000 | 16,000 | 16,000 |
| 427063 | Репрезентација | 16,000 | 26,000 | 26,000 |
| 427071 | Осигурување на недвижности и права | 2,000 | 3,000 | 3,000 |
| 427080 | Амортизација на основни средства | 2,000 | 0 | 1,000 |
| 427195 | Други оперативни трошоци | **0** | **18,000** | **18,000** |
| **44** | **Тековни трансфери** | **0** | **0** | **0** |
| 443 | Државни донации,трансфери на физички лица и на нестопански организации | 0 | 0 | 0 |
| 443034 | Испратнина за пензионери и докуп на стаж | 0 | 0 | 0 |

2 Во Раздел 370 01 - Општинско јавно правобранителство-Берово, во поткатегоријата 44 - Тековни трансфери, по потставката 443034-Испратнини за пензионери и докуп на стаж, треба да се брише следниов текст:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 424013 | Горива и масла | 40,000 | 46,000 | 46,000 |
| 424048 | Регистрација и осигурување на моторни возила | 4,000 | 4,000 | 4,000 |
| 424064 | Сервисирање на моторни возила | 0 | 2,000 | 2,000 |
| 426 | Договорни услуги | 45,000 | 42,000 | 42,000 |
| 426156 | Организирање на семинари и конференции | 2,000 | 0 | 0 |
| 426210 | Надомест за платен промет и банкарска провизија | 2,000 | 42,000 | 42,000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 427 | | Други оперативни трошоци | 49,000 | 63,000 | 64,000 |
| | 427012 | Оперативни трошоци на судовите | 29,000 | 16,000 | 16,000 |
| | 427063 | Репрезентација | 16,000 | 26,000 | 26,000 |
| | 427071 | Осигурување на недвижности и права | 2,000 | 3,000 | 3,000 |
| | 427080 | Амортизација на основни средства | 2,000 | 0 | 1,000 |
| | 427195 | Други оперативни трошоци | 0 | 18,000 | 18,000 |
| **44** | | **Тековни трансфери** | **0** | **0** | **0** |
| 443 | | Државни донации,трансфери на физички лица и на нестопански организации | 0 | 0 | 0 |
| | 443034 | Испратнина за пензионери и докуп на стаж | 0 | 0 | 0 |

3 Во Раздел 370 02 - Општинско јавно правобранителство - Битола, по поткатегоријата 423025 - Учебници, списанија, весници и други изданија, испуштен е а треба да стои следниов текст

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 423033 | Копирање, печатење и издавање | 0 | 5,000 | 5,000 |
| | 423050 | Средства за одржување на хигиената | 0 | 2,000 | 2,000 |
| | 423190 | Други материјали | 26,000 | 20,000 | 20,000 |
| 426 | | Договорни услуги | 3,000 | 5,000 | 5,000 |
| | 426210 | Надомест за платен промет и банкарска провизија | 3,000 | 5,000 | 5,000 |
| 427 | | Други оперативни трошоци | 6,000 | 5,000 | 5,000 |
| | 427063 | Репрезентација | 5,000 | 5,000 | 5,000 |
| | 427080 | Амортизација на основни средства | 1,000 | 0 | 0 |
| **44** | | **Тековни трансфери** | **0** | **0** | **0** |
| 443 | | Државни донации,трансфери на физички лица и на нестопански организации | 0 | 0 | 0 |
| | 443034 | Испратнини за пензионери и докуп на стаж | 0 | 0 | 0 |

4 Во Раздел 370 03 - Општинско јавно правобранителство-Виница, во поткатегоријата 44-Тековни трансфери, по потставката 443034 - Испратнини за пензионери и докуп на стаж, треба да се брише следниов текст

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 423033 | Копирање, печатење и издавање | 0 | 5,000 | 5,000 |
| | 423050 | Средства за одржување на хигиената | 0 | 2,000 | 2,000 |
| | 423190 | Други материјали | 26,000 | 20,000 | 20,000 |
| 426 | | Договорни услуги | 3,000 | 5,000 | 5,000 |
| | 426210 | Надомест за платен промет и банкарска провизија | 3,000 | 5,000 | 5,000 |
| 427 | | Други оперативни трошоци | 6,000 | 5,000 | 5,000 |
| | 427063 | Репрезентација | 5,000 | 5,000 | 5,000 |
| | 427080 | Амортизација на основни средства | 1,000 | 0 | 0 |
| **44** | | **Тековни трансфери** | **0** | **0** | **0** |
| 443 | | Државни донации,трансфери на физички лица и на нестопански организации | 0 | 0 | 0 |
| | 443034 | Испратанини за пензионери и докуп на стаж | 0 | 0 | 0 |

5 Во раздел 370 04 - Општинско јавно правобранителство-Гевгелија, по поткатегоријата 44 - Тековни трансфери, испуштен е а треба да стои следниов текст

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 443 | | Државни донации, трансфери на физички лица и на нестопански организации | 0 | 0 | 0 |
| | 443034 | Испратнина за пензионери и докуп на стаж | 0 | 0 | 0 |

Број 13-1045/1
26 март 1997 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија

По извршеното срамнување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Законот за издавање и тргување со хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" број 7/97), се направени грешки, поради што се дава

## ИСПРАВКА
## НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ И ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. Во членот 5 став 1 наместо зборот „по" треба да стои зборот „полн".

2. Во членот 20 наместо зборот „книги" треба да стои зборот „книга".

3. Во членот 31 точка 10 наместо зборот „печатар" треба да стои зборот „печат".

4. Во членот 36 точка 5 наместо зборовите „пристигнување на" треба да стојат зборовите: „пристигнување за".

5. Во делот II оддел 5. во називот наместо зборот „Исправка" треба да стои зборот „Исправи", а во членот 40 наместо зборот „Исправката" треба да стои зборот „Исправата".

6. Во членот 60 став 2 наместо зборот „проспектот" треба да стојат зборовите: „јавната понуда".

7. Во членот 76 наместо зборот „конотацијата" треба да стои зборот „котацијата".

8. Во делот IV оддел 2. во називот зборовите: „пари и" треба да се бришат, а во пододделот 2.1. во називот наместо зборот „Ефективна" треба да стои зборот „Ефектна".

9. Во членот 90 став 1 наместо зборот „главница" треба да стои зборот „главнина".

10. Во членот 94 став 2 на крајот наместо запирка треба да стои точка.

11. Во членот 105 став 1 по зборот „листинг" треба да се затвори заградата, а заградата по зборот „форма" да се брише.

12. Во членот 114 став 1 алинеја 4 по зборот „берзата" треба да стои сврзникот „и".

13. Во членот 120 став 2 наместо бројот „2" треба да стои бројот „1".

14. Во делот IV оддел 2. пододдел 2.3. во називот по зборот „зделки" запирката треба да се замени со сврзникот „и".

Број 13-1044/1
26 март 1997 година
Скопје

Од Законодавно - правната комисија на Собранието
на Република Македонија

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ
### ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Пред Основниот суд Скопје I - Скопје, поведена е граѓеанска постапка за развод на брак по тужба на тужителот Радивоје Мирковиќ на привремен престој во Германија со непозната адреса, преку неговиот полномошник Вера Колевска, адвокат од Скопје.

Се повикува тужената Вера Мирковиќ да се јави во судот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот и да ја достави сегашната адреса на живеење, а во спротивно нејзините интереси ќе ги застапува привремениот старател Елизабета Павлица, адвокат од Скопје, ул."Димо Хаџи Димов" бр. 61, поставен со решение од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа од општините на град Скопје.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.бр. 3111/96. (3819)

Пред овој суд во тек е постапка за долг по тужба на тужителот Гроздан Тасков од Штип против тужениот Митевски Раде од Скопје на ул. "Шумадинска" бр.16-а/5 и Претпријатието за внатрешен и надворешен промет "Џамаданче" ЦО - Скопје, при што тужителот Митевски Раде е со непозната адреса и за него судот нема никакво известие, а истиот е и законски застапник на Претпријатието "Џамаданче". Вредност на спорот 398.000 денари.

Се повикува тужениот Митевски Раде во рок од 8 дена од објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" и на огласна табла на судот да се јави во судот или да постави полномошник кој ќе го застапува во спорот како тужен, а исто така да обезбеди полномошник кој ќе го застапува Претпријатието "Џамаданче" во спорот што се води пред овој суд. По истекот на овој рок, во смисла на чл.84 од ЗПП ќе му биде поставен привремен застапник од редот на адвокатите од Скопје кој ќе го застапува тужениот се додека тој или неговиот полномошник не се јави пред овој суд.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, VIII. П.бр. 1057/97. (4317)

---

Пред Основниот суд Скопје I - Скопје се води граѓански спор за долг по тужба на тужителот Денис Исовски од Скопје, ул."Крсте Асенов" бр. 7-2/21, против тужениот Зоре Блажевски од Скопје, ул."12 Ударна бригада" бр. 2.

Се повикува тужениот да во рок од 30 дена се јави во судот или да назначи свој полномошник, кој во постапката ќе ги штити неговите интереси. Во спротивно интересите на тужениот ќе ги застапува привремениот старател Севда Ѓорѓиева, ул."Црвена општина" бб поставена со решението бр.3020-157 од 25.III.1997 година на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на општините на град Скопје, кој ќе ги застапува интересите на тужениот се до правосилното окончување на спорот.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, XX.П.бр. 773/97. (4351)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, согласно чл.86, а во врска со член 84, ст.2, т.4 од Законот за процесната постапка, на тужениот Рушидов Ферат со непозната адреса во странство, за привремен застапник во спорот за утврдување право на сопственост покренат од тужителот Велјановски Наум од Скопје го назначува лицето Туфагиќ Владимир, адвокат од Скопје, бул. "Климент Охридски" бб во зградата на Сојузот на возачите.

Истиот ќе го застапува тужениот во оваа постапка се додека тужениот или неговиот полномошник не се појават пред судот.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, V.П.бр. 2645/96. (4380)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, согласно членот 86, а во врска со член 84 ст. 2, т.4 од Законот за процесна постапка, на тужениот Јаневски Киро со непозната адреса во странство, за правен застапник во спорот за утврдување на право на сопственост П.бр.4183/95 покренат од тужителот Ваневски Павле и Ваневска Сребренка од Скопје - го назначува лицето Роберт Велјановски од Скопје, ул."Кузман Капидан"

бр. 9. Истиот ќе го застапува тужениот во оваа постапка се додека тужениот или неговиот полномошник не се појави пред судот.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, V.П.бр. 4183/95. (3277)

## ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Пред Основниот суд Скопје II - Скопје поведен е спор за измена на одлука за издршка по тужбата на малолетните тужители Изаировска Аида и Ердуан, преку законскиот застапник Ибадет Изаировска од Скопје, ул."Гвадалахара" бр. 73-А - Скопје, против тужениот Изаировски Амзо од Скопје, сега со непозната адреса во странство.

Се повикува тужениот во рок од 30 дена да се јави во судот или да го извести судот кое лице го определил за свој полномошник. Во спротивно судот го назначува адвокатот Емил Османов од Скопје за времен застапник на тужениот Изаировски Амзо, кој во оваа постапка ќе ги штити неговите интереси до правосилното завршување на спорот.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, П.бр. 258/97 (4316)

---

Пред Основниот суд Скопје II - Скопје се води постапка за раскинување на договор по тужбата на тужителот Петре Стојановски од Скопје, ул."Карл Хром" бр. 58-а, против тужениот Михајло Трајковски од Скопје, сега со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот 26.500,оо денари.

Со решение на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на општините на град Скопје број 3020-1665 од 05.XII.1996 година, за привремен старател на тужениот Михајло Трајковски од Скопје, сега со непозната адреса на живеење му е поставен адвокатот Горан Колев од Скопје, ул."Бојмија" бр. 8.

Во натамошната постапка привремениот старател ќе го застапува тужениот пред Основниот суд Скопје II - Скопје и ќе ги штити неговите интереси се до правосилно окончување на спорот или до појавување на тужениот во постапката.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, IV.П. бр 3513/95 (4318)

---

Пред овој суд во тек е постапка на тужителот АД ПКБ - Скопје против тужените Ангелова Аница и Владо Ангеловски со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Владо Ангеловски во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас да се јави во овој суд или во истиот рок да ја достави својата точна адреса на живеење.

До колку тужениот не се јави, ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси до правосилното окончување на постапката.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, П.бр. 1069/96 (4099)

---

Пред овој суд во тек е постапка за утврдување сопственост на недвижен имот по тужба на тужителот Малишиќ Десанка од Скопје, ул."Павле Илиќ" згр.7,вл.2, ст.8, против тужениот Малишиќ Борислав од Скопје, ул."Павле Илиќ" згр.7,вл.2, ст.8, сега со непозната адреса на живеење во странство. Вредност на спорот 68.180,00 денари.

Се повикува тужениот Малишиќ Борислав од Скопје во рок од 30 дена од објавувањето на судскиот оглас да се јави во овој суд или во истиот рок да ја достави својата сегашна точна адреса на живеење.

До колку тужениот не постапи по налог на овој суд ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси до правосилното окончување на оваа постапка.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, П.бр. 364/97. (4378)

---

Пред Основниот суд Скопје II - Скопје се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Марија Трајковска, ул."Бошко Буха" бр. 7-а, Скопје, против тужениот Михајло Трајковски од Скопје, сега со непозната адреса на живеење.

Со решение на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на општините на град Скопје, бр. 3020-9 од 22.I.1997 година, за привремен старател на тужениот Михајло Трајковски е поставен адвокат Елизабета Павлица од Скопје, ул."Ѓорги Димитров" бр. 23/1-9.

Привремениот старател ќе го застапува тужениот пред овој суд и ќе ги штити неговите интереси во врска со поведената постапка до правосилно окончување на истата или до појавување на тужениот пред судот.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, IV.П.бр. 2680/96. (4375)

## ОСНОВЕН СУД ВО БИТОЛА

Пред Основниот суд во Битола во тек е постапка по предлог на Живко Најдовски од Битола, ул."13-ти Јули" бр. 4/2, за прогласување на лице исчезнато за умрено Магда Божиновска од с. Паралово-Битола, родена на 13.VI.1914 година во с. Паралово, Битола, од 1944 година па до денес нема никакви вести за истата.

Се повикува лицето Магда Божиновска, како и секое лице кое знае било што за исчезнатата, за нејзините контакти, движења или за нејзиниот живот, после 1944 година без одлагање да се јави пред Основниот суд во Битола.

До колку во рок од три месеци од денот на објавувањето на овој оглас не се јави лицето, ниту било кој друг кој знае нешто за неа, судот ќе донесе одлука по предлогот за утврдување на смртта.

Од Основниот суд во Битола, ВПП бр.86/96. (4127)

## ОСНОВЕН СУД ВО ВЕЛЕС

Пред овој суд во тек е постапка за долг по тужбата на тужителот ПТ "Интер-Маркет" - Велес против тужениот Чоков Зоран од Велес, ул."Невена Георгиева-Дуња" бр. 1, сега со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот 2.740,00 денари.

Се повикува тужениот Чоков Зоран од Велес да во рок од 30 дена, сметано од денот на објавувањето на огласот на судот му достави точна адреса или одреди свој полномошник. Во спротивно, судот по

службена должност ќе му постави привремен застапник кој ќе ги застапува неговите права и интереси, а се до окончување на постапката пред судот.

Од Основниот суд во Велес, П.бр.1709/96.

(4320)

## ОСНОВЕН СУД ВО ГОСТИВАР

Пред овој суд се води постапка за докажување на смртта на лицето Фазлији Зејнула Ризван, бивш од с. Страјане - Гостиварско, по предлог поднесен од страна на предлагачот Фазлији Меџит од истото село.

Основниот суд во Гостивар го повикува лицето Фазлији Ризван од татко Зенула и мајка Минизе, роден на 06.XI.1914 година во с. Страјане - Гостиварско каде и живее, да во рок од 15 дена од денот на објавувањето на овој оглас во "Службен весник на РМ" и на огласната табла да се јави во Основниот суд во Гостивар.

Судот истовремено ги повикува сите лица што знаат нешто за неговиот живот да го соопштат на овој суд. По истекот на рокот од 15 дена до колку повиканото лице не се јави пред овој суд ќе се утврди дека ова лице е умрено.

Од Основниот суд во Гостивар,Р.бр.186/96.

(4129)

---

Пред овој суд е во тек постапка по предлог на предлагачот Османи Адем од Гостивар, а за докажување - утврдување на смртта на лицето Османи Муарем, бивш од с. Страјане - Гостиварско.

Основниот суд во Гостивар го повикува лицето Османи Муарем од татко Азем и мајка Салије, роден на 07.IV.1901 година во с. Страјане - Гостиварско каде и живеел, да во рок од 15 дена од денот на објавувањето на овој оглас во "Службен весник на РМ" на огласната табла на овој суд да се јави во Основниот суд во Гостивар.

Судот истовремено ги повикува сите лица што знаат нешто за неговиот живот да му го соопшти на овој суд.

По истекот на рокот од 15 дена доколку повиканото лице не се јави пред овој суд ќе се утврди дека ова лице е умрено.

Од Основниот суд во Гостивар, Р.бр.270/96.

(4128)

---

Пред Основниот суд во Гостивар во тек е извршна постапка по предлог на доверителот Младенов Ацо од Скопје, ул."4-ти Јули" бр. 43-2-5 преку полномошникот Момир Зеќевиќ, адвокат од Скопје, против должникот Нухија Назим Камберали од с. Дебреше - Гостиварско со непознат престој, за наплата на сума во износ од 15.000 ДМ во денарска противвредност.

На должникот Нухија Назим Камберали му се поставува привремен застапник Душица Димитриевска, дипломиран правник - стручен соработник во Основниот суд во Гостивар.

Привремениот застапник ги има сите права и должности на законски застапник кои ќе ги врши се додека должникот или негов полномошник не се појави пред судот односно додека Органот за старателство не го извести судот дека му поставил старател

Од Основниот суд во Гостивар,И.бр.889/96.

(4321)

---

Се повикува тужената Ѓаковица Накшије со поранешна адреса на живеење на ул "Б.Јовановски" бр 114, а сега со непозната адреса во Република Турција, да се јави при Основниот суд во Гостивар и постави свој застапник кој ќе ја застапува по тужбата на тужителот Ѓаковица Ќазим и други.

Во спротивно, ќе ја застапува Фидани Шоип, стручен соработник во Основниот суд во Гостивар, до правосилно окончување на овој спор

Од Основниот суд во Гостивар,П.бр.245/97.

(4614)

---

## ОБЈАВИ

**Врз основа на член 17 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал РЖ „Скопје-институт" Д.О.О. Скопје**

ОБЈАВУВА

**Дека Комисијата на Владата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал на седницата одржана на 21.03.1997 година, донесе Одлука за трансформација на претпријатието, согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.**

**Трансформацијата на претпријатието ќе се изврши со: откуп на претпријатието во комбинација со претварање на побарувањата на доверителите во траен влог.**

**Со содржината на Одлуката сите заинтересирани домашни и странски правни лица ќе можат да се запознаат преку непосреден увид, во деловните простории на претпријатието, кое се наоѓа на ул. „16-та Македонска бригада" бр. 18 во време од 7.00 до 15.00 часот.**

(4364)

---

Врз основа на член 17 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, РЖ „Скопје - Уготур" Д.О.О. Скопје

ОБЈАВУВА

Дека Комисијата на Владата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал на седницата одржана на 21.03.1997 година, донесе Одлука за трансформација на претпријатието, согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

**Трансформацијата на претпријатието ќе се изврши со: претварање на побарувањата на доверителите во траен влог.**

**Со содржината на Одлуката сите заинтересирани домашни и странски правни лица ќе можат да се запознаат преку непосреден увид, во деловните простории на претпријатието, кое се наоѓа на ул. „16-та Македонска бригада" бр. 18 во време од 7.00 до 15.00 часот.**

(4365)

Врз основа на член 17 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, ПОС Рудници и железарница „Скопје" – Скопје

ОБЈАВУВА

Дека Комисијата на Владата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал на седницата одржана на 21.03.1997 година, донесе Одлука за трансформација на претпријатието, согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Трансформацијата на претпријатието ќе се изврши со: откуп на претпријатието во комбинација со претварање на побарувањата на доверителите во траен влог.

Со содржината на Одлуката сите заинтересирани домашни и странски правни лица ќе можат да се запознаат преку непосреден увид, во деловните простории на претпријатието, кое се наоѓа на ул. „16-та Македонска бригада" бр. 18 во време од 7.00 до 15.00 часот.

(4366)

---

Врз основа на член 17 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, РЖ „Скопје" - ИТО" - Д.О О Скопје

ОБЈАВУВА

Дека Комисијата на Владата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал на седницата одржана на 21.03.1997 година, донесе Одлука за трансформација на претпријатието, согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Трансформацијата на претпријатието ќе се изврши со: откуп на претпријатието во комбинација со претварање на побарувањата на доверителите во траен влог.

Со содржината на Одлуката сите заинтересирани домашни и странски правни лица ќе можат да се запознаат преку непосреден увид, во деловните простории на претпријатието, кое се наоѓа на ул. „16-та Македонска бригада" бр. 18 во време од 7.00 до 15.00 часот.

(3144)

---

## ЈАВНИ ПОВИЦИ

Врз основа на член 25 од Законот за трансформација со општествен капитал, ДОО „Агрохрана" – Радовиш

распишува

ЈАВЕН ПОВИК

За купување на акции под повластени услови и тоа во износ од 9.824,243 ДМ а право на купување имаат:

А) Работниците кои во ДОО „Агрохрана" – Радовиш работеле најмалку две години пред донесувањето на Одлуката за трансформација;

Б) Лицата чиј работен однос престанал во ДОО „Агрохрана" – Радовиш и кои во него непрекинато работеле најмалку две години и

В) Пензионираните работници кои во ДОО „Агрохрана" – Радовиш непрекинато работеле две години.

Заинтересираните лица да се јават во просториите на ДОО „Агрохрана" – Радовиш секој работен ден од 7 до 13 часот.

ДОО „Агрохрана"
Радовиш

---

**Во издание на НИРО СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА излегоа од печат:**

**ЗБИРКА НА ПРОПИСИ ОД АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА**

**Автор: м-р Валентин Пепељугоски**
**Цена: 650,00 денари**

**и**

**ЗБИРКА НА ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ, ПЕНЗИСКО-ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА**

**Автор: Миле Крцкоски**
**Цена: 950,00 денари.**

**Порачки се примаат во НИРО Службен весник на Република Македонија, пошт.фах 51, или на телефоните 228-204 и 117-460, телефакс 112-267.**

**Уплати се вршат на жиро сметка 40100-603-12498.**

---

## СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| 273. | Закон за кривичната постапка | 773 |
| 274. | Закон за прекршоците | 845 |
| 275. | Закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно – трговско работење | 856 |
| 276. | Закон за изменување и дополнување на Законот за царините | 857 |
| 277. | Одлука за именување на јавни обвинители на Вишите јавни обвинителства | 857 |
| 278. | Одлука за именување на јавни обвинители на Основните јавни обвинителства | 857 |
| 279. | Одлука за именување заменици на јавниот обвинител на Република Македонија | 858 |
| 280. | Одлука за именување заменици на Вишите јавни обвинители | 858 |
| 281. | Одлука за именување заменици на основните јавни обвинители | 859 |
| 282. | Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија | 861 |
| 283. | Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија | 861 |
| 284. | Одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Економскиот факултет – Прилеп | 861 |
| 285. | Одлука за ограничување на обемот и динамиката на растежот на денарските пласмани на банките и на штедилниците во II-то тримесечје од 1997 година – | 861 |
| 286. | Одлука за определување на царински контингенти при увоз на опрема и резервни делови за 1997 година | 862 |
| | **Исправка** на Буџетот на Република Македонија за 1997 година | 863 |
| | **Исправка** на Законот за издавање и тргување со хартии од вредност | 865 |


Издавач: Новинско издавачка работна организација Службен весник на Република Македонија – Скопје, бул. „Партизански [illegible] бр. [illegible] Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефони 228-204, 117-460. Телефакс 112-267. Пошт. фах 51. Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Печатница „Нова Македонија" – Скопје